# *БЕЛЕШКИ ЗА ДНЕВНИТЕ НАСТАНИ НА К. МИСИРКОВ*

[I]

## Мемоари на К. П Мисирков Чиф[лик] Климентово,

## Ахтир[ска] о[колија], Харков[ска] губ[ернија]

### 5 јули 1913 година

Денес се навршија точно десет месеци од почетокот на Балканската војна, која се претвори во војна меѓу поранешните сојузници. Во ова време минатата година живеев со семејството во викендичката во Одеса, на Средна Фонтана (викендичките на женскиот Михајловски манастир). Таму неколку пати ме посетија студенти-Македонци, мои соплеменици и сонародници, меѓу кои беше и Киселинов[1], кој, интересирајќи се за литературата и главно, за издавачката дејност, почнал некакво словенско издание и на секој начин се трудеше да ме привлече да соработувам во него. И не само тоа, во декември 1912 година, кога престојував во Солун, разбрав од својот поранешен ученик во бугарската Битолска гимназија, а тогаш наставник во бугарската Солунска гимназија, г. Зографов[2], дека Киселинов во рекламите испратени во Македонија за неговото издание „Славянский Юг", ме прогласил за соработник на неговото издание, иако јас немав никакви врски со него и однапред ја предвидов неговата жална судбина.

Г. Киселинов имаше ортак во изданието - Србин, студент по право, г. Марковиќ[3], кого Киселинов го доведе кај мене во викендичката и ме запозна со него. Г. Марковиќ претставуваше потполна спротивност на г. Киселинов. Последниов е со среден раст, малку изразени црти на лицето, вечно возбуден, постојано нешто бара, но и самиот не знае што сака. Тој со засилена тестикулација сакаше да го надополни тоа што не можеше да го изрази со зборови. Впрочем, тој и самиот не знаеше одредено што сака*, постојано спореше со сите и за сешто, без да биде свесен зошто се расправа и зошто толку силно се возбудува. Манирите на г. Киселинов беа зачудувачки карикатурни; тој многу се кршеше, гестикулираше, нервозно се смееше. Општо земено, г. Киселинов оддаваше впечаток на човек мизерен во секој поглед. Неговите другари, студентите-Македонци го осудуваа издавачкото и „литературното" чешање на г. Киселинов, велеа дека ги дискредитира своите сонародници, но покрај тоа тие се трудеа да ги прикријат неговите недостатоци, да повлијаат на него да се откаже од неговите замисли и да стане попозитивен. Меѓутоа, тоа тешко им успеваше и ексцентричниот и мизерен г. Киселинов ја продолжуваше неговата карикатурна издавачко-општествена дејност и воопшто не се трудеше да го искористи своето слободно време за потемелно проучување на својата специјалност, која ѝ е толку потребна на нашата татковина Македонија. Тој се правдаше со тоа дека универзитетската администрација на режимот на Левашевски-Герич, наспроти традицијата на Новоросијскиот универзитет, им задржувала значителен дел од нивните стипендии и некои месеци „словенските стипендисти", меѓу кои спаѓаше и г. Киселинов, останувале без никакви средства за егзистенција, и затоа тој бил принуден да се занимава со издавачка дејност.

Г. Киселинов нема ни трага од воспитание, што делумно се објаснува со неговата семејна состојба, тој е син на сиромашна вдовица од гр. Охрид, а делумно со влијанието на турското ропство и со формирањето на бугарската интелигенција од најсиромашиите слоеви - селското и сиромашното градско население на Македонија.

Г. Киселинов претставуваше исклучок, за жал, не може да се каже срекен, меѓу своите сонародници. Тој беше студент-филолог, мошне ретка појава меѓу Бугарите. Специјалноста на г. Киселинов го издвојуваше од другите студенти - Македонци и Бугари, во изборот на нивната специјалност верни претставници на својата нација, која не залудно беше прочуена како практична нација; тие беа или студенти-медицинари или математичари. Недостигот на филолози меѓу студентите-македонски Бугари, како и меѓу Бугарите воопшто, се објаснува и со слаботo влијание на историско-филолошките дисциплини врз бугарската младина и врз бугарскиот народ воопшто.

Нема друга словенска нација каде што познавањето и почитувањето на националното минато би биле на толку ниско ниво како кај Бугарите. Не знаејки го своето национално

* Во оригиналниот текст „што сака" е пречкртано.

минато, бугарскиот народ не го сака, дури и сосема се свртува од него и на секој начин се труди да ги прифати најновите текови на европскиот културен живот. Нема словенски народ помалку националистички и повеке космополистички настроен отколку што е бугарскиот народ. Бугарите се стремеа да го реализираат својот национален идеал инстинктивно, а не свесно. Тие знаеја дека Македонија е етнички бугарска земја, но не сакаа да знаат за нејзиното минато, не сакаа да вникнат во суштината на претензиите на Србите и на Грците врз Македонија и во упорноста со која овие народи ги образложуваа своите претензии на Македонија. Бугарското училиште лошо го воспитуваше бугарското национално чувство, бугарската интелигенција цел осно беше потоната во партиските спорови, а заштитата на бугарските национални интереси во Македонија им беше оставена на самите Македонци, кои зачудувачки пожртвувано, но крајно еднострано ја водеа борбата за националните интереси. Четничкото движеше и црковно-училишното дело беа единственото оружје на националната борба. Бугарските и македонските дејци целото внимание го свртеа на борбата со Турците и во текот на десетлетија ја водеа таа борба со крајна упорност, воспитувајки кај народот претстава за Турчинот како за единствен непријател на бугарскиот народ. Србите, Грците и Романците не беа интересни за Бугарите и бугарскиот народ беше воспитан или да ги потценува или да биде рамнодушен спрема другите свои соседи, освен спрема Турците.

Не интересирајки се за себе, т. е. за своето минато и за своите соседи, освен за Турците, бугарскиот народ во текот на 35 години од Берлинскиот договор ѝ се посвети на практичната материјална културна работа, сфакајки ја својата историско-национална мисија исклучиво во готовноста да се умре во борбата со единствениот непријател - Турците за да се оствари националниот идеал.

Бугарската практичност, се чини, го напуштила г. Киселинов, кој за своја специјалност го избра Историско-филолошкиот факултет. За жал, овој заклучок се покажа избрзан, бидејки г. Киселинов при изборот на својата специјалност го интересирала литературата воопшто, западноевропските литератури и руската литература, чии дела слабо ги познаваше, но воопшто не го интересираа податоците на историско-филолошките дисциплини што би нашле примена во бугарското и во македонското национално минато. Со еден збор, г. Киселинов даваше лош пример за национално училишно-воспитно влијание на бугарската младина од бугарското средно училиште во Македонија. Тешко дека ке заслужам прекор оти сум пристрасен ако кажам дека и во бугарското царство не е утешно влијанието на средното училиште.

**6 јули 1913 г.**

Колегата на г. Киселинов во изданието „Славянский Юг", г. Марковик, Србин, студент по право, мошне се разликуваше од него. Марковик беше со висок раст, со сипаничаво долгнавесто лице со истакнати јаболчници, бавен во движењата, разумен. Кога не посети, се извини што не беспокои без да биде запознаен со нас, ѝ ја бакна на жена ми раката кога дојде и пред заминувањето. Тој, заедно со Киселинов, ме молеше да земам учество во „Славянский Юг". Јас им се заблагодарив за поканата, но одбив поради немање слободно време. Г. Марковик сосема поинаку го сфакаше своето учество во списанието. Додека г. Киселинов ја имаше предвид само материјалната страна на работата и само патем размислуваше за практичното значеше на списанието, г. Марковик со своето учество реши споменатото издание да го направи безопасно за интересите на Србија и, по можност, да го искористи за интересите на српскиот народ. Воведните статии или ги пишуваше, или ги прегледуваше г. Марковик, од чие перо излегоа многу статии и забелешки за Босна и Херцеговина и за другите српскохрватски земји. Цртежот на корицата со слика на Австрија со патерици, која ѝ се заканува на малечката Србија очигледно е исто така сугериран од г. Марковик. Оттука е јасно дека бугарскиот литературен потфат на г. Киселинов беше вешто искористен од умниот Србин за пропагандни цели во корист на српските интереси.

Тука природно се јавува прашањето: кој од претставниците на двете јужнословенски нации излезе попрактичен: Србинот или Бугаринот? Одговорот е јасен. Прочуената бугарска практичност во овој случај испага во мошне неповолна светлина во споредба со практичноста на Србинот. Сега да ги споредиме г. Киселинов и г. Марковик со г. Гешев[4] и Пашик[5] и ке видиме дека паралелата е целосна: словенофилските расположенија на г. Гешев се покажаа сосема неубедливи во споредба со јасно обмислениот план на Пашик за проширување на границите на Србија. Не треба да се заборава дека раководителите на надворешната политика на Бугарија и на Србија се типични претставници не само на расположението на двата народи за време на Балканските војни, туку и на методите со чие посредство може да се реализираат националните цели на тие народи.

Разликата мегу Бугаринот и Србинот за време на Балканската војна се пројави во безумната храброст на Бугаринот, во неговата готовност да ги жртвува сите свои материјални и духовни средства за победа на бугарскиот идеал. Мегутоа, покрај тоа Бугарите не беа далековиди за да ги обезбедат плодовите од бугарските победи, кои ги искористија послабите бугарски сојузници во војната со Турција.

Сојузниците на Бугарија се покажаа подалековиди. Грците не брзаа кон Битола и Јанина, тие брзаа пред Бугарите да влезат во Солун и со тоа да си го обезбедат не само овој град, туку и целиот поранешен Солунски вилает. Грците и тука не брзаа и ги поштедуваа своите војници, трудејќи се да се најдат во Солун со што помал број човечки жртви. Ми кажуваа за време на војната дека само Бугарите ја спасиле армијата на принцот Константин од заробување кај Солун. Мегу Вардар и Солун, каде што Грците биле речиси без артилерија, која пропаднала во калта на запад од Вардар, грчката армија ке беше заробена да не беа бугарските четници* и армијата на ген. Ковачев[6], која веке водела борби со Турците, кога Грците зад грбот на Бугарите почнале да преговараат со Таксим-паша[7] за предавање на турската армија (Солун[скиот] гарнизон) на сојузниците. Кога го постигнал ова, принцот Константин[8] прв влегол во Солун, измамувајќи ги бугарскиот престолонаследник Борис[9] и ген. Ковачев.

Србите дејствуваа не помалку пресметливо од Грците. Тие даваа необично бомбастични и фалбаписки извештаи за своите малобројни победи врз Турците. Никој од сојузниците не ги демантираше српските воени билтени. Грците исто така се трудеа да не заостануваат зад Србите во тој однос. Србите или мошне пресретливо се однесуваа спрема претставниците на европскиот печат, или воопшто не ги допуштаа до боиштата, постигнувајќи европското јавно мислење да им верува на нивните официјални соопштенија за „невиденото" јунаштво на српската армија. Српските воени власти особено упорно ги опколуваа руските дописници и лекари. Србите грижливо се однесоа за време на војната спрема своите културни потреби, заштитувајќи ги своите професори од разгром. Професорите и поранешните министри службено гостуваа во Петербург од самиот почеток на Балканската војна за да го обработат руското јавно мислење во корист на српските интереси. Разбирливо е дека притоа Србите не се срамеа од прифатените сојузнички обврски спрема Бугарите. Завладувајќи ја Македонија по две битки кај Куманово и Битола, Србите почнаа да ги употребуваат сите механизми со цел да останат во заземените места. Почна насилно претворање на македонските Бугари во Срби, одземање на бугарските манастири и цркви, тепање учители, поранешни четници, буг[арски] свештеници, почнаа преговори со Грција, Црна Гора и со Романија против Бугарија, обвинувања на Бугарија за австрофилство и симулирање љубов и преданост кон Русија. Ова последново Србите го правеа виртуозно. Така на пр. еднаш Србите се обратија во Петербург од името на српските ранети војници со молба да им испратат во Скопје фотографии на царот император со императорското семејство. Молбата беше исполнета и илјадници картички со портрети на царското семејство беа распространети мегу српските ранети во Македонија како знак на благонаклоност на Русија спрема Србите, што требало да им ја истакне на македонските Бугари неменливата желба на Русија да ја остави Македонија под српско владеење.

Словенската идеја е убав збор и истовремено мошне важно политичко оружје во рацете на тие што умеат да го користат. Русија го користеше тоа средство во минатиот век. Таа го искористи во сегашната Балканска војна. Бугарија успеа да го организира словенскиот конгрес (собор) во Софија во 1910 година и да ги демонстрира пред Словенството и пред Европа своите културни успеси и својата благодарност спрема Русија за ослободувањето. Бугарските словенофили во своите органи даваа најдетални извештаи за состојбата кај словенските народи и активно се бореа за општословенските интереси. Бугарските професори Цонев[10], Милетич[11] и др. на словенскиот конгрес во Софија во 1910 година несебично и упорно се бореа за општословенски јазик како средство за културно обединување на Словените, а како таков сакаа да го видат рускиот јазик, бугарскиот словенски календар изобилуваше со руски портрети и сепак Бугарите не успеаја да ги придобијат цврстите симпатии на Русија, можеби делумно и како последица на непостојаноста на руската душа, а исто така и поради други причини, кои Бугарите не можеа да ги одгатнат. Србите во овој случај се покажаа како подалековиди. Тие ја почувствуваа желбата на рускиот човек за награди и затоа при секој поволен и неповолен случај ги подаруваа своите ордени, трудејќи се со нив да врбуваат нови пријатели за Србија. Со фалбаџиски депеши за воените успеси создадоа илузија за превагнување на српските победи над бугарските. Со интригите на проф.

* Се мисли на четниците на ВМОРО.

Кошутик[12] и на поранешниот министер Генчик[13] во Петербург се успеа да се придобијат рускиот печат и руските словенофили на страната на Србија. Српските агенти во Русија во лицето на архимандритот Михаил, игуменот на српскиот атонски метох* во Москва и во лицето на Србите-соработници во руските весници во врека со словенското прашање дејствуваа без секаква конкуренција од Бугарите. Понатаму, Србите успеаја да го искористат руско-австриското непријателство и да се прикажат како сигурна потпора на Русија во идната руско-австриска војна, претставувајки ги Бугарите како непријатели на Словенството, неблагодарни спрема Русија и приврзаници на Австрија. Умешно користејки го австрофилството на Бугарите како плашило за Русија, Србите се прикажуваа како вистински словенофили, а Бугарите ги претставуваа како непријатели на Словенството. Интригите на Србите имаа огромен успех. Тие успеаја да ја убедат руската јавност дека интересите на Србија на Балканот се интереси на Словенството. Врз таа основа тие успеаја, без секаков протест од страна на Русија и Словенството, да формираат коалиција со несловенските држави Грција, Романија и дури и со Турција за погром на Бугарија во интерес на Словенството и на несловенските пријатели на Србија. Залудно Бугарија протестираше, залудно се повикуваше на договорените обврски со Србија, на арбитражата на Русија. Никој не обракаше внимание на бугарските протести. Во интерес на Словенството, Бугарија беше препуштена да ја изедат Србија и нејзините несловенски пријатели. А кога Бугарија се најде осудена да биде жртва на словенското Чудовиште и кога се обиде да бара поддршка надвор од несигурниот, каприциозен, користољубив и одмазднички словенски свет, неочекувано ѝ беше објавена војна и таа со круг од непријатели беше нападната од сите страни. Така плати Бугарија не за своите нескромни апетити, туку затоа што беше премногу доверлива и отворена и слабо ги познаваше своите соседи, а исто така и средствата за постигнување на бугарскиот национален идеал.

Резултатите од Балканската војна за Бугарија, во споредба со претрпените жртви, се крајно скромни и дури ништожни во споредба со загубите што ги поднесе бугарскиот народ во корист на поранешните сојузници, како и во корист на Романија, а можеби дури и на Турција.

За жал, Бугарите во овој случај треба да се обвинуваат пред се самите себеси. Кај нив недостигаше политичка далековидост да ја сфатат реалноста што доагаше. Царот Фердинанд[14] постапуваше како Европеец, склучувајки писмен сојузнички договор со Србија и ист таков со Грција. Тој го подготви и го реализира истерувањето на Турците од Европа, но заборави дека живее на Исток, каде што, наместо рицарската чесност на западните народи, постои наследството од византиските обичаи, подмолноста и измамата. Царот Фердинанд правеше се што е можно за да ја направи Бугарија независна држава, која ке влева доверба и симпатии кај двете групи големодржавни сојузи. Тој не можеше и не требаше да води сметка за тоа дека таквата политика на Бугарија може да не им се бендиса на странските словенофили, кои мечтаат за една словенска империја и општословенски цар. Царот Фердинанд е водач на бугарскиот народ, кој има свои национални интереси, мегу кои доминираат обединувањето на бугарскиот народ и мирното сожителство со сите европски држави, без разлика на нациите. Бугарскиот цар правилно ја сфати својата мисија и чесно се трудеше да ја зголеми благосостојбата на својот народ. Тој не е виновен што неговата политика засегна нечии самољубија. Тој не е виновен што не го сфатиле во Русија.

Еден бугарски дипломат (одескиот ген[ерален] конзул Б. П. Кисимов[15]) пред Балканската војна ми рече: „Целиот бугарски народ е русофилски настроен. Војна мегу Русија и Бугарите не може да се замисли. Тоа е очигледно за сите. Бугарската влада се труди некако да го замаскира бугарското русофилство за тоа да не биде плашило за Европа". Во Русија тоа не го сфатија и што презедоа? Непомирлива позиција во однос на царот Фердинанд. Колку попопуларен беше тој во Бугарија, колку повеке симпатии имаше во Европа, со толку поголемо непријателство се однесуваа кон него во Русија. Царот Фердинанд направи се за да ги заштити интересите на бугарскиот народ; не е негова кривица тоа што Бугарија претрпе неуспех.

Сосема поинаква е положбата на бугарската влада. Таа направи низа грешки, кои му наштетија на делото. Пред се, Македонија требаше да се заземе со заеднички српско-бугарски војски и требаше заеднички да се води војната на тракиското боиште. Мегутоа, во Македонија преку Вардар имаше само мали четнички бугарски одреди, а 15.000

македонски доброволци се наогаа исто така во Тракија. Заедничкото водење на војната во Македонија и во Тракија рамномерно би ги распределило жртвите и тешкотиите на војната, и освен тоа, од една страна, би му овозможило на голем дел од бугарските војски да се одморат во Македонија, од друга - Бугарите таму би имале готов гарнизон, кој би можел да ги брани бугарските интереси, во согласност со српско-бугарскиот договор. Благодарение на грешката на бугарската влада, Србите во Македонија водеа само две битки со Турците во почетниот период од војната: кај Куманово и кај Битола. Двете битки траеја по два-три дена. Сето друго време српските војски одмараа во топлите домови во бугарските населби во Македонија, не трпејки недостиг од ништо.

Не беше исто кај Бугарите. Бугарските војски, по тешките походи и низа големи борби со турските сили требаше: Втората армија пет месеци да стои под Адријанопол*, а Првата, Третата и Четвртата армија до склучувањето на прелиминарниот мир со Турција - под Чаталпа и Булаир, непрекинато борејки се со непријателот. 45000 српски војски исто така се бореа под Адријанопол. Со двајца од нив разговарав во Софија на 5-6 ноември 1912 година. Еден од моите соговорници, кој се враќаше во татковината од Адријанопол, ми ја опиша ужасната слика на војната под Адријанопол. Тој тврдината ја нарече недостапна, условите за борба на армијата што ја опседна крајно тешки и без заземањето на Адријанопол и победата над чаталпанската армија победите на сојузниците се сметаа несигурни. Чаталџа тој ја нарекуваше грлушник затворен со тапа - бугарската армија; ако Турците успеат да се ослободат од таа тапа и да го ослободат Адријанопол, тие лесно ке ја заземат не само Софија, туку и Белград. Други Срби, учесници во војната во Македонија и под Адријанопол кажуваа дека во Македонија не била војна туку прошетка. А еве под Адријанопол е вистинска војна. Во Македонија се наогаше опашката, а под Адријанопол - главата на ѕвебиван од сојузниците.

Зашто, Бугарите го тепаа „ЅВероТ" по главата не само кај Адријанопол туку и низ цела Тракија, дури до Чаталца и Булаир. Бугарите ја издржаа целата тежина на војната, давајки огромни жртви и измачувајки ги војниците што останаа живи на позициите кај Адријанопол, Чаталџа и Булаир. Бугарската армија немаше топли зимски станови, таа самата ја дотепа главата на ЅВероТ, оставајки им на другите сојузници да ја дотепуваат опашката.

Бугарската армија со неверојатна храброст изврши големо историско дело - ги истера Турците од Европа. Но таа таму ги остави своите главни морални и материјални сили. Новата војна со пет држави што ѝ беше наметната, со накршени сили на народот од осуммесечната војна со Турците, ѝ даде можност повторно да покаже неверојатна храброст, но без надеж за конечен успех.

Владата на тој начин нецелисходно и штетно за бугарскиот народ изработи план на воените дејства на сојузниците против Турција. Понатаму, таа премногу им веруваше на сојузниците и видливо не протестираше поради дејствата на сојузниците, кои од самиот почеток на војната пројавуваа намери да ги нарушат условите на сојузничкиот договор. Таа воопшто не ги познаваше своите сојузници и не го подготви народот за можноста од војна со Ерците и со Србите, кои предвидоа таква војна и во текот на многу години, особено Србите, го воспитуваа народот, претставувајки ги Бугарите исто толку омразени за нив како и Турците.

Бугарската влада за време на војната ја уништи бугарската интелигенција, а особено бугарските професори. Овие грешки на бугарската влада ги искористија поранешните сојузници за да го ограбат бугарскиот народ, кој беше истоштен од војната со Турците, одземајки му добра третина од сите земји населени со Бугари.

Рускиот печат („Голосъ Москвм" от 3 - VII -[19] 13) смета дека Бугарија е виновна и дека поранешните сојузници се великодушни спрема неа. Поранешните сојузници многукратно им се оддолжија на „неблагодарните" Бугари за непочитувачкиот однос кон дописниците на руските весници. Според заслугите на браката-Бугари. Па нели тие се толку лоши. Тие во почетокот многу ги разгалуваа руските дописници, речиси во чест на секого организираа банкет, а по битката кај Лјуле-Бургас станаа толку независни во однос на руските дописници што дадоа банкет само во чест на Вас. И. Немирович-Данченко[16]. Дописникот на „Голосъ Москвм" Кузнецов[17] се разлути и почна да ги обвинува Бугарите за русофопство и австрофилство. Поради банкетни или други мотиви, „неблагодарните" Бугари и од други руски дописници беа прикажувани како лоши Словени, австрофили и др. и големата ослободителка Русија им ја даде Бугарија на соседите да ја растргнат во име на победата на „словенската идеја". И воопшто, колку е жестока и бесмислена таа „словенска идеја".

* Се однесува на Одрин, на турски Едирне.

И така Бугарија скапо плати поради тоа што не ги познаваше своите соседи и не беше подготвена за какви било случајности. Но само по лошо е забележана оваа војна. Објективната воена и политичка историја ке й ја признае на Бугарија главната заслуга за истерувањето на Турците од Европа.

Откако Бугарија ке воспостави мир, макар и со многу намалени освојувања, таа ке признае дека дел од нејзината историска задача сепак е исполнет. Ние би сакале да завршиме се одеднаш, но тоа не му успевало ниту на еден народ. Новото искуство, стекнато за време на оваа војна, ке й го покаже на Бугарија вистинскиот пат кон заштита на нејзините национални интереси, кои може да бидат заштитени само со нова ориентација на бугарската надворешна политика и со воспитание на бугарската младина во духот на познавање, сфакање и љубов кон историското минато на бугарскиот народ и во готовност секој момент да се жртвува себеси за народните бугарски интереси, од каде и да им се заканува опасноста.

7-VII-[1]913г.

Јас вчера напишав дека бугарската влада во голема мера е виновна што благовремсно не презела мерки за спречување на експлоатацијата на својата положба од сојузниците. Впрочем, мојот недоверлив однос спрема Србите е заснован на тоа што веројатно ги познавам подобро од другите Бугари. Но зарем јас немав погрешно сфакање за реализирањето на бугарските национални интереси.

Едно време тврдев: ние ке успееме да ги реализираме нашите национални интереси само со помош на Русија; но тие треба да се направат да бидат идентични со нивните интереси. И јас, занесувајки се со таа верба во Русија, се занесував во своите статии во весниците насочени против Австрија и во своите писмени извештаи и во писмата до моите петербуршки познајници и други истакнати лица. Но колку многу грешев. Сега почнувам да се сомневам: не е ли Русија главната виновничка за разграбувањето на Бугарија од нејзините соседи? Порано сметав дека силна Бугарија й е потребна на Русија како нејзин иден сојузник, јас мечтаев за руско-бугарски сојуз како противтежа на сојузот на германските империи. Сега сметам дека бугарските победи не му се допаднаа на Петербург, кој, изгледа, се исплашил од нив и затоа се потруди да ја скрши силата на бугарскиот лав. Но јас уште до неодамна й верував на Русија!

Русија навистина зеде најактивно учество во подготовката на Балканската војна. Таа помагаше при склучувањето на српско-бугарскиот сојуз, таа ги спречи Австрија и Романија да се замешаат во војната, таа постигна задоволување на Романија со отстапување на градот Силистра.

Но после... таа постигна да й се врати на Турција крајбрежјето на Мермерно Море до линијата Енос-Мидија, таа ги поддржуваше српските настојувања за нарушување на српско-бугарскиот договор; ја поддржуваше анексијата на јужна Македонија од Грција и се бореше за посредување надвор од договорот, настојувајки да се зачува Балканскиот сојуз и во иднина. Не треба да се заборава дека во одредени кругови се однесоа негативно кон восхитот изразен во Државната дума по повод пагањето на Адријанопол.

Бугарија протестираше. Неа ја уништија како можен иден сојузник на Австрија или како премногу непокорен вазал на Русија. Словенска Бугарија е уништена од исто така словенски држави, кои ги употребија против Бугарија несловенските држави: Романија, Грција и Турција и, ослабувајки ја, веројатно ке настапат како нејзини великодушни покровители што ке й обезбедат „územ поволен" мир. Откако се поиграа, уште ке претендираат да бидат пријатели и покровители. Но уште од кого тие ке ја заштитуваат: од Романија, од Турцша? Нели Романија е позаинтересирана за Бесарабија, каде што има повеке од еден милион Романци, а Турција треба да ги штити протоците и Ерменија. Ке ја заштитува ли Русија Бугарија од Србија? Нели Србија треба уште да се штити од заслужената одмазда на Бугарија и на Албанија. Ке видиме како „покровителите" на Бугарија ке ја решат својата задача.

Тие веке ја извршија првата поделба на Бугарија и можеби сметаат дека таа ке се премисли, ке се помири со својата положба за да ја избегне втората и третата поделба. Сепак, колку словенската историја ги сака поделбите. Во XVIII век овој експеримент го применија на словенска Полска. Во поделбата на Полска учествуваа словенска Русија и две несловенски држави - Германија и Австрија. Русите велат дека за првата поделба бил виновен Фридрих Велики[18]. Во првата поделба на Бугарија - иницијативата и раководната улога ја има словенска Србија под покровителство на Русија. Полска, велат, ја уништила внатрешната анархија. Бугарија, веројатно, ја уништиле нејзините воени успеси во војната со Турците. Од Бугарите се исплашиле како од ривали за владеењето во протоците. На крај, треба да

се спомене дека Полјаците подобро се чувствуваат во несловенска Австрија отколку во словенска Русија. Јас не се сомневам дека на Бугарите што потпаднаа под власта на Грција ке им биде неспоредливо полесно да живеат отколку на тие под власта на Србија, макар што треба да се очекува дека и двете држави ке вршат асимилација на Бугарите.

И така, развојот на словенската идеја во почетокот на XX век доведе до поделба на друг словенски народ. Богами, убави општословенски интереси.

Се вели, колку полошо - толку подобро. Јас исто така й верувам на оваа поговорка. Сега, во крајна мера, се е јасно, додека порано имаше некаква игра во ослободители, ослободувани, заштитници, заштитувани. Не се знае до кога ке да траеше оваа игра, да не беше сегашната војна на Бугарија со сите други балкански држави, кога последниве од сите страни, како јата врани се нафрлија на Бугарија, која беше ослабена од херојската војна со Турција.

Оваа војна ја нарекуваат одвратна, ја повикуваат Бугарија да признае дека е победена; победниците ги нарекуваат великодушни во однос на ограбената Бугарија. И така размислуваат главно Словените. Германците (германскиот печат) делумно им се придружуваат на Словените, сметајки дека поразот на Бугарија ке ја намали воображеноста на последнава и е сигурна гаранција за мир на Балканот. Ама, размислувањата на Германците се многу разбирливи. Прво, Германците не се Словени, второ, тие им се лути на Бугарите поради поразот на турската армија обучена од германски инструктори. Но вие, словенските публицисти и јавни дејци, поради што се радувате вие? Поради поробувањето на добра третина од бугарскиот народ. Зошто ни е вашето сочувство, кое го нарекувате братско, ако не го признавате националниот принцип и ако го поздравувате поробувањето на еден словенски народ од неговите словенски и несловенски соседи? Како можете по ова да се возбудувате од поробувањето на Словените од несловените? Со каков образ можете да повикувате на чувство на словенска заемност, кога неа воопшто ја нема, со каков образ вие протестирате поради положбата на Словените во Австрија, кога вашата совест дозволува нови поробувања на Словените. Русите и Словенците исто ги осудуваат Бугарите. Односот на Русите кон Балканската војна и кон поделбата на Бугарија уште можам да го сфатам. Тој е основан на желбата да заповедаат и да решаваат на Балканот. Велат, ако дојдевте со нас, ке добиевте повеке, отидовте со Австрија, ѝсе ве поделат и тоа го заслужувате. Во Русија најмногу се цени послушноста; треба да се почитува раководството и треба да се знае своето место.

Руските општествени односи ставија неизбришлив печат и на политичките погледи на народот, доколку тој воопшто се интересирал за политиката. Во руското општество секој бара познанство мегу еднакви со себе или такви што стојат повисоко на општествената скала, избегнувајки зближување со луге што стојат на пониског степен од општествената скала. Прашањето на човек што е понизок по ранг или го оставаат без одговор, или високомерно одговараат на него, правејки притоа кисело лице.

А сличен однос се забележува и во политичките погледи на руските луге. Секој Русин, во споредба со другите Словени, се смета себеси за еден ранг повисок од другите Словени и затоа бара особена почит кон себе. Дури и во прашањето на националните интереси на другите Словени им се предлага да се потпрат на Русија. Инаку, велат, ке ве натепаме. Руската јавност и рускиот печат се закануваат со тепање, а руската влада ја исполнува заканата. И многу, до крв ги натепаа сиромашиите Бугари поради тоа што тие се осмелија да кажат дека бугарските интереси не се руски интереси и дека ние, Бугарите, и самите сме повикани да си ги штитиме своите национални интереси.

Ами како! Тие се забораваат! Треба да се истепаат! И ги истепаа.

Јас се се сомневам дека со такво однесување, кое Русите го наследија од времето на крепосното ропство, а тоа во Русија на извесен начин продолжува да трае и денес, би можело да се емират воображените Словени, кои бараат Русите да се однесуваат како кон рамни на себе, а не како кон ослободени крепосници.

Бугарскиот народ во војната со Турците докажа дека тој воопшто не е толку мизерен, каков што сакаат да го прикажат Русите, кои себеси се претставуваат како ослободители на Словените. Бугарскиот народ знае да умира за својата слобода. Тој е способен за херојски подвизи што ги цени целиот свет.

Русите ги ослободија Бугарите, поточно дел од бугарскиот народ, во 1878 година. Но не се знае каква би била судбината на Бугарија да не беше Стамболов[19], кој му стави крај на управувањето на руските генерали во Бугарија. Без Стамболов од Бугарија можеби ке излезеше Финска бр. 2, а можеби и руска Полска бр. 2. Идеалите на руските словенофили

за слевање на словенските потоци во руското море најдобро покажуваат какви би можеле да бидат последиците од војната од 1877-[18]78 година, ако не беше Станболов.

Русите не треба да забораваат дека руското ослободување од 1878 г. не донесе само добри плодови за бугарскиот народ. Благодарение на Берлинскиот договор, бугарскиот народ, кој претходно живееше целиот во границите на една држава, беше поделен на три дела, при што околу две петтини останаа под власта на Турција. Положбата на последниве по војната стана полоша отколку пред војната. Да не беше Руско-турската војна од 1877-78 г[одина], под власта на Турција ке останеа Босна и Херцеговина и целиот бугарски народ. Србија би се стремела кон Босна, а бугарскиот народ би бил обединет во една држава и би имал единствена бугарска национална црква и единствено училиште. Никој не би посегнувал по целоста на бугарскиот народ. Турците не би можеле да го ослабат, бидејки самата Турција беше во опагање. Ако не Русија, тогаш Англија би се залагала за подобрување на политичката положба на бугарскиот народ.

Русија го наруши политичкото единство на бугарскиот народ, ија даде Босна и Херцеговина на Австрија, како одмазда за стремежот на Кнежеството Бугарија за ослободувањето од руското старателство почна да ја покровителствува српската пропаганда во Македонија, каде што руските конзули во текот на 35 години беа вистински погребувачи на бугарската народност и подготвуваа почва за поделба на Македонија мегу Србија и Грција.

Сега погребувачката работа на Русија во однос на Бугарите заврши со поробување на Македонија, при што Србите и Грците во своите освоени земји ги ликвидираа бугарската национална црква и училиштето. Ја шљачкосаа Бугарија и ја извршија нејзината прва поделба благодарение на Русија и на руското словенофилство, кое се стремеше кон слевагье на „словенските потоци во руското море" под власта на „сесловенски цар".

Но руските луге тоа не го знаат и не сакаат да го знаат. Тие знаат дека царот Фердинанд е од германско потекло и дека тој не сака да биде вазал на „сесловенскиот" цар, затоа долу Бугарија, сојузничката на Австрија!

Русите се логични, тргнувајки од своите принципи за нееднаквост на лугето и народите, макар и словенски, и за задолжителна послушност на сите словенски народи кон великата „сесилна", макар и жестоко одмаздлива руска влада. Јас ги разбирам Русите, но не ги разбирам Словенците.

Бугарите се обратија до Љубљана со молба да им помогне на настраданите во земјотресот во Трново. Словенците ја одбија молбата. Понатаму, Бугарите се обратија до истата Љубљана со протест поради стрелањето од Грците на бугарскиот гарнизон во Солун. Словенците го осудија грчкото варварство, но истовремено ги осудија Бугарите како виновници за војната на Бугарија со другите балкански држави.

Како размислуваат Русите мене ми е многу познато, но логиката на г. Грабар[20] и на неговите сонародници не ја разбирам.

Зошто е тој незадоволен од Бугарите? Не затоа ли што тој, веројатно, ја осудува Бугарија поради зближувањето со Австрија? Но се поставува прашањето - што е подобро не само за Бугарите туку и за Словенците: Австрија или Русија. Бугарите сметаат дека за нивните национални интереси, како и за интересите на Полјаците, Австрија несомнено е подобра од Русија. Словенците и Чесите имаат друго мислење, претпочитајки кокетирање со Русија. Но би ги виделе што би рекле Словенците и Чесите ако Русија можеше да стави рака на нивните кационални интереси во иста мера, во која таа доби власт над бугарските национални интереси. Тогаш - тешко на Чесите и Словенците, тие наивни шегации со оган.

Словенците и Чесите треба да сфатат дека руското словенофилство се одликува со крајно тесен национален карактер, додека словенофилството на Чесите и Словенците е политички анархизам. Да се растури тоа што постои, а што ке биде понатаму, како што велат Русите на шега, ке видиме!

Дали Чесите и Словенците би сакале, по поразот на нивната татковина - Австрија, да влезат како поток во руското море, каде што би можеле да очекуваат исто правичен однос кон своите национални интереси, со каков што, со помош на Русите, беа удостоени Полјаците и Бугарите? Не. Ние не им завидуваме на Чесите и на Словенците. Тие, слично како и Бугарите, скапо ке ги платат својата наивност и својот политички анархизам наречен словенофилство. Поразот на австриската армија од страна на руската ке биде прв плод на чешко-словенското словенофилство, кој ги деморализира чешките и словенските народни маси, но кој не им донесува и не им ветува ништо добро на народните интереси.

Дипломатската борба мегу Русија и Австрија во врска со словенската идеја се изроди во инструмент на угнетување на Словените од страните што се бореа. Русија им се одмаздува на Бугарите како можни политички привврзаници на Австрија, последнава не им верува на Чесите, Словенците и на Србохрватите како на народи што со своето русофилство и подготвуваат предавство на австриската татковина и пораз на австриската армија. Грубите методи што ги користи руското словенофилство при насочувањето на словенските потоци во руското море најјасно од се се покажаа во поразот и поделбата на Бугарија по наговор и покровителство на Русија.

Кутрото Словенство! Колку си жално! Колку го засмејуваш светот со својата политичка незрелост и варварска жестокост и со насилството врз сопствените брака.

8 - VII - [19]13

Утрово ми дојде идејата за спасителноста на црковната унија за бугарското национално дело во Македонија, но немав пенкало и не можев да ја изнесам тука. За тоа дргпат.

За време на ручекот го читав „Южнш Край" од 5 јули. Целиот бугарски десен брег на Дунав е заземен од Романците, кои дошле до ст[аница] Црвен Брег и ја зазеле Варна. Турците ги зазеле Чорлу и Лјуле-Бургас. Данев[21] поднел оставка. Се состанал крунскиот совет во Софија под претседателство на царот Фердинанд. Во Бугарија воено министерство е предводено од ген. Савов[22]. Бугарската престолнина и армија се отсечени од надворешниот свет и во Петербург очекуваат во скоро време прекинување на војната, при што упорно ги советуваат Бугарите да испратат делегат во Белград. Во Белград сите училишта и болници се преполнети со Романци. Во Петербург сметаат дека Варна ке биде заземена само привремено. Таму упорно ги советуваат Турција и Романија да го прекинат нападот. Романците ги сакаат Русе, Шумен, Варна. Никаква статија за војната. Можеби тоа е подобро. Помалку нервира. Инаку, во бројот од 3 јули прочитав одвратна статија, каде што руските писарушки-незнајковци ја исмеваат Бугарија и нејзината тешка положба, во која таа се најде само благодарение на крајниот егоизам на раководителите на руската балканска политика.

Јас никако не можев да си го претставам тоа што се случува сега. Порано ја фалев руската надворешна политика, ја нарекував далековида и доследна, со што предизвикував насмевки кај руските луге.

Во 1905 година бев преместен од Бердјанск* во Одеса благодарение на поддршката на покојниот Д. К.

II.

Сементовски-Курило[23]. Јас ја барав машката гимназија, инспекторот на Одескиот училиштен округ Х. П. Солиски[24] ми ја даде женската. За време на разговорот со него во Министерството за надворешни работи, кое интервенираше за моето префрлување, Х. *IL* рече: „Какво Министерство за надворешни работи! Што знае тоа. Ако тоа беше на висина, немаше да дозволи да дојде до Цушима". И тука го искажа својот скептички однос кон словенското племе, цитирајќи го мислењето на проф. Кључевски[25] дека словенската раса е пониска од германската.

Јас во својата душа ја бранев целисходноста на руската над[ворешна] политика и не можев да се согласам со мислењето за пониската расна положба на Словенството. Воопшто, за Русите имав повисоко мислеше отколку што имаа тие за себе. Мегутоа, 10-годишната служба во Русија многу ме разочара во рускиот живот, додека сосема не ја скрши во мене вербата во идејноста, целисходноста и хуманоста на руската надворешна политика.

Ке го наведам тука и мислењето на С. Н. Сиромјатников[26], еден од уредниците на „Россия", за сегашниот пом. министер за надворешни работи А. А. Нератов[27]. Во 1910 година, по склучувањето на словенскиот сојуз во Софија, заминав во Петербург за да поразговарам со редакцијата на „Новое Время" за соработката во врека со балканските прашања. Бидејки во „Новое Время" имаа свои соработници, мегу другите и Црногорецот Табурн[28], моите усилби не завршија со успех. Ја посетив редакцијата на „Россия" и разговарав со С. Н. Сиромјатников. Тој ми рече дека за да учествувам во „Россия" треба да има согласност од Мин[истерството] за надв[орешни] работи, зашто официјално тоа ги уредува вестите од странство. Тој се информираше кој е директор на I департман. Јас му кажав дека е А. А. Нератов. Го познавам Нератов; тој ги води и Блискиот и Далечниот Исток, но се чини дека

* Областен град во Запорошката област во Украйна, одморалиште на брегот на Азовското Море.

ништо не знае ни за едниот ни за другиот; дека ништо не разбира од прашањата на Далечниот Исток добро знам, но сметам дека ни за проблемите на Блискиот Исток не се разбира подобро!

Сега А. А. Нератов е помошник на министерот. Дека тој навистина слабо ги разбира проблемите на Блискиот Исток јасно докажа војната во Бугарија од 1913 година. Таа е блискоисточна Цушима за Русија.

Престижот на Русија е вгазен во калта. Пропаднаа сите дотогашни заслуги на Русија за јужното Словенство. Во 1913 година Русија ѝ нанесе на Бугарија повеке штета, отколку што ѝ нанесе корист во 1877-[18]78 година. 1913-та ги направи Русите и Бугарите непомирливи непријатели.

Србија, Црна Гора, Грција, Романија и Турција беа само инструмент на Русија за остварување на нејзината неубава задача. А колку ке се кајат за тоа, особено Романија и Турција. Зарем тие две држави се толку блиски пријатели на Русија што таа е поблагонаклонета спрема нив отколку спрема Бугарија.

Се чинеше дека Русија никогаш нема да го дозволи тоа што не само го дозволи. туку и самата го организира: го склучи српско-бугарскиот сојузнички договор, а потоа ја поттикнуваше Србија да се откаже од него и да ја направи Русија безапелациски арбитар за сите спорни прашања надвор од секаков договор. Бугарија со достойнство, макар и со голем ризик се откажа од политичката заштита што ѝ беше предлагана, или поточно наметната, барајки арбитража врз основа и во границите на српско-бугарскиот сојузнички договор. Тоа не им се допадна во Петербург и следуваше српско-црногорско-грчко-романскиот сојуз против Бугарија. Почнаа воените дејства, при што не се знае кој ги почнал. Србите и Грците, иако со огромни загуби, имаа извесен воен успех, но силите на бугарската армија сега се сконцентрирани на западното боиште и подготвени се да го скршат непријателот. За тоа време Романија го преминува Дунав и ги зазема сите крајдунавски бугарски градови како и Варна, сосема отсечувајки ги од север и од исток од надворешниот свет, а особено од Австро-Унгарија. Турција, Грција и Србија ја отсекоа Бугарија од југ и од запад. На тој начин руската дипломатија, користејки ја Романија, на која ке ѝ биде дадена значителна област од Бугарија, таа ја лиши последнава да ги победи штитените од Русија Грција и Србија, и ја натера да признае дека е победена и понизно да моли за мир во Белград. Таква е одмаздољубивоста на кратковидите г[оспода] Нератови, кои нееднаш ѝ дадоа на Русија по една Цушима.

Ако Русија едноставно се залагаше за прекинување на војната и крвопролевањето, таа би била непристрасна кон двете завојувани страни: таа би ја искористила согласноста на Бугарија да се прекине војната и да се свика конгрес на премиерите во Петербург. Мегутоа, тоа не се случи. Русија, откако ја пушти Романија да ја нападне Бугарија, побара таа, имајки армија подготвена за победа, понизно да моли за мир во Белград. Така Русија знае да им се одмаздува на Словените затоа што не йсе допаднал носот на царот Фердинанд, а уште повеке стремежот на Бугарите да бидат ковачи на сопствената срека. Русија не им го признава последново право на Словените и на нивните држави, особено ако тие истакнуваат дека се слободии владетели на слободии народи. Победите на Бугарите не им ги завртеа толку главите на Бугарите, колку што предизвикаа зачудувачка и неверојатна завист и опсесија кај Русија.

Сега искажувањата на Русите за нивните несебични жртви во корист на Словените се очигледна бесмислица и глупост. Русите во турските војни секогаш се раководеле од користољубиви цели и Србите, Грците, Бугарите само даваа повод и служеа како мотив за војните и за вмешување во турските работи. Србија и Грција не можеа да ги присоединат кон своите владенија поради географски причини. Полесно беше тоа да се направи со Романија - попречи Австрија. Се чинеше дека уште полесно ке се направи тоа со Бугарија, но попречи Европа и самата Бугарија.

Колку беа егоистички намерите на Русија спрема Бугарија јасно се гледа од Санстефанскиот договор и од непријателскиот однос кон реализирањето на тој договор со сопствени сили на бугарскиот народ. Отпрвин, кога се претпоставуваше дека е можно влевање на бугарскиот поток во руското море, ја зацртаа етнографската санстефанска Бугарија. Кога тој поток не сакаше да се влее во руското море, руската дипломатија засилено ја подриваше бугарската народност во Македонија додека не им ја даде на Србите и на Грците.

Сепак, интересно е каква двојна политика водеше Русија со Бугарите во врска со македонското прашање. Од една страна, ги убедуваа Бугарите дека Македонија речиси целосно ке ѝ припадне на Бугарија и бараа само мала отстапка за Србија. Така на пример конзулот А. А. Ростковски[29] ме убедуваше дека македонското прашање би било поскоро

решено во корист на Бугарите ако тие пројавеа извесна попустливост во однос на Србија, која би се задоволила со Скопје и Куманово, и дека е подобро на Србите да им се отстапи Скопје за да се обезбеди нивна поддршка за да се спаси од Грците Костур.

Во 1910 година, по словенскиот конгрес во Софија, на минување низ Константинопол* јас се видов со рускиот дипломатски претставник г. Чариков[30]. Тој им советуваше на Бугарите да бидат стрпливи во врска со македонското прашање; ние им советуваме да почекаат и со помали жртви нешто подоцна да го земат тоа што сега би можело да се земе само со големи жртви.

На крајот на 1913 година** руският дипломатски претставник во Софија ми велеше дека: Велес, Прилеп, Охрид и Битола ке бидат бугарски.

Напоредно со овие убедувања, Русите (Јастребов[31]) ја реализираа идејата дека македонските Бугари се Срби или нешто средно мегу Србите и Бугарите (Ростковски, Машков[32] и Иларионов[33]) и на секој начин ја поддржуваа српската пропаганда во Македонија во согласност со ерпеките желби да се одложува решавањето на македонското прашање до поволен момент за Србите.

На крај, зачудувачки противречна и крајно егоистична беше руската политика во 1912 и 1913 година. Отпрвин Русија го подготви српско-бугарскиот сојуз и ја подготви војната со Турција. Војната помина без странско мешање и Романија не беше вмешана. Мегутоа, за сите беше очигледно дека Бугарија даде најмногу жртви, дека таа има најголемо право на Македонија, што јасно се гледа од етнографскиот состав на населението и од Санстефанскиот договор. Но Русија не сакаше да инсистира за исполнување на сојузничкиот договор и не само што дозволи, туку и го покровителствуваше составувањето на сојузот на словенска Србија со несловенските држави: Грција и Романија за разграбување и поделба на Бугарија. Војната на Србија, Црна Гора, Романија, Грција и Турција претставува разбојнички напад на Бугарија, извршен во име на интересите на Словенството и мирот. На сите им е јасно дека Русија, која ја инспирираше оваа војна, е желна за одмазда за неуспешното претворање на Бугарија во руско владеење како Финска или кралството Полска. Русија, изгледа, се стреми да создаде на Балканот таква положба кога гласот на рускиот претставник во балканските престолнини ке биде посилен од гласот на месниот владетел и на владата. За постигнување на таа цел таа не запира пред подбуцнување на едни против други. Денес - на Романците против Бугарите, утре - обратно. Се разбира, дека оваа политика колку што е разумна, толку е неморална. Во 1878 година на Романија ѝ беа одземени југозападните околии на Бесарабија. Романија копнееше не само да ги врати околиите што ѝ биле одземени туку и да ја присоедини кон себе цела Бесарабија, каде што живеат еден милион Романци, што требало да се постигне со помош на Австро-Унгарија. Русија, за да се спаси од романските побарувања, ја подбуцнува Романија на беззаштитната Бугарија, ветувајки ѝ четвртина од Бугарија во вид на четвороаголник од тврдините: Силистра, Рушчук***, Шумен и Варна, речиси со еден милион население. Тоа е компензација за сметка на Бугарија во замена за Бесарабија, која ја поседува Русија. Освен тоа што ке ѝ ја заситат територијалната жед, Романија сигурно ке ја раскараат со Бугарија и лесно ке биде да ја држат на руски узди. На Романија понатаму ѝ ја ветуваат Трансилванија и заштита од бугарска одмазда. Се разбира, дека покрај ова Романците тајно ке мечтаат и за присоединување во подалечната иднина на Бесарабија и за создавање на тој начин на голема Романија.

Русија го поттикнува создавањето на голема Романија во исто време кога се исплашила од голема Бугарија. Русија му покровителствува и на создавањето на голема Грција и голема Србија и сето тоа за сметка на бугарскиот народ, кој се наога во немилост кај Русите.

Сепак, каде е тука Словенството, каде е самопожртвувањето? Жестокоста на Русија спрема Бугарите достигнува неверојатни размери: спречувајки ја да се бори, Русија бара Бугарија да признае дека е победена и засекогаш да се откаже од своите права кон Македонија, да влезе во балканскиот сојуз со тоа што во својство на сојузничка држава ке се лиши од правото на протест поради насилното асимилирање на Бугарите од страна на Србите, Грците и на Романците. Освен тоа, се планира да се лиши Бугарија од самостојна надворешна политика и да се потчини на контрол ата на државите под заштита на Русија, т. е. на контролата на Србија, Грција и на Романија. Русија ја задуши Бугарија, без да ѝ даде право и можност да писне.

* Денешен Истанбул.

** Се однесува на 1912 година.

***Русе.

Балканскиот сојуз ѝ е потребен на Русија и таа се бори за негова реализација по секоја цена. Тој сојуз ќе ѝ даде на Русија милионска армија за борба со Австрија, но што ѝ е гајле на Русија дека Бугарите немаат апсолутно никакви интереси во Австрија, и според тоа нема зошто да им помагаат на соседите што ги ограбија.

„Русија со голем труд го создаде Балканскиот сојуз, таа нема да дозволи тој да се распадне" ми рече рускиот претставник во Софија, г. Некљудов[34], кој пројавуваше голема склоност да владее во Бугарија наместо царот Фердинанд и бугарската влада.

Колку многу злокобно имаше во зборовите на г. Некљудов и истовремено колку едноставно тие ги изразуваа стремежите на Русија да не се дозволат никакви промени на Балканот без нејзина согласност. Но тогаш збогум слободо на балканските народи и држави, каде што, наместо независни држави, ќе имаме копии на Хива* и Бухара* *. Бугарија прва се побуни поради руските претензии за политичко старателство. Романија се согласи за милостина; Србија и Грција за воено-дипломатска услуга за разграбување на Бугарија истоштена од војната со Турција.

Така Русија го остварува принципот на словенска заемност, си создава клиенти и ги смирува своеволните. Каква великодушност! Какво самопожртвување за големата словенска идеја!

Впрочем, уште ќе видиме колку ќе се оправда надежта за дефинитивен пораз на Бугарија и за создавање цврст балкански сојуз! Затоа, какви ли уште изненадувања треба да ја очекуваат руската дипломатија и нејзините клиенти, како во словенското прашање воопшто, така и во македонското!

**9-VII-[19] 13**

Поразот, поделбата и уништувањето на Бугарија од руската дипломатија можат да се објаснат како уништување на влијанието на Австрија на Балканот и воспоставување таму, вклучително со Романија, на руското влијание - протекторат. Поразот на Бугарија е пораз на австрискиот опорен пункт. По победата на австриските опорни пунктови треба да се очекува руско-австриски двобој, веќе не за влијанието на Балканот, туку за влијанието во Европа. По воспоставувањето на рускиот протекторат на Балканот преку трупот на Бугарија, треба да се очекува војна за руски протекторат на сите словенски области на Австро-Унгарија, што ќе значи триумф на руското словенофилство со слевање на словенските потоци во руското море. Но нели триумфот на последниов принцип би значел триумф на Русија над Европа, и затоа Австро-Унгарија во својата борба со Русија би ги бранела и сега ги брани не само своите, туку и општоевропските принципи. Бугарија, како приврзаничка на Австро-Унгарија, исто така е претставничка на западноевропскиот принцип на национални држави со зачувување на политичка рамнотежа меѓу европските држави. Ако среќата на Словенството се состои во воспоставувањето на рускиот империјализам не само на Балканскиот Полуостров, туку и во Средна Европа, тогаш Бугарија е предавник на бугарскиот идеал. Но нели идеалот за „слевањето на потоците" не е словенски туку чисто руски идеал, со кој не може да се согласат другите Словени. Второ, руското старателство врз сето Словенство се заканува да доведе до уништување на словенската култура и ропство на Словените од страна на Русите.

Ако руското уредување биде пренесено во Чешка, тешко дека Чесите ќе се израдуваат поради промената на владеењето на Германците со владеењето на Русите. А поделбата на Полска, а особено на Бугарија, која настрада без секаква своја вина, само затоа што се стремеше кон полна политичка слобода и кон политичко обединување на бугарскиот народ, се најдобра илустрација на оној убав живот што им го подготвуваат на словенските народи руските словенофили.

Но исто така е интересно што ќе кажат Италија, Франција, Германија и Англија, кога голема Русија, која сега има 175 милиони жители, ќе го утврди своето влијание на целиот Балкански Полуостров, над се[верна] Персија, Монголија, Ерменија, протоците - Босфор и Дарданели и над словенските области во Австрија? Поразот на Австрија би бил пораз не само на целото западно и јужно Словенство, туку и пораз на Западна Европа. Триумфот на Русија би значела победа на помалку културниот Исток над покултурниот Запад. Впрочем, таквата победа би била привремена, бидејќи ширењето на Русија кон Запад внатре во земјата

* Хива или Хорезм, град во северозападен Узбекистан, центар на областа Хорезмија. **

Бухара, град во Узбекистан, центар на Бухарската област.

би го зголемило бројот на незадоволните од руското внатрешно уредување и вештачката творба би се распукнала по сите шавови. Додека поразот на Русија би значел не само ослободување на Западна Европа и на јужното и западното Словенство од идеалите на грофот Бобрински[35] за општословенско царство со сите негови убавини во вид на рускиот национализам и современото руско политичко уредување, туку би го ослободил и рускиот народ од лошите услови на неговото политичко живеење.

Поделбата на Бугарија претставува жртва на бугарскиот народ за интересите на Словенството и западноевропската култура. Во среден век Бугарија ја штитеше Западна Европа од нападите на неточните народи, во XX век бугарскиот народ исто така застана на страната на политичките принципи на Западна Европа против стремежите на неточната голема држава за утврдување на светска монархија, во која би била погребана западната цивилизација. Државите на Тројниот сојуз ја сфакаат улогата на Бугарија и правилно ја оценија нејзината вредност. Дали ке успеат да ги заштитат нејзините интереси, ке покаже блиската иднина. Англија, изгледа, исто така не се радува многу поради поделбата на Бугарија. Најнеразумен е односот на републиканска Франција, која со својот капитал и со политичката поддршка го подготвува неконтролираното владеење на источниот царизам над Европа.

Ги читав „Южньш Край" и „Голосъ Москвм" од 6 јули. Во содржината на харковскиот весник „На Балканите" само ужаси: „Средба на Пашик со Венизелос[36]; - победи на Грците; - барања на Бугарите; - судир на романските и на бугарските војски; - подготвеност на царот Фердинанд да ги почне мировните преговори; - движење на турските војски кон Адријанопол; Бугарија пред катастрофа; - изгорување од Бугарија на нејзините монитори* и канонерки**; - испракање на мегународна ескадра; - мировната конференција ке се одржи во Берлин; -предлогот на Франција; - формирање нов кабинет во Бугарија; - романската нота до државите; - телеграма на царот Фердинанд и писмо на кралицата Елеонора до романскиот кралски пар; - одговор на романскиот крал; -решение и предлог на Австрија; - движењето на турските војски е запрено; - инцидент во бугарскиот Совет на министрите; - петиција на бугарската нација до Русија со молба за заштита". Никаква воведна статија посветена на балканските настани - и фала му на Бога, бидејки воведната статија на „Голосъ Москвм" од 6 - VII „На Балканите" предизвика кај мене само желба да испратам во редакцијата на овој весник поштенска картичка со следнава содржина: „Читајки ги редакциските статии во вашиот весник посветени на балканските настани, кои содржат мислења и совети до Бугарија, јас не можам да не викнам: Господи, прости им, зашто не знаат што пишуваат и што зборуваат."

Воопшто, руските весници во своите мислења за надворешната политика и во оцената на политичкиот момент се зачудувачки наивни и многу често сосема конфузни.

Денешните вести (од 6 - VII) општо земено се утешни. Русија како да спроведе мобилизација на романската граница: Тутракан, Добрич, Балчик. Бугарската армија е сконцентрирана-на линијата Кустендил - Крива Паланка - Дупница и има два одреда по должината на старата српско-бугарска граница. Армијата е жедна за борба, протестира поради одложувањето на генералната битка, која, изгледа, претстои во најблиска иднина. За автономијата на Македонија се зборува не само во Петербург, туку и во Виена, Лондон, во Берлин. По се изгледа, доага до размена на мислења за тоа прашање. Дај Боже да не се оправда мојот песимизам и разочараноста од словенската мисија на Русија и да се оствари мојот идеал што го изнесов во моето последно писмо-извештај до министерот за надворешни работи. Ја приложувам овде содржината на споменатата белешка-извештај, испратена од Ахтирка*** со препорачано писмо на 30 јуни 1913 г., бр. 174.

* „Монитори"- (од англ. ј.) - воен брод со тешка артилерија.

** „Канонјерки" - (од франц. ј.) - воен артилериски брод за дејства во крајбрежните реони на морето.

*** Град во Сумската област, на истоимената река Ахтирка во Украйна.

До Неговото високопревосходство,
господинот министер за надворешни работи,
*од К. П. Мисирков*
*родум од Македонија*

Белешка

Сегашната војна мегу Бугарија, од една страна, и Србија, Грција и Црна Гора - од друга, е особено поучна за оние што во политиката, занесувајки се со идеализам, не сакаа да водат сметка за грубата реалност. А наивни идеалисти што пожнеаја богати плодови на својата кратковидост се покажаа руската дипломатија и бугарскиот народ, кои дозволија да се занесат со надежта дека е можна и корисна словенска солидарност и совпагање на словенските интереси.

Ние, македонските Бугари, не му верувавме многу на звучниот збор „општословенски интереси" и дури и го мразевме тој збор, бидејки на него беа основани плановите на Србија да не пороби, со благонаклонетата помош на словенска Русија, која, заборавајки ги сопствените интереси, подготвена е да им помогне на сите Словени, наивно верувајки им на сито. И испадна дека сме во право.

На 25 октомври 1912 година, т. е. само по 20 дена од почетокот на војната со Турција, му испратив на Вашето високопревосходство белешка, во која укажував на можноста за крупни несогласици мегу Србија и Бугарија заради поделба на Македонија и предлагав да се реализира идејата за автономна Македонија. Иста таква белешка јас тогаш му испратив и на бугарскиот министер за надворешни работи. На 4 ноември истата година веке бев во Софија во својство на кореспондент на „Голосъ Москвм". Како Македонец, руски државјанин што службува во руска установа јас му се претставив на г. руски претставник во Софија и во разговорот му укажав на неминовноста од српско-бугарски караници заради Македонија и како доказ му ја дадов да ја прочита телеграмата со српското официјално соопштение за заземањето на гр. Прилеп од српските војски. Г. Некљудов се трудеше да ме смири и почна да ги развива своите фантастични мечти за цврстината, долговечноста и ползата за Русија и за Словенството на српско-бугарскиот сојуз. Се разбира дека мене, како Македонец што во своите надежи се изгорува не само од млекото, туку и од ладната вода, идеализмот на г. Некљудов не можеше да ме разубеди. Јас и понатаму останав да не верувам во искреноста на Србите. Кога го посетив г. Гешев за да добијам дозвола да го посетам боиштето, почнав да разговарам со него за судбината на Македонија, за неопходноста да й се даде автономија, бидејки поради неа претстојат караници мегу сојузниците. Г. Гешев, слично како и г. Некљудов, ја истакна коректноста на Србите и изрази падеж за зачувување на српско-бугарскиот сојуз, макар што рече дека главното -истерувањето на Турците од Европа - веке е направено, а во случај на несогласувања „ке й дадеме на Македонија автономија". Уште понаивна беше бугарската јавност, која не допушташе ни мисла не само за предавство на Србите, туку и за автономија на Македонија, искрено верувајки во цврстината и спасителноста на српско-бугарскиот сојуз.

На 6 декември 1912 година јас веке бев во Солун. Уште две недели пред тоа во Лозенград слушнав за незадоволството на Бугарите од Грците. А во Солун дознав за насилствата на Србите врз Бугарите во областите на Македонија што ги окупирале, за мерките што ги презеле да останат во Македонија и за преговорите мегу Грците и Србите за склучување сојуз против Бугарите, кон кој сојуз се правеле обиди да се привлече и Романија.

Кога се вратив преку Скопје во Софија во половината на декември истата година, јас повторно отидов кај г. Некљудов, и, врз база на моите набљудувања во текот на патувањето, изразив жалење поради неоснованоста на надежите на г. руски претставник на српско-бугарскиот сојуз, кој, ако не се распадне пред поделбата на освоените територии мегу сојузниците, тој неминовно ке се распадне потоа, затоа што македонските Бугари никогаш нема да им простат на Србите за зверствата што ги извршиле во Македонија. Г. Некљудов изрази жалење поради перспектигата за распагање на сојузот, но изјави дека Велес, Прилеп, Охрид и Битола ке бидат бугарски и дека Русија, која го создаде овој сојуз, нема да дозволи тој да се распадне. За жал, и тука се покажа дека јас бев поблизу до реалноста отколку рускиот претставник во Софија.

Барањето од Србите на српско-албанската граница и мотивацијата на тоа барање, говорот на г. Пашик во Собранието за српската политика, говорите на претставниците на опозицијата за руската арбитража, дејноста на српските гости во Петербург -

проф. Р. Кошутик и поранешниот министер Генчик, и, на крај, манифестот на крал от Петар[37] со објавување војна на Бугарија јасно покажаа како го сфакаат Србите „словенското братство".

Цинизмот на манифестот на кралот Петар и неговото подбивање со словенската идеја го надминаа цинизмот на г. Пашик. Според српските декларации и манифести, Бугарите одат против словенските интереси, иако Србија прва ги наруши обврските што ги презеде со сојузниот договор и ја изневери не само Бугарија, туку и Словенството. Србија склучи со Грција и со Романија срамен договор за слом на словенска Бугарија. Србија ја придобива против Бугарија и Турција. Склучувајки сојуз со несловенските држави, насочени против словенска Бугарија, Србија изјавува дека таа дејствува во име на словенските интереси. Благодарение на „словенофилството", Бугарија од сите страни е опкружена со круг од непријатели кои или водат со неа војна, или се готови да ги почнат воените дејства.

Во критична положба се најде истата таа Бугарија, која беше вратена во живот со крвта на руските војници што ги оставја своите животи на бугарските полиња. И Русија го дозволи тоа. Русија дозволи безначајната и лажлива Србија да им направи поголемо зло на Словенството и на Русија отколку Берлинскиот конгрес. Впрочем, поведението на Србија и нејзиното погано дело се буен плод на непостојаноста на руската балканска политика и на нејзиното отстапување од старите традиции од времето на императорката Екатерина Велика и царот-ослободител*. Русија во последно време почна да се плаши од создавањето една силна држава на Балканот, каква што имала шанси да биде ослободената од Русија Бугарија. Русија пред силна Бугарија го претпочита вештачкиот и шарен балкански сојуз, дури и не застана пред жртвувањето на словенските македонски Бугари во корист на Грците. Србите, Грците и Романците ја искористија грешката на Русија, докажувајки дека отстапувањето на Русија од патот што й го одреди историјата е грешка што тешко ке се исправи.

Така, војната мегу поранешните балкански сојузници е не само срамна братоубиствена касапница, туку и сериозна политичка лекција за занесените идеалисти. Таа треба пред се отрезнувачки да дејствува на руската дипломатија, која не можеше навреме да сфати дека силна Бугарија им е потребна не само на Бугарите и на царот Фердинанд, туку и на Русија.

Зошто й е потребна на Русија силна, но крајно подмолна Србија? За борбата со Австрија? Но каде е гаранцијата дека Србија во иднина ке се стреми кон борба со Австрија, а не кон борба со Бугарија заради хегемонија на Балканот? И дали й е корисно на Русија ривалството на Србија и Бугарија во иднина? Што й гарантира на Русија дека Србија нема да ја изневери со исто толку лесно срце, како што ја изневери Бугарија? Мегутоа, слаба Србија, наместо ривалство со Бугарија, би била принудена да бара покровителство на Бугарија против Австрија, а српско-бугарскиот сојуз што би почивал на таква основа не само што ке ги спаси балканските Словени од зависноста од Грција, Романија и Австрија, туку ке ја спаси и Русија од постојаните грижи за смирување на расправиите мегу Србија и Бугарија.

Русија уште може да ја исправи својата грешка, која нејзе й штети не помалку отколку на Бугарија. Русија, ако не може да инсистира на прецизно исполнување од двете сојузнички на српско-бугарскиот договор од 1912 година, таа може да инсистира на формирање македонско кнежество, сосема независно од другите балкански држави. Македонската држава треба да ја опфака сета спорна територија мегу Струма, Шар Планина, Охридско Езеро и Егејско Море. Само на тој начин Русија ке ги заштити своите интереси на Балканот, кои целосно се совпагаат со интересите на оние Словени, на чиј древен јазик православниот руски народ и ден-дензс ги вознесува своите молитви на олтарот на Севишниот.

Автономна Македонија, од гледна точка на руските интереси е подобра од поделбата на Македонија мегу поранешните сојузници. Таа не го зголемува и без тоа големото политичко шаренило на Балканскиот Полуостров, напротив, автономијата не само што ке го зачува националниот карактер на сите македонски Бугари, спасувајки ги од српските експерименти врз нив, туку за Словенството ке ги спаси македонските Бугари со подел бата на Македонија осудени да бидат гогрчени. Ако во иднина, со помош на Русија ке дојде до обединување на Македонија со Бугарија, Русија ке си создаде на Балканот во лицето на Бугарија пријателска држава, која во случај на војна единствена ке може да даде милионска армија. А создавањето на голема Бугарија, која ке й биде должна на Русија за: I. Ослободувањето во 1878 година, 2. Создавањето автономна Македонија во 1913 година, и 3. Обединувањето на Македонија и Бугарија во иднина, поради крвното сродство и истата

* Станува збор за рускиот император Александар II.

вера на Русите и Бугарите, ке биде целосно исполнување на руската ослободителна мисија на Балканот. Голема Бугарија исто толку й е потребна и корисна на Русија, како и силна Прусија на Австро-Унгарија.

Ке даде Господ, ісе доживееме остварување на сојузот на двете словенски империи -Русија и Бугарија, чијшто сојуз ке стане сериозна потпора на европскиот мир и противтежа на сојузот на германските империи.

Примете итн.

Чиф[лик] Климентово, Ахтир[ска] о[колија], Харков[ска] губ[ернија]

29 јуни 1913г.

*К. Мисирков*

Такви беа моите последни аргументи во обракањето до Мин[истерството] за надв[орешни] работи со молба за помош за создавање автономна Македонија. Да претпоставиме дека јас слабо верував во нивната убедливост и во тоа дека руската влада се раководи со словенскиот принцип, но сепак го напишав. Можеби дури и му наштетив на делото, споменувајки за тоа дека голема Бугарија во случај на војна ке даде милион бајонети. Можеби му наштетив и со укажувањето на можноста за обединување на велика Бугарија и Македонија во иднина. Зборувајки за тоа, јас сметав дека й се обракам на словенска земја, која го почитува националниот принцип и не се плаши од национално обединување на одделни словенски народи.

Но, за жал, тоа се покажа како заблуда. Под покровителство на Русија беше организиран разбојнички напад врз Бугарија на сојузниците: Србија, Црна Гора, Грција и Романија, кон кои се приклучи и Турција, за со еден удар еднаш засекогаш да се ослободи од милионот бугарски бајонети во иднина.

Весникот „Ю[жньш] Кр[ай]" од 7-VII повторно ја потврдува безизлезната положба на Бугарија, при што Советот на министрите во Петербург реши да не се меша, веројатно поради составувањето на бугарското министерство од опозициските партии на чело со Радославов[38] и Генадиев[39].

Сега веке Австрија истапува во корист на Бугарија, а Русија останува на страна, при што на Романија й е дозволено да ја заземе Софија. Романија, според информациите од весниците, изјавила дека се согласува да склучи мир со Бугарија истовремено со потпишувањето мир мегу последнава од една, и Србија и Грција, од друга страна. Зборовите на Грција за тоа дека прашањето за автономија на Македонија наидува на тешкотии и не не ослободува од грижите во иднина треба да се сфати како алузија на ставот на Русија против автономијата што ја предлага Австрија и ја посакува Бугарија. Со еден збор, Русија во оваа војна словенската идеја ја разбира „по српски", а можеби и уште полошо, т. е. како инструмент за владеење над словенските народи и како средство да се излажат австриските Словени за да се подготви нивното предавство на Австрија, да се уништи австроунгарската армија и да се реализира идејата за „слевање на словенските потоци во руското море". А српското „словенофилство", според руски модел, го измами и „братското" руско јавно мнение, кое слабо гл разбираше политичките прашања, а уште повеке ги измами „браката" Бугари, со чија помош тие ја завладеаја Македонија, а подоцна, „во интерес на Словенството", склучија сојуз со несловенските држави за поделба на Бугарија.

Решението (последното) на Советот на министрите за немешање во сегашната војна и дозволата на Романија да ја заземе Софија исто така ги објаснувам како непријателски акт на официјална Русија не само спрема бугарската австрофилска политика, туку и спрема мислењето за балканските прашања на водачите на руската опозиција - П Н. Миљуков[40] и проф. М. М. Ковалевски[41]. Бугарофилството на П. Н. Миљуков сегогаш й штетеше на Бугарија. Подарокот на царот Фердинанд на П Н. Мшьуков по повод неговиот последен престој во Софија исто така можел да ја изнервира официјална Русија. Царот Фердинанд како независен владетел не сакал да води сметка за тоа дека за ова ке му се одмаздуваат.

Исто така, некои му префрлуваат на царот Фердинанд поради неговото патување инкогнито за време на примирјето во Балканската војна со Турција на запад, во Австрија и во Германија. Но тој не ги предизвика прв ерпеко-бугарските расправии. Напротив, уште во почетниот период на Балканската војна и за време на примирјето Србија, изгледа со согласност и поддршка на Русија, подготвуваше почва за нарушување на ерпеко-бугарскиот сојузнички договор. Кога видел дека Бугарија е измамена од Русија и од Србија, царот Фердинанд морал да бара пријатели за Бугарија таму каде што можел да ги најде.

„Южньш Край" од 7 јули содржеше три статии посветени на војната, во кои се осудуваа новите сојузници за нивниот разбојнички напад на Бугарија. Но тоа е либерален весник и изразувач на мислењето на широките кругови на интелигенцијата, за чие мислеше официјална Русија не сака да води сметка.

Десните и умерено-десните весници со својата „словенофилска" насоченост се за смирување на Бугарија, инспирирано од Русија, но извршено од тупа раце - од рацете на новите балкански сојузници. Бугарија, изгледа, сакаат да ја спасат од „Австриецот" - царот Фердинанд. Но руските словенофили забораваат дека бугарскиот народ знае да ги цени своите дејци и херои. На првиот бугарски кнез Александар Батенберг[42] во Софија му кренаа убав мавзолеј. Стамболов и царот Фердинанд ке бидат оценети од бугарскиот народ според нивните квалитети, како вистински творци на независна Бугарија. „Словенофилите" од руски н од српски калибар й попречија на Бугарија да го обедини во една држава целокупниот бугарски народ; не само што й попречија да стане голема, туку дури и ја извршија првата поделба на бугарските земји мегу соседите, но тие не можеа да ја спречат да стане независна држава. Творци на таа независност беа: Стамболов и царот Фердинанд. Гешев, Данев, покрај својата приврзаност кон Русија, не ја понижија државата, не го избегнуваа пријателството со другите, пријателски на Бугарија, држави.

Ген. Савов, велат весниците, го нарекол Данев „роб на Русија", но тоа било само во лутина. Данев не заслужи таков прекор, иако неговата политика можеби й донела огромна штета на државата. Не е Данев виновен дека кај Бугарите уште не престана вербата во Русија.

Би сакал да верувам дека денешните Руси не само по тело, туку и по дух се потомци на оние Руси што ја ослободија Бугарија. Би сакал да верувам дека Русите се искрени и нретставуваат спротивност на Австријците, кои навикнавме да ги сметаме за подмолни и аепријатели на јужните Словени. Во крајна мера, јас верував во искреноста и несебичноста на руската балканска политика, објаснувајки го поведението на руските конзули во Македонија како одмазда на Бугарија за политиката на Стамболов, а подоцна и како продолжување на бугарофопството по инерција. Сега јас гледам одмаздливост, затвореност и подмолност што може да служат како пример за најлицемерна политика, за каква што досега ја сметав австриската.

Данев се убеди во тоа за време на неговиот последен престој во Петербург. Впрочем, тој и порано повеке верувал во Англија, Австрија и во другите западни држави отколку во Руеија. Причина за тоа можеби е ограничениот и непријател на Бугарите г. Нелидов[43]. Последнава војна, а особено однесувањето на Србија и на Романија очевидно ме уверија во крајниот егоизам на руската балканска политика.

Јас сега искрено се кајам поради тоа што многупати испракав до Мин[истерството] за над[ворешни] работи белешки, во кои им обракав внимание на положбата во мојата татковина и молев за нејзина заштита од Турците и за нејзина автономија. Се каам поради мојата последна белешка, до г. м[инистера], која сеедно не даде никакви резултати, освен, можеби, негативни.

На официјална Русија не й се важни националните интереси. За неа, изгледа, поважни се династичките вреки. Царот Фердинанд немаше такви врски со рускиот двор, а кралот Петар н Георги[44] - имаа. Бугарија можеби и поради тоа плати со поделба на бугарските земји.

На русофилството во Бугарија му е нанесен непоправлив удар. Во Бугарија не може да има русофили, зашто штетата што му е направена сега на бугарскиот народ е поголема од користа што им ја донесе на Бугарија Руско-турската војна. Само промената на политичките услови во Русија и преминувањето на власта на раководителите и претставниците на уставно-демократските кругови во Русија може да ги изменат односите на Бугарија спрема Р[усија].

10-VII-[19]13

Разбојничкиот напад на Бугарија, организиран од словенските држави Русија и Србија во име на победата на словенската идеја во нејзиното руско-српско сфакаше требаше да се предвиди, при што улогата на Русија во него се оцртуваше се појасно. Во Белград седеше веуморниот русифициран Германец Николај Хенрихович Хартвиг[45], поранешен виден член на С[анкт]-Петербуршкото словенско општество. За неговата премногу немирна политика во Техеран, каде што тој имал недоразбирања со англискиот претставник, по бараше на Англија тој бил префрлен од Техеран во Белград. Тука решил да го надомести тоа што го изгубил во Техеран. Тој го организирал бракот на керката на кралот Петар со кнезот Јован

Константинович[46]. За време на Балканските војни доби орден. Тој се покажа како политичар сличен на рускиот конзул Јастребов, кој цела Македонија ја сметал за српска. А во Софија рускиот претставник Некљудов, изгледа, бил и е вистински бугарофоб. Јас разговарав со него двапати, при што првиот пат тој ми изгледаше наивен во своите размислувања за значењето и цврстината на српско-бугарскиот сојуз, во што се преправаше дека верува, но во следниот разговор тој беше воздржан и се покажа како поголем србофил отколку бугарофил.

Јас му раскажав за своите впечатоци од Македонија и врз основа на тоа заклучив дека надежите на г. Некљудов за цврстината на српско-бугарскиот сојуз нема да се остварат, бидејки македонските Бугари, по реализирањето на македонско-бугарскиот сојузнички договор, користејки ги благодетите на конституцискиот живот, во Парламентот (Народното собрание) ке формираат партија непријателски настроена спрема српско-бугарскиот сојуз. Македонските Бугари никогаш нема да ги заборават и да им ги простат на Србите насилствата што ги извршија во Македонија. Понатаму продолжив дека јас сум бугарски националист и би сакал цела Македонија да биде бугарска, но штом е склучен договор, треба да се спазува; само жално е дека на македонските Бугари што им се потчинети на Србите ке им биде полошо отколку тие да биле дури и под германска власт, бидејки Србите не се културни и мошне се груби спрема другите народи, особено спрема Бугарите.

Г. Некљудов се зазеде за Србите, велејки дека тој исто така добро ги познава Србите колку и Бугарите и ги сака не помалку од последниве. По ова тој брзо го прекина разговорот и замина.

Се плашам дека со мојата изјава за тоа дека македонските Бугари што биле под српска окупација, по реализацијата на на српско-бугарскиот сојузнички договор ке бидат противници на сојузот и ке го зголемат бројот на Бугарите што се незадоволни од сојузот, би можела да се одрази врз односот на г. Некљудов кон сојузничкиот договор. Можеби, за да се избегне создавање партија на незадоволни од с[рпско]-б[угарскиот] сојуз, г. Некљудов го изменил својот однос кон српско-б[угарскиот] сојузнички договор. Впрочем, тешко дека е така.

Династичките мотиви и расположенија и немањето семејни врски и независната политика на царот Фердинанд заедно со блескавите победи на бугарската армија и со блискоста на новата бугарска граница до Константинопол го определија непријателскиот однос на официјална Русија спрема исполнувањето на сојузничкиот договор и кон создавањето голема Бугарија. Упорноста на Бугарите да ги запазат своите права го засили непријателскиот однос на Русија спрема Бугарите, кој се излеа во жестока словенска крвава одмазда врз Бугарија. И дојде до првата поделба на Бугарија, која покажа каде се вистинските и каде се лажните и подмолни пријатели.

По војната на Бугарија со сите балкански држави Бугарија ке изгуби приближно 30.000 кв. километри што ке преминат во Србија, Грција и во Романија, заедно со пристаништето Кавала и со нас[елен]ие од 150.000. Истовремено Бугарија, велат, ке го изгуби својот престиж. Адријанополскиот вилает ѝ дава на Бугарија зголемување од 30.000 кв. километри заедно со пристаништето Дедеагач* и со население од 600.000. Бидејки загубите во корист на Грците и на Србите се состојат од македонски земји, територијата на Бугарија по војната Ќе изнесува приближно 120.000 кв. кил[ометри] наместо 140.000 кв. км со население од 4.800.000, наместо 5.000.000. Романија со зголемувањето за сметка на Бугарија и понатаму ке биде поголема од последнава, а Србија и Грција ке ги удвојат своите територии и според големината и населението ке бидат исти со Бугарија, иако пред војната со Турција тие заедно земени за малку ја надминуваа територијата на Бугарија.

По сегашната војна на Балканот, доколку не биде формирана автономна Македонија, ке се создаде цврста рамнотежа на силите што ке обезбеди мир за подолго време. Изгледа така смета дипломатијата на Тројниот договор, која Русија ја искористи за својата одмазда врз Бугарија и Австрија.

Мегутоа, плановите може да се покажат погрешни. Србија може да се задави од Македонија што ја голтна или пак нејзиниот желудник може да добие растројство од тешкосварливото јадење што ѝ го принесе Русија. Нели Македонија скапо ја чинеше Турција. Ке видиме како ке се оддолжат за неа Србија и Грција. Србија, која порано во етнографски поглед беше речиси хомогена земја, сега, двојно зголемена, веке не е српска, туку српско-бугарска држава, при што бугарска Македонија влезе во составот на Србија како покорена, а не како доброволно присоединета област. Македонските Бугари ги мразеа Србите уште за време на турското ропство. Сега омразата се удвои. Во составот на Србија Македонија

* Денес Александрополис.

влезе со бугарска национална свест на поголемиот дел од нејзиното население. Сегашното бугарско поколение во Македонија нема скоро да биде заменето со ново поколение со српско воспитание и училишното српско воспитание ке наидува на отпор во бугарското семејство, особено ако Бугарите успеат да ја зачуваат својата посебна, национална црква. Егзархијата, по се изгледа, ке биде укината, или пак егзархот ке замине во Софија.Србите извршија насилно обракање на Бугарите „во православие", истерувајки ги од Македонија бугарските митрополити и епископи. Во црковните работи на бугарскиот народ сега големо национално значење добива прашањето за црковна унија на бугарската со католичката црква. Единствено унијата може да ја спаси бугарската црква и паства во Македонија од грчко-српската национално-црковна асимилација. Унијата во лицето на папата и на католичкото свештенство ке му даде на бугарскиот народ највеrни и најопитни заштитници на националната свест на бугарскиот народ во Македонија. Покрај тоа, унијата ке ја прекине секоја врска на бугарскиот народ со лажното и одмаздничко православно словенство што му плати со црна неблагодарност на бугарскиот народ, кој во средниот век му ја даде својата култура. Бугарските митрополити што се истерани од Македонија би можел е заедно да се обратат до папата со молба да ја прифати под негово покровителство бугарската црква во Македонија. Папата во тој случај може да ја обезбеди поддршката не само на Австрија, Италија и Германија, туку исто така и на католичка Франција, а ке се спротивстави само Русија, која нема да се реши да војува со цела Европа поради желбата на македонските Бугари да ја прифатат црковната унија со католичката црква. Сиот западноевропски печат несомнено ке биде на страната на македонските Бугари. Католичката црква, националната бугарска унијатска црква во Македонија и сиот западноевропски печат, заедно со конзуларните агенти на западноевропските држави во Македонија ке бидат регистратори на грчко-српските насилства во Македонија и верни стражари на нивната национална самобитност.

Реализирањето на црковната унија на македонската бугарска црква ке им покаже на руската влада и на санктпетербуршките словенофили дека не беа празни моите закани за тоа дека нарушувањето од Србите на српско-бугарскиот сојузнички договор од македонските Бугари ке создаде непомирливи непријатели на Русија и на Словенството и дека Македонија во средниот век беше и и во иднина ке биде гробница на Србија.

III.

Унијатска Македонија ке стане сврзувачки елемент мегу Бугарија и Албанија, нај природни сојузници на Балканот.

Еве што му напишав на министерот за надвор[ешни] работи од Кишинев на 7 мај 1913 година.

Ваше високопревосходство!

Наогајки се, заедно со сите мои сонародници, македонските Бугари, пред тешко претчувство за поробување на мојата татковина од Србите и од Грците, сметам за свој долг да го известам Вашето високопревосходство дека Русија, ако не инсистира на точно запазување на српско-бугарскиот писмен договор за Македонија, од моите сонародници ке си создаде непомирливи непријатели на Русија и на Словенството, затоа што во име на руското словенофилство и во име на желбата на Русија да й направи добрина на словенска Србија за сметка на нашата татковина и со тоа да ја оттргне од Австрија и да ја привrзе кон Русија ке биде потполно жестоко насилство над еден и пол милионскиот храбар бугарски народ во Македонија, кој во текот на две децении непрекинато се бореше со Турците за да си извојува слобода.

Неопходно е, Ваше високопревосходство, да се обрати внимание и на контрадиктор-носта што се забележува мегу руската политика во 1877-[18]78 г. и сега. Тогаш Русија ја сметала Македонија за несомнено бугарска земја и со Санстефанскиот договор ја вклучи во границите на Бугарија, не затоа ли што се предвидувало да се претвори Бугарија во Заддунавска губернија? Сега во Русија никој не размислува за Заддунавската губернија и, изгледа, на многумина не им се допага стремежот на Бугарија кон политичко обсдинување на сите бугарски земји на Балканскиот Полуостров и создавање на сосема независна и силна бугарска држава на Балканот, и затоа таквите „словенофили" „великодушно" ги убедуваат Бугарите да й ја отстапат Македонија на Србија, создавајки со тоа мегу Бугарите оправдана недоверба во искреноста и несебичноста на руската балканска политика.

Ние, македонските Бугари, кои во текот на последните 35 години гледавме само руски

конзули-гробокопачи на бугарската нација во Македонија, би сакале Русија и нам, барем сега, да ни помогне да се спасиме од српското ропство, како што порано ги ослободи од турското ропство другите балкански православни народи.

Ваше високопревосходство. Русија, во име на правината, треба да настојува Србија да го исполни српско-бугарскиот писмен договор, инаку поробувањето на мојата татковина од Србите во иднина ѝ предвестува на Русија незавидна задача да го брани постоењето на Србија истовремено од Австро-Унгарија, Албанија и од Бугарија, а тоа воопшто не може да се нарече политика на обединување на Словените и морална победа на Русија во сегашната Балканска војна.

Родум од Македонија ***К. Мисирков***

На 26 мај беше испратена познатата телеграма од царот до балканските монарси, која ми даде надеж, а потоа следуваше сломот на Бугарија, или поточно, задушувањето на Бугарија од новите сојузници, од кои Романците, прикрадувајки се од зад аголот, ја фатија Бугарија за гуша, а другите разбојници - Грците, Србите и Црногорците бесно ѝ викаа на Бугарија со барање да се признае за победена и да испрати делегат во Белград за да ги прифати српско-грчките барања. Руската дипломатија, ништо не преземајки против сојузниците-разбојници, упорно ја советуваше Бугарија да испрати ополномоштено лице во Белград.

Се случи токму спротивното од тоа што го очекувавме ние, Македонците. Справедливоста во Србија и во Русија ја сфакаат поинаку отколку ние, и Русија, наместо да го спречи нарушувањето на правата на бугарскиот народ во Македонија и со тоа ја спречи жедта за омраза на Бугарите спрема Србите, реши соседите-грабливци да ги подбуцне на Бугарија и со тоа да се спаси за во иднина од заштитата на Србија од страна на Бугарија. Бугарија, може да се каже, ја казнија, ја исцрпија и ја направија безопасна за себе и за своите клиенти.

Но во Русија заборавија едно. Бугарија од сегашната положба нема да излезе помала по големина и бројност на населението отколку пред војната. Населението на Бугарија етнички е хомогено, што не може да се каже за Србија, зголемена со Македонија. Бугарите ке сакаат одмазда, македонските Бугари ке чекаат ослободување. Унијата, ако се реализира, исто така ке го направи своето. Сегашната војна им ги отвори очите на Бугарите за нивните вистински пријатели и непријатели. Со Турција Бугарија ке се смири засекогаш. Помирувањето е можно и со Романија врз база на заедничките задачи на романскиот и на бугарскиот народ за национално обединување и ослободување на своите поробени сонародници. Тогаш Бугарија сето свое внимание ке го сврти на западната граница и на Македонија. Половината од српската војска, која се состои од македонски Бугари, нема да крене рака или без волја ке се бори против своите сонародници-Бугари и Бугарија ке си го земе своето, ке им ја одземе Македонија на Србите, можеби поддржана од Албанија. Австроунгарската дипломатија тогаш ке успее да се избори за локализираше на војната и нема да дозволи мешаше на Русија, како што сега Русија не ѝ дозволи да се меша на Австрија. И тогаш бугарскиот народ ке се одмазди за сегашното разбојништво извршено врз него од другите балкански народи. Главно - Бугарите требаше да се спасат од кошмарот наречен словенска заемност и верба во Русија. Сегашната војна ги спаси Бугарите од сите предрасуди и бугарскиот лав во иднина ке биде подготвен да се бори на сите фронтови, од каде и да се чаканува опасноста и против секаков непријател на бугарската целокупна татковина, на каква и да е раса или вера да ѝ припага тој непријател. За словенското сродство и благодарноста спрема Русија во иднина не може ни да стане збор.

Штотуку ја прочитав статијата на г. Јаворски[47] „Русија и Франција и Балканската војна. Писмо од Париз", објавена во „Южнњш Край" од 8 јули 1913 година. Со ставовите во споменатата статија јас сосема се согласувам. Кога ке го добијам тој број на „Ю[жньй] К[раи]" дома, статијата целосно ке ја препишам. Смислата на статијата е следнава: Бугарија не ја поразија Србија, Грција и Романија туку ја порази Русија, која сакаше да го претвори Црно Море во руско езеро. Дошло до судир на великобугарските и великоруските идеали и Бугарија била поразена и принудена да бара помош од истата таа Русија што ја поразила. Големорускиот идеал победил, но дали за долго - прашува авторот. - Јас, од своја страна, можам да одговорам дека не за долго и дека победата на Русија е Пирова победа, зашто таа не само што ја лиши Русија од симпатиите на Бугарите, туку и на целото Словенство, освен Србите, а исто така и на западноевропските нации, кои поради сопствените интереси не можат да допуштат во иднина не само пораз на Австро-Унгарија, но и победа каква што беше поразот на малата, но херојска Бугарија. Авторот на горespоменатата статија не е во

право во еден однос: тој греши дека мечтата за голема Бугарија е разнесена од ветерот. Не, тоа не е сосема точно. Големобугарската идеја не е мечта, туку историска мисија на бугарскиот народ. Бугарскиот народ ке ја изврши својата мисија, бидејки таа не се состои во насилство врз другите, туку во заштитување на своите сонародници од туг о ропство **и** во нејзино ослободување од странско ропство. Рускиот стремеж да го претвори Црно Море во руско езеро е поврзан со покорување на други народи, порано на иноплеменски, а сега и на православните словенски Бугари. Рускиот стремеж да го завладее Константинопол е потешкоостварлива мечта отколку великобугарската мечта. Извесната збунетост на бугарскиот народ поради несреката што го снашла од подготвениот и реализиран разбојнички напад на инструментите на големорускиот империјализам ке помине и бугарскиот народ ке најде во себе доволно политичка смисла и енергија за завршување на обединувањето на бугарскиот народ, толку убаво почнато во војната со Турција.

Се секавам на зборовите на г. Данев што ги кажа за време на нашиот разговор во Одеса на вракање од Јалта, каде што го посетил царот император: „Националните идеали се постигнуваат по децении и столетија, а ние сакаме обединувањето на бугарскиот народ да го постигнеме одеднаш". Тој беше сосема во право.

Војната на Бугарија со Турција и со сојузниците се две славни страници во поновата историја на Бугарија. Втората војна не е помалку славна отколку првата. Бугарија не очајуваше пред големата опасност за ослободување на Македонија од новото ропство. Таа ја пролеа својата крв за да го постигне тоа ослободување. Македонските Бугари немаат основа да се жалат на своите слободии брака дека тие не го исполниле својот долг во однос на поробените брака. Самиот јас спагам во бројот на поробените синови на Македонија принудени да живеат како емигранти во туг а земја, која е гостопримлива спрема мене лично, но за жал, й донесе огромна штета на мојата несрекна татковина Македонија. Јас сум задоволен од слободиите Бугари, тие за висока цена им ја отстапија на Грците и на Србите, во привремена сопственост, несрекна Македонија. Бугарската крв пролеана на полињата и планините на Македонија, заедно со стенкањата на поробените македонски Бугари, вечно ке повикуваат на одмазда и на завршување на големата историска мисија на бугарскиот народ. Македонија или смрт - еве ја паролата на младите бугарски луге. А бугарскиот идеал ке биде постигнат, бидејки тој не ги загрозува европските интереси на Балканот, само што тие не им одговараат на руските планови за неконтролирано политичко влијание на Балканот. Ке дојде време кога Европа со иста упорност ке бара неутралност во идната словенска војна, како што Русија бараше неутралност на Австрија во сегашната Балканска војна.

Бугарија е понижена. Таа е ограбена од тие што мислеле за освојувања, а не за ослободување на балканските христијани. Но уште пожална беше судбината на Прусија за време на Наполеон[48]. Но загубите на Прусија и нејзиното понижување не й попречија да го реализира обединувањето на германскиот народ; навистина, за тоа беше потребно да поминат околу 60 години. Народните квалитети на Бугаринот се квалитети на Прусот. Европа почна да води сметка за Прусија како за неопходен инструмент за трајност на европскиот мир и Прусија ја постигна својата задача. И Бугарија ке ја оствари својата мисија, потребно е само едно - да престане да биде соучасник на руските махинации и да продолжи да живее свој сопствен индивидуален политички живот, спроведуван од царот Фердинанд.

Го наведувам текстот на статијата на г. Јаворски

**„Русија и Франција на Балканот -**
**Писмо од Париз".**

Кога а овие редови ке стигнат до читателот на „Южньш Край", балканската трагедија веројатно веке ке заврши со некаков компромис, за какви што европската дипломатија е голем мајстор. Кон победените, се разбира, нема да пројават излишна деликатност, на победниците ке им ја дадат половината од тоа што го бараат и заради што водат жестока војна. Од европски компликации, се чини, не треба да се плашиме, зашто, право да кажеме, големите држави апсолутно немаат за што да се караат. Напротив, во овој исклучителен случај се најдоа во целосна, одамна невидена солидарност.

Ги земам одгласите во францускиот печат за Втората балканска војна и констатирам дека, строго речено, во ниеден влијателен весник нема за неа никакво мислење во смиела на доследен настап што би можел да й се препорача на владата. Небаре се тепаат мегу себе Бушманите со Готентотите во далечните африкански шуми и на Европејците не им е никаква грижа за тие мегусебни борби. Додека, пак, уште не толку одамна европскиот печат со необична внимателност го одбележуваше не само секој збор на Фердинанд Бугарски или Никола Црногорски[49], туку и постапките, намерите, декларациите и расположенијата на балканските генерали, дипломати и народни претставници.

Нападот на Романија, кој се чинеше дека е во состојба да ги растури сите вообичаени комбинации и планови, во Франција предизвика многу помал впечаток отколку доагањето на смотра за 14 јуни на сенегалските црни војници. Во весниците ке најдете колку што сакате телеграми од Белград, Софија и од Букурешт, долги извештаи за победите и поразите, жалби на завојуваните страни поради жестокостите што си ги правеле еден на друг довчерашните сојузници, но со борина нема да најдеш сериозна политичка статија, која би се обидела да ја расветли блискоисточната мешаница и која би му помогнала на читателот да создаде определено мислење за перспективите на утрешниот ден.

Дали е тоа збунетост или намерно премолчување, или едноставно проблемот сам по себе уште не им е доволно јасен на раководителите на надворешната политика на Франција.

Последнава претпоставка, како малку веројатна, треба, на крај, да се отфрли. Пишон[50] е премногу искусен дипломат, а Поанкаре[51] премногу прецизен и урамнотежен ум за да ја остават Франција барем за миг на страна од курсот на надворешната политика што го зазеле тие. Да се збунат од неочекуваноста на настаните би можеле во првите денови, макар што конфликтот воопшто не бил изненадување, бидејки за негово отстранување француската дипломатија работела многу совесно додека тоа било можно. Не, одгатката на рамнодушноста на владините кругови и на печатот што им е послушен се крие во чистиот интерес издиктиран од „повисоките интереси на Франција", т. е. ако преведеме од официјален на обичен јазик - од интересите на сојузот со Русија, кој претставува алфа и омега на политичката мудрост на водачите на третата република.

Целата вистина за дејноста на руската дипломатија на Балканот, почнувајки од основањето на првиот балкански сојуз насочен против Турција, а завршувајки со создавањето на втората - антибугарска коалиција, ако не од статиите во независниот печат, ке ја разбереме некогаш од „Русская Старина".

Зашто речиси во детали ја знаеме историјата на првата деценија на руско-бугарските односи, кои доведоа до диктатурата на Стамболов. Сега, кога мечтата за „голема Бугарија" се рассеа во ветер, зарем не може да се потсетиме за министерството на Каулбарс[52] и за судбината на Александар Батенберг, кој страшно се двоумеше во изборот мегу Австрија и Русија, речиси исто како што прави сега царот Фердинанд. Трагедијата на Бугарија не е во нејзиниот воен пораз, не е во борбата на четири фронтови, туку во судбинската неопходност да бара поддршка на Русија, во надворешната политика олицетворена од националисти и империјалисти.

Руската јавност, обземена од внатрешната несреденост на државата, премалку внимание й посветува на надворешната политика, ослободена дури и од она малку влијание што им го посветува јавното мнение на проблемите на земјата. Ако не се сметаат нејасните „словенски симпатии" што беа изразени во поддршката на Бугарите, Србите и на Грците (исто така вброени мегу Словените), во нивната борба со Турција, ке се покаже дека кај руската јавност нема никаква политика во однос на балканските држави или пак таа зачудувачки се совпага со политиката на официјалната дипломатија.

Не сметам дека мечтите на Струве[53] за „голема Русија" свесно ги споделува руската јавност, но несомнено е дека политиката на г. Сазонов[54] ја одобрува нашиот либерален блок не само затоа што министерот за надворешни работи е најмногу склон да води сметка за мислењето на јавноста и на Државната дума, и дури и не се плаши да биде близок со Партијата на народната слобода. Империјалистичките планови, претворањето на Црно Море во руско езеро, освојувањето на Константинопол, неутрализацијата на Дарданелите, значи и анексијата на Ерменија и Анадолија и дефинитивниот пораз на Турција - сите овие вековни планови на руската дипломатија наидуваат на симпатии кај либералната опозиција, која е необично безгрижна во врека со надворешната политика на земјата. Се разбира, ризичните авантури добиваат сурова осуда. Но се смета дека бавното постапно движење кон југ како да е историска предодреденост.

Настаните од последниве години ја истакнаа кандидатурата на Бугарија за местото водач на балканската коалиција. Прекарот „Пруси на Истокот" им бил даден поради веке забележливата тенденција кон хегемонија, заснована врз силната армија. Се чинеше дека блескавата победа над Турција им ги дозволуваше и најризичните надежи. Така, веројатно, и ке се случеше, да не беше конфликтот мегу „великобугарските" мечтаења и „великоруската" стварност.

Ако на руската дипломатија навистина й беше судено во својата актива да внесе неколку победи во збрката на последнава година, поразот на Бугарија требаше да се смета за нејзина апотеоза. Залудно итриот Фердинанд поавеше непвосмислени напопи да ја

придобие Виена. Дури и да не отстапеше нејзината армија истоштена од долга војна под притисок на каде-каде помалку истоштените српски и грчки војски, сепак Бугарија немаше да го издржи романскиот нож в грб. Да води војна на три фронта, со противник тројно посилен, со перспектива за турски реванш, би ги надминувало можностите и на многу помокна држава. Бугарија беше победена, уништена и ослабена од оној момент кога, со дозвола на Русија, Романија објави мобилизација на својата армија.

Руската дипломатија одеднаш уби многу зајаци: ја ослабе Бугарија, одземајки и ја за долго време можноста да мечтае за хегемонија и освојување на Константинопол, се помири со Романија, дозволувајки й да откине парче бугарска територија, ја зајакна Србија против Австрија и ја ослабе Австрија, отцепувајки ја од неа Романија. Згора на се, уништената Бугарија беше принудена да ја моли за покровителство повторно Русија, бидејки надежта на Австрија е слаба. Од г.ледна точка на великорускиот империјализам - блескави резултати.

„Но, за долго ли?"

А Франција? Таа само ги одобрува и ги поддржува чекорите на својата сојузничка. Да, нејзе рускиот престиж на Истокот дури й одговара поради претстојната поделба на азиското наследство на Турција. Од каде таа да најде зборови на осуда? Јасно е зошто за неодамнешните јунаци-Бугари францускиот печат почнува да зборува со пренебрегнување, а за другото разумно премолчува.

Париз *Н. Јаворски*

**11-VII-[19]13.**

Го завршив препишувањето на статијата на Н. Јаворски. Утрово бев во Ахтирка, се прошетав натаму и назад пеш. Купив хартија, пликови и пера и решив да му напишам белешка за балканските прашања на г. мин[истер] за надв[орешни] работи и да направам копија од неа за Б. П Кисимов.

Концептите на оваа и на следните белешки ке ги запишувам во тетратките на своите мемоари, а не како порано, на одделни листови хартија, кои многу лесно може да се изгубат, како што се случи со повекето мои политички писма, извештаи и белешки од времето на босанско-херцеговската анексиона криза.

Почеток на белешката испратена на 14 - VII.

До Неговото високопревосходство
Господинот министер за надворешни работи
од македонскиот Бугарин
*К. П. Мисирков*

**Белешка**

Втората балканска војна што ги бранува руската и словенската јавност може да има судбински последици не само за несрекниот буг[арски] народ и за рускиот престиж на Балканот и мегу австриските Словени и затоа, сакајки само да бидам полезен за Русија, за мојата татковина Македонија и за идејата за словенската заемност, се осмелувам да се обратам до Вашето високопревоеходство со следнава белешка.

Во харковскиот весник „Южньш Край" од 8 јули е објавен мошне интересен допие од Париз под наслов: „Русија и Франција на Балканот". Во него, покрај општите размислувања за руската и за француската балканска политика, се содржани следниве погледи: „Трагедијата на Бугарија не е во нејзиниот воен пораз, не е во борбата на четири фронта, туку во судбинската неопходност да бара поддршка од Русија, во надворешната политика олицетворена од националисти и империјалисти"... „политиката на г. Сазонов нашиот либерален блок ја одобрува не само затоа што министерот за надворешни работи е најмногу склон да води сметка за мисленьето на јавноста и на Државната дума, и дури и не се плаши да биде близок со Партијата на народната слобода. Империјалистичките планови, претворањето на Црно Море во руско езеро, освојувањето на Константинопол, неутрализацијата на Дарданелите, значи и анексијата на Ерменија и Анадолија и дефинитивниот пораз на Турција - сите овие вековни планови на руската дипломатија наидуваат на симпатии кај либералната опозиција, која е необично безгрижна во врека со

надворешната политика на земјата..." „бавното поетапно движење кон југ се смета како да е историска предодреденост.

Настаните од последниве години ја истакнаа кандидатурата на Бугарија за местото водач на балканската коалиција. Прекарот „Пруси на Истокот" им бил даден поради веке забележливата тенденција кон хегемонија, заснована врз силната армија. Се чинеше дека блескавата победа над Турција им ги дозволуваше и најризичните надежи. Така, веројатно, и кс се случеше, да не беше конфликтот мегу жвеликобугарските' мечтаења и жвеликоруската' стварност. "

Ако веке на руската дипломатија навистина й беше судено да внесе во својата актива веколку победи во збрката на последнава година, поразот на Бугарија требаше да се смета за нејзина апотеоза... Бугарија беше победена, уништена и ослабена од оној момент кога, со дозвола на Русија, Романија објави мобилизација на својата армија.

Руската дипломатија одеднаш уби многу зајаци: ја ослабе Бугарија, одземајки йја за долго време можноста да мечтае за хегемонија и освојување на Константинопол, се помири со Романија, дозволувајки й да откине парче бугарска територија, ја зајакна Србија против Австрија и ја' ослабе Австрија, отцепувајки ја од неа Романија. Освен тоа, уништената Бугарија беше принудена да ја моли за покровителство повторно Русија, бидејки надежта на Австрија е слаба. Од гледна точка на великорускиот империјализам - блескави резултати.

Но, за долго ли?" - прашува авторот на статијата. Продолжението е на стр. 84*.

(Доколку авторот е во право во своите заклучоци, за што не би сакал да верувам, јас можам наместо него да одговорам дека резултатите на рускиот империјализам постигнати со уништувањето на Бугарија не само што не се долговечни, туку се и крајно ништожни.

Ако наведените погледи на авторот на гореспоменатата статија почнат да ги споделуваат не само Бугарите, туку и австриските Словени, тогаш ке биде крај на словенската идеја, тогаш и едните и другите на руската политика ке почнат да гледаат како на поподмолна и поопасна за Словенството од австриската политика, а самото тоа е непоправлив удар за руската надворешна политика и за рускиот престиж мегу Словенитс. Досега Словените ја сметаа руската политика за искрена и чесна. Ако пак Русија, како што вели авторот на погоресп[оменатиот] доп[ис], го подготвила и го реализирала разгромот на Бугарија со цел потоа да ја принуди да моли за руско покровителство, во иднина ниеден словенски народ, освен Србите, кои живеат далеку и не граничат со Русија, нема да се осмели да се ослони на Русија, а тоа е поволно за Австро-Унгарија. Разгромот на Бугарија не само што е реализиран, туку и да бил само допуштен од Русија, ке го измени односот на австриските Словени спрема Русија на штета на руските интереси. Руската дипломатија не може да најде никаква"значајна компензација во зајакнувањето на Романија и на Грција како замена на ослабената Бугарија, која секогаш ја сметав за единствена сигурна потпора на Русија на Б[алканот], и во изгубувањето на симпатиите од последнава и од австриските (Ловени. И колку да се силни романските и грчките симпатии спрема Русија, Романија по една-две години повторно ке стане орудие на Австрија, а Грција, поради страв од соседните словенски држави и од династички причини ке й се придружи на Германија. Користа на Русија од зајакнувањето на Србија за сметка на Македонија е само илузија. Како прво, тешко дека Србија суштински ке зајакне од насилното заземање на бугарска Македонија, која нема лесно да се согласи на ерпека асимилација, а како второ Србија, како што покажаа Балканските војни од минатата и од оваа година, е крајно подмолна и вероломна држава и најнесигурен сојузник. Тешко дека Бугарија ке йпозавидува на „поттгората" што Русија планира да ја најде Каі Србија, која не само што не се срамеше да се откаже од запазување на ерпеко-бугарскиот договор што го склучи, туку и состави против слов[енска] Бугарија коалиција од несловенски држави, мегу кои се наога и Турција.

Србија уште не е доволно свесна за тешкотиите, со кои е поврзана асимилацијата на македонските Бугари, кои дадои десетици илјади жртви за бугарската национална идеја. Србите им ги одзедоа на Бугарите црквите и манастирите и го лишија бугарското население во Македонија од автономна национална црква, извојувана со огромни напори во борбата со Грците. Србите ги истераа од Македонија бугарските митрополити и епископи, заборавајки дека Русија употребила големи усилби за формирање на бугарската национална црква во Македонија и ке побара создавање реални гаранции за нејзина неприкосновеност во деловите пі М[акедония] што им припаднаа на Србите и на Грците, зашто во спротивно, лесно може да се случи бугарските митрополити што беа протерани од Македонија да се обратат за поддршка до

* Види стр. 45.

римскиот папа, согласувајки се на унија на бугарската македонска црква со Римско-католичката црква. Дури тогаш ке видат Србите колку малку имале корист од своето вероломство спрема Бугарија.

Но јас сметам дека Македонија, благодарение на Русија, ке добие автономија и со тоа ке бидат спречени не само руско-бугарските мегусебни сомневања, туку и искушенијата што им се закануваат на Србија и на Словенството од поделбата на Македонија мегу Србија и Грција и од насилната грчко-српска асимилација на македонските Бугари.

Поделбата на Македонија за бугарскиот народ би значела удар со нож в срце, бидејки Македонија за Бугарија е исто што е за Русија Малорусија* ; а за Србија таа е исто што е Мал[орусија] за Полска. Бугарскиот народ никогаш не би се помирил со поделбата на М[акедонија] и секогаш би се стремел кон нејзино ослободување од тугото ропство. Поделбата на М[акедонија] би й создала на Србија многу внатрешни грижи и надворешни тешкотии, кои би го намалиле политичкото значење на оваа држава.

На конференцијата на големите држави што треба да се одржи за да се разгледа и измени прелиминарниот мировен договор мегу Бугарија од една, и другите балкански држави од друга страна, ние, македонските Бугари се надеваме дека Русија ке инсистира на автономија на Македонија во следниве граници: мегу р[еката] Струма, Родопите, поранешната бугарско-турска и ерпеко-турска граница, Ускјупскиот Кара-даг* *, Шар-даг*** р. Дрим, Охридско Езеро, р[еката] Бистрица (Алиакмон* ***) и Егејско Море од утоката на последнава река до утоката на р[еката] Струма, и со тоа ке ја докаже целосната неоснованост на обвинувањата што й се припишуваат на Русија за намерата да се понижи и да се ослаби бугарскиот народ.

Со реализирањето на автономијата на Македонија не само што ке биде спасена јужна Македонија од погрчување; ке биде спасен за Словенството гр[адот] Солун, татковината на св(етите] словенски апостоли Кирил и Методиј. Градот Солун, кој ке треба да биде престолнина на независна Македонија, според населението не е грчки туку претежно еврејски град, а според населението на околните села е бугарски град. Тој е пристаниште и единствен излез за целата македонска држава. Градовите Ускјуб* **** и Куманово исто така треба да влезат во составот на Македонија, бидејки според ерпеко-бугарскиот сојузнички договор, кој не го спази Србија, тие не влегуваат во неоспорно ерпеките области. Бверствата што ги изврши ја поранешните сојузници на Бугарија врз бугарското население во Македонија се најдобар аргумент во корист на неопходноста да се воспостави независна македонска држава).

Примете и сл.

Миф|лик] Климентово, Ахтирска ок[олија], Харков[ска] губ[ернија] Македонец******

12 - VII - [19] 13 *К. Мисирков*

Едно прашање претставува пробен камен во односите на Русија кон Бугарија. Тоа е македонското прашање. Јасно е дека Македонија за Бугарија е исто што и Малорусија. Ако Русија, без оглед на тоа што Полска владеела во Малорусија 300 години, сепак ја побарала и ја зела од Полска, уште повеке Бугарија има право на Македонија, во која во XIV век Србите владееле само 30 години.

Македонија или треба да биде бугарска, или ничија, т. е. независна држава. Ако се решаваше прашањето за судбината на Малорусија, рускиот народ исто така би можел да допушти едно од двете решенија - или дел од единствена, неделива, општоруска татковина, или посебна држава, но не дел од Полска или од Австрија.

Во зависност од односот на руската влада спрема македонското прашање, ке добиеме реален доказ за незамешаноста на Русија во желбата да се понижи Бугарија.

* Украйна.

** Скопска Црна Гора.

*** Шар Планина.

**** Правилно е Ајакмон.

***** Скопје.

****** Пречкртано во оригиналот од К. Мисирков.

12 - VII - [19]13

Вчерашниот ден ми пропадна во составување и препишување на белешката до Министерството] за надв[орешни] работи. Се разбира, нема да ја испратам, зашто таа нема пппгго да измени во правецот на руската политика во однос на Бугарите. Освен што ке биде известно пројавување на руските успеси, а имено дека поразените од Русија Бугари ровторно бараат од неа заштита. Макар што не порази, но не треба да бараме заштита, а уште повеке да им ги откриваме нашите адути. Сакав да ја споредам Македонија со Малорусија. Непотребна работа. Или нема да помогнат, или пак злорадо ке ги исмејат ишчните аргументи. Поради вчерашната белешка, која, се надевам, ке биде последна Вројава на моето глупаво русофилство, не можев да ги забележам настаните од последниве ценови.

Од официјалното соопштение на Русија во врека со балканските прашања („Ю[жньш] Кр[ай]" од 9-VI-[19] 13) заслужува да биде забележано следново: „Русија, како впрочем и cure други држави, не може да дозволи претерано намалување и понижување на Бугарија. Ilе следејки никакви други цели освен што поскоро смирување на Балканот, Русија е уверена лека еите големи држави ке имаат исти погледи во тој однос".

Русија не може да дозволи претерано намалување и понижување на Бугарија, а дозволи и организира, со помош на балканските народи и држави што ги заштитуваше, понижување и намалување само во рамките на рускиот империјализам. Сепак и сега мора да се направи пепгго, на што руските словенофили подоцна ке можат да се потпрат, трубејки за руската ослободителна и смирувачка улога на Балканот.

Ако Русија не може да дозволи „претерано намалување и понижување на Бугарија", уштс повеке не можела тоа да го стори во однос на Србија и на Грција. Така на пр. Грција ги Ђикува резервистите од генерацијата 1893-[189]4-[189]5 г., а „Бугарското телеграфско агентство" известува дека на 6 јули Србите и Грците извршиле енергична офанзива речиси но целата линија. Нападот насекаде беше одбиен. На 7 јули српската дивизија изврши петти иапад во околината на Кочани. Нападот беше одбиен, Србите претрпеа значителни штети. Бугарските војски ги следеа Бугарите* на извесно растојание.

Грчките војски составени од две дивизии ги нападнаа Бугарите мегу Струмица и Пехчево. Војските од првата борбена линија сами се бореа против тие сили, и не само што го запреа нападот, туку и извршија контранапад, ги поразија Грците и ги натераа во бегетво. Вугарите ги следеа Грците до настапуваньето на мракот, кој ги спаси последниве од целосен пораз." „Ю[жньш] Кр[ай] " 10 - VII.

Такви се ерпеко-грчките успеси, додека Романците самоволно управуваат во Бугарија насекаде северно од Балканот** и ги чекаат во Плевен бугарските овластени лица за склучување на примирјето.

Каква е положбата на Србите во тоа време покажуваат изјавите на ерпекиот иретставник во Петербург во разговорот со новинарите: „Населението е против војна. (pome бараат да се завршат несогласувањата. Веке 9 месеци население од 3 милиони држи под оружје 350 илјади луге. Од секое семејство има понекој во војната. Тоа е исто како Руспја да држи под оружје 18 милиони војници. Во иста положба се наога и Бугарија. Таквата положба на балканските земји тешко се одразува на населението и ние се согласуваме дека треба да се заврши оваа истоштувачка војна. Ние не сакаме да ја понижуваме Бугарија и поставуваме скромни барања". „Ю[жньш] Кр[ай]". 9 - VII.

Очигледно Србите и Грците и не можеа да ја понижат Бугарија, макар што се трудеа. На пели тие изјавуваа дека воените дејства нема да се прекинат пред да се потпише мировниот договор и пред Бугарите да ги прифатат ерпеко-грчките услови. Заканите беа исполиети и уште на 6 и 7 јули имаше напад по целата линија на фронтот, одбиен од Бугарите. Очшледно, за великодушност не може ни да стане збор.

Исто така не може да има сомневање дека Русија ги спаси Грција и Србија од пораз и ја порази и ја смали Бугарија, зашто, ако Србите и Грците на 6 и 7 јули не можеле да ги победат Бугарите, кога Бугарија беше нападната од Романија и од Грција, што би се случело да не беше Романија?

А на Романија не само што й беше дозволено да изврши напад, туку и директно беше подбуцната од руската влада, по поттик на руските словенофили и империјалисти, во кои снага партијата „Сојуз 17 Октомври".

* Веројатно се мисли на Србите. **

Се мисли на Стара Планина.

Јас имам за тоа сериозни докази. Тие докази можеби сведочат и за извесна штета што им ја направив на бугарските интереси со својата отвореност. Но мојата отвореност е подобра од подмолноста што ја пројавија во однос на нас, Бугарите, руските империјалисти. Ако Русите имаат свои политички идеали, очигледно и нам ни е тоа дозволено.

Нашата, а пред се мојата вина се состои во тоа што ние сме искрени спрема Русите, погрешно претполагајки дека и тие го имаат истото својство, и живеејки во целосна заблуда дека нашите интереси, наводно, се совпагаат со нивните интереси. Јас сметав дека бугарските интереси никаде не се судруваат со руските, и обратно, дека во интерес на Русија е зајакнувањето на Бугарија.

Се покажа поинаку. Русите мечтаеја за Адријанополскиот вилает заземен во октомври минатата година од бугарските војски, како за параван за поседување на протоците. Мегутоа Бугарите не само што инсистираа да го зачуваат Адријанополскиот вилает, туку го бараа и крајбрежјето на Јадранско Море и сакаа да тргнат дури и на Константинопол. А. И. Гучков[55], кој бил на чаталџиските позиции како претставник на С. Д. Сазонов, ги убеди Бугарите да се откажат од походот на Константинопол и од крајбрежјето на Мермерно Море и да се согласат само за границата: Мидија, Ергине, Марица, Енос.

Бугарија попушти и беше склучено примирје. Гучков со Данев се вратија во Лозенград, каде што разговарав со нив. Кога за време на разговорот дознав за границата Мидија, Ергине, Енос - јас реков со извесна озлобеност: оваа граница не й е потребна на Турција, туку на тие што сакаат да го поседуваат Константинопол. Понатаму му кажав на Гучков дека го покренав прашањето за автономија на Македонија што се разгледуваше на позициите на Чатална, на 25 октомври испратив од Одеса во Петербург до Мин[истерството] за надв[орешни] работи соодветна белешка и копија од неа до бугарското Мин[истерство] за надв[орешни] работи. Притоа додадов дека кога ја напишав оваа белешка, нејзиниот концепт му го покажав на бугарскиот конзул во Одеса, при што последниов изјави дека тоа е спротивно од желбите на бугарската влада и направи извесни измени. Оваа моја отвореност можеби многу наштети. Уште една моја изјава можеби не му се допадна на Гучков. Јас реков дека Скопје, Куманово, Тетово и Дебар се чисто бугарски градови и ние ке ги побараме назад од Србите како компензација кога тие ке ја освојат Босна и Херцеговина. ?

Мојата острина делумно се објаснуваше со потценувачкиот однос на Гучков спрема Бугарите; зборувајки за одеските избори, Гучков со потсмев ги нарече бугарски избори. Затоа јас реков дека линијата Мидија-Ергине-Енос им е потребна на тие што сакаат да го поседуваат Константинопол.

Кога повторно го посетив Некљудов во Софија во декември минатата година, веднаш се гледаше неговата промена кон мене. Пред да се појави, ме остави да чекам половина час. А потоа, кога се збогуваше, излезе пред мене, што не се случи за време на мојата прва посета.

Значи, јас направив штета со мојата искреност. Но нема ли да биде голема вообразеност да се смета дека зборовите и расположението на одделно лице можеле да го ЙЗменат односот на руската влада кон бугарската влада и народ? А јас сум приватно лице и можам да имам какви што сакам идеи и да преземам какви што сакам постапки.

Ги исплашив ли Гучков и Сазонов со намерата да им се одземе на Србите Скопје? Па јас дојдов од Русија, а Гучков имаше можност да се убеди дека мегу бугарските политички дејци и гечерали на Чаталца било разгледувано прашањето за автономијата и тоа било отфрлено поради желбата на Бугарите лојално да го запазуваат сојузничкиот договор и намерата да го запазуваат и во иднина. Очигледно, Гучков не го исплашија моите зборови за Скопје. Нему многу повеке можеле да не му се допаднат моите зборови за граничната линија, во кои можеше да се почувствува алузија на тоа дека Бугарија треба да й врати на Гурција поголема територија зашто тоа й е потребно на Русија.

Моите зборови за Скопје и за турско-бугарската граница не би имале некакво значеше ако тие не се совпаднеле со расположението во тоа време на целиот бугарски народ, кое се забележуваше во армијата. Тоа беше ведро расположение, воодушевено од остварувањето на националната мечта на бугарскиот народ. Самиот јас бев сведок на тоа расположение. Бугарија со сопствени сили стануваше голема сила на Балканот, на неа й претстоеше голема иднина. Имаше луге што велеа: нека дозволи Русија да го заземеме Константинопол и Бугарите ке й го предадат на Русија во знак на благодарност за ослободувањето.

Таквиот тон и таквото расположение на Бугарите не й се допагаа на Русија, каде што

Бугарите ги нарекоа вообразени и како реванш за тоа што тие го бараа за себе Лдријанополскиот вилает, Русија реши на Бугарија да й ја отсече Македонија и да им ја даде на Србија и на Грција.

Во Солун во почетокот на декември минатата година јас веке слушнав од бугарски и иебугарски извори дека Србија и Грција, а дури и Романија, преговараат за склучување сојуз против Бугарија со цел да ја принудат да се откаже од Македонија.

Зарем сето тоа е резултат на моите испрекинати забелешки за време на средбата со Гучков? И каков непријател на Бугарите е тој Гучков ако можел да повлијае на промената на руската политика само врз основа на моите зборови, уште повеке што ние водевме подолги разговори за други прашања, кои делумно се однесуваа на мене лично, делумно на одеските набори. Гучков по цели денови го немаше и го видов само еднаш во кафеана, и на следниот ден кај него дома, каде што ги сретнав и се запознав со В. И. Немирович-Данченко, со г. Викторов-Топоров[56], г. Кузнецов и со еден Полјак, кој снимаше за кинематографот.

Јас сметам дека моите зборови не можеле да имаат сериозно значеше за мислењето на Гучков за Бугарите и бугарските работи, макар што можеле да ги потврдат неговите сомневања во врека со реализирањето на голема Бугарија.

'Многу поверојатна е претпоставката дека успесите на Бугарите можеле да ги исплашат руските империјалисти и тие, за да си обезбедат послободен достап до Константинопол, решиле да им ја одземат на Бугарите Македонија и да им ја дадат на нивните соперници, уште повеке што таму немаше бугарски војски. Тоа можеше да се реализира без да се ичлегува на видело, поттикнувајки ги и насочувајки ги грчката и ерпеката политика во поволен тек за Русија. Русија ја почна својата работа уште за време на примирјето, ако не и порано, и упорно ја водеше својата политика се до склучувањето на Лондонскиот прелиминарен мировен договор со Турција.

Србија и Грција не наидоа на никаков руски протест поради концентрирањето на нивните армии на бугарската граница во времето додека бугарската армија се наогаше кај Чаталџа и Булаир. Русија не протестираше, напротив, рускиот официјален печат постојано го нарекуваше правилно ерпекото гледиште, а Бугарите ги нарекуваше лакоми и алчни.

Тогаш јас, како Македонец, се обратив до Гучков со писмо до Думската фракција и до „Сојузот 17 Октомври", во кое укажував на лојалноста на Бугарите во однос на Србите во времето кога Гучков бил уште на Балканот, понатаму јас пишував дека Русија нема право да им пречи на Бугарите да го остварат обединувањето на бугарскиот народ. Бугарскиот карактер на Македонија го докажував со упатување на С[ан]стефанскиот договор, според кој Македонија, како бугарска земја, беше вклучена во бугарското кнежество и дека затоа Русија, ако не сака да добие непријатни за себе заклучоци дека С[ан]стефанскиот договор со вклучувањето на Македонија во составот на Бугарија од с[ан]стефанска голема Бугарија гребало да создаде руско наместништво на Балканот, треба и сега да настојува Србите да го йшазат ерпеко-бугарскиот сојузнички договор во врека со Македонија.

Писмото беше напишано во Кишинев и беше испратено околу десетти мај. Во времето кога беше одржан говорот на Пашик во Собранието, по донесувањето решение од С[анкт]Петербуршкото словенско општество да им се испрати телеграма на г. Гешев и г. Пашик со молба да го реализираат примирјето, јас испратив до С[анкт]Петербуршкото словенско добротворно општество белешка, чија копија испратив до г. Родзјанко[57] во Петербург и друга до Кисимов во Одеса. Ми се чини дека таа беше испратена од Кишинев на 15-17 мај о. г.

Во неа укажав на коректноста на Бугарија и на тоа дека коалицијата од несловенските држави против словенска Бугарија Србите ја подготвиле уште од декември 1912 година. Таму пишував и за тоа дека Србите за таа коалиција ја придобиле и Романија. Само еден месец подоцна почна војната мегу Бугарија и другите балкански држави.

С[анкт]П[етербуршко] д[обротворно] словенско друштво, фракцијата на октом-вристите, г. Родзјанко, Гучков, а да не зборуваме за Министерството за надв[орешни] работи и за руската влада - сите знаеја за подготвувањето на несловенската коалиција против Бугарија, и што направија - или молчеа, или ја исмејуваа Бугарија преку официјалниот весник „Россия", кој ја ставаше во наводници веста за „вчудовидувачкиот" или „денримирачкиот" впечаток што го извршил говорот на Пашик во Собранието врз бугарските општествени кругови во Софија. „Россия" ги исмејуваше и резолуциите на Македонците во Софија за неделивоста на бугарската татковина. Руските политички кругови

не беа задоволни и од телеграмата со одговорот на царот Фердинанд. Се разбира дека моите белешки од 7 мај до Министерството] за надв[орешни] работи, од 10? мај до Гучков и од 15-Hi мај до Слов[енското] добр[отворно] друштво и до Родзјанко исто така не претставија како немирен и непослушен народ. Моите белешки беа особено непријатни поради отвореноста и ... се случи тоа што се случи.

Русија не само што не сакаше да води сметка за нашите национални права, но исто така реши да ја понижи Бугарија и да ги намали нејзините освојувања. Јасно беше дека Србија и Грција, кои ги прекршија своите обврски спрема Бугарија, ке беа поразени од Бугарите. Тогаш Русија ја поттикна Романија против Бугарија, ги спаси Србија и Грција од поразот, напротив, им обезбеди слава на победници и им ги додели земјите на левиот брег на Вардар. Впрочем, тоа требаше да се очекува, бидејки појасот мегу Вардар и Албанија беше релативно тесен, а Бугарија со западната граница кај Вардар и со изгубувањето на Силистра, но со зачувувањето на Добруца се уште би била најсилна држава на Балканот, и штоа Русија ја изврши втората поделба на бугарските територии, давајки й ја на Романија Добруца, пуштајки ги Турците во Адријанопол и Лозенград и давајки им ги на Грција и на Србија териториите мегу Вардар и Струма, а можеби уште и: Серез, Драма, Кавала.

Впрочем, за големината на бугарските територии што Русија им ги отстапуваше на Србија и на Грција не се знае ништо точно, се зависи од „милоста" на Русија. Судејки според Ирвата поделба на бугарските територии, остварена под покровителство на Русија по прекршувањето од Србија на ерпеко-бугарскиот и од Грција на грчко-бугарскиот сојузнички договор, Русија ке им ги отстапи на своите клиенти ако не сите, тогаш повекето земји мегу Струма и Вардар.

I [овото бугарско министерство на Радославов - Генадиев исто скапо ке ја чини неерскна Бугарија, зашто одмаздољубивата Русија ке го смета тоа како понатамошно пројавување на бугарска тврдоглавост и непокорност кон Русија и таа околност може да ја чини Бугарија вови загуби во Тракија. Во секој случај, свесното понижување на Бугарија од Русија е нсеомнен факт.

Денес напишав статија за „Южньш Край", но не знам дали ке ја испратам до редакцијата. Можеби би требало? Јас одамна изгубив верба во значењето и политичкото влијание на руското печат и затоа одамна не пишувам во весниците.

Лете имам слободно време, затоа решив да го искористам за водење свои мемоари.

Руското либерален печат малку се интересира за надворешните работи, макар што, доколку се интересира, подобро се ориентира во нив, но нема политичко влијание. А пак умерениот

IV.

и конзервативниот печат, настроени империјалистички и следејки ја линијата на официјалниот печат, се револтирани од „Прусите на Истокот", давајки им ги, во име на „словенските интереси", на несловенските клиенти на словенските интриганти. „Голосъ МосКВbi" во оцената на Втората балканска војна целосно ги дели погледите на „Россия". Уште подобро. Јасно е каков е односот на „Сојузот 17 Октомври" кон Бугарија, каде што ВО својата заслепеност бугарските националисти во Гучков гледаа вистински конститу-роналист и пријател на Бугарија. Не, мили мои сонародници!

А. И. Гучков и гр[оф] И. А. Бобрински и во внатрешната и во надворешната политика се тенперче. и капаче. ᵀие се толку слични еден на друг, колку што е внатрешната политика на Русија слична на надворешната. И двајцата мечтаат за силна власт внатре во државата, која може малку да се критикува, но власта има право да плукне на таа критика. Таквиот начин на управување на јазикот на „октомвристите" и националистите се нарекува конституционализам и е најсоодветен за голема Русија со нејзините 140 народности и 176-милионско население. „Октомвристите" и националистите се „конституционалисти" во горенаведената смиела и тие се непомирливи непријатели на парламентаризмот. Благодарение на таквиот конституционализам Русија, како и порано, се наога во апатија кон се, при што исклучок се само г[осподата] чиновници од ресорот за народно помрачување, кои измислуваат нови методи за всадување национализам кај младината.

Во надворешната политика „октомвристите" и националистите се приврзаници на освојувања - земај, каде што може, и тепај ги вообразените и непослушни брака. Тие мечтаат за „сесловенско" царство, со „сесловенски" цар и очигледно со „сесловенски устав", како тој што е сега во Русија, а можеби и полош, бидејки во случај да се оствари „сесловенското"

царство, кон 140-те народности што живеат сега во Русија ке се приклучат десетици нови тип нации, на кои треба да им се всади вистински руски патриотизам.

Само, изгледа, „октомвриско-националната" надворешна политика може да наиде на весовладливи препреки од страна на тие што сака да ги покровителствува.

Познато е дека само политичките непријатели на грофот В. А. Бобрински го нарекуваат дрдорко и галамџија. А всушност, благородниот националист е човек со голем ум и од него сигурно ке пропадне Австрија. На читателот, веројатно, му е познато дека благодарение на грофот В. А. Бобрински во Петербург се појави Галицко-руско друштво каде што исто така дејствува д-р Вергун[58], не само голем современ публицист, туку исто така голем научник-славист. Ова друштво отвори одделенија во големите провинциски градови, каде што би можеле да се истакнат професорите што мечтаат за службено префрлување во Петербург или за кариера на инспектор на училишните окрузи. Грофот В. А. Бобрински сериозно размислува да ја уништи Австрија. За тоа тој има генијален план. Словенофилството ни е потребно, ми велеше во Софија грофот В. А., за Чесите и другите австриски Словени да сметаат дека е престап да се борат против Русите - свои брака и покровители на Словените. Ние не веруваме во искреноста на словенофилските чувства на Крамарж[59], Клофач[60] и чешката интелигенција воопшто, но простиот чешки народ искрено е настроен словенофилски и нема да крене рака на Русите. Значи, словенофилството на гр[оф] В. А. Бобрински сметаше на дезертерството и на државното предавство на австриските Словени, кои отпрвин би го олесниле поразот на австриските словенски полкови, а потоа и на германските и на унгарските. Еве колку е итар грофот В. А. Бобрински. А уште велат дека е дрдорко. Но сепак не издржа и издрдори во 1910 година, кога Чесите и Русите мегусебно се лажеа, секој по свое сфакајки ја словенската идеја и преправајки се пред надворешниот снет дека за се се солидарни. Србите и Бугарите тогаш исто така правеа „словенска" политика, трудејки се да си ги одземат еден од друг симпатиите на Русите.

Во Софија - ручеци и здравици, но царот Фердинанд разумно замина од Софија, земајки го и наследникот. Србите решија да ја искористат оваа „грешка" на Бугарите и ги поканија грофот В. А. Бобрински и другите љубители на кралската маса на чаша чај. Поради тоа тие сега и ја добија Македонија.

Ах таа словенска политика! Какви изненадувања му приредува на светот. Бугарите изнаградија стотици споменици на гробовите на јунаците од последната Руско-турска војна. Србите предизвикаа скандал на конгресот на новинарите во Белград во 1911 година. И сепак на Србите им дадоа, а на Бугарите им одзедоа. Тука победи чашата чај што ја испил грофот В. А. Бобрински на кралската маса на именденот на кралот Петар во 1910 година, како и желбата на грофот зголемена Србија да му даде поддршка за уништување на Австрија.

Кутрата Австрија! А уште повеке кутрата Бугарија! Грофот Бобрински, а по него и сите други грофови во Русија, сите националисти, октомвристи, кариеристи и другу љубители на политиката на „силна власт" и нови освојувања се исплашија од „Прусот на Истокот", го замразија поради неговата „надменост и црна неблагодарност на Русија" и во име на интересите на Словенството ги раздадоа бугарските територии: на Романците, Грците, Србите и дури и на Турците. А познато е дека Русија беше најупорна во барањето Бугарите да им го вратат на Турците крајбрежјето на Мермерно Море.

Поразот на Бугарија е победа на „големоруската стварност" над „големобугарските мечти" - вели рускиот публицист г. Јаворски. Да! И на стварноста!

Но еве што е интересно! Како тоа ѝсе се одрази на „словенските чувства" на австриските Словени. Како ке реагираат на тоа г. Крамарж, Клофач и другите? Дали и понатаму ке ги залажуваат своите простодушни сонародници со тоа дека постои словенска солидарност и понатаму ке го подготвуваат нивното државно предавство. Нели последнава војна покажа дека рускиот национализам не го признава националниот принцип кај другите Словени. Рускиот национализам не знае другите Словени да ги почитува како рамни на себе, тој знае само да казнува и да помилува, а исто така кај словенските народи бара само орудие за империјалистичките идеали на грофот Бобрински. Кој е против Австрија, тој му е потребен на рускиот национализам, кој е за своите национални интереси и не е непријател на Австрија, loj е непријател на руското словенофилство и треба да биде распнат или обесен.

Токму така велат: генералот Савов, Радославов и другите австрофили треба да се обесат!

Зошто? Затоа што тие не се русофили. Добро е што во Бугарија не бесат за политички убедувања и што Бугарија, благодарение на Берлинскиот конгрес, стана независна држава п ја избегна судбината што ѝ ја подготви С[ан]стефанскиот договор.

Кога во Бугарија зборуваат за Санстефанскиот договор, се чини дека обракаат внимание само на една негова страна, а имено на големината на Бугарското кнежество што беше создадено со него. Санстефанска Бугарија ги обедини сите бугарски земји во една држава, и затоа и сега е национален идеал на бугарскиот народ. Бугарите, заедно со Русите, него го проколнуваат Берлинскиот конгрес. Мегутоа, таа еднодушност на Бугарите и Русите би можела и да не постои.

Ако Русите имаат основа да го мразат Берлинскиот конгрес, Бугарите имаат извесни основи да бидат особено задоволни од овој конгрес. Јас не зборувам за Романците, Србите и Грцитс, за кои Берлинскиот конгрес исто така се покажа полезен.

Без Берлинскиот конгрес, Санстефанскиот мир би имал исто значење како и иштатскиот*, Букурешкиот** или Верелскиот мир***. Санстефанскиот мир би бил и мировен договор мегу две држави, победник и победен, кој не ги засега другите држави. Русија, која сама се бореше со Турција и самата склучи мир со неа, би имала апсолутно, од никој неограничено право над Бугарија. Царот-ослободител би можел да й даде па Бугарија целосна самоуправа, но неговиот наследник од една или од друга причина пи можел да ја ограничи самоуправата и постепено Бугарија би можела да се претвори во Заддунавска или Балканска Финска, а потоа и во Заддунавска, Задбалканска и Македонска губернија, слично како Бесарабија.

Берлинскиот конгрес го оневозможи тоа. Решенијата на Берлинскиот конгрес од гледна точка на руските интереси беа негативни во секој поглед. Од гледна точка на бугарските интереси тие беа делумно разурнувачки, а делумно творечки и извонредно важни. Тоа што е ра (урнато од Берлинскиот конгрес, од гледна точка на бугарските интереси со текот на времето може да се поправи, макар и со големи жртви, но тоа што го направи овој конгрес ta Бугарите не може да се купи по цена на никакви напори. Берлинскиот конгрес й ги одзеде на Русија нејзините освојувања и ги претвори во општоевропска сопетвеност. Откако го направи тоа, на дел од Бугарите им даде целосна политичка слобода, на другите им даде речиси целосна слобода, третите - Македонија, ја остави под власта на Турција, ветувајки й дека ке й ја олесни состојбата.

Кнежеството Бугарија и автономната Источна Румелија од поседи освоени од Русија ie претворија во земји што се наогаат под општо покровителство на големите држави. liai sopor на руските власти беше отстранет од бугарскиот политички живот и Бугарија од руско освојување и руска автономна провинција стана сосема независна држава.

Дури Берлинскиот конгрес ја претвори Руско-турската војна од 1877-[18]78 г. од освојувачка во ослободителна. Ја ослободија Бугарија и им ја дадоа, им ја подарија на Бугарите. Но ја подарија во Берлин, а не во Сан Стефано и не во Петербург. Без разлика а подарија Русите или Европа, дали едноставно Европа во Берлин им ја зеде Бугарија на Русите и му ја даде на бугарскиот народ, останува фактот дека Берлинскиот конгрес е колонка на бугарската независна држава.

Берлинскиот конгрес ја уништи бесилката за политички убедувања и сега во Бугарија по еникнуваат и имаат полна рамноправност и исти политички слободи и мечтателите-русофили и реалистите-русофоби.

Бугарите почнаа да ја користат политичката слобода, наидувајки на отпор кај руските поени власти што останале привремено по војната.

Јас не сум подробно запознаен со несогласувањата мегу Бугарите и руските власти, а не ги знам ни особеностите на режимот на Стамболов, толку непријатен за Русите, но можам да претпосивам дека руските власти дале повод Бугарите да не бидат задоволни од нив. Во 1910 година разговарав со рускиот вицеконзул во Бургас, г. Менделиев, и од него слушнав la непријателскиот однос на Бугарите спрема Русите. Ова, мегу другото, се пројави во тоа нмо Бугарите инсистираа да се поплочи просторот пред зградата на руската амбасада во Софија, кој порано бил градина. Колку е тешко од овој детаљ да се сфати основаноста на Юлбите што им ги припишуваат Русите на Бугарите.

Како и да е, благодарение на Берлинскиот конгрес Бугарите станаа независен народ,

* Ништатски мировен договор (1821), склучен мегу Русија и Шведска во градот Ништад, Финска, со кој Ъврши Северната војна (1700-1721).

** Букурешки мировен договор (1812), склучен мегу Русија и Турција во Букурешт, со кој заврши Руско-ркжата војна ( 1806-1812).

** Верелски мировен договор (1790), склучен мегу Русија и Шведска во с. Вереле, на реката Кјуммене, Финска, со кој заврши Руско-шведската војна (1788-1790).

станал ковачи на својата срека. Таквата независност наидуваше на отпор кај руските власти, кои беа незадоволни од соединувањето на Источна Румелија и Кнежеството Бугарија и почнаа да им се одмаздуваат на Бугарите во Македонија, каде што руските конзули почнаа нокровителствуваат српската пропаганда, а руската влада не сметала за потребно да m мокрене прашањето за примената на 23 параграф од Берлинскиот договор во Македонија.

Одмаздата на Русите спрема Бугарите, час во погруба, час во пофина форма, продолжуваше цели триесет и пет години по ослободувањето, додека не заврши годинава Ю првата и втората поделба на бугарските територии мегу другите балкански држави.

.lac, како Македонец, како приватно лице, во мојата белешка до Словенското добротворно друштво пишував дека ако Србија нема да го исполни сојузничкиот договор, ние. Македонците, ке бараме да се избрише Србија од картата на Европа, а следуваше друго: сериозните и одговорни раководители на надворешната политика, без да се закануваат, молчешкум ја испланираа и ја оствариja двојната поделба на бугарските рритории.

Дали тоа не е ситничарско, жестоко и одмазднички! Па ние се заканувавме, барајки за себе слобода. А тие, руските „ослободители", зошто тие не поробија и ја спречија Бугарија да ни ја олесни судбината? - Од страв пред обединетиот бугарски народ.

Полска ја поделија поради немањето во неа силна власт, поради анархијата, иако кога таму почна да се создава силна државна власт исто не ја поштедија.

Бугарија ја поделија поради тоа што во неа имаше силна државна [власт] и се најавунаше нејзината кандидатура за водач на балканската коалиција. Русија, ослободителката на Бугарија, се плашеше од засилување на бугарскиот народ и таа изврши две поделби на териториите населени со бугарски народ.

Но во Русија може да се чуе такво противење: а каква поделба на Бугарија; нели аоранешните територии на Бугарија остануваат нејзини, со исклучок на Добруна, која преминува кај Романија. Србија и Грција ке ги зголемат своите територии само за сметка на бугарските освојувања, а сосема не за сметка на Бугарија. Тоа делумно е точно. Мегутоа, бугарската татковина до 1877-[18]78 година целата беше под турско владеење. Руско-турската војна ослободи дел од Бугарија, втората половина на Бугарија остана под турско ропетво. Токму за таа втора половина на Бугарија, која се наогаше под турско владеевье, бугарскиот народ водеше тешка, исцрпувачка војна во сојуз со другите балкански држави, йснован на специјални договори. Откажувањето од признавање на склучените договори е првото ограбување на бугарскиот народ, првата поделба на единствената неделива бутарска гатковина. На првата поделба й покровителствуваше Русија. Во втората поделба на Бугарија \ честното на Русија е очигледно за сите.

Се повтори историјата со Полска во поужасна форма отколку што беше во крајот на XVIII в. Интересно е што би рекле Чесите ако поразот на Австрија би ја ставил нивната гатковина во положбата на Бугарија и ако судбината на чешкиот народ, благодарение на руското словенофилство, [би се повторила] со сите искушенија претрпени од бугарскиот народ. Јас сметам дека чешкиот народ не би се чувствувал особено срекен и не би й бил благодарен на судбината што му припага на словенското племе и со жалеше би се секавал ни своето словенофилство и на своите заблуди, кои тој наивно ги сметал како сигурни средства за постигнување на национално обединување, слобода и срека.

Разочарувањето на австриските Словени и на Бугарите во словенската идеја и во вербата во Русија ке биде прва неизбежна последица на руската жестока, подмолна и себична ршеријалистичка политика што го победи храбриот бугарски народ.

Тогаш грофот Бобрински нема да има 25.000.000 словенски сојузници за уништување на австроунгарската монархија. 5-те милиони Бугари исто така засекогаш се изгубени за Русија. Веројатно сега Русија ке игра најистакнатата улога во протерувањето на Турците од Адријанопол дури до линијата Мидија - Енос. Тоа нема да ја смири Бугарија со Русија, но ке ја скара со Турција. 20-те милиони Турци исто така ке преминат кон Тројниот сојуз. Бугарија може да се помири со загубата на Добруџа и да бара зближување со Романија и со Турција п со Тројниот сојуз за да го сврти сето свое внимание на западната граница, на борбата со Србија и Грција заради Македонија. Загубата на Романија исто така ке ја лиши Русија од симпатиите на 8-те милиони Романци.

Општо земено, поразот на Бугарија ке ја чини Русија создавање на опозиција од 60-милионско население на Австрија, Романија, Бугарија и Турција, кои во случај на војна ке дадат околу два милиони војници на целиот простор од Кавказ се до Карпатските Планини.

**13-VII-[19]13**

Познато е дека Грција за време на Втората балканска војна заштитата на своите интереси во Бугарија ѝ ја довери на Франција, а Србија и Црна Гора - на Русија. Бугарија и ја довери на Русија заштитата на своите интереси и во сите балкански држави што и објавија војна. За време на војната беа извршени најужасни жестокости врз несрекното македонско население. Грците и Србите ги обвинуваа Бугарите, последниве ги обвинуваа првите - Србите и Грците.

Француската влада, која е сојузник на Русија и на сегашната војна и потполно ги дели погледите на руската влада, во својство на покровител на грчките интереси испрати во Македонија двајца чиновници на Француската мисија во Атина за да ги следи жестокостите што им ги припишуваат Грците на Бугарите.

Изгледа, бугарската влада ја замолила руската да спроведе истрага за грчките и српските жестокости во Македонија. Уште пред да почне војната, поранешните сојузници се обвинуваа мегу себе за жестокости врз македонското население. Во врека со овие мегусебни обвинувања, бугарската влада во Софија и бугарската мисија во Петербург, негирајки ги жестокостите што на Бугарите им ги припишуваат Грците и Србите, како најдобар начин за утврдување на вистината предлагаат да се изврши мегународна анкета во поранешните владенија на Турција окупирани од бугарските, српските и од грчките војски. Таа мегународна анкета би открила многи важни работи. Таа исто така би определила каква треба да биде судбината на Македонија за да му се обезбеди среката на населението. Русија, која свири прва виолина во европскиот концерт во Балканската војна и С[анкт]-Петер-буршкото словенско општество, кое е, или поточно кое игра лицемерна улога на покровител на Словенството, знаеја за барањето на бугарската влада, чие задоволување би можело да го спречи поразот на Бугарија, но токму тој пораз и поделбата на бугарската татковина им беа потребни и тие попречија да се изврши анкетата. Тие ги замачкаа сите ерпеки и грчки SВерсТßа извршени во Македонија пред Втората балканска војна, тие ја штитеа подмолноста на ерпеката и на грчката влада, кои одбија да се придржуваат кон договорите што ги склучија со Бугарија, тие ги нас'скаа Романците на Бугарите, зашто без дозвола на Русија Романија не можела да се приклучи кон Србија и Грција, кои ги штитеше Русија. И уште повеке. По почнувањето на Втората балканска војна, според вестите од весниците, Руската мисија во Атина ѝ врачила на грчката влада од својата влада 10.000 драхми во корист на ранетите. Ништо слично немаше во Бугарија, Србија и во Црна Гора, но Грција е сојузничка на последниве и противничка на Бугарија.

По сето ова што го направи Русија за поразот на Бугарија би било чудно ако сега, за време на Втората балканска војна, кога Србите и Грците со оган и меч, со неверојатни SВерсТßа го решија етнографскиот состав на Македонија, сосема ослабувајки го во неа бугарскиот елемент - би било чудно Русија токму сега самата да изврши анкета и да ги регистрира грчките и српските вверства. Таквиот регистар би можел да ги уништи плодовите на ерпеко-грчките победи и не само да ја спречи втората поделба на Бугарија со новите зголемувања на териториите на Србија и на Грција, но можел да доведе до поништување на првата поделба и Бугарија би го добила тоа што ѝ следува врз основа на нејзините договори со поранешните сојузници, или пак цел ата спорна територија би можела да добие автономија. Мегутоа, руската влада е категорично против запазувањето на договорите и против автономијата на Македонија. Затоа, сосема природно беше во весниците („Ю[жньгй] Кр[ай]" од 10 - VII - [19] 13) да се најде таква изјава*. „Во руските дипломатски кругови изјавуваат дека Русија нема намера да врши никакви истражувања во врека со раширените обвинувања на Грција и на Србија за бугарски зверства".

Ако го преведеме ова на прост јазик, значи дека Русија нема намера да се истепа самата себе.

Во истиот број на „Ю[жнь1Й] Кр[ай]" читаме: „Бугарската влада им предложи на државите да го разгледаат прашањето за автономија на Македонија, која ке ги спречи сите конфликти мегу балканските држави". -Господата Радославов и Генадиев можат да се емират. Русија се плаши од автономијата на Македонија и тогаш кога ја спомнуваат русофилите, а што да се каже кога за неа зборуваат водачите на бугарската опозиција, познати по своето изразено русофопетво.

За сопетвена утеха, може да се направи таква претпоставка за руската политика кон балканскиот конфликт. В[иди] стр. 85.** Србија се откажа од руската арбитража. Русија

* Подвлечено во ракописот. **

Види стр. 45.

нема можност непосредно да влијае врз неа, а на Австрија не сака да й го остави смирувањето на Србија, бидејки за тоа последнава би можела да побара за себе компензација. Упорноста на Србија ја принуди Русија да му дозволи на српско-грчко-црногорскиот сојуз активно да дејствува против Бугарија со учеството во конфликтот на Романија. Последнава мораше да го спречи разгромот на сојузниците од Бугарија и да ја направи неа попопустлива. Барањето на Србија и испракањето на бугарските делегати во Ниш Русија го поддржуваше за да постигне што поскоро разоружување на завојуваните, а условите на мирот потпишан на конференцијата на претставниците на завојуваните држави во Ниш ке бидат подложени на разгледување и изменување на конференцијата на претставниците на големите држави, каде што Русија, не дозволувајки го индивидуалниот настап на одделна голема држава, ке инсистира на праведно решение на спорот поради Македонија, која слично на Албанија може и мора да добие автономна управа под покровителство на големите држави. Тогаш сите обвинувања на Русија за подмолност и за намерен пораз на Бугарија ке отпаднат сами од себе. Продолјжение] в[иди] на стр. 85.*

В [иди] стр. 59**.

Без оглед на тоа дека многу факти ја потврдуваат веројатноста на наведените погледи на авторот на парискиот допие, јас сум готов да мислам дека руската влада е подалековида отколку што тоа му се чини на авторот.

Руската влада не може да не е свесна дека, ако Русија ја дозволи првата поделба на бугарската татковина во вид на нарушување од страна на Србија и на Грција на склучените договори со Бугарија, и втората поделба во вид на зголемување на ерпеката и грчката територија со земјите што лежат на исток од Вардар и во вид на заземање на бугарска Добруџа од страна на Романија, дека ваквите поделби на Бугарија во словенскиот свет ѓсе создадат убеденост за неоправдано од околностите и жестоко непочитување од страна на Русија на етнографкиот принцип кај словенските народи и на нивниот законски стремеж за национално обединување. Бидејки за целиот словенски свет е јасно дека Македонија за Бугарите е исто што е Моравија за Чесите и Малорусија за Русите и, ако тристагодишното владееше на Полска во Малорусија не го лиши рускиот народ од правото на Малорусија, тогаш и триесетгодишното владееше на Србија со Македониј а во XIV век не е во состојба да го лиши бугарскиот народ од правото на Македонија.

Јас не сакам ни да помиелам на нарушување од страна на Русија на националните права на бугарскиот народ, бидејки со тоа Русија ништо нема да добие, а губи многу. Сите зајаци застрелани од руската дипломатија за време на Балканската војна ке се покажат само како зашеметени од руските истрели, ке полежат во грмушките и ке исчезнат без трага пред носот на ловецот. Мегутоа, кај западните и балканските народи и кај Словените може да се зацврети убеденоста дека разгромот на Бугарија се должи на плановите на руската дипломатија, а тоа ке создаде многумилионски непријатели мегу 25 милиони австриски Словени, 5 милиони Б угари, 8 милиони Романци и 20 милиони Турци, кои ке й го припишуваат на Русија принудното напуштање на Адријанополскиот вилает. А сите спомнати народи ке ги искористат Австрија и Тројниот сојуз.

Без оглед на тоа што многу факти како да зборуваат дека поразот и поделбата на Бугарија влегуваа во ладнокрвните, иако не точни планови на руската дипломатија, јас сакам да верувам дека руската дипломатија беше подалековида, за што ке потврдат во идните месеци резултатите од ликвидацијата на блискоисточната криза.

Јас си ја замислувам улогата на руската дипломатија во балканската криза на следниот начин: в[ид:*] продолжение на стр. 83***.

Сакам да верувам дека блиската иднина ке го оправда мојот оптимизам и идејата за единство на словенските интереси нема да биде погребена и претворена во инструмент против Русија и жестоко насилство врз храбриот и чесен бугарски народ, кој има толку големи заслуги за историјата на христијанската просвета на Русија и на Словенството.

Примете и сл.

Белешката во изменет вид, со погоренаведените измени е препишана и со утрешна дата, а утре е 14 - VII, ке биде испратена до Министерството за надворешни работи со препорачано писмо.

* Види стр. 45. **

Види стр. 35. ***

Види стр. 44.

Денес попладне се капев, што впрочем го правам секојдневно и што добро влијае на моето здравје, а потоа бев во шумата на лов. Утре рано наутро нето така ке одам на лов, и затоа брзам на свека да ги внесам моите впечатоци од втората половина на денот.

Јас станувам оптимист. Бугарија е разурната, Тракија е жестоко нападната од Турците, во Македонија исто така има зверства од Грците и Србите, Романците ја заземаат северна Бугарија, а на ерпеко-грчкиот фронт траат борбите.

Сето тоа е крајно неповолно, но уште поважно е завршувањето на конфликтот, кое ке настапи во најскоро време. Сметам дека тоа ке биде поволно за Бугарите, но жално за Србија и Грција, зашто, се чини, Бугарија ке ги добие сите земји на исток од Струма, а Максдонија ке добие автономија. Во тој случај Србите и Грците залудно пролевале крв, а бугарските жртви за Македонија стануваат осмислени.

Од вестите во печатот интересна е информацијата дека руската Висока Личност [вел[икиот] кн[ез] Андреј Владимирович?[61] ) му испратила телеграма на царот Фердинанд дека Русија нема да дозволи понижување на Бугарија. Јас сум подготвен да верувам во Вскреноста на таквото руско соопштение.

Студентите-македонски Бугари во Петербург објавија во „Речь" писмо, во кое изјавуваат дека македонските Бугари секогаш се бореле за ослободување на татковината. Сега, кога присоединувањето на Македонија кон Бугарија се покажа невозможно поради спротивставувањето на Србија и на Грција, Македонија бара автономија. -Ние, велат студентите, не можеме да останеме под власта на Србија и на Грција, бидејки тие се трудат да ја реализираат идејата дека во Македонија не треба да има Бугари, инаку Македонија ке остане вечен извор на раздор на Балканот, а ние ïсе треба да се организираме за борба против новиот поробувач („Ю[жньш] Кр[ай]" 11 - VIL).

Интересна е информацијата на „Россия" за тоа дека дефинитивната ликвидација на блискоисточните компликации нема да помине без непосредно учество на кабинетите на министрите на големите држави.

Воениот министер предвреме се врака од одмор.

Во средината на идната недела се очекува началникот на францускиот генерален штаб, генералот Жофр[62].

Во „Голосъ Москвм" од 9 - VII имаше соопштение од Виена дека Русија, Австрија и Италија дошле до усогласени погледи за ликвидирање на балканскиот конфликт. Исто таму во воведната статија за романските побарувања се укажува на тоа дека руската дипломатија и на Берлинскиот конгрес и подоцна секогаш се противела на барањата за измена на романско-бугарската граница во Добруца во полза на Романија. Весникот го обвинува рускиот дипломатски претставник Шебеко[63] за неговото романофилство, и покрај тоа таму се укажува на следнава особеност на руската дипломатија, која, се чинеше, на сите им е добро позната, освен на Русите. Но и „Цолосъ] М[осквм]" ја забележал. Таа се состои во следново: руските дипломати брзо се аклиматизираат; гледаат со очите и зборуваат со јазикот на таа чемја во која се акредитирани. Нивниот јазик и нивните погледи повеке личат на јазикот и погледите на месните министри отколку на руски претставник.

Јас сум сосема согласен со „Цолосъ] М[осквм]", од чија остроумност сум изненаден. А тој во надворешната политика е толку кусоглед. Тој, се чини, во врека со балканската криза исто така не зборува со руски јазик, туку со јазикот на ерпекиот архимандрит Михаил[64], а погледите на „Цолосъ] М[осквм]" на балканскиот конфликт не се руски, туку повеке на ерпекиот двор во Москва.

Само јас непотребно го смешав А. И. Гучков во исто купче со Бобрински, со политичарите од „Цолосъ] М[осквм]". Гучков сепак е за една глава повисоко од ова друштво.

### 14-VII-[19]13

Напишав статија за „Голосъ Москвм" под наслов „Престижот на Русија на Балканот", со прекори поради кратковидоста на р[ускиот] печат.

Весникот „Ю[жнмй] Кр[ай]" соопштува дека чешкиот печат неодобрувачки се однесува кон поддршката од Србија на претераните барања на Романија и Грција. „Унион" ерпекиот сојуз против Бугарија го нарекува предавство на словенското дело. „Чешки збор" бара од Србите да ја поддржат Бугарија за да се зачува на Балканот надмокта на странага на Словените.

Фала му на Бога, Чесите се разбудија и ги сфатија последиците од српското предавство. Рускиот печат се наога во незнаење.

2) Во Лондон се одржа седница на Советот на министрите. Присуствуваа сите министри, освен воениот и првиот лорд на адмиралитетот, кои заминаа на морски маневри, на кои еден од одредите ке изврши примерен напад на непријателската флота на бреговите на Англија.

Тоа соопштение, заедно со веста за пристигнувањето на францускиот воен министер во Петербург и неговиот еднонеделен престој во руската престолнина за да учествува во Комисијата за усогласување на дејствата на сојузничките армии, сведочат за намерата на Тројниот договор да ја наметне својата волја и да ја спроведе својата програма во решавањето на блискоисточната криза, која особено се заостри по навлегувањето на турските војски во поранешните области на Бугарија.

3) Во дворецот се собраа, во присуство на министерот за надворешни работи, претставниците на странските големи држави, кон кои царот Фердинанд се обрати со повик до претставниците на цивилизацијата и со молба до Европа таа да стави крај на страдањата на жителите, кои бегаат од нивните поранешни угнетувачи што се враќаат.

4) „Атинската агенција" изјавува дека во Букурешт, на конференцијата на балканските претставници, мегу сојузниците не треба да се очекуваат никакви несогласици во врска со прашањето за поделбата на териториите, кое било решено пред тоа, доколку тоа се однесува на Грција, Србија, Црна Гора и Романија и дека сојузниците немаат намера Тракија да ја сметаат за турска или бугарска. Тракија за сојузниците е општа територија, како што реши конференцијата во Лондон, затоа судбината на Тракија ке биде решена заеднички. Грција, поддржувана од сојузниците, повеке од кога и да е решена е да бара од Бугарија посериозни гаранции за животот, честа и имотот на грчкото население во границите на бугарските владеења.

Преведувајки на друг јазик, Грција и нејзините сојузници не сакат да дозволат речиси никакви зголемувања на Бугарија, терајки ја да ги отстали Добруџа на Романија, Тракија да ја направат автономна провинција под протекторат на словенскиот сојуз, а исто така да воспостават грчки протекторат над Грците што живеат во Бугарија, додека пак не се споменува за никакви гаранции за бугарското население во Македонија, која Грција и Србија си ја поделија мегу себе.

5. Според информациите од Скопје, Бугарите се подготвуваат за општа офанзива на линијата Сливница-Кустендил-Дупница, а според информациите на „Буг[арската] тел[еграфска] агенција", Бугарите ги одбија нападите на Србите кај Качани и на грчко-српско-црногорскиот одред на буг[арското] лево крило; мегу Кочани и Пирот е мирно.

Денес попладне вчерашното оптимистичко расположение повторно ме напушти.

Весникот „Ю[жный] Кр[ай]" од 13 -VI објави низа крајно непријатни вести, поразувачки по својата отвореност. Од нив, на прво место треба да се стави резолуцијата предложена од г. Башмаков[65] на словенскиот ручек под негово претседателство. Решиле со телеграма да ги известат г. Коковцев[66] и Сазонов Русија да има поактивна улога на Блискиот Исток и, мегу другото, се предлага брзо склучување мир под услови што ги предлагаат Србија и Грција. За последниве види погоре. И така, господата Башмакови им ја даваат Бугарија на своите нови протежеи. Жално руско словенофилство, кое го претставуваат такви банкетисти како Башмаков. Во име на што, г. Башмаков, ги давате Бугарија и бугарскиот народ да ги поробат соседите?

Ке се одмаздиме, г. Башмаков, бидете уверени дека ке се одмаздиме. Навредата и насилството што ни ги извршија слични на вас никогаш нема да ги заборави бугарскиот народ, ко] знае да ја цени услугата што му е извршена, но исто така не ги заборава смртните навреди како што е таа што му е направена во оваа војна. Вашите планови ке пропаднат и тие што сакавте да ги направите свои аргати ке успеат да се заштитат од претерано вообразените и одмаздољубиви мечтатели за светска надмок. Вие ја одбивте молбата на Македонците за автономија на Македонија, го уништивте овој предлог на македонските Бугари и на бугарската влада затоа што вие немате братско чувство спрема словенските народи, имате желба да доминирате над слабите, на кои вие никогаш нема да им дозволите да бидат силни, тоа им го правите со услов тие да ви служат како трчкарала. Ја искористивте Романија за своите користољубиви цели; поради истите цели дозволивте разурнување и разграбување на Македонија и нејзина поделба мегу Србите и Грците, иако бугарска Македонија и бугарскиот народ во текот на векови беа ваши учители.

Вие ја поделивте Полска, објаснувајки дека тоа се случило врз база на различноста на

културите - римокатоличката и православната. Но зошто го уништивте бугарскиот народ? За да си го отворите патот за Константинопол?

Кутриот и несрекен бугарски народ! Жалните балкански народи, кои станаа инструмент на руската политика на поробување. Но уште пожален е Русинот, кој живее во ропство во еопствениот дом, но воден е од неговите налудничави водачи кон поробување на други народи.

**15-VII-[19]13.**

Непријателските односи на Башмаков и петербуршките словенофили спрема Бугарија и автономијата на Македонија може да се објасни и со формирањето на русофопскиот кабинет на Радославов-Генадиев-Тончев[67] и целосната доверба кон него од Народното собрание. Разбирливо е дека на нив не им се допага незадоволството на Македонците од руските конзули, веројатноста за идно обединување на ав[тономна] Македонија и Бугарија и формирање бугарска држава со милионска војска, која нема апсолутно никаков интерес да се бори со Австрија за Србија или Русија. Мегутоа, руските империјалисти и на сон го гледаат поразот на Австрија и својата балканска политика ја базираат врз создавање на слаби, речиси еднакво големи држави, кои сами по себе би биле немокни да водат самостојна политика и треба вечно да бидат сателити на големодржавните групации и, главно, на руско-францускиот сојуз, или уште поточно - само на Русија. За „австриското наследство", т. е. ta австрискиот пораз најмногу може да бидат заинтересирани Србија и Романија. Руската дипломатија, откако се убеди дека не е можно да се создаде цврст српско-бугарски сојуз, кој би го штител таа, реши да го создаде прво српско-грчко-црногорскиот сојуз, а потоа да ја присоедини кон него Романија. Овој српско-грчко-црногорски сојуз, кој би можел да постави повеке од еден милион армија, ке й го замени на Русија српско-бугарскиот сојуз и опкружувајки ја Бугарија со железен обрач, ке успее да и направи вистинска услуга, бидејки е заинтересиран за австриското наследство, кое Русија има намера да го постави на дневен ред. Србија, Грција, Романија, Црна Гора, подмирени се од руската дипломатија за нивната верност спрема Русија со надеж за нови територијални добивки - Романија и Србија за сметка на Австро-Унгарија, Грција и Црна Гора за сметка на Албанија. Само Бугарија ништо нема да добие, бидејки нема граници со Австро-Унгарија и со Албанија и заедно со споменатите држави ке биде против Србија и Грција. Бугарија исто така нема да ја пуштат зад линијата Енос-Мидија, ако таа воопшто биде запазена, зашто лесно може да се случи Русија, која се плаши од засилување на Бугарија, и тука да и наштети на Бугарија. Јас сега се каам поради својата последна белешка до мин[истерот] за надв[орешни] работи од 14 - VII [19] 13, бидејки гаму, мегу другото, стана збор дека Турците ке ја сметаат Русија за виновна што ке го напуштат Адријанополскиот вилает. Впрочем, тука мојата загриженост е залудна, зашто Англија, Франција, Австрија и Италија исто се заинтересирани за зачувување на „рамнотежа" на Балканот. За да се избегне префрлувањето за намерно понижување на Бугарија, Русија нема да ризикува да заостане од другите држави и за да го спаси својот престиж, напротив, ке застане на чело на концертот за да ја принудат Турција да се придржува кон Лондонскиот прелиминарен мировен договор, дотолку повеке што раководната улога на Русија во принудувањето на Турција да го запазува Лондонскиот мировен протокол ке го подигне нејзиниот престиж во Ерменија и дури може да го стави на дневен ред прашањето на протоците.

Од горенаведените комбинации е јасно дека руската надворешна политика, која беше далеку од хуманоста и од словенофилската занесеност, за сето време на двете балкански војни имаше одредени империјалистички задачи. Тоа се - да се истераат Турците од Европа со помош на балканските држави и на тој начин да се лиши Австро-Унгарија од можноста со заземање на Новопазарскиот санџак и Македонија засекогаш да ги раздели Србија и Црна Гора, и застанувајки во центарот на Балканскиот Полуостров, да го зацврсти своето политичко влијание на сите околни балкански држави. Понатаму - ослабена е Бугарија, држава сосема незаинтересирана за распагање на Австро-Унгарија и за австроунгарското наследство; - зајакнати се Србија, Црна Гора - неизбежните сојузници на Русија во борбата со Австрија и со Грција, која за укажаната поддршка и за надежта за идни проширувања со помош на Србија, Црна Гора и Русија треба да тежнее кон Русија, и на крај, раскинат е австро-романскиот сојуз и Романија е заинтересирана за австриското наследство; - создаден е нов, м[оже] б[и] само привремен балк[ански] сојуз како орудие на Русија против Австрија.

На крајот, на ред дојде австриското прашање, кое ке биде решавано или само или заедно со прашањето за протоците и со поделбата на Азиска Турција. Можеби тогаш, за да ја привлече Бугарија на своја страна, Русија ке и ја вети Македонија како замена за српско-хрватските земји што ке ги добие Србија од Австрија. На тој начин целиот Балкански

Полуостров ке биде заинтересиран за распагање на Австрија, бидејки силна Србија и е потребна на Русија само до распагањето и за распагањето на Австрија, слично како што силна Бугарија й беше потребна до распагањето и за распагањето на Турција, но по испагањето на Австрија повторно ке се појави прашањето за рамнотежата и Бугарија ке успее да го врати тоа што го изгуби во оваа војна. Оттука е јасно дека, без оглед на поразот на Бугарија и поделбата на нејзините поседи (земји) и освојувања што го организираше руската дипломатија, почвата за русофилство во Бугарија уште не е дефинитивно изгубена, бидејки тоа што Русија сега им го одзеде на Бугарите, може да им го врати во идната војна со Австрија. Ке дојде само до промена на основите на бугарското русофилство; досега тоа беше прашање на чувство и верба во Русија, а отсега тоа ке биде прашање на чист интерес.

Таквото поставување на прашањето бара поладнокрвен однос кон несреката што го шајде бугарскиот народ во оваа војна. Наивно беше да се смета дека националното прашање може да се реши веднаш и само со помош на оружје, но без политичка подготовка. Најдобар дока і за тоа беа успесите на Србите и несреката на Бугарите. 30 години Србите ги докажуваа своите права на Македонија и дипломатски го подготвуваа нејзиното покорување. Тие можеа да оценат кој може повеке да им помогне и во нивната надворешна политика немаше Колебања. Освојувањето на Македонија и пријателството со Русија, или поточно со помош на пријателството со Русија, беа главни принципи на нивната надворешна политика, основана Врз националното воспитание на ерпскиот народ во духот на непоколебливата вера во неговите историски и етнографски права на Македонија. Сосема обратно беше кај Бугарите. Никакво национално воспитание; нејасна претстава за историјата на Македонија; недоверба кон македонските Бугари која се покажа со назначувањето на епископските катедри во Македонија лица по потекло од Бугарија, отсуство на секаква систематичност во македонската политика на владата, додека пак Србите испробаа десетици начини за најдобро да га заштитат своите интереси во Македонија, и на крај, отсуство на определена и тесна врска мегу внатрешната и надворешната македонска политика на Бугарија.

Таму народните маси не беа подготвени од училиштето за свесно сфакање на националните задачи и последниве, слабо поддржувани од внатрешната и од надворешната политика на Царството, која се одликуваше со силни колебања во однос на Русија, само ги плашеа руските империјалисти.

Идната политика на Бугарија ја гледам на следниов начин. Бугарија никогаш нема да се откаже од своите права на Македонија, која за неа претставува исто што и Малорусија іа Русија и Моравија за Чешка. Населението на Македонија, како и да го нарекуваат Србите и Грците, по крв ке остане бугарско. Тоа нема толку лесно да ја заборави својата врска со останатиот бугарски народ. Бугарија со сите средства со кои располага ісе ги поставува и ке ги докажува своите права на М[акедонија]. Таа тоа ке го направи во низа печатени вданија, наменети за рускиот народ и за словенските народи воопшто. Таа на сите словенски научни конгреси ке настапува со филолошки и историски реферати за М[акедонија]. Тежиштето во изучувањето на бугарската историја треба да се пренесе од неточните оугарски земји на запад, на Македонија. Секој Бугарин уште од детството треба да биде свесен дека многу славни страници на подалечното и неодамнешното минато се поврзани со имею Македонија. Неопходно е односот на Бугарија спрема Македонија и Македонците да биде потопол, поердечен и понежен од односот на Србите, чии усилби за всадување српски патриотизам неизбежно треба да бидат придружени со насилства, а да не зборуваме за тоа дека бугарското население во Македонија, заплашено од жестокостите на Србите за време на војната, во душата секогаш ке ги мрази Србите како свои поробувачи. Српските жестокости треба внимателно да бидат забележани и отпечатени. Подвизите на македонските четници во борбата со Турците - исто така. Главна содржина на литературата за Македонија треба да биде национално воспитување на бугарската младина и бугарскиот народ. Во предавањата од бугарската историја треба исто внимание да им се посветува на неточната и на западната половина на бугарскиот народ, а според тоа историјата на Македонија треба да биде рамноправен дел од општобугарската национална историја, а не само жален додаток на историјата на неточна Бугарија, како што беше досега. Во историјата на бугарската литература исто така треба да се запази рамноправност мегу источно-бугарската и западнобугарската, т. нар. „ерпска" литература.

Национално воспитување, духовна љубов и сфакање на судбината и улогата на Македонија во општобугарската историја - еве ја првата основа на бугарската внатрешна политика. - Пријателство со Русија со целосен неутралитет во главните балкански и мегународни тешкотии - е основа на надворешната политика на Бугарија.

Нам не ни е потребен сојуз со вчерашниот непошател. кої ги раскина бугарската

Итковина и имотот на бугарскиот народ на делови. Ние сакаме да живееме со него во мир; но нивното пријателство не ни е потребно. Ние ке ја сметаме Македонија како неделив дел од нашата татковина, како и Добруна. Но немаме намера да го нарушуваме политичкиот Status quo. Ке бидеме мирни набљудувачи на тоа што се случува околу нас и во Европа, но ирви нема да го извлечеме мечот. Ние не сме заинтересирани за австриското наследство, но ке бидеме приврзаници на политичката рамнотежа на Балканот. Ако во име на таа идеја ВО сегашната војна беа нарушени нашите национални интереси, во можните идни војни во нмс на принципот за зачувување на политичката рамнотежа ние ісе ги истакнеме нашите национални права на деловите од нашата бугарска татковина што ни беа одземени.

Ние нема зошто да се караме со Австрија, но ке ги одржуваме братските вреки со големиот руски народ, кој многу го имаме задолжено, но кој исто многу не има задолжено. Тешките искушенија што ја снајдоа нашата татковина по вина на руската дипломатија поради вејзиното неумеење да се ориентира во балканските проблеми и да ги сфати чувствата на широките маси на бугарското население не можат да ги расипат вековните добрососедски и братски односи мегу двата народи. Војна мегу Русија и Бугарија не може да се замисли, sanno Русија самата никогаш нема да крене рака на Бугарија, која таа ја ослободила, а последнава не може да и се одмаздува на Русија за кратковидоста и жестокоста

V.

на раководителите на нејзината надворешна политика во сегашната војна.

Впрочем, во нашата идна надворешна политика ние ке бидеме пред се Бугари, а потоа Словени. Ако нашите национални интереси тоа го побараат и ако пријателството со Австрија, Романија и Турција може да биде заштита за нашите национални интереси, ние нема да се откажеме од присоединување кон Тројниот сојуз, не издавајки го со тоа со ништо Словенството, зашто тоа е претставено со 25 милиони во границите на Австро-Унгарија. На крај, ние не ја издаваме први словенската идеја. Последнава стана бесеовесно [орудие] но рацете на ерпеките шовинисти и руските империалиста.

Во оваа тетратка ја додадов статијата што ја бев наменил за „Голосъ Москвы", но не ја испратив. Добро направив, бидејки воопшто не сум во право кога велам дека рускиот престиж на Балканот опаднал. Ползата што ја добија Србија, Црна Гора, Грција и Романија и поразот на Турција и Бугарија се директна последица на руското влијание на Балканот и триумфот на рускиот империјализам, кој ја подготви не само поделбата на азиска Турција, туку и поразот на Австро-Унгарија. Од гледна точка на рускиот империјализам, односот на „1 |олосъ] М[осквы]" спрема Бугарија е сосема разбирлив.

Јас не ја испратив ни статијата „Последици" напишана за харковскиот „Южный Край", која ги прикажува последиците за Русија од поразот на Бугарија. Јас изгубив верба во рускиот печат, иако двапати имав желба да отидам во Петербург и во Москва и во лични разговори и преку печатот да се залагам за автономија на Македонија. Мојата прва „Южный Край" намера на 27 јуни заврши со белешка до Мин[истерството] за надв[орешни | работи од 29 јуни. Втората - во Москва, беше заменета со решението да водам мемоари за тоа Што го преживував во тоа несрекно, макар и херојско време во животот на бугарскиот народ.

Во ноември и декември минатата 1912 година заминав во Бугарија, на боиштето и во гагковината за да бидам сведок на големото историско дело извршено од нашиот народ.

Во почетокот на 1913 година јас се чувствував скршен од замор и од проблемите на работа, кои завршија со моја оставка на 20 март о.г. и со префрлување во Кишинев од 1 април 1913 г. Во Кишинев страдав од силен шум во ушите како последица на силна стресна состојба, проследена со несоница, особено во Одеса.

Поради нарушеното здравје беше бескорисен мојот престој во Бугарија, дотолку повеке што јас речиси бев сигурен во победата над Србите и Грците. Јас решив, по совет на лекарот Тумаркин, да заминам на лекуваше во боровата шума во Харк[овска] губ[ернија], Ахтир[ски) округ, чифлик Климентово, во близината на гр[адот] Ахтирка.

Тука разбрав за почнувањето на војната и за се потешката положба во која се наогаа мойте сонародници и несрекна Македонија. Се обидов да отпатувам во Петербург и во Москва; работата пропадна. Тогаш решив да ги изнесам своите преживувања во врека со вестите од Балк[анскиот] Полуостров за да ги зачувам за потомството.

Идејата за мемоари се појави кај мене кога се уверив во бесполезноста и за тешкотиите

да му помогнам на нашето дело преку печатот. Покрај тоа, за време на мојот престој како дописник на „Г[олосъ] М[осквы]" и „0[десский] Л[исток]" на прашањето на Бугарите како ке ги искористам мойте патни набљудувања, јас реков дека можеби некогаш ке напишам некакво книжуле и ке ги изнесам подвизите на нашите борци во оваа војна. Еден од мойте сопатници во вагонот, резервен потпоручник, наставник по хемија во I Софиска гимназија [...]* изјави дека моето собирање информации за подвизите на бугарските херои за наведената цел е сосема излишно, бидејки многу офицери и војници водат дневници за војната и многу такви дневници по војната ке бидат отпечатени во Бугарија. Јас се согласив со таа констатација и помислив дека мојот дневник нема да биде интересен во споредба со дневниците на учесниците во војната. Затоа пак мојот дневник како на сведок на настаните во ноември и декември во Бугарија, Тракија, Македонија и како на лице што ги следеше настаните во Втората балканска војна од Русија со текот на времето може да претставува голем интерес за моите сонародници, затоа се зафатив со континуирано изнесување на сите мои возбудувања, негодувања и надежи за подобра иднина.

За водењето на дневникот придонесува времето на распуст, што значи многу слободно Ѕеме, чист воздух, потполн мир и добра храна. Без оглед на тоа што настаните толку ме вошемируваат што јас, за време на мойте разговори со Русите и отворената критика на вејноста на руската влада и руските словенофили можеби оддавам впечаток на ненормален и жена ми дури и не ја крие својата загриженост балканските настани да не ми го повредат разумот, сепак ми се чини дека во овој момент што го преживува бугарскиот народ јас сум еден од најнормалните и најурамнотежени Бугари.

Националната мака е голема, но сметам дека нашиот народ со сопствени сили ке си го обезбеди своето понатамошно постоење.

Од новинарските информации треба да се спомене известувањето од Петербург дека државите се согласиле оти автономијата на Македонија е невозможна; - од Атина, дека германскиот воен аташе во Атина добил наредба од својата влада да се истражат фактите ѕа бугарските сверства во Македонија и тој да извести за резултатите; - од Софија дека поради клеветничката кампања што се води против Бугарија и нејзината армија, која доби чудовищни размери по прекинувањето на директната врека со Европа, бугарската влада им наложи на своите претставници во странство да го покренат прашањето за формирање мегународна истражна комисија составена од официјални претставници на државите за разгледување на настаните во областа на целото бојно поле.

Кон вестите за истражувањето на зверствата треба да се додаде дека наскоро по почнувањето на Втората балканска војна солунскиот дописник на С[анктпетербуршката] тел[еграфска] аген[ција] ги распрашувал бегалците пристигнати од бугарско-грчкото боиште. На тој начин за грчките обвинувања на Бугарите беа заинтересирани три држави: Русија, Франција и Германија. Српските обвинувања на Бугарите исто така се разгледувани од странците, додека пак бугарските жалби поради зверствата на Грците и на Србите во Македонија останаа без секакаква истрага. Може да претпоставиме дека и последново обракање на Генадиев исто така ке биде без резултати, бидејки тој е русофоб, а Русија нема да дозволи рехабилитација на Бугарите и откривање на ерпско-грчките зверства во Македонија, зашто тоа би довело до автономија на Македонија, која не е прифатлива за Русија од многу причини.

Дејноста на руските конзули во Македонија во текот на последниве 35 години, непреземањето од Русија никакви мерки за помирување на бугарската црква со грчката, целокупното однесување на Русија за време на Првата и на Втората балканска војна покажуваат дека Русија се залага за целосно уривање на бугарскиот национален идеал, без секаква можност за негово воскреснување.

Λ нападот на Турците на Бугарија. Сега руската влада бара начини како да влијае на Турците и нема да ги најде се додека Бугарија нема да се согласи со условите за мир што и ГИ поставуваат Србија и Грција. F усија заедно со другите држави можеше да не дозволи преминување на Турците зад Чаталџа и Булаир до завршувањето на Втората балканска војна. Мегутоа, Русија и државите ги пуштија Турците не само до Адријанопол туку и до Филипопол. Притисоците на Турција и Романија треба да ја принудат Бугарија да ги прифати грчко-ерпските услови и да го спречат уништувањето на сојузничката српско-грчко-црногорска армија на претстојната генерална битка по линијата Пирот-Крива Паланка- Кочани.

Името не е внесено во оригиналот.

Тоа ли е неутралноста на Русија во Втората балканска војна? Тоа ли е продолжувањето на освободителната мисија на Балканот? Но сега, по се што се случи, кој ке поверува во таквата приказна за „ослободителната" мисија?

Русија ослободуваше од Турците, Европа ги ослободуваше „ослободените" од Русија. И по :шршувањето на Втората балканска војна Русите ке си сплетат нови венци во триумфот на својата миротворна улога на Балканот; тие ке се прикажуваат како спасители на Бугарија ОД сигурна пропаст. Но дали е така? Нема ли Русија да си го припишува тоа што за Бугарија Ее го направи Европа? А напротив, Европа воопшто не е замешана во сите оние методи, со чија помош беше реализиран поразот на херојска Бугарија. Франција, без да го разгледува, ее потпишува под секој предлог на Русија и дури и во оние случаи, кога руската дипломатија смета дека за неа е незгодно да настапува со свои предлози, француската дипломатија ги всполнува барањата на Русија, прикажувајки ги руските предлози како свои. Англија не сака да се кара со Русија, плашејки се да не се распадне Тројниот договор и да не победи Тројниот сојуз. За невмешаноста на државите од последниов во организирањето од Русија на поразот на Бугарија не може да стане ни збор. Така Русија дејствува со полна піреа, не gaofaJKH никакви препреки во својата „ослободителна" мисија. Но зарем Европа нема да ја ослободи Бугарија од канџите на Русија, како што го направи тоа во 1878 г[одина] во Берлин?

16 - VII - [19]13

Интересно е да се спомене дека пред почетокот на Втората балканска војна грчкиот принц Никола[68] со политичка мисија го посети Царско Село. Наскоро по царскоселската аудненција на принцот Никола почна Втората балканска војна и нападот на грчката армија. Ако се додаде и тоа дека речиси истовремено со таа аудиенција (10 -VI - [19] 13) се одржа носното советување на претставниците на грчкиот и на ерпскиот генералштаб во Скопје, кс стане јасна врската мегу руската балканска политика и нападот на поранешните сојузници на Бугарија.

Интересно е и руското официјално соопштение за тоа дека не постојат никакви други договори мегу Русија и Австрија, освен единството на погледите во врека со неопходноста Турција да го запазува Лондонскиот договор за бугарско-турската граница по линијата Мидија-Енос.

Очигледно е дека на последната точка не инсистира само Русија, која во овој случај воопшто не дејствува алтруистички и во својство на „покровителка" на Словенството, туку затоа што Лондонскиот мир е мегународен договор и неговото непочитување би било шамар gа сиге големи држави, и пред се за Англија. Ако поведението на Русија спрема пор[анеш-ни re] балк[ански] сојузници не наидува на еднодушна осуда од Западна Европа, тоа е само Ватоа што Русија се потруди да ја претстави Бугарија како виновник што ги нарушува тугите прана. Барањето на Србите и на Грците да ја задржат Македонија на запад од Вардар, сиротивно на сојузничките договори, беше засновано на тоа што Бугарија во Тракија добиваше повеке отколку што предвидуваа сојузничките договори. Со преминувањето на последнава назад кај Турците очигледно отпага незапазувањето на отфрлените и уништени од нив сојузнички договори со Бугарија. Во интерес на своите клиенти, како и за да се избегнат префрлувањата од страна на зап[адното] јав[но] мислење за свесно понижување и намалување на Бугарија, Русија „заедно со другите држави" не смета за можно да го дозволи последново и ја осудува Турција за нејзиното нарушување на границата Мидија-Енос.

Кај словенофилските кругови постои следново тврдење: само сенката на големата словенска Русија претставува гаранција за постоење на словенските народи што се уште не се задушени од германизмот.

Ова тврдење не може да се примени на Бугарија и на Бугарите. Тука треба да се каже -само сенката на Западна Европа ги зачувала и ги чува Бугарија и Бугарите од руско поробување и од целосно бришење на Бугарија од картата на Европа.

17 - VII - [19]13

Бидејки желбите на петербуршките словенофили делумно го осветлуваат курсот на руската надворешна (балк[анска]) политика и ја објаснуваат причината за тешката положба на Бугарија, го наведувам текстот на телеграмата напишана од Башмаков: „Ние преживуваме период на невидени понижувања на Русија, можеби како последица на нашите сопствени чекори и грешки на Блискиот Исток.

Сега веке не станува збор за Србија и за широките потфати на словенската политика, тоа веке не е во ваша (на мин[истерот] за надв[орешни] работи) власт. Заштитете ја барем

последната подкрепа (романско-српско-грчко-црногорскиот сојуз?) на руската мок и руските интереси, зад која почнува опагањето на Русија како самостојна држава. Моралните ваговарања (sic!) се веке неумесни, ние сакаме да видиме јасна програма на дејства".

„На крајот, се предлагаат следниве мерки: истовремено заземање на протоците Босфор и Дарданели од руската црноморска флота; да се побара од Турција веднаш да ги врати

ите на линијата Енос-Мидија; да се покрене прашањето за регулирање на положбата на протоците; мирот треба да биде веднаш склучен врз основа на барањата што се поставени m Грција и од Србија; не може да стане ни збор за дозвола за пагање на Санпак.

Македонците побараа во оваа програма да биде вклучено и прашањето за автономш'а на Македонија, но беа одбиени. Македонците искажаа протест".

Се очекуваше генералната битка. - Војната покажа дека независноста на Бугарија е резултат на непомирливоста на интересите на Русија и на Европа на Балканот.

Положбата и ист[ориската] улога на царот Фердинанд потсетуваат на положбата и йогата на царот Самуил[69].

Псмањето роднински врски на царот Фердинанд им наштети нему и на Бугарија. Врските на неговите конкуренти се една од причините на нивниот дипломатски успех.

Улогата на Русија во последниве две војни потсетува на улогата на Русија во почетокот на владеењето на Николај I[70]. Но последново - заврши со поразот на Русија кај Севастопол. Може да се случи владеењето на императорот Николај Втори[71], кое й допушти на Русија ски нора! на Далечниот Исток, да заврши со конфликт на Русија и цела Зап[адна] Европа и со целосен пораз на Русија. Во секој случај, тенденцијата на Русија за хегемонија во Европа, 10 сегашното или идното владеење, може за неа да ја повтори судбината на Бугарија.

Европа е попаметна од Русија и разумот ке победи над грубата сила. За поразот на Русија, веројатно, е заинтересиран не само германскиот, туку и словенскиот свет, бидејки ослабувањето на Русија е гаранција за рамноправност на словенските народи, без што не може да има идентичност на словенските интереси.

Конфликтот на интересите на Бугарија и на Русија е конфликт на интересите на Зап[адна] Европа и на Русија, - на западното и јужното Словенство и Русија; конфликтот на бугарските национални интереси со рускиот империјализам го става на дневен ред прашањето за заштита на нац[ионалните] интереси на западнослов[енските] и јужнословенските народи од самоволието на рускиот империјализам; неопходно е да се воспостави рамнотежа на силите мегу рускиот народ, од една страна, и мегу другите словенски народи - од друга. Ако сито словенски народи земени заедно, освен рускиот народ, не се во состојба да ја обезбедат таа рамнотежа, тогаш тие, или повекето од нив, формирајки сојуз за заемна поддршка против Русија и против другите свои непријатели, треба да бараат поддршка кај народите од Западна Европа, кои се заедно со нив еднакво заинтересирани како за зачувување на националната самобитност на словенските народи, така и за зачувување на политичката рамнотежа мегу рускиот и другите словенски народи, мегу Неточна и Западна Европа.

Балканската политика на Русија за време на ова управување, изгледа, се стреми, од една страна, да му даде надворешен блесок на ова владеење и со тоа да го измие срамот на далекоисточниот пораз, како и на дипломатскиот пораз на Русија за време на Босанско-херцеговската анексиона криза, и како второ - да го оправда курсот на внатрешната политика од времето на свртувањето на политиката на Столипин[72] на страна на националната реакција". Со нови лажни успеси и со поразот на Бугарија се надеваат да ја одложат втората, пострашна револуција во Русија.

Но разгромот на малата, херојска, за ништо невиновна Бугарија, принесена како жртва на рускиот национализам, вечно ке ги потсетува, како рускиот, така и другите словенски и западни народи на одмазда за невино настраданите.

Ги читав весниците од 14 и 16 - VII. Особено важни новости нема, ако не се сметаат рвеступањата за крајното понижување на Бугарија, за новите „освојувања" на Грците, за нрететојниот раздор мегу Грција и Србија поради поделбата на пленот, за зачуденоста на руските дипломати поради се поголемото разгорување на апетитот на Грците, за реакциите

на Русија, Австрија и на Италија во Белград и во Атина за неопходноста од што поскоро схлучување мир и прекинување на воените дејства на првите две држави - во Константинопол ta оддалечување на Турците зад линијата Мидија-Енос; за незадоволството на Романците поради несогласувањето на Грците и на Србите да ги подзапрат воените дејства, и покрај телеграфскиот предлог на романскиот крал до српскиот и до грчкиот крал во врска со тоа; ѕа борбите на Бугарите на српско-грчкиот фронт што се случиле на 11, 12 и 15 јули.

• „Бугарскиот министер за надв[орешни] работи Генадиев во разговорот со новинарите изјавил дека смената на кабинетот на министрите била предизвикана од внатрешната политика. Владата е убедена дека Бугарија може да очекува реална поддршка, главно, од l'усііја. А пак Германија одбива да влијае на Турција".

Пр. Политиката на Германија е сосема природна и логична: Турција и Грција се весловенски држави, затоа нивното зајакнување и одговара на Германија во иста мера како и норазувањето и понижувањето на словенска Бугарија.

Жителите на Филипопол* се обрати] а до царот император преку телеграф со молба ѕа заштита од Турците.

Од Букурешт телеграфираат (СПТА)* : „Еден од бугарските делегати во разговорот со соработникот на весникот „Universul" изјавил: „Ние од се срце ви ја отстапуваме бараната територија, ви предлагаме пријателство и многу жалиме поради тврдоглавоста на поранешната влада. Русофилот Данев немаше слобода на дејствување. Нам ни е дадена инструкција да не бидеме тврдоглави, но тоа не значи дека треба да отстапиме пред претераните барања на Србите. Бугарија нема да склучи договор ако нејзините поранешни еојузници создаваат тешкотии во врска со прашањето за вракањето на територијата што повторно ја заседоа Турците".

Пр. Генадиев, жителите на Филипопол, бугарските делегати очекуваат и бараат поддршка од Русија и од се срце и ја отстапуваат на Романија бугарската територија. Зарем тоа не е понижување на Бугарија.Турците ги пљачкосуваат бугарските земји на север од поранешната турско-бугарска граница, а Русија дури сега прогледа дека Грците сакаат премногу. Кутрата Русија. Колку доцна гледа! Сите веке видоа што бараат Грците и Србите, а Русија дури сега прогледа.

• „Во руските дипломатски кругови изјавуваат дека однесувањето на Грција е мошне чудно: таа ја води по себе Србија и нејзините апетити растат секој ден.

Сега е јасно дека одолговлечувањето на преговорите во Ниш го организира Грција".

Пр. -Веројатно по поттик на Германија.

Одолговлечувањето на преговорите и отфрлувањето од Грција и од Србија на прсдлогот за примирје и се неопходни на Грција од една страна за да ја заземе целата крајбрежна долина на Тракија до железничката линија Константинопол-Солун заклучно, од друга - за Бугарија да не може да ги премести своите војски од грчко-српската граница Против Турците. Пустошењата на Турците на териториите во јужна Бугарија за време на водењето на преговорите за мир требаше да ги натераат Бугарите да бидат попопустливи во однос на Грција и Србија.

Русија не го гледа тоа и само и се чуди на упорноста на Грција. Но го гледаат тоа Италија и Австрија. На првата не и одговара претераното зајакнување на Грција на источниот дел на Средоземно Море како и во соседството со Албанија и Мала Азија. - На втората - зајакнувањето на Србија. Тие затоа испратија сериозни претставки до Атина и до Белград:

• „Петербуршките весници ги известуваат од Букурешт дека настапот на вветроунгарската дипломатија во Атина и во Белград се одржа во договор со рускиот Совет на министрите и дека Русија и Австрија решиле да не дозволуваат измена на Лондонскиот миронен договор во полза на Турција". - „Повторниот настап на Австрија и на Италија во Атина и во Белград ги тераат Србија и Грција да се воздржат од походот на Софија". - „Амбасадорите на балканските држави беа повикани во Министерството за надворешни работи (во Петербург), каде што им било укажано на неопходноста што поскоро да се склучи мирот, инаку големите држави сами ке преземеле мерки за прекинување на војната".

Пр. Очигледно, слични на последново биле и претставките на Австрија и на Италија

* Пловдив.

во Атина и во Белград, но Грците и Србите разумно го искористија тоа за самофалекње: „Тие нема да ја заземат Софија", замисли, колку е тоа лесно да се направи.

Сепак, се гледа дека руската дипломатија, макар и доцна, сепак се освести. Но руската јавност и печатот спијат и на соне го гледаат „големиот престиж на Русија на Балканот". Но никој не мисли да го заштити бугарскиот народ од подметнувањата што му ги цripишуваат Србите и Грците. Наместо словенска Русија, романска Франција со својата благородна душа се застапува за бугарската нација и армија:

• ПТА* од Софија телеграфираат: „Претставниците на француската колонија вспратија до органот на францускиот печат телеграма со протест против лажните соопшт енија од Атина и од Белград за поведението на бугарските војници". - „Француското училиште за момчиња, чии монаси-наставници помагаат ноке во станичните бараки да се ѕзеврзуваат ранетите, им ја даде на располагайте на ранетите свечената сала".

Пр. Русија испрати во Бугарија и во Србија санитарни одреди - на московската александровска општина на Црвениот крст во состав од 65 лица - во Бугарија; - на Петербуршкото словенско добротворно општество во Србија.

• Војната на Бугарија со Србија и со Грција продолжува, без секаков успех на главното боиште за последните. Но Бугарија, поразена од истовременото навлегување на Турците и Романците на нејзината територија, не може да го задржи брегот на Егејско Море, оддалечен Од нерините главни сили; Бугарите го напуштаат, а Грците го заземаат. Интересно е колку е корисно за Србија понатамошното продолжување на војната со Бугарија, која не им Ввозможува на Србите никакви територијални зголемувања, додека тие трпат огромни загуби од борбите со Бугарите; а Грците, користејки го тоа дека главната сила на Бугарите е насочена против Србите, заземаат се нови и нови бугарски територии.

Прашање е како Грците и Србите ке ги поделат мегу себе своите освојувања одземени од Бугарите. По тој повод „весниците (петербуршките) известуваат дека Грците и Србите веке ее тепаат за поделба на освоените територии. Во дипломатските кругови се плашат по еклучувањето мир со Бугарија да не почне грчко-ерпска војна".

• Мегутоа, односите мегу Романија и Бугарија, не без напори на австриската дипломанта, стануваат подобри и попријателски. Според вестите во весниците: „мегу Бугарија и Романија, според гласините, е склучен сојуз. По потпишувањето мир во Букурешт романските војски ке бидат преместени против Турција". - (ПТА од Виена телеграфираат: „Според информациите на „Politische Korrespondenz" неопределеното однесување на Грција и Србија кон барањето да прекинат воените дејства предизвикува незадоволство во Букурешт. Целта за заштита на рамнотежата на Балканот треба да се смета за постигната. Положбата добива карак гер како да се појавува задача за заштита на балканската рамнотежа против неумерените оарања на Грција и Србија. Романија нема да изјави готовност да учествува во отежнувањето на соетојбата на Бугарија со претерани услови за мир."

• Куцовласите-бегалци од Гевгелиски округ што пристигнаа во Софија се обрати ја до романскиот печат со отворено писмо, во кое, опишувајки ги грчките SВерСТВа во Македонија, молат за помош.

• Мегународната состојба и понатаму е крајно загрижувачка и навлегувањето на Русија во Ерменија неминовно ке повлече окупација на Новопазарскиот санџак од страна на Австрија.

Општо земено, положбата на Бугарија е крајно тешка, се зборува дури и за намерата да ее симне царот Фердинанд од престолот и да се избере на чело на Царството Бугарин (Гешов), што тешко дека ке ја подобри мегународната положба на земјата. Односот на Руепја спрема Бугарија како да се промени на подобро, но нема големи изгледи за достоинствен мир; Бугарија ке смета дека добила достоинствен мир ако успее, освен линијата Ннос-Мидија, да го добие крајбрежјето на Егејско Море од утоката на Марица до утоката на (груума, како и пограничната линија по текот на Струма.

Цела Македонија ке биде плен на Србија и на Грција, бидејки благонаклоноста на Русија енрема Бугарија не се простира до желбата да се води сметка за националните интереси на оугарскиот народ. Но во овие околности и таквиот мир може да се смета како приврсмеио радоволувачки. Што и да прави Русија, колку и да се обидува да ги помири со себе Бугарите, се ке биде залудно, зашто тоа што ке го добие Бугарија како последица на Втората балканска војпа ке биде резултат на напорите на австриската дипломатија и на неспротивставувањето на Русија на последниве. Но сломот на Бугарија, поделбата на Македонија мегу Србија и

* Петербуршка телеграфам агенција.

Грција и одземањето на бугарска Добруџа од страна на Романија ке останат како последица на рускиот империјализам.

18-VII- [19]13

Во печатот сегашната положба на Бугарија се изедначува со пораз. Оваа споредба е еосема правилна. Поразот навистина е целосен; но тој не се состой само во тоа дека Србите и Грците ги заседоа областите во Македонија, кои Бугарите ги одзедоа од Турците, што тие им направија штети на Бугарите за време на Втората балканска војна, што Романците аавлегоа на територијата на Бугарија и ја принудија од се срце да им ја отстапи Добруџа. Несреката е во тоа што војната му направи на бугарскиот народ огромна штета кај возрасното машко население.

Отсекаде, од најоддалечените краишта на светот, од руска Централна Азија, од сите држави на Северна Америка, Бугарите од Царството и македонските Бугари брзаа во татковината за борба со вековниот непријател и за ослободување на Македонија.

Многумина од нив загинаа, многумина беа осакатени во борбата со Турците. Но одненадеж се појави втората војна, не помалку жестока од првата, војна со поранешните сојузници. Бугарските резервисти и доброволци, изморени од осуммесечната тешка борба СО Турците, не беа демобилизирани туку беа префрлени од Чаталџа, Булаир и Адријанопол на западната граница на бугарското царство и во неточна Македонија за да учествуваат во војната со Грците, Србите и со Црногорците.

Бугарскиот војник и тука ја покажа истата самопожртвуваност како и против Турците. Гој. како и порано, пројави скромност и готовност да умре за интересите на татковината. Бугарите во првата војна со Турците го зачудија светот со својата храброст, а во втората -со сојузниците, тие пројавија зачудувачка присебност и дисциплинираност. Тие мирно умираа на споите борбени позиции на ерпско-грчкото боиште, знаејки дека нивните семејства трпат ужасна немаштија од долготрајната војна, дека нивните домакинства се распагаат исто како по земјотрес, нападот на Романците во северна Бугарија и навлегувањето на Турците во Тракија и јужна Бугарија нанесоа ужасни несреки. Знаејки го сето тоа, знаејки за подмолниот сојуз на сите соседи што го опкружуваат, насочен против Бугарија, за ранрабување на нејзиниот народен имот, на бугарската земја обилно натопена со бугарска кри и населена со Бугари, знаејки за рамнодушниот однос на Русија кон судбината на бугарскиот народ, кој во тешките моменти беше напуштен од сите, без пријатели, опкружен само со непријатели, - бугарскиот војник непоколебливо ја бранеше западната граница на државата, честопати преземајки бесни напади на своите подмолни и вероломни непријатели, Ванесувајки им огромни загуби. Голем беше подвигот на на бугарскиот војник во годината на тешките искушенија. Тешки беа загубите во таа втора херојска борба на бугарскиот народ.· Но вооружениот бугарски народ, возрасното население на Бугарија и на Македонија, кое отсекаде се слеваше под славните бугарски борбени знамиња, од ден на ден се повеке се топеше и сега, кога наскоро ке заврши оваа втора бугарска војна, можеби едвај половина од возрасното население на Бугарија ке се врати кај своите растурени семејства, истоштена, но жива и неосакатена. Другата половина од бугарските семејства, по двете бугарски војни во минатата и во оваа година или сосема ке остане без хранители, или пак наместо нив од војната ке добие инвалиди, на кои ке им биде потребна помош.

Поразот на Бугарија и на бугарскиот народ е ужасен, но во него нема срам. Бугарите ја изгубија својата Македонија, Добруџа, претрпеа огромни загуби во луге и материјални средства, го издржаа нападот на Турците, Романците во старите области на Бугарија и на Грците и Србите во деловите на Македонија ослободени од бугарскиот народ, но бугарскиот народ за сето време на двете војни остана единствен витешки народ на Балканот; тој ги надмина сите со својата морална големина.

Тој беше благороден витез во времето кога неговите соседи се покажаа како друмски разбојници. Бугарскиот народ, кога ке се соземе од несреката што го снајде како неизбежна последица на секоја војна, а особено на војни како што беа првата и втората бугарска војна, со гордост ке ги смета двете бугарски војни за најславни страници во новата бугарска историја. Тој водеше идеолошки војни за ослободување и обединување на бугарскиот народ; тој се покажа [достоен] на своите славни предци, кои не еднаш умираа во нерамна борба за идеалот за независност на бугарскиот народ.

Првата и втората бугарска војна со Турција и со поранешните сојузници, според својата упорност, своите жртви и тешките последици во многу нешто потсетуваат на вошите на

царот Самуил. Последниов не ги издржал жестокостите на Грците врз бугарските воени иробеници и кога ги видел, умрел од срцев удар. Положбата на царот Фердинанд не е полесна од положбата на царот Самуил. Тој издржа ужасни мигови, преживувајки, заедно со целиот сïој народ, тешки народни и воени искушенија. Доведени до очај, жителите на Софија речиси бараат царот Фердинанд и неговата династија да се откажат од престолот, замислувајки дека гој со тоа подобро ке ги заштитат народните интереси и дека промената на династијата кс биде добронамерно прифатена во Русија. Угодувајки им на петрбуршките словенофили на чело со Башмаков, софиските бунтовници забораваат дека рускиот императорски дом нема да дозволи промена на бугарската династија и нема да се понижи со признаваше на обичен Бугарин, на пр. на г. Гешев, за бугарски монарх.

Зарем тие во својот очај ке бараат понатамошни понижувања на бугарскиот народ, ке Еозволуваат понатамошно мешање на Русија во внатрешните работи на Бугарија. Зарем тис со втора промена на монархот и на династијата сакаат да ја вратат земјата во една од најжалните појави на старата бугарска историја - во честите промени на бугарските монарси по пат на народни револуции? Нека ја спаси Господ Бугарија од тоа не само сега, туку и за искони.

Во свеста на бугарскиот народ треба да се зацврсти убедувањето дека за државата е спасителна или уставна монархија со неприкосновеност на личноста на монархот и Веменливост на династијата, или пак република. Уставната монархија со изборно, а не наеледно престолонаследство претставува почеток на крајот на независноста на државата. Јасен пример претставува Полска. Бугарскиот народ треба да им остане верен на својата динаетија и на царот Фердинанд, кој стана жртва на одмаздата на „словенофилска" Русија поради тоа што тој сакал да биде независен цар на велика Бугарија. Пред бугарските војни истербуршките словенофили му ја припишуваа на царот Фердинанд желбата Бугарија да и ја потчини на Австрија, и затоа го мразеа. А кога се разјасни дека царот Фердинанд не само што не сака да биде ничиј вазал, туку и се стреми да и обезбеди на Бугарија примат на Балканот, и тогаш „словенофилите" не само што не ја прекинаа хајката против царот Фердинанд, но и на бугарскиот народ, туку и ја засилија. Царот Фердинанд е олицетворување на бугарскиот национален идеал, кој се состой во обединувањето на бугарскиот народ во една голема и сосема независна држава. Да се бара откажување од царот Фердинанд значи, но очај, да се откажува, да се отфрла бугарскиот национален идеал.

Не е ни чудно дека во тешките моменти што ги преживува бугарскиот народ, кој издржа 2 ужасно разурнувачки војни, народниот очај може да се пролее во вид на револуција која ке бара промена на династијата. Бугарската интелигенција би требало да го спречи народот да предизвика револуција и насилно менување на династијата, но таа со војните е доведена до дезорганизација и е лишена од поранешното влијание врз населението. Заедно со нсуспехот на бугарскиот ослободителен и обединителен национален идеал, кој го создаде бугарската интелигенција, последнава би можела во значителна мера да го изгуби својот авторитет во очите на населението, и со тоа една пречка помалку во спречувањето на револуцијата што се заканува. Надежта е само во бугарското офицерство и во армијата. Но дали во неа ке се запази дисциплината и по завршувањето на војната? Дали таа ке тргне да ги смирува немирите? Дали бугарското офицерство ке и биде верно на својата заклетва и нема ли и тоа да се занесе од очај?

Ке настапат тешки времиња за Бугарија и по ликвидирањето на втората бугарска војна. Но треба да се надеваме дека бугарскиот народ и од нив ке излезе чесно.

**19-VII-[19]13**

Вчерашниот весник (од 17 -VÏÏ) дава посмирувачки вести. Војната со Грците (борбите со Грците на 13-14.VII), според грчките вести, беше проследена со огромни загуби за нив на десното и на левото крило. Не се знае дали Кресненската Клисура премина во рацете на Грците и дали ја напуштиле Бугарите. За ерпските „успеси" ништо не се слушаше. Линијата Енос-Мидија Бугарија ке ја зачува, и последнава, сама или во сојуз со Романија, ке ги натера Турците да заминат од Адријанопол штом ке биде склучен мирот. Букурешкиот печат ги поздрави мировните делегати, а особено Венизелос и Пашик. Манифестациите на пријателство мегу Романија и Грција ке дејствуваат отрезнувачки на руските дипломати и империјалисти, бидејки и едните и другите не сметаат многу на стабилноста на романската надворешна политика и почнуваат сериозно да се плашат од зајакнувањето на Грција, која би можела да полага право на Дарданелите и Константинопол и да ги осуети руските планови за поседување на протоците. Во тој однос е интересна воведната статија на „Г[олосъ] М[осквы]" „Почеток

Нашиот разговор траеше околу 40 минути. Тој ме праша како лице што е надвор од бугарските партиски струи и оддалеку ги следи бугарските работи и руско-бугарските односи, какво с моето мислење за односот на Русија кон балканските работи. Тогаш јас му го одговорив следново:

„Русија, очигледно, им помага на сите Словени, мегу нив и на Бугарите, но таа има и свои сопствени интереси на Далечниот, Средниот и Блискиот Исток. Русија не ја одобрува турската политика и истребувањето и ослабувањето на Бугарите во Македонија, но поради македонските Бугари таа нема да и објави војна на Турција. Русија ке се бори со Турција само тогаш кога тоа ке го бараат руските интереси; Русија ке ја поддржи Бугарија тогаш кога бугарските и руските интереси ке се совпагаат. Во 1903 година рускиот конзул во Iiiiio ia Λ. А. Ростковски велеше дека тогаш нова војна на Русија со Турција би била многу нснонуларна во Русија. Но од тоа време Бугарите направија многу за да ги добијат симпатиите на Русија, а Турците - за да ги изгубат. Италијанско-турската војна ги удри руските трговци по џебовите поради затворањето на Дарданелите. Сега, ми се чини, и рускиот трговец, и засегнатото национално самољубие на Русите, благодарение на непријателскиот однос на младотурците спрема Русија, нова војна со Турција би била мошне популарна во Русија."

Г. Данев одговори дека сосема се согласува со мене и дека јас очигледно ги следам настаните и ги оценувам со разум, а не со чувство. „Кај нас", рече г. Данев, многу брзаат со остварувањето на националниот идеал, заборавајки дека другите народи со векови го реализирале својот национален идеал, а ние би сакале одеднаш."

При разделба г. Данев ми пожела понатамошна полезна работа за зближување на словенските народи и интереси, а јас, од своја страна, го замолив за што поскоро ослободување на Македонија, каде што би можеле ние, македонските Бугари сега раесеани по туги земји, да се вратиме за полза на татковината. „Ние имаме" - му реков јас - „само зборови и перо, додека вие располагате со топови и пушки".

Сета, приближно по повеке од една година, јас доагам до заклучок дека ладнокрвниот интерес и отсуството на противречности во интересите на Русија и Бугарија на Балканот даваат поволна почва за усогласување на целите на двете сродни земји и двата народи.

Сегашната втора бугарска војна, колку и да е тешка, беше пробен камен за цврстината на руско-бугарските односи. Таа ке послужи како коректив за понатамошните односи на Русија спрема балканските народи и држави. Покрај тоа, таа ке ја поврзе новата историја на Бугарија и бугарскиот народ со неговата средновековна судбина.

Зарем подвизите на кралот Константин „Дванаесетти" не се слични со подвизите на императорот Василиј II Бугароубиец[73] ? Бугарскиот народ треба да се потсети дека со истерувањето на Турците од Европа од неговата историја се избришани пет века ропство. Турчинот повеке не ги плаши Бугарите. Војната со него е завршена една засекогаш. Но вековната расправија со Грците заради бугарските територии на Балк[анскиот] Полуостров би требало да избувне веднаш по истерувагьето на Турците од Европа.

Втората бугарска војна со Грците и со Србите беше само првата врска на новата историја на Бугарите со нивната средновековна историја; таа војна беше само прво продолжение по петвековниот прекин на вековната борба на бугарскиот народ со Грците и со Србите за национално обединување на сите бугарски земји. Современите Бугари во двете бугарски војни се покажаа како достојни потомци на славните предци.

Интересно е да се забележи бугарската победа над Грците од 13-14 јули, за која во весникот од 18 јули има информации на Бугарската телеграфска агенција, кои соопштуваат дека Бугарите, одбивајки го нападот на Грците, поминаа во напад и ги натераа Грците да ги напуштат горните текови на р.Брегалница, рамнината на Пехчево, рамнината на Разлог и средниот тек на Места. Бугарите целосно ги прекинаа врските мегу грчката и српската армија. За истото од Атина беше објавено во весникот од 17 јуни (Тел. СПТА).

Атина. Военото министерство ја соопштува телеграмата на главниот штаб од 16 јули: по поразот од 13 јули Бугарите се повлекоа кон Цумаја и го продолжија повлекувањето кон север, каде што им се придружиле засилувања, мегу кои бил и првиот полк на царот Фердинанд. Откако добиле засилување, Бугарите се обиделе повторно да ги заземат изгубените позиции и сконцентрирале значителни сили од страна на десното крило на Грците, особено на североисток од Нумаја. Мегутоа, нападите на Бугарите биле одбиени. при што

потиснати. Борбата на десното крајно крило продолжувала во текот на целиот ден и завршила во нокта без одредени резултати. Грците претрпеле значителни загуби, но Бугарите уште поголеми. На 14 јули борбата завршила во корист на Грците. Во нокта Бугарите отстапиле. Грците се доближиле до Џумаја на растојание од 4 километри. Бугарите, отстапувајки, ја запалиле Џумаја. На левото крило, каде што Бугарите сконцентрирале значителни сили, борбата продолжува".

Така го прикажаа Грците својот пораз. Збрката во соопштенијата што заемно ја уништуваат смислата и неуверливоста на тонот во изнесувањето на грчката „победа", како и отсуството на извештаи за воениот плен, известувањето за огромните загуби на Грците и за „продолжувањето" на борбата јасно зборуваат за целосниот пораз на Грците на 13 и 14 јули. Можеби тоа е почеток на сериозен пресврт во втората бугарска војна, кој не може да не се одрази врз текот на мировните преговори и врз условите за склучување мир. Почесниот мир ке биде купен со пораз на грчката армија, а не со понижување на бугарскиот народ.

Весникот известува дека г. Данев опасно се разболел. Велат дека тој бил отруен. Ако се потврди веста за труењето, ке треба многу да жалиме за тоа што се случило. Данев не е виновен што во сегашните војни не се оправдаа очекувањата од Русија. Тој и самиот бил разочаран од Русија. Како и да е, Данев беше голем патриот и не ги жалеше своите сили за татковината и за својот народ. Ми рекоа дека тој разочаран се вратил

**VI.**

од Петербург, каде што бил за време на пагањето на Адријанопол. Ми се чини дека него и г. Бобчев[74] ги нишале делегатите кога се појавиле во зградата на Државната дума по добивањето на веста за заземањето на Адријанопол од Бугарите. Петербуршките високи сфери не беа задоволни од таквото покажување од делегатите на нивниот восхит поради пагањето на Адријанопол. Од своја страна, г. Данев по вракањето во Софија изјавил дека сега го сфака Стамболов и смета дека бил сосема во право во неговиот однос спрема Русија. Така размислуваше водачот на русофилите. Очигледно, за време на втората бугарска војна така размислуваат сите во Бугарија, зашто министерството на Радославов-Генадиев не наидува на никаква опозиција и има полна доверба од страна на поранешните русофил ски партии на г. Гешев и Данев.

Изјавите на г. Радославов и г.Генадиев за тоа дека Бугарија полага големи надежи на поддршка од Русија очигледно се оној данок на понижување пред Русија, без кој тешко може да се скрши руската опозиција во интерес на Бугарија за ликвидирање на балканската
криза.

Затоа насилната смрт на Данев би била излишно злосторство во времето кога целиот бугарски народ еднодушно води борба за посветла национална иднина.

**21-VII-[19] 13**

Вчера се навршија точно десет години од денот на познатото Илинденско востание во Македонија, главно во Битолскиот, а потоа во Адријанополскиот вилает. Три дена пред тоа, на 17 - VII, се навршија десет месеци од почнувањето на двете бугарски војни со Турците, Грците и со Србите.

На Илинденското македонско востание му претходеше десетгодишна претходна подготвителна борба на македонските Бугари со Турците. Илинденското востание ги
ј предизвика Мирцштегските реформи, а на Илинденското востание му претходеа други реформи, кои Бугарите ги нарекоа „стражарски" („падарски реформи"). Мирцштегските реформи, распространети на трите македонски вилаети: Скопски (Косовски), Битолски (Монастирски) и Солунски (Салоникски) воспоставуваа европска контрола врз трошењето на приходите од македонските вилаети, како врз активностите на турската жандармерија и администрација. На чело на турската македонска администрација стоел генерал-инспектор
што го назначувал султанот. Ген[ерал]-инспектор бил Хилми-паша[75].

Мирцштегските реформи не ги отстранија турските злоупотреби и не го смирија населението, затоа на средбата на царот император и англискиот крал Едвард VII[76] во Ревел, ми се чини во 1907 година*, беше изработена програма за нови реформи за Македонија, кои предлагаа за неа автономна управа под номинална власт на султанот, но со христијански

* Во 1908 год.

генерал-губернатор. Стравот од реализирањето на Ревелската програма ги натера Турците да почнат востание против Абдул Хамид[77]за воведување устав. Со турската револуција требало да се спречи понатамошното мешање на Европа во внатрешните работи на Турција и да се спречи воведување на автономија во Македонија. Во таа смиела таа имаше успеси, но со заминувањето на рускиот и австрискиот цивилен агент и на странските претставници во Финансиската контрола и на странските офицери, инструкторите на македонската жандармерија, положбата на христијаните стана полоша и македонските Бугари повторно го кренаа оружјето против своите вековни угнетувачи. Во оваа обновена борба со Турците месните Грци и Бугарите-гркомани беа на страната на Бугарите. Српските агитатори и Бугарите-србомани беа рамнодушни спрема обновената борба на Бугарите и дури или им пречеа или често се обидуваа да ја искористат тешката положба на македонските Бугари, кои беа прогонувани од Турците. Така во 1910 година за време на познатото „разоружување" на Бугарите во Македонија, Турците извршија нечуени злосторства врз Бугарите; тогаш српските агитатори одеја во бугарските села во Македонија и им предлагаа на Бугарите покровителство против Турците ако тие се прогласат за Срби. Така се создаваа српските интереси во Македонија. Така се создаваа правата на ерпскиот народ на оваа чисто бугарска земја. Методите на ерпската влада во целото време на дваесетгодишната национална борба на Бугарите со Турците за Македонија сосема одговараа на последното вероломство на сојузничкиот ерпско-бугарски договор: Бугарите ги скршија силите на Турците во Тракија, а Србите им пријдоа со нож под грло и со барање: или ке ни ја оставите Македонија или пак ние ке тргнеме против вас со цела коалиција. За чест на Бугарите, тие го прифатија фрлениот предизвик, и ако се случи привремено да ја изгубат Македонија, тие им покажаа на светот и на своите соседи-разбојници дека никакви жртви нема да ги спречат да ја обединат Македонија со другите бугарски земји.

Македонските востанија што им претходеа на двете бугарски војни со Турците, Грците и со Србите претставуваат исто така претходница кон последниве, како што беше бугарското црковно-национално движење кон последната Руско-турска војна.

Бугарското национално движење од шеесеттите и седумдесеттите години и Руско-турската војна од 1877-[18]78 г. претставуваат основа на целиот понатамошен триесетгодишен умствен и политички живот и ориентација на бугарскиот народ.

Исто значење за животот на бугарскиот народ во идниот половина век треба да имаат бугарското национално движење во Македонија и двете бугарски војни со сите балкански држави за ослободување на Македонија.

Бугарското национално движење од шеесеттите и седумдесеттите години, истакнувајки ја неточна Бугарија во прв план, на неа, на нејзината подалечна и поблиска историја го сконцентрира сето внимание на бугарската историска наука. Македонија претставуваше помал историски интерес. А сега бугарското национално движеше, како резултат на разбудената национална свест на македонските Бугари, несомнено треба тежиштето во бугарската историска наука да го пренесе од исток на запад, од Придунавска и Задбалканска Бугарија кон Македонија. Историјата на Македонија во целиот среден век, до турската инвазија на Балканскиот Полуостров заклучно и поновата историја на Македонија, се до нејзиното ново освојување од Србите и од Грците треба да го привлекува главното внимание на бугарската историска наука и националната свест на бугарскиот народ.

Понатамошните односи на Бугарија спрема Русија, Австрија, Англија и соседите исклучително треба да бидат основани врз можноста за усогласување на бугарските национални права на Македонија со нејзината мегународна положба. За благодарноста на Русија, која се појави како резултат на Руско-турската војна од 1877-[18]78 г., последните две бугарски војни не дозволуваат многу да се расправа, дотолку повеке што руските конзуларни агенти во Македонија во текот на последниве 35 години систематски водеа војна со бугарските интереси во Македонија, наместо нив, распространувајки ги таму српските интереси. Руско-бугарските интереси во иднина ке се регулираат исклучиво според понатамошниот однос на Русија кон бугарските интереси во Македонија, а особено според односот на Русија кон автономијата на бугарската црква во Македонија. Ако Русија ги натера Србија и Грција да ги почитуваат правата на автокефалната бугарска црква во Македонија, може да се зборува за заедничко чекорење на бугарската и на руската надворешна политика, инаку Бугарија и бугарскиот народ ке бидат принудени да бараат пријатели таму каде што може да ги најдат. А петербуршките словенофили „добротвори" на чело со г. Башмаков, кои ги наградија Србија и Грција со бугарска Македонија, ке треба да ги заборават своите

„морални лекции" на Бугарите. Таквите покровители на насилството и вероломството на Србите и на Грците и на ограбувањето на бугарскиот народ еднаш засекогаш го губат правото да зборуваат за „морално влијание" штом самите се прогласија за покровители на неморалноста.

Во „Г[олосъ] М[осквы]" од 18 - VI е објавена телеграмата на ПТА од Букурешт:

1. Романскиот крал ги примил во аудиенција прво Венизелос, потоа Тончев, Пашик и Вукотик[78].

2. На прашањето за можноста да се обнови сојузот во случај на успех на мировните преговори грчкиот премиер му рекол (на дописникот на ПТА): - За тоа ке треба да поминат неколку години за да се заборават насилствата извршени од Бугарите.

Во понатамошниот разговор Венизелос го засегнал прашањето за панславизмот и забележал дека сојузите треба да се склучуваат на поширока основа, така, на пр., врз база на православието, или уште подобро, врз база на христијанството.

Со Романија, - рекол понатаму Венизелос, - иако немаме сојуз, но правецот на нашата политика е паралелен.

Првата од овие две телеграми го покажува зближувањето на несловенските држави: Романија и Грција и преземањето од нив на раководната улога на Балканот. Тешко дека тоа го очекувале петербуршките „словенофили-добротвори" и Србија, која мечтаеше за преземање на раководната улога на Балканот. Србија, и покрај сета своја подмолност и покровителството на петербуршките „ослободители-добротвори", сепак остана само четврта држава на Балканот.

Втората телеграма е уште поинтересна од првата. Г. Венизелос зборува за бугарските насилства и рускиот весник воопшто не реагира на клеветите на словенска Бугарија и во заштита на православниот бугарски народ против грчките вверства, и покрај тоа што во истиот број има ваква телеграма на ПТА од Софија, насловена во „Г[олосъ] М[осквы]" со невин наслов „Ужаси на војната":

„Бугарската телеграфска агенција соопштува дека командантите на армиите испратија низа извештаи за ексцесите извршени од редовните грчки и српски војски, кои понекогаш дејствувале со муслиманските банди. Извештаите зборуваат за многубројни насилства и убиства на мирни жители. Се споменуваат бугарски изгорени села во многу окрузи. Во Килкишкиот* округ неговиот центар населен со Бугари бил сосема разурнат. Биле изгорени 25 села. Во Гевгелискиот округ биле изгорени 4 села, во Струмица - 7 села, во Демирхисарскиот округ - 7 села, во Неврокопскиот округ - 5 села, во Тиквешкиот - 10 села. Сите што не успеале да избегаат, загинале. Генералите известуваат за ужасни случаи на жестокост".

За московскиот империјалистички весник уништувањето на 58 бугарски села во Македонија е вистинска ситница и загуба само за Бугарите, а не за словенското дело. Впрочем, сега изгледа раскрстиле со словенската идеологија и загубите на Бугарите навистина се само бугарски, а не словенски загуби. Мегутоа, и руските интереси не добија многу од грчко-српските ексцеси. За тоа красноречиво зборува горенаведениот разговор на Венизелос со букурешкиот дописник на ПТА.

Зборувајки за панславизмот, Венизелос изјавил дека сојузите треба да се склучуваат на поширока основа, така, на пр., врз база на православието, или уште подобро, врз база на христијанството".

Дали разбрале руските „словенофили-добротвори" и руските „ослободители"-имиеријалисти што значат зборовите на Венизелос? Тие не само што ја отфрлуваат идејата за заемност на словенските интереси, туку и блискоста на интересите на православните народи. Венизелос вели дека се можни сојузи мегу христијанските народи воопшто, т. е. сојузи на православните народи со католичките и протестантските насочени против словенските и православните народи. Односно, г. Венизелос укажа на поширока основа на сојузите на Грција отколку таа на која тие биле основани во борбата со Турција и со Бугарија. Во иднина е можен сојуз мегу Грција и Романија од една и Тројниот сојуз, од друга страна, насочен против словенските држави, ако дојде до зближување мегу нив. Зарем тоа не е богат плод на руеко-српското предавство на словенска Бугарија.

Идната политика на Грција уште појасно е изразена во следниве зборови на г. Венизелос:

„Со Романија, иако немаме сојуз, но правецот на нашата политика е паралелен".

* Кукушки округ.

Односно, Романија и Грција треба да бидат менгеме, во кое треба да се задушуваат словенските држави - Бугарија и Србија. Русофилството на последниве може да предизвика присоединување на првите кон Тројниот сојуз.

Еве што може да се добие, и веројатно ке се добие од усилбите на руската дипломатија да создаде балкански сојуз насочен против Австрија: ке се создаде -несловенски романско-грчки сојуз, кој ке стане орудие на државите на Тројниот сојуз, истовремено насочено против Русија и балканските Словени. Можно е кон тој романско-грчки сојуз да се приклучи и Албанија. А тоа ке биде ужасен удар за руската политика на Балканот, а не само за нејзиниот престиж.

Кутрата Русија и кутрото Словенство што таа го „покровителствува"! Но можеби „колку е полошо, толку е подобро?". Австрија, очигледно, не дреми и ке ги искористи сите промашувања на руската дипломатија. Бугарија, очигледно, не треба да ги врзува своите интереси со држава што прави едно по друго промашување. Зближувајки се со Романија и со Австрија таа треба да ги обезбеди своите национални интереси во Македонија што е заземена од Србите, ако последниве нема да ги почитуваат националните права на Бугарите во Македонија и врз таа основа нема да бараат зближување со Бугарија.

Секако, најдобар исход на балканската криза би било доброволно создавање од Србија и од Бугарија автономна провинција Македонија, која би влегла како рамноправен член во сојузот на словенските држави на Балканскиот Полуостров, кој би се состоел од: Бугарија, Србија, Македонија и Црна Гора како противтежа на сојузот на несловенските држави: Романија, Грција и Албанија. Словенскиот балкански сојуз би бил посилен од несловенскиот сојуз, како според бројноста, така и поради централната положба што ја заземаат Словените на Полуостровот. Мегутоа, овој сојуз треба да се реализира без Русија и балканските Словени еднаш засекогаш треба да се ослободат од заштитата и од „моралните лекции" од која и да е страна. Тие треба да станат самостојни ковачи на сопствената срека.

Но реализацијата на овој сојуз зависи од Србија. Ако таа има далековидост и почит кон правата на бугарскиот народ во Македонија, ако Србија се согласи за автономија на Македонија, веднаш ке го добие на располагайте пристаништето на Егејско Море и на Балканот ке биде можна југнословенска федерација слична како Швајцарија.

Вечерта го читав весникот („Южный Край") од 20 - VII. Многу вознемирувачко и истовремено утешително. Германија, Англија и Франција, а м[ожеби] и Италија, се за тоа Турција да ја зачува Тракија на исток од Марица. Повекето големи држави се против морска демонстранта на сила против Турција и предлагаат само дипломатски и финансиски притисок на Портата, а тоа е исто како да й се признае на Турција Адријанополскиот вилает на исток од Марица. Меѓу Русија и нејзината сојузничка Франција исто така се појави второ несогласување во врека со прашањето на Кавала. Русија е за тоа Кавала да ја земе Бугарија, Франција е на страната на Грција.

Ако Адријанополскиот вилает на исток од Марица остане кај Турција, а Грција ги добие Драма, Кавала, Серез и јужна Македонија по линијата: Гевгелија, Лерин, Преспанско Езеро, Романија ісе ја добие од Бугарија линијата Тутракан-Балчик, при што романско-бугарската граница ке поминува 12 километри западно од Тутракан, а по должината на новата западна граница на Србија во Македонија ке израсне нова несловенска држава - Албанија, балканските словенски држави ке се најдат од сите страни стегнати со круг на непријателски несловенски држави. Така реагираше Европа на тоа што Србија не сакаше да го запази сојузничкиот договор со Бугарија и на тоа што Русија застана на страната на Бугарија. Поразот на Бугарија се покажа како пораз на целото јужно Словенство, пораз на словенската идеја. За жал, Русија и самата е виновна за тоа и поради нејзината недоверба кон Бугарите не платија само последниве.

Несогласувањата мегу Русија и Франција во врска со прашањето за истерувањето на Турците од Адријанополскиот вилает и за припадноста на Кавала јасно покажуваат колку несигурно и неискрено е пријателството на Франција спрема Русија. Мегутоа, Русија не успеа да ги искористи околностите за создавање голема Бугарија, која со 8-10-милионско население би можела да и ја замени Франција со нејзините 40 милиони.

Русија веројатно ја сфатила својата грешка и со самостоен настап ке се потруди да ја [неправи] својата грешка додека уште не е доцна. Токму во таа намера на Русија се состой суштината на моментот, кој, колку што е опасен и ризичен, толку е и неопходен за заштита на интересите на Русија и на Словенството на Балканот, како и за кревање на ниско паднатиот престиж на Русија во очите на Словените.

Од бугарска гледна точка, решението на Русија да истапи против Турците е многу важно: тоа ке ја покрие онаа огромна бездна што ја ископа мегу Русија и Бугарија втората бугарска војна. Помошта на Русија особено е важна сега, кога бугарската армија на грчките и на српските боишта е готова за победи.

Решителната политика на Русија може да и обезбеди на Бугарија победа како над Србија и Грција, така и над Турција. На македонското боиште се очекува решителната битка. Така „во Петербург се добиени информации дека, и покрај почнувањето во Букурешт на мировната конференција и склучувањето на примирјето, на боиштата на македонската територија и Србија, и Грција, и Бугарија продолжуваат да ги концентрираат војските, подготвувајки се за крупни борби". Склучено е само петдневно примирје.

За состојбата на бугарската армија постојат следниве вести на ПТА од Софија:

„На 17 јули Србите го нападнале Црн Врв на север од Дечан-Кладенец, но биле одбиени со големи загуби.

На грчкото боиште левото крило на Бугарите ја зазело линијата по планините Пирин во областа Разлог, со што целата диспозиција на Грците е ставена во критична положба. Состојбата на бугарската армија во моментот на појавувањето на грчките парламентарци била прекрасна.

На десното крило Бугарите ја држат долината Пехчево. Така во почетокот на примирјето елинската армија била опфатена од двете крила.

Во Кочанска облает Бугарите значително напреднале."

Од своја страна, од Белград „Српско биро" соопштува дека примирјето ја прекинало борбата по должината на целата линија од Видин на Дунав до Царево Село* на Брегалница. Српските војски го бомбардирале Видин, опседнат во нокта спроти 18 јули. Во следното претпладне командантот на Тимочката војска испратил во Видин парламентарци за да ги известат Бугарите дека почнало примирјето. Бугарите извршиле два неуспешни напади. По линијата Пирот-Власина, под Егри-Паланка**, Бугарите со сите свои сили нешто напреднале, но од огнот на ерпската артилерија биле принудени да се повлечат".

Од ова српско соопштение, кое не ги негира бугарските вести за состојбата на бугарската армија, се гледа дека во втората бугарска војна Србите не постигнале речиси никакви успеси. Бугарите ги задржале сите свои позиции во Македонија и дури ја пренеле војната на територијата на Србија - во Пирот-Власина. Само Видинскиот округ тие го зазеле на бугарската територија. Последното соопштение на „Српското биро" покажува дека иницијативата во успешни напади ја имаат Бугарите.

При таквата состојба и таквото расположение на бугарската армија помошта на Бугарите од страна на Русија може да има огромно морално значеше. Веке само веста за тоа дека „во Севастопол завршува забрзаното товарење на три пароброди со брашно и сено за бугарската армија" и дека „натоварена е и голема партија коњи" на мене, човек разочаран од насоката на руската политика, ми направи извонредно охрабрувачки впечаток.

Разбирливо е дека таквата вест влијаеше охрабрувачки не само на мене, туку ке влијае и на целиот бугарски народ, на целата бугарска армија, штом ке разберат за тоа. А другата вест - за решението на Русија да истапи против Турција?! Колку што ова ги охрабрува Бугарите, толку можноста за окупација од Австрија на Новопазарскиот санџак ке ја онерасположи Србија. Како резултат на тоа, можеби Бугарија ке успее и од втората војна да излезе достоинствено, како што направи и во првата војна.

22 - VII - [19]13

На 18 јули во Петербург се одржа седница на Советот на министрите, посветена на балканските проблеми, на која, како што пишуваат, било донесено мошне важно решение.

Турција привремено го затвори Босфор, поставувајки мини. Русија протестираше. Исто така пишуваа дека Турција го задржала во Константинопол рускиот оклопен брод „Ростислав".

Од 15 јули во Петербург инкогнито се наога Ив Евст. Гешев.

Во согласност со наредбата на Дирекцијата на полицијата, полицијата воведе надгледување на Бугарите и бугарските поданици што живеат во Петербург.

* Денешно Делчево. **

Крива Паланка.

Општо земено, политичкиот момент е поволен за Бугарија. Русија би требало да биде разочарана од Грција, која бара поддршка од Германија и дејствува во сојуз со Турција против Бугарите. Меѓу Србија и Грција постојат сериозни препирки и несогласувања: Србија нема да добие никакво ново зголемување како резултат на втората бугарска војна, додека пак се дадени огромни жртви. Надежите на Србите за излез на Егејско Море со помош на Грција и на штета на Бугарија се покажаа лажни; Грците ништо не им даваат на Србите, трудејќи се да им откинат на Бугарите колку што може повеќе. Големо значење за Србија има заканата на Австрија во случај на неуспех на мировната конференција во Букурешт да го заземе Санџак и да влезе во Србија. „Г[олосъ] М[осквы]" веќе навестува за можноста за неуспех на мировните преговори и за можноста за поделба на Србија меѓу Австрија и Бугарија. Романците се незадоволни од Србите и од Грците поради нивната желба да извлечат корист за сметка на Бугарија и во своја корист да ја нарушат политичката рамнотежа на Балканот; можеби тие не можат да им простат на Србите и на Грците за нивните ЅВерсТВа над Власите во Македонија.

Бугарија, очигледно, ќе умее да ја искористи создадената положба. Во Букурешт бугарската делегација заедно со романската одделно ја утврдуваат бугарско-романската граница и исто така одделно со српската и со грчката делегација ја изработува бугарско-српско-грчката граница. „Г[олосъ] М[осквы]" од 19 -VII прави претпоставка дека Бугарите ќе се потрудат да склучат посебни спогодби со Романија и со Србија за да си ги одврзат рацете за да ги истераат Грците од Македонија. Како и да е, но од бугарска страна не се забележува збунетост, царот Фердинанд не ни помислува да ја напушти Бугарија и ген. Савов не ни помислувал да пребегне во Ниш. Најверојатно кралот Константин наскоро ќе треба да ја напушти Македонија со Солун и да замине во Атина.

Рокот на петдневното примирје истекува на 23 - VII напладне.

**23-VII-[19] 13**

Весниците од 21 и од 22 -VII ќе ги прочитам по ручекот. Впрочем, тие сега не ми се интересни како порано. Јас сум мирен дека Бугарите ќе успеат да ја ликвидираат кризата под достојни услови и ќе ги истераат Грците, а можеби и Србите, од Македонија. М[ожеби] дури и автономијата на цела Македонија не е далеку. Јас сум мирен затоа што се забележува пресврт на подобро во бугарските работи, во односот на Русија спрема Бугарија, а исто така и затоа што јас го исполнив својот долг спрема Бугарија. На моите последни белешки до Мин[истерството] за надв[орешни] работи испратени оттука на 30 -VI и на 14 -VII им придавам извесно значење.

Сега почнувам да се занимавам со своите службени обврски, т. е. се занимавам со својата специјалност - географија и историја на Русија, бидејќи познавањето на мојата специјалност и совесното исполнување на службените обврски за мене не е помал долг отколку долгот пред мојата несреќна татковина - Македонија. Јас секогаш ја делев мојата работа меѓу Македонија и бугарските работи од една, и Русија и руските работи од друга страна: го издвојував мојот службен одмор за бугарските работи и за изучување на минатото и сегашноста на бугарскиот народ; а сега, кога бугарскиот народ ја пролева својата крв за остварување на националниот идеал, морам да го исполнам својот долг пред Русија, која ми укажа гостопримство и ми даде високо образование. Јас им се лутев на Русија, на руската дипломатија и на руските словенофили, како што се гледа од моите белешки за јули о. г., но сите грешат и руската дипломатија сигурно згрешила менувајќи ги своите односи спрема Бугарија и Бугарите и таа своја грешка ја видела и затоа сега Русија, а не некоја друга држава ќе ја преземе иницијативата за истерување на Турците од Адријанопол. Сметам дека руско-бугарските односи повторно ќе се средат и дека обединувањето на бугарскиот народ ќе биде во интерес на руската дипломатија.

Грешките на руската дипломатија на времето крајно ме нерасположија и јас помислував да ја напуштам Русија и да заминам во Бугарија, сметајќи дека е невозможно • да останам во служба на државата што ја сметам за виновник на несреќата на својата татковина. Но пресвртот во односите на Русија спрема балканските држави, кој ќе биде се поповолен за Бугарите, го прави за мене сосема возможно и воопшто непонижувачко спојувањето на мојот бугарски патриотизам со мојата словенска приврзаност кон Русија и со исполнувањето на одговорната обврска на воспитувач на руската младина во рускиот патриотски дух. Јас ќе ги направам сите напори совесно да го исполнам својот долг.

Моето мошне нарушено здравје од тешките службени услови во Одеса, од скромното наградување во минатата учебна година и од истовременото исполнување на службените

обврски и општествениот долг (учество во изборите во IV Државна дума како секретар на Одескиот оддел на Сојузот 17 Октомври) и од засилениот интерес кон бугарските војни со Турците, Србите и со Грците, со преминувањето на служба во Кишинев и особено со доагањето овде, во чиф[ликот] Климентово, многу се поправи.

Во Кишинев не можев да го дочекам „Од[есский] Листок", за да ги дознаам од него последните новости од Балк[анскиот] Полуостров и секое утро одев во редакциите на локалните весници и таму од примероците на „Друг" и „Бессарабской жизни", закачени на видовите, ги дознавав последните новости од Балканот. Таму исто така чувствував тивко Бунење во левото уво, кое станувaше постојано и се засилувaше по напорната работа. Од сунењето во ушите целата лева половина од главата како да ми беше одземена и при одење ја губев рамнотежата и морав да одам мошне внимателно за да не се нишам пред очите на лугето или да не го згазнам придружникот, ако некој ме придружувал при излегувањето од гимназијата. Доктор Тумаркин, кој ме прегледа, ми посоветува потполн одмор лете во борова шума. Јас допатував овде заедно со наставникот Н. И. Пилони, кај кого овде живее лете неговиот зет - шумар М. Ф. Туржански со семејството. За весници тука не се претплатив, бидејки сакав да го поминам летото по можност без тревожење. Мегутоа, Н. И. Пилони почна да ме снабдува со весници и јас повторно почнав да се возбудувам. Настојував да пишувам статии за весници или да заминам во Петербург или во Москва со истата цел; но делумно под влијание на жена ми, а делумно самиот се откажав од патувањето. Неколку (две) статии напишав, но не ги испратив по сопствена иницијатива. Двете белешки и водењето на на овие мемоари беа моја единствена реакција на настаните. Попатно, дејствувaше влијанието на „бањскиот" живот. Прекрасниот, лесен и сув воздух, целосната тишина, разнообразноста од убави, пленувачки пејсажи, одличните капења во р. Воскла, ловот на диви кози и добрата здрава храна го правеа своето и еден месец по доагањето тука не само јас, туку и целото мое семејство (жената и детето), многу забележливо за нас и за другите, си го поправивме здравјето. Моите нерви и самочувството станаа помирни и подобри. Сите забележливо се поправивме, станавме пополни, порозови; детето и жена ми престанаа да страдаат од запек и син ми порасна. Јас, откако доволно се натревожив од политичките настани, повторно се зафатив со читање на руската историја.

Такви се последиците од разумно проведениот распуст во природа.

Кај Н. И. Пилони во куката на Туржански ги читав „Южный Край" и „Голосъ Москвы" од 21 - VII. Од нив дознав за следниве интересни вести.

Приватна телеграма во „Г[олосъ] М[осквы]" од Атина известува за тоа дека Бугарите му нанеле сериозен пораз на центарот на грчката армија пред самото склучување на примирјето. Загубите на Грците: 25 топови и 5000 убиени. Грците биле принудени на повлекување, кое потсетувaше на хаотично бегство и само способноста на кралот Константин го спречи целосниот разгром на грчката армија. Утре цел осно ке ја препишам содржината на оваа интересна телеграма.

Гешев во Петербург посетува истакнати дејци, мегу нив претседателот на ПетерГбуршкото] слов[енско] добр[отворно] друш[тво] ген[ералот] Паренсов[79].

М. В. Родзјанко го посетил С. Д. Сазонов и водел со него едночасовен разговор за балканските работи; тој го посетил и Коковцев.

Бугарија е подготвена што поскоро да склучи мир со Романија, Србија и со Грција за да ја ослободи својата армија за дејства против Турција и за истерување на Турците зад линијата Енос-Мидија. Народното собрание во Софија изгласа воен кредит од 50 милряони] франци. Бугарските мировни делегати во Букурешт предложиле да се продолжи примирјето за уште 14 дена. Бугарија смета дека е претерано барањето на Србија границата да биде по текот на р[еката] Струма; таа исто така ја бара Кавала, што значи и Драма, Гумурпина*, Ксанти, а можеби дури и Серез. Барањето на Бугарија во Атина и во Белград го поддржуваат: Австрија, Италија и Русија. Франција се залага Кавала да йприпадне на Грција.

Австрискиот печат многу се залага за интересите на Бугарија. Рускиот империјалис-тички печат („Г[олосъ] М[осКВbij") зборува за „покајувањето" на Бугарите.

Империјалистичката политика на руските влијателни кругови особено релјефно е изразена во статијата во „Голосъ Москвы" „Адријанопол и ,компензациите'", која утре тука ке ја препишам целосно.

Тончев во Букурешт зборувал дека поделбата на Македонија нема да прстставува тешкотија. Секако: Бугарија е принудена дел од својата стара територија да и отстали на

* Денес Комотини, град во северна Грција.

Романија; Адријанопол и поголемиот дел од вилаетот повторно се заземени од Турците, кои треба да се истераат зад линијата Енос-Мидија и Бугарија уште нема да попушта во врска со прашањето за поделбата на Македонија. Во овој момент Бугарија треба да се стреми од нерините поранешни сојузници да ги добие: задолжително цела Тракија на исток од Струма и ее што е можно на запад од неа и бездруго таа треба да го исчисти од Турците пор[анешниот] Адријанополски вилает до линијата Енос-Мидија; а времето и околностите ке покажат по кој редослед ісе може да се реализира бугарскиот национален идеал. Очигледно, уште не дошло времето бугарскиот народ да го реши македонското прашање. На дневен ред истовремено беа одринското (адријанополското) и македонското прашање. Првото е решено задоволувачки, второто е одложено, но не е засекогаш изгубено за Бугарите, како што може да им се чини на „пријателите" на Србија. Историјата на бугарскиот народ во наше време оди по трагите на бугарската историја од XIV в., но нејзина предност е тоа што народот сега посвесно се однесува кон националното прашање отколку тогаш и второ, прототипот на сегашна Србија, Србија од XIV в. беше похуман и ги почитуваше народните права на македонските Бугари, со што Србија од XIV в. ја заслужуваше поддршката на бугарското население во Македонија. Спротивната политика на Србија од XX в. во однос на бугарското население во Македонија природно само ке и ја олесни улогата на Софија и на нејзината влада како обединувачи на бугарскиот народ.

Г. Гешев во Петербург го обвинуваше г. Данев поради незгодната положба што се создаде за Бугарија. Секако! Толку е лесно да му ја припишеш вината на друго лице! Но зошто неговото министерство не се согласи исконската бугарска територија доброволно да йја отстали на Романија, и Македонија - на Србија и на Грција? Затоа што бугарскиот народ немаше да му ја прости таквата постапка. Тоа што не можел да го направи г. Гешев, не треба да се бара од г. Данев. Друга работа е сега, кога на Бугарија се нафрлија Романија и Турција. Дури нападот на последниве две држави ја натерува Бугарија да признае дека е победена во херојска, но нерамна борба. Само неопходноста да се спаси Тракија ја натерува Бугарија привремено да ја жртвува Македонија, за која бугарскиот народ пролеваше толку крв во текот на 20-годишната борба со Турците и водеше две војни со Турците и со поранешните сојузници.

Бугарското население во Македонија, неговите национални права погазени од Србите и од Грците и крвта пролеана од Бугарите за Македонија ги чинат неоспорливи правата на бугарскиот народ на Македонија. Во сегашната тешка положба на Бугарија нема виновни и невини: сите го исполнија својот долг пред татковината како што умееле и можеле. Од политичка и од морална страна последиците се огромни. Сега го знаеме тоа што порано ни се чинеше неверојатно. Сега е јасно каков курс на бугарската надворешна политика посигурно води кон остварување на бугарскиот национален идеал. Тој ке биде остварен. Сега со сигурност може да се каже дека времето работи за Бугарија и за бугарскиот народ. I [о никако не треба да се бара зближување со Србија и да се потпира на лажливото и крајно подмол но словенофилство. Непријателите на Србите и на Грците се наши пријатели на која раса да и припагаат. Словенска Русија, нашата ослободителка, велат, ке се навреди; но нели не треба да се бара од Бугарите да се откажат од своите национални интереси само затоа што тие не се совпагаат со руските интереси. Ако на руското словенофилство не му се туги политичкиот интерес и интересите на рускиот народ и руската држава, зошто да се бара спротивното од Бугарите. Ако рускиот печат денес е полн со статии за прогонувањата на Русите во Галиција, како може да се бара од бугарскиот печат тој да се откаже од статии за нрогонувањата на Бугарите од Србите и од Грците во Македонија? Ако Русија мечтае да и ја одземе Галиција на Австрија, зошто на Бугарија и е забрането да мечтае дека ке им ја одземе Македонија на Србите и на Грците. А ние ке ја земеме Македонија; ке им ја вратиме на бугарскиот народ и на бугарската држава, само треба да се почека. Треба да им се дозволи на Бугарија и на Албанија да се одморат од двете претрпени војни, а потоа овие два најприродни сојузнички ке го остварат националниот принцип на Балканот. Ако сега руското и српското словенофилство дозволија бугарска јужна Македонија да премине во Грција, уште полесно може Бугарија да им ја отстали на Албанците и на албанската држава т. нар. Стара Србија, а фактички нова Албанија, т. е. целата територија на северозапад од Шар Планина и Скопска Црна Гора.

Сите сегашни освојувања на Србија со текот на времето ке станат сопственост на Бугарија и на Албанија. Истата судбина ги очекува и грчките освојувања во Македонија и во Епир. Само треба да им се дозволи на Бугарија и на Албанија да се соземат од последните војни. Тројниот сојуз, очигледно, нема да ги остави Бугарија и Албанија, како што сега ја создаде Албанија и ја заштити Бугарија. На Бугарија само и е неопходно да си ја гарантира слободата од страна на Романија и Турција, кои очигледно исто така ке се приклучат кон државите на Тројниот сојуз.

Светиот синод им дозволи да останат во Русија на бугарските митрополити - битолскиот и охридскиот, кои беа истерани од Србите од нивните епархии и пристигнаа во Русија преку Атина на (ми се чини руски) пароброд. Фала и за тоа. Очигледно, Светиот синод нема да се сети дека треба да ургира пред српската влада за нивно враќање во нивните епархии. И ова прашање веројатно ќе исплива на површина, но негови иницијатори се Бугарите и тоа ќе биде подоцна, кога ќе се склучи мирот и Турците ќе бидат истерани од Адријанопол и од Тракија. Се во свое време.

Нема опасност од европска војна. Русија нема да се оддели од европскиот концерт. Бугарија самата ќе ги истера Турците од Адријанопол и од Тракија.

Русија се плаши од војна, бидејќи може да биде напуштена дури и од Франција. Австрија е порешителна од Русија. Значењето на Русија во иднина може да биде уште помало, не само поради нејзината меѓународна изолираност, но и поради можноста за внатрешни компликации. Ако кон тоа се додаде можноста Австрија да ги привлече Романија и Турција на страната на Тројниот сојуз, јасно е дека бугарскиот национален идеал и разгромот на Србија ќе бидат можни само врз основа на пријателството на Бугарија со Албанија, Романија, Турција и Тројниот сојуз. За жал, Русија како политичка потпора го губи своето значење од втората бугарска војна. Ако нејзината улога за време на последната војна беше крајно жална, нејзината улога во иднина, очигледно, ќе биде уште помалку завидна. На руската дишгоматија не ѝ е судено да го предвиди ова, и уште помалку да му конкурира на толку сериозен сосед како Австрија. Или можеби Русија во иднина ќе се зближи со Германија? Но против кого? Против Австрија? Или против Турција? И едното и другото не одговара. Германија нема да дозволи разгром на Австрија од Русија, како и заземање од неа на Мала Азија. Очигледно, надежта на Русија на сојуз со Германија не е голема. Можеби петербуршките дипломати ќе се потрудат да го обноват сојузот со Австрија? Но против кого? Турција ја нема веќе во Европа, затоа не треба меѓусебно да се воздржуваат од посегнување по турските поседи во Европа. Руско-австриски сојуз против балканските Словени? Но таквиот сојуз и одговара само на Австрија. Тој и овозможува на Австрија да не се плаши од великосрпската идеја. Откаде и да погледнеш, меѓународната положба на Русија во блиска иднина е крајно незавидна, уште повеќе што внатрешната политика на Русија ја принудува да очекува нова револуција. Не успеаја да ја притиснат Финска, кога веќе се засилува борбата со малоруската литература. Националистичкиот притисок на покраините и на инородците, кон кои упорно се вбројуваат и љубителите на малоруската писменост, заедно со самоволието на администрацијата воопшто не може да не предизвика антивладино движење. Токму стравот од револуција ја тера руската влада да ги избегнува меѓународните компликации, особено тие, каде што Русија би се нашла изолирана. Господ знае колку би траела втората руска револуција и дали нема да ја искористат соседите за да ги разнесат руските провинции? Исто така не се знае дали нема да се потрудат истите соседи да ја предизвикаат револуцијата во Русија тогаш кога тоа ќе им биде најзгодно?

Бугарија треба да биде подготвена за тој момент за заедно со Албанија да им ја одземе на Грците и на Србите Македонија, отстапувајќи им ги на Албанците Епир и Ст[ара] Србија.

Исто така не може да не се одбележи веста за тоа дека Чесите и Унгарците што живеат во Софија, исто како и Французите, телеграфирале во чешките и во унгарските весници протести против припишуваните злосторства на Бугарите од страна на Србите и на Грците. Тие ги нарекуваат Бугарите хумани и покровители на слабите.

На крај, треба да се одбележи српската занесеност: тие не само што ги задржале на границата бугарските мировни делегати што патувале во Ниш, туку еден српски полковник на границата кај Босилеградска околија одбил да го признае склученото петдневно примирје, повикувајќи се на отсуство на наредби. Впрочем, за тоа можев и да не пишувам, зашто Србите се истакнаа со многу полоши постапки отколку споменатите.

**24јули1913г.**

Утрото е тмурно. Ловот пропадна. Времето не ти дава желба ни за читање, ни за прошетка; а јас уште сум под впечатокот на вчерашните „словенски" вести во „Голосъ Москвы".

На Лондонската конференција на амбасадорите се разгледувало прашањето за управувањето во Албанија, при што државите на Тројниот сојуз предлагале брз избор на кнез, а Тројниот договор предлагал избор по една година; се задржале на избор на кнез по шест месеци. Значи, по шест месеци, во почетокот на 1914 година, Албанија ќе има сопствен

кнез и холандски офицери како инструктори, бидејќи Шведска одбила да даде свои офицери. Италија се залага градот и округот Корча да преминат од Грција во Албанија, при што во врска со ова прашање, ако е неопходно, дури се подготвени да излезат од европскиот концерт и самостојно да го реализираат своето барање.

И тука, кај албанското прашање, руската дипломатија претрпе жесток пораз. Еве како таа, според зборовите на рускиот дипломатски претставник во Софија, кои ги кажа во разговорот со мене во почетокот на ноември минатата година, си ја претставуваше иднината на Албанија:

„Ние немаме ништо против автономијата на Албанија. Албанците се некултурни и разбојници; ќе им дадат еден кнез - по година-две ќе го убијат; ќе изберат друг, трет - ісе ги снајде истата судбина. Постојаната анархија во Албанија ќе им овозможи на соседите да го прскинат постоењето на оваа вештачка творевина на европската дипломати]а. Главно, сега не треба да се дозволува албанската држава да се шири: сите православни Албанци во јужна Албанија треба да поминат под власта на Грција, а значителен дел од Албанците-католици - под власта на Србија и на Црна Гора. Во составот на албанското кнежество треба да влезат само Албанците-муслимани и дел од Албанците-католици".

Така предвидуваше Русија, но инаку правеше Европа. Австрија се избори Скутари да влезе во Албанија, заштитувајќи ги нејзините граници против Србија и Црна Гора. Таа го предизвика интересот на Италија за јужна Албанија и Италија го зеде под свое покровителство определувањето на грчко-албанската граница. На тој начин беше реализирана голема Албанија. Споделувајќи ги погледите на руската дипломатија на албанското прашање, Србија, поддржана од Русија, реши да не го спазува сојузничкиот српско-бугарски договор не само затоа што сакаше да ја добие за себе окупираната од неа бугарска Македонија, туку и за да ја тргне Бугарија од очекуваното албанско наследство. Но и тука изгледа руско-српските очекувања нема да се оправдаат. Наместо албанското, може да биде ставено на дневен ред прашањето за српското наследство, за кое може да бидат заинтересирани Бугарија, Албанија и Австрија. Грчкото наследство исто така може да ги интересира Бугарија и Албанија.

Јас веќе ја споменав статијата „Адријанопол и ‚компензациите'", која ќе ја наведам подолу како пример за статија од империјалистички печат, која ја покажува насоката на руската политика во балканското прашање. Оваа статија од „Г[олосъ] М[осквы]" е цел осна потврда на погледите на г. Јаворски на руската балканска политика, кои ги искажа во неговата париска кореспонденција „Русија и Франција на Балканот", отпечатена во „Южный Край" и наведена погоре во овие мои забелешки.

И така органот на г[осподата] Гучкови смета дека ние, Бугарите, веќе сме се покајале за своите гревови, затоа треба да не поддржат против Турција и неумерените апетити на поранешните наши сојузници.

Еве, фала им на „Голосъ Москвы" и на г[осподата] Гучкови за грижата за нас. Тие се навистина по вторпат ослободители на Бугарите, по нивните предци што паднале кај Плевен. Меѓутоа, треба да се признае дека не само предците на г[осподата] Гучкови, Башмакови и Бобрински се тепале со Турците на ридовите околу Плевен и на планината Балкан. Веројатно таму имало и луѓе од друг ков, со други политички и просто без никакви политички убедувања, туку едноставно луѓе со човечко срце. И токму овие последниве, луѓето со „неоктомвриски" и „ненационалистички" погледи, кои секогаш преовладуваа во Русија, кои преовладуваа и за време на последната руско-турска војна, беа вистинските ослободители на Бугарија.

Нив ги оттргнаа од родните огништа, ги одведоа на Балканот и ги подметнаа на отстрел на турските гулиња, картечи и куршуми и бајонети; тие умираа безбројно и од пролеаната од нив руска крв израсна бугарската слобода. Таа израсна не затоа што инспираторите на оваа војна, „словенофилите" и реализаторите на словенофилскиот идеал, руските воени и цивилни чиновници многу мислеле за бугарската слобода, таа израсна од крвта пролеана на Балканот без точна сметка. Сакаа да создадат на Балканот втора Финска и да ги завладеат западните брегови на Црно и северните брегови на Егејско Море, а по желба на Европа испадна сосема друго. Се појави бугарската слобода, наспроти секакви очекувања.

Крвта на рускиот војник, пролеана на Балканот, со помош на европската дипломатија во Берлин, ја роди бугарската слобода. Но бугарски ослободители не се нарекуваат потомците на вистинските ослободители, туку тие што сакаа да ја искористат крвта на рускиот војник за империјалистички цели - Црно Море да се претвори во руско езеро.

Потомците на руските чиновници, земјопоседници и богатата буржоазија, кои во 1877-[18]78 г. располагаа со крвта на руските селани со определени планови и кои згрешија во своите намери за создавање заддунавска Финска, озлобени на Бугарите поради нивната политичка независност, им завидуваа поради нивните фантастични и чудесни културни успеси што ги постигнаа за само 35 години слободен живот, решија да ги научат на памет „вообразените" и „неблагодарни" Бугари. Тие сметаат дека руската дипломати] а доволно ги научи на памет, благословејки го разгромот на Бугарија од сите нејзини соседи и сега тие на чело со октјабрскиот „Голосъ Москвы" предлагаат да им се прости на доволно опаметените и „покајаните" Бугари. Колку е тоа великодушно! Колку е тоа навистина ослободителски!

Интересно е да се обрати внимание на значењето на зборот „ослободители" во руската стварност. Во Русија има два вида „ослободители".

VII.

Едните, не интересирајки се за словенските и другите туги народи, се стремат да постигнат ослободување на рускиот и нерускиот народ што живее во Русија од гнетот на чиновниците, земјопоседниците и крупните капиталисти. Родоначалници на таквите ослободители беа Болотников[80], Стенка Разин[81], Булавин[82], Пугачов[83], декабристите и најдобрите претставници на руската литература од XIX век. Кон нив спагаат и царот-ослободител и неговите соработници во ослободувањето на селаните од земјопоседниците и воведувањето на подобрувања во внатрешниот руски живот. Неофицијалните руски ослободители во повеќето случаи или загинале, како бунтовници, со насилна смрт, т. е. биле погубени или испратени на робијашка работа во Сибир или на север на Евр[опска] Русија, или тие за своите убедувања долги години лежеле во затворите или биле испратени во прогонство, или, на крај, морале до својата смрт да талкаат во странство и оттаму да влијаат на текот на настаните во својата голема татковина.

Но освен овој вид ослободители, од минатиот век во Русија има уште еден вид ослободители - на туги народи од туго ропство. Овие „ослободители" и „доброчинци" од вториот вид во Русија до ова владеење и до утврдувањето на Државната дума ги нарекуваа „словенофили" или „вистински руски луѓе". А сега, во „уставно" време во Русија ги нарекуваат „националисти", „октомвристи", „сојузници". Многумина од нив, освен овие прекари, го прифаќаат за себе и прекарот „словенофили".

Руските „словенофили" или руските „ослободители" од вториот вид сметаат дека не може да стане ни збор за ослободување на рускиот народ и рускиот селанец од административното самоволие и економскиот гнет на посилните општествени слоеви. Тие сметаат дека во Русија толку слободно се живее што треба Финците и сите јужни и западни Словени да се ослободат од нивното ропство и варварство и да се приклучат кон „руската слобода". Во 1877-[18]78 год. тие сакаа кон руската слобода да ги приклучат Бугарите, но Европа ги спречи. Сега се зафатија за Финска, на која исто така сакаат да и направат доОротворство. Понатаму, на ред е „ослободувањето" на Галиција, Буковина и Унгарска Русија, на кои рускиот „ослободителен" печат од вториот вид им посветува пламени статии со симпатии.

Руските „словенофилски ослободители", доживувајки срекни минути од големата, нечуена во светот слобода на рускиот народ, спремни се во секој момент да го оттргнат рускиот селанец и рускиот работник од неговата работа и да го поведат во војна, макар и против половина свет; и се со добротворна и ослободителна цел. Нивните претходници ја разурнаа Полска. Тие ја поразија Турција, ја научија на памет Бугарија, им направија добротворство на Србија, Грција и на Романија, а сега е на ред „ослободување" на народите на Австро-Унгарија. И сето тоа само затоа што рускиот селанец и работник, по нивно мислење, живеат подобро отколку селаните и работниците на сите други земји.

Бугарите треба да ги разликуваат овие два руски вида и претпазливо во нив да го најдат вистинскиот виновник за бугарската слобода, инаку Бугарија и бугарскиот народ ги очекуваат уште многу изненадувања од изобилството „ослободители" во голема Русија.

Од ослободителите од типот на г[осподата] Гучкови постелено се ослободи руската престолнина. Ако г[осподата] Гучкови не им се потребни на Москва и на рускиот народ, уште поиске не само што се бескорисни, но дури и штетни за Бугарија и за бугарскиот народ.

Посподата] Гучкови, Бобрински, Башмакови, Вергуни и сите други галамџии во 1910 година ја посетија Софија и бугарскиот народ ги прими како потомци на своите ослободители, сосема испуштајки од вид дека тие луѓе се столбови на самоволието и крепосништвото во Русија и дека меѓу руските гости во 1910 година Бугарија виде малку потомци и дејци, нивни вистински ослободители.

Ако некој руски човек би ги прочитал овие редови за руските „ослободители" од вториот тип, тој крајно би се зачудил од тонот на изразувањето на Бугаринот за Русите. Веднаш би се сетил за прочуената бугарска неблагодарност. Но рускиот читател не треба да испушта од вид дека се што е напишано досега му припага на перото ма македонскиот Бугарин, чија татковина го смени турското на српско и грчко ропство само благодарение на „милоста" на руските „ослободители" и „добротвори" од типот на г. Башмаков и к[омпанија].

Ја наведувам овде воведната статија од „Голосъ Москвы", за која споменав погоре.

„Москва, 21 јули.

**Адријанопол и „компензациите".**

Цела Европа едногласно призна дека со заземањето на Адријанопол Турција изврши акт на најбесрамен грабеж, безобразно погазувајки го Лондонскиот договор, кој тукушто го потпишала. По долги колебања, на оваа гледна точка застана дури и Берлин.

Понатамошното поведение на Турција - нејзиното навлегување на територијата на Бугарија е безумен по дрскоста предизвик, фрлен во лицето на цела Европа како одговор на нејзиното барање да се евакуира Тракија.

Останувајки сосема солидарна во врека со прашањето за недозволеноста на дрското игнорирање од Турција на категорично изразената волја на големите држави, сепак Европа досега на можеше да донесе дефинитивно решение за колективно дејствување на владата на Отоманската Империја.

Во принцип решената поморска демонстрација на обединетите европски флоти уште не е извршена и најверојатно, нема да биде реализирана. Но затоа стана јасно дека против Турција ке бидат преземени финансиски мерки. Прво Англија, а потоа Германија категорично и изјавија на Високата порта дека нема да и бидат издадени никакви кредити од банките до евакуацијата на Тракија.

Прашањето за окупацијата на Ерменија од војските на Русија засега официјално не беше разгледувано, но затоа беше определено дека Тројниот сојуз и дава на Русија право да дејствува на Портата со какви било мерки, се до истоварување на рускиот десантен корпус во Европска Русија*.

Чувствувајки ја својата позиција како крајно ризична и гледајки дека никако нема да може да го задржи Адријанопол без согласност на државите, Турција се труди да ги привлече на своја страна членовите на европскиот концерт, ветувајки им разни „концесии" за зачувување неутралност.

На Англија и го ветила островот Тасос кај влезот во Дарданелите и Египет; на Германија - концесии во Мала Азија; на Русија - отворање на протоците, исправање на кавкаската граница и економски гаранции во Анадолија.

Повеке од веројатно е дека овој пат европските држави ке успеат да ја зачуваат својата солидарност во врека со прашањето за евакуацијата на Тракија и дека обидот на Отоманската Империја со поткуп да го измени нивното гледиште на грубото нарушување на мегународното право извршено од Турција е осуден на пропаст.

Не е долично големите држави да се откажуваат од донесените решенија. Уште понедолично е Русија остро да го измени својот традиционален политички курс и да ја оттурнува од себе длабоко покајаната поради своите заблуди Бугарија поради митото што и го предложил големиот везир!

Но дали откажувањето на Русија од турскиот предлог е откажување од заштитата на своите животни интереси на Блискиот Исток?

Ние во нашиот весник веке го кажавме нашето мислеше по овој повод, и повторно категорично изјавуваме:

- Се разбира, не! Сега дојде најповолниот момент за дефинитивно решение на прашањето за протоците.

Но Русија не треба да ги добие клучевите од Босфор и Дарданелите, кои со право и припагаат, од рацете на Високата порта, не во вид на мито за предавство на идеалите, на кои Русија верно им служи од времето на Петар Велики[84]!

Протоците не ги затвори за нас Турција, која ние би можел е дефинитивно да ја поразиме во 1878 година, туку Англија, порано наша љубоморна блискоисточна соперничка, а сега наша природна сојузничка. Клучевите од протоците треба да бидат во рацете на државите

* Подвлечено во оогиналот. Се опнесува за Европска Тушша.

на Тројниот договор. Островот Тасос, кај влезот во Дарданелите - во рацете на Англија, Црно Море - апсолутно* во рацете на Русија.

Нашиот договор со Англија за отворањето на протоците е повеке од доволен. И не треба Босфор и Дарданелите да бидат отворени за Русија со долги и понижувачки преговори со азиската дипломатија, туку со поминување на Босфор во полна боева готовност на руската црноморска ескадра.

За „предлозите" на Турција не треба да се зборува сериозно. Тоа е традиционална политика на Азијците, која смета на бесконечно одлагање. Треба енергично да се дејствува, а не да се губи време на трговија со прекупци на Високата порта.

На Исток се признава само силата. И ако Русија го забави реализирањето на своите неодложни задачи - отворање на протоците на таен начин и заземање на Бајазит**. чие стратешко значење е неоспорно, тоа од Босфор до бреговите на Тихиот Океан ке се смета како беспорен знак на руска слабост."

Оставајки го коментарот за наведената статија за другпат, ке наведам овде некој други интересни информации од „Г[олосъ] М[осквы]" од истата дата за балканските проблеми.

Телеграма на дописникот на „Г[олосъ] М[осквы]" од Атина:

„Во доброинформираните кругови ја пренесуваат веста што ја крие власта, која е добиена од главниот штаб и која предизвика тука мачителен впечаток: пред самиот почеток на примирјето, поради заземањето од Бугарите на одлични стратешки позиции, на центарот на грчката армија му е нанесен жесток пораз, чиј резултат било хаотично повлекување на Грците, слично на бегство. Грчката армија од целосен пораз ја спасила само снаодливоста на кралот Константин, кој со огромна брзина, за заобиколување на непријателот, по едвај проодна месност успеал да префрли две дивизии со артилерија од левото крило. Грците загубиле 24 топови и ок[олу] 25 илјади убиени".

- Од Букурешт:

„По денешната размена на мислења со бугарските делегати, премиерите Пашик и Венизелос по телеграф им соопштиле на кралот Петар и кралот Константин дека сметаат оти е неопходно да ги намалат своите барања од Бугарија, инаку мировната конференција нема да има позитивни резултати."

- Од Софија ПТА:

„Бугарската телеграфска агенција соопштува дека, следејки го примерот на францускaта и на чешката колонија, унгарската колонија во Софија се обратила со протест кон унгарскиот печат по повод клеветничките напади на Бугарите, изјавувајки дека војната што се води речиси една година, не ја скрши земјата."

- Од Виена ПТА:

„Барањата на Србија и на Грција весниците ги нарекуваат неприфатливи за Бугарија (IL „Г[олосъ] М[осквы]" ги нарекувал умерени), а особено ги осудуваат претензиите на Грција на Кавала. „Neue Freie Presse" пишува: „Србија и Грција се лишени од правото на симпатиите што би ги предизвикала нивната согласност за великодушен и благороден компромис. „Neus Wiener Tageblot" пишува: 'Поделбата на Балканот тешко дека ке произлезе исклучително од правото на освојувањето. Во неа треба да најде одраз фактот дека Турција беше уништена, главно, од бугарската армија, но етнографскиот принцип не беше целосно реализиран'".

**25јули**

Односот на Русија и на Бугарија спрема преговорите за мир што се одвиваат во Букурешт е особено интересен. Односот на Австрија и на Тројниот сојуз воопшто е сосема определен. Тој се состои во можно засилување на Бугарија и нејзино зближување со Романија против Русија. За таа цел Тројниот сојуз во лицето на Австрија и Италија (Германија, слично како Русија во скутарското пралање***, не излегува во прв план и забележливо сосема не учествува во дипломатскиот притисок на Грција поради дворските врски и на Турција од политички мотиви) инсистира на зачувување на границата Мидија-Енос и врши дипломатски притисок на Грција и на Србија со цел да постигне што поскоро склучување со нив на Бугарија

* Подвлечено во оригиналот

** Подвлечено во оригиналот. Бајазит, град во Бајазитскиот санџак.

*** По името на градот Шкодра (Скутари, Скадар) во Албанија.

релативно достоинствен за неа мир и ослободување на бугарската армија за дејствување против Турците во Тракија. Австрискиот печат и јавното мислење еднодушно го поддржуваат стремежот на австриската дипломати]а.

Политиката на Бугарија исто така станува доста, ако не и сосема определена: попуштање во однос на Романија и зближување со неа за во иднина поради тоа што гежиштето на бугарските интереси не е во североисточна Бугарија, туку на нејзината западна граница; оставаше на целата бугарска армија на западниот борбен фронт до склучувањето на релативно достоинствен мир; попуштање на Бугарија во прашањето за поделбата на Македонија со задолжителен услов во Бугарија да влезе целата облает на исток од Струма до нејзината утока, како и целата територија мегу Струма и Брегалница; што поскоро склучување мир со Романија, Грција и со Србија за да се истераат со сопствени сили Турците од Тракија; коректен однос спрема Русија за да се скрши противењето на Тројниот договор за склучување мир врз погореизнесените основи; зачувување на армијата и грижлив однос спрема неа за да може таа да ја исполни својата задача за повторно истерување на Турците од Тракија.

Од таа гледна точка, станува разбирлива следнава телеграма на ПТА. и на дописникот на „Г[олосъ] М[осквы]" од 21 - VII:

- Од Софија ПТА:

„Радославов изјавил дека конференцијата во Букурешт го отвори патот кон мир и изразил надеж дека таа ке доведе кон успешни резултати."

В[иди] исто така телеграмата од Букурешт - стр. 149*.

Продолжение на истата телеграма:

„Според информациите од друг извор, утре Бугарите ке поднесат предлог за продолжување на рокот на примирјето за 14 дена". Сп[ореди] ја оваа информација со телегр[амата] од Атина на стр.149**, како и со телеграмите

Од Софија

1. „Собранието во првото разгледување прифати нов кредит за воени потреби во износ од 50 000 000 франци".

2. Турските SВерсТВа во Тракија продолжуваат, доведувајки го населението во очај. Сите населени места се запалени од бандите башибозуци и од Грците".

Бугарија очигледно брза да склучи мир за да го прекине понатамошното пустошење на Тракија од Турците и од Грците.

Сосема поинаква е руската политика. Како што е познато, Башмаков и другите петербуршки словенофили бараа брзо склучување на мирот под услови предложени од Србија и од Грција. Тие услови „Голосъ Москвы" од почетокот ги претставуваше како умерени и прифатливи за Бугарија.

Еве ги тие услови:

Букурешт. ПТА: „Српските и грчките делегати им ги предадоа на Бугарите своите услови. Грција бара гранична линија од Макра кон реките Кара-су и Струма до Гевгелија. Територијата што ја бара Грција ги содржи Серез, Драма, Кавала, Гумурцина и Ксанти. Згора на тоа, Грција бара надомест за воените трошоци како и автономни права за грчките училишта во Тракија. Србите ја бараат територијата до Струма."

Бугарите овие барања ги сметаат за претерани и имаат намера да одговорат на 20 јули. "

Спореди исто така телегр[ама] од Атина, стр. [72]

Односот на рускиот печат кон Бугарија и Грција се промени кога стана свесен дека Грција, која го завладеа целиот брег на Егејско Море вклучително до Макри, многу се доближува до протоците и до обновувањето на Византиската Империја. Од таа гледна точка неодамна „Г[олосъ] М[осквы]" во воведната статија се нафрли на Грција и застана на страната на Бугарија, исто така барајки и Србија да се откаже од неточна „чисто бугарска" Македонија. На ова гледиште, изгледа, застанала и руската влада. Но има и други причини за промената на руската политика спрема балканските држави. Таа мошне определено е изразена во горенаведената воведна статија на „Г[олосъ] М[осквы]" „Адријанопол и

* Види стр. 72.

** Види стр. 72.

„компензациите". Таму е кажано: „Уште повеке е недолично Русија остро да го менува својот традиционален политички курс и да ја оттурнува од себе* длабоко покајаната поради своите заблуди Бугарија** поради митото што и го предложил големиот везир".

Поради овие две причини, а особено поради желбата на Русија по можност да си обезбеди благодарност на Бугарија за услугите, руската дипломатија во лицето на С. Д. Сазонов, му кажала на Родзјанко, за време на едночасовниот разговор на последниве две лица за блискоисточните работи, дека „во овој момент Русија и големите држави се загрижени од поведението на Турција, како и од значителното ослабување на Бугарија, до кое ке дојде ако бидат задоволени сите барања на нејзините поранешни сојузници".

И затоа читаме во телеграмите на „Г[олосъ] М[осквы]".

Од Берлин:

„Според информациите од раководните кругови, Грција, под притисок на Русија, Австрија и Италија, реши да се откаже од Кавала во полза на Бугарија."

Од Петербург:

„Според информациите од руските дипломатски извори, руската дипломатија, заедно со Австрија и Италија, ги вложуваат сите усилби во Атина за да ги натераат Грците да бидат попопустливи. Францу ската дипломатија се уште се колеба да ја признае неопходноста да й ја отстали Кавала на Бугарија, со што, изгледа, се намалува влијанието на Русија врз Грција".

Таква е политиката на Русија во втората бугарска војна. Такви се нејзините мотиви. Нејзините тенденции најдобро се разјаснети во статиите „Русија и Франција на Балканот" и „Адријанопол и „компензациите", кои мегусебно се дополнуваат. Двете зборуваат за „традиционалниот политички курс" на руската блискоисточна политика, само со таа разлика што првата статија е поотворена, додека пак „Г[олосъ] М[осквы]" се труди да ја прикрие со смоквин лист.

Сега не може да не се каже дека резултатите од традиционалната руска блискоисточна политика за време на втората бугарска војна се покажаа навистина ништожни: Русија никого не го измами, таа никого не приврза кон себе и никакви постигнувања не направи и нема да направи. Романија и понатаму ке се стреми да ја заземе Бесарабија, која со нејзиното морско крајбрежје за неа е поважна од Трансилванија. Бугарија повеке од кога и да е ке биде воодушевена од решението да ги завладее Македонија и крајбрежјето на Мермерно Море. Турција и понатаму главната опасност за себе ке ја гледа во Русија. Англија никогаш нема да дозволи преминување на протоците во рацете на Русија и претворање на Црно Море во руско езеро. Австриските Словени ке се плашат од руската „традиционална" политика како од оган. А стратешкиот Бајазит сепак ке остане во рацете на Турција до општоевропската војна поради Азиска Турција, која Западна Европа со сите мерки ке ја поддржува заради зачувување на рамнотежата на Црно Море. А во случај на општоевропска војна, Русија може да биде уверена дека ниеден словенски народ, освен Србите, нема да застане на нејзина страна.

На исходот на преговорите на Бугарија со Грција и со Србија несомнено ке влијае и поддршката на Бугарија од страна на Романија, покрај готовноста на бугарската армија да им нанесе целосен пораз на Грците, а заедно со Романците и со Србите. Русија можеби сега ја наговара Романија да застане на страната на Бугарија. Но во своите односи кон Бугарија таа нема да се раководи само со руските совети, туку и со австриските и со сопствените интереси. Така, за враќањето на Кавала заедно со целата облает на исток од Струма Бугарија ке и биде обврзана не само на Русија, како што тоа во иднина ке го претстават руските „ослободители" од типот на Башмаков, но главно на следниве околности: 1) поразот на грчката армија спроти примирјето во Кресненската клисура; 2) готовноста на бугарската армија за нови победи над Грците; 3) дипломатската поддршка на Романија, благодарение на тоа што и е отстапена Добруца и на тоа што последнава не сака нарушување на политичката рамнотежа во полза на Грција и на Србија; 4) желбата на Романија мирно да владее во иднина во своите нови придобивки; 5) поддршката на Тројниот сојуз во лицето на Австрија и Италија.

Петербуршките словенофили, рускиот печат и руската дипломатија со својот однос сирема Бугарија за време на бугарските војни во минатата и во оваа година ги направија

* Подвлечено во оригиналот.

** Подвлечено во оригиналот.

разговорите за поддршка од Русија на Бугарија апсолутна и очигледна за секого бесмислица. Доагањето на г. Гешев во Петербург и дипломатската поддршка на бугарските барања за Кавала е неопходност на моментот што ништо не кажува. Првото - неопходна формалност на бугарското „покајување", а второто е аванс за воскреснување на неповратно изгубениот престиж на Русија во Бугарија. Исходот на на втората бугарска војна, очигледно, ги лишува не само господата Башмакови, туку и руската дипломатија од можноста да мечтаат за „морални советувања" во иднина. Очигледно, не вредат ни пара таквите „морални" советувања.

Мегутоа, за Бугарите втората бугарска војна претставува крупна победа и има огромно морално значење.

Букурешкиот мир, изгледа, нема да им даде на Србија и на Грција повеке од тоа на што тие претендирале пред втората војна. Според тоа, од втората војна Србија и Грција ништо не добија, а претрпеа огромни загуби. А го купија по цена на неверојатни напори тоа што го владееја пред втората војна. Од втората војна Бугарија нема да претрпи во Македонија речиси никакви територијални загуби; тие речиси целосно се сведуваат на Добруџа, која и е отстапена на Романија. Оваа отстапка, колку и да е тешка за Бугарија, е речиси неопходна од самиот почеток на војната. Руската дипломатија со голем труд спречи Бугарија да ја изгуби Добрупа, но таа: 1) не можеше да го ублажи незадоволството што го чувствуваа Романците поради нарушувањето на политичката рамнотежа на Балканот, а особено од зајакнувањето на Бугарија, и 2) за зачувувањето од Бугарија на Добруџа посака да ги награди своите protégé* - Србија и Грција, наспроти сојузничките договори што ги склучиле со Бугарија, со поделба мегу нив на Македонија.

Избувна втората бугарска војна. Романија ја заземе Добруџа, а Србија и Грција ја задржаа за себе Македонија, и дури и Турција повторно ја завладеа Тракија. Бугарија скапо плати за тоа што не сакаше доброволно да им ја отстали на Србите и на Грците Македонија. Ги изгуби и Македонија и Добруца. Но затоа, таа им даде на своите сонародници во Македонија, како и на целиот свет, доказ дека првата бугарска војна не се водеше за зголемување на територијата на Вугарија, туку за ослободување и за обединување на бугарскиот народ; првата војна Бугарите ја водеа како ослободителна, а не како освојувачка. Србите и Грците, не запазувајки ги своите сојузнички договори со Бугарија, ја претворија првата војна во освојувачка. Тие ја предизвикаа Бугарија на втората војна, која во очите на Бугарите исто така имаше ослободителен, а не освојувачки карактер. За време на втората бугарска војна нејзината главна цел - ослободување на Македонија од нејзините нови поробувачи не беше постигната, но Бугарите го исполнија својот национален долг пред Македонија, поднесувајки ја дури загубата на Добруџа и повторното освојување на Тракија од Турците.

Жртвите претрпени од бугарскиот народ за Македонија, напорите што беа вложени за нејзино ослободување и не беа овенчани со успех покажуваат колку битен дел од бугарскиот национелен организам претставува за Бугарите привремено изгубената Максдонија.Пролеаната за неа бугарска крв и жртвите поднесени од Бугарите уште појасно кс му покажат на секој Бугарин и на надворешниот свет колку е скапоцена за бугарскиот народ светата за секој Бугарин Македонија, која му беше одземена со лукавство и со нарушување на договорите од Србите и од Грците.

Такво е моралното значење на бугарските жртви и националните усилби за Македонија. Од поднесените жртви за Македонија, Бугарија е ослабена материјално, но е зајакната духовно и морално. Духовно-моралните и политичките последици од губењето на Македонија, кои целосно и коренито ја променија политиката на Бугарија во корист на зближувањето со Тројниот сојуз и со Англија, во блиска иднина ке се одразат со востановување на бугарските нрава и на бугарското влијание на таа исконски бугарска земја.

Војната на Бугарија на сите фронтови и со сите соседи, по херој ската и истоштувачка 8-мес[ечна] војна со Турците, ја издигна Бугарија на степен на најмокна држава на Балканот. Залудно Русија се трудеше да ја симне од таа позиција со помош на своите клиенти Србија, Грција и Романија, кон кои се приклучи и Турција. Бугарските војски и овој пат ја зачуваа борбената слава на бугарското оружје и со повторното истерување на Турците од Тракија само си додадоа нови победнички венци.

Бугарските војни од 1912-1913 год. ја ставаат Бугарија во ист ред со Прусија, која ја и )држа седумгодишната војна и Наполеоновските војни. Мегутоа Прусија, која толку многу претрпе, сега претставува обединителка на Германија и голема европска држава. Очигледно Бугарија, која издржа толку тешки воени кампањи, исто така има голема иднина на Балканот.

* Од protéger (φρ.) - покровителствувам.

Тоа е и морален плус на оваа кампања за Бугарија. Бугарија повеке отколку која било друга балканска држава стана неопходен член за политичка рамнотежа на Балканот. Таа повеке од која било друга држава на Балканскиот Полуостров ке се зема предвид од спротивставените големодржавни политички групации.

Бугарија со својата втора војна го исполни својот долг спрема Македонија. Се разбира, тоа не е последен долг. Загубата на Македонија за бугарскиот народ е мошне забележлива и Бугарите не можеа да се помират со неа. Сега многу Бугари се каат поради склучувањето на српско-бугарскиот сојуз насочен против Турција. Многу Бугари жалат поради тоа што бугарската влада не ја избегна војната и не се задоволи со автономија на Македонија под турско владеење. Но тоа е сега. Кога почна војната, сите беа уверени дека ке настапи светла иднина за бугарскиот народ и за целиот Балкански Полуостров.

Јас се секавам на моите разговори со Ив. Ев. Гешев, д-р Н. Бобчев[85] во првите денови на ноември минатата година во Софија, се секавам на статијата на д-р Панчев[86], директор на 111 Софиска гимназија за неопходноста да се зачува сојузот и поделбата на територии во согласност со претрпените загуби, се секавам на непријателскиот однос на чиновниците на воената цензура во Лозенград спрема идејата за автономија на Македонија, се секавам на воодушевувањето кое еден старец-резервист што служел на ст[аницата] Кабакча го искажуваше поради тоа што Бугарија стана голема држава, се секавам на увереноста со која г. Баласчев[87] на патот од Деде-Агач за Солун, на моето прашање чии ке бидат Солун, Воден*, Битола, Охрид, заземени од Грците и од Србите, со самоувереност што не дозволуваше противеше изјавуваше дека сето тоа ке биде бугарско; се секавам на мојот разговор со г. ЈБапчев[88], со началникот на штабот на артилеријата на I армија во Кади-Кој, кој забрани во негово присуство да се изговараат зборовите „автономија на Македонија", се секавам како во мензата на штабот на I армија исто таму, моето мислеше за тоа дека од бугарска гледна точка автономија на Македонија е подобра од нејзина поделба, дека е нодобро да се жртвуваат Добруџа и крајбрежјето на Мермерно Море, беа прифатени непријателски и мене ме сметаа речиси за руски агитатор, се секавам како во Солун при штабот на бугарските војски лекторот по француски јазик на Соф[искиот] универзитет, мој поранешен колега во Бугарската машка гимназија во Битола, г. Јаранов[89], ја означуваше идната граница мегу грчките и бугарските територии во Македонија.

И се се урна! Бугарија ја изгуби Македонија. Откај Турците, таа помина кај Србите и кај Грците. Поранешните пријатели и сојузници го ограбија бугарскиот народ, ја поробија бугарска Македонија. Бугарскиот народ болно ја почувствува раната што му беше нанесена! Тој беше изненаден од вероломството, а уште повеке од поведението на официјална Русија. Таа го погледна македонското прашање со очите на Србите и на Грците и ги презеде сите мерки за Македонија да им припадне ним, и дури да се ослабне и да се понижи слободна Бугарија, која се застапи за поробените македонски Бугари.

А рускиот народ не ни претпоставуваше за насилството врз бугарскиот народ, на кое му покровителствуваа „словенофилите" од типот на г. Башмаков.

Во седумдесеттите години од минатиот век, по долготрајна упорна борба на целиот бугарски народ со грчкото свештенство за богослужба на словенски јазик, бугарскиот народ успеа да се оддели од грчката и да создаде автокефална бугарска национална црква на чело со егзарх во Константинопол. На бугарскиот егзарх му биле потчинети епархиите во Бугарија и во Македонија. Со ослободувањето на Бугарија од Турците, во Софија бил основан бугарски синод, кој ја управувал бугарската црква во слободна Бугарија, но бугарскиот егзарх и понатаму се сметал за главар на целата бугарска црква. На егзархот директно му биле потчинети бугарските митрополити и архијерејските намесништва во Адријанополскиот вилает и во Македонија. Бугарската национална црква во Македонија била почитувана од Турците, кои се однесувале со исто внимание кон потребите на сите христијански цркви.

Националната свеет на мак[едонските] Бугари постојано се развиваше и се зацврстуваше. Во многу места каде што уште немало словенска богослужба, бугарските селани и грагани почнаа да бараат богослужба на словенски јазик и бидејки грчкото свештенство, кое во повекето случаи потекнувало од средината на месните македонски Бугари што се воспитувале во грчки училишта, не дозволувало да се врши богослужба во парохиските храмови на словенски, Бугарите се собирале за да слушаат словенска богослужба во привремени доградби слични на шупи што се нарекувале параклиси. По долги години богослужба во такви параклиси тие успевале мегу себе да соберат средства за изградба на свои свети храмови, широки, светли. Но повторно морало да помине многу време додека тие храмови ке се украселе.

* Денес Едеса, град во северна Грција.

**26 јули**

В [иди] погоре.

Така било во оние градови на јужна Македонија, кои, наог ајки се под посилното влијание на грчката јерархија, не зеле учество во борбата за создавање бугарска автокефална црква со словенска богослужба и дури во последните децении на минатиот век почнала да се буди во нацинална смиела.

Преродбата на националната свеет мегу Бугарите од јужна Македонија, сега заземена од Грците, течела интензивно, без оглед на упорното спротивставување на грчкото и погрченото бугарско месно свештенство, кое дејствувало според упатствата на грчките конзули во Македонија. Отпрвин турската влада, плашејки се повеке од Бугарите отколку од Грците, им помагала на последниве. Помошта на Турците се состоела во тоа што ако мнозинството во црковната општина сака словенска богослужба и се прогласува за Бугари по народност, турската [власт] го поддржувала грчкото свештенство и неговата малобројна паства за правото на црквата. Залудно мнозинството од црковната општина, селска или градска, се повикувало на тоа дека локалната црква е изградена со локални, а не со грчки средства, затоа би требало, според негово мислење, да му прилага на мнозинството од црковната општина, т. е. на Бугарите. Турците останувале на своето и во бугарско село од 100 двора доволно било пет семејства да се прогласат за Грци, црквата останувала нивна, а 95 семејства морале во текот на многу години да останат без сво] храм, се додека не си изградат параклис или храм. Се случувало и целата црковна општина, без исклучок, т. е. цели села или градски парохии да се прогласат за Бугари. (опак грчкото свештенство не им го отстапувало храмот, кој по барање на Грците бил запечатуван од турските власти и со години и десетици години останувал затворен за парохијаните-Бугари. Или пак, на крај, по долги напори Бугарите успевале да добијат свој храм Божји и да го отворат за словенска богослужба. И што се случувало? Во црквата немало словенски книги и бугарскиот свештеник повекето црковни обреди и богослужби морал да ги врши според грчки црковни книги, додека постепено грчките богосл[ужбени] книги не биле заменети со словенски.

Младотурската влада го изменила својот однос спрема црковното прашање. Во турскиот парламент поминал ваков закон: христијанските храмови во спорните црковни општини и ирипагаат на таа вероисповед, која претставува мнозинство во црковната општина. За малцинството турската влада се обврзува да одобри средства за изградба на храмови. До годавањето на овој закон Турците се труделе со административно воздејство во поголемиот дел од спорните општини да создадат грчко мнозинство за да му ги остават месните старински, широки и добро уредени храмови на грчкото свештенство. Но покрај тоа, Турците се погрижиле и за тоа во спорните села да остане партија која бара словенска богослужба. Турската влада го исполнила своето ветување и делумно со финансирање од турската влада, а делумно со собрани доброволни прилози во последните пет години биле изградени многу бугарски храмови, во многу места со мали размери, без сликарство и за време на војната со Турците делумно уште неосветени.

Такви биле напорите на бугарскиот народ и на бугарската автокефална црква за будење на бугарската национална свеет во јужна Македонија, насилно и измамнички освоена од Грците. Сопатник, а понекогаш и претходник на бугарската црква, додека уште не се успеало да се изгради храм Божји, било бугарското училиште.

Училиштето и црквата го просветувале бугарскиот народ во Македонија, раепространувајки кај него словенска национална свест. Војната со Турците и нивното истерување од Македонија ја влошиле положбата на македонските Бугари, така што новото ропетво ке биде не само политичко, туку и духовно.

Во Македонија заземена од српските војски црковното прашање одамна, уште пред ослободувањето на Бугарија, престанало да биде горливо. Средна, северна и неточна Македонија уште пред формирањето на Бугарската егзархија зеле учество во ошнтонационалната борба на бугарскиот народ со грчкото свештенство за создавање на Егзархијата. Таму повеке од четириесет години постоела и се зацвретувала бугарската автокефална црква, која ја понела на свој грб сета тежина на борбата за словенска богослужба.

Србите и Грците, кога се втурнале во Македонија, ги истерале оттаму бугарските митрополити, епископи и викарии, испоубиле многу бугарски свештеници, ги затвориле бугарските училишта и ги презеле бугарските цркви и манастири. Такви се загубите на бугарскиот народ. Загубата на Македонија претставуваше национален траур и бугарскиот народ не можел да не се обиде да ги истера од неа новите освојувачи.

Напорите овој пат не беа овенчани со успех. Романија и Турција, заедно со поранешните сојузници на Бугарија, ја нападнаа од сите страни, но Господ гледа и лугето признаваат дека силата е на страната на непријателите на Бугарите, но правдата е на страната на бугарскиот народ.

Ја приложувам овде статијата на харковскиот професор Н. Ф. Сумцов[90] - ..На јужнословенска тема"* („Южный Край" № 11534 од 24 -VII - [19] 13):

Оваа тема е толку тажна што немаш желба ниту да зборуваш, ниту да слушаш за неа; дури енепријатно да погледнеш во весниците поради Балканската војна, одвратно жестока и нелогична. Мегутоа, сакале-нејкеле, мораме да зборуваме за несрекната балканштина, зашто таа на сите и насекаде пага в очи, дури и во странски бањи, каде што најмалку се интересираат за политика. Печатениот збор, весникот, телеграмата во странство ги има на секој чекор, на масичките во ресторанот, на прозорците на книжарниците, и сега, на пример, насекаде е изложен бројот на „Berlinier] iHustr[ierte] Zeitung" со цртежшто прикажува бугарски воени заробеници во белградскиот затвор. Дури и ако бугарските владетели направиле грешки, не ги пресметале добро состојбите, бугарскиот народ за овие грешки трпи премногу жестока одмазда и заслужува длабоко жалење, особено ако се земе предвид интензивната културна работа што тој ја развил во последно време: основните и средните училишта постигнаа интензивен развој, по успешниот пример на покојниот професор на Харковскиот универзитет М. С. Дринов[91], првиот бугарски министер за народна просвета, се појавија многу просветни, селскостопански и економски установи и друштва; археологијата и етнографијата се издигнаа на висок степен на развиток во трудовите на бугарските научници Шишманов[92], Матов[93], Цонев[94], Златарски[95], Иванов[96], Арнаудов[97] и др.; се појавија низа важни научни изданија - „Сборн[ик] за народни умотворения", „Извест[ия] на Со-фийсфто] археологическо] друж[ество]. Сега овој умствен развиток е нарушен, и што е особено жално, нарушен е благодарение главно на соседниот словенски народ, кој го искористи ослабувањето на Бугарите по тешката турска војна, а уште се соедини со Грците, исконски непријатели на Бугарите, кои во старо време при поволен случај ги ослепувале со илјадници, во ново време на секој начин го истиснуваат бугарскиот јазик, бугарската црква и бугарското училиште, т. е. кои се стремат кон духовно ослепување на бугарскиот народ.

Без да се обединат интересите на Русите и на Бугарите, сепак не може да не се признае дека со политичкото и националното омаловажување на Бугарите во извесен степен се омаловажува и се навредува рускиот народ, кој им го овозможи на Србите и на Бугарите политичкото постоење, поднесувајки големи жртви во пари и во луге. Уште не е заборавено времето кога на чело на српската војска стоеја руските генерали Черњаев[98], Комаров[99], кога во редовите доброволци под Алексинац и Заечар се бореле многу претставници на руската прогресивна интелигенција, на пр. покојниот професор на Харковскиот универзитет Даневски[100]. Во Руско-турската војна, започната во интерес на Србите и на Бугарите, најмногу настрада 10-иот армиски корпус, кој се наогал напред и учествувал во главните борби и кој бил составен цел осно од борци родум од Харковската и од Полтавската губернија. Во локалните весници долго се печатеа списоци на убиените и на ранетите. Покрај воената сила, на Бугарија й беше дадена и духовна сила, напр, професорот Дринов, по род Бугарин, питомец на Московскиот универзитет, кој целиот свој век го проживеал со научен труд во Русија, професорот Драгоманов[101], Украинец, кој едно време предавал на Софискиот универзитет и извршил големо влијание на развојот на етнографијата во Бугарија. Културните врски се најсериозни и најцврсти. Не треба да се испушти од вид дека Бугарите во древни времиња му дадоа на рускиот народ големо богатство на писменоста, а во ново време - на крајот на изминатиот век самите ја усвоија од рускиот народ неговата наука, а особено литературата. И сега многу бугарски библиотеки се составени во поголем дел од руски писатели. Србите не треба да се фалат со своите победи. Според набљудувањата на такви сериозни научници како професорот Мурко[102] (во Грац), опагањето на српското творештво се забележува дури и во српската народна поезија, која според општото мислење е најголемото богатство на српскиот народ. Проф. Мурко неодамна лично ја пропатувал Босна и др. чисто српски места и во неодамна излезената брошура со лични набљудувања зборува за опагањето на српското народно творештво.

Идејата за словенско единство помина низ два стадиуми: во првата половина од минатиот век таа беше создадена врз православието, во втората половина - врз национализмот, а овие два столба се урнаа.

Словенските симпатии, религиозни и национални, доведоа до ослободителни војни со

* Подвлечено во оригиналот.

Турците. Тоа беа крстоносни походи од новото време, со таа разлика, мошне неповолна за рускиот народ, што старите крстоносни походи ги доведувале западните народи во контакт со важната во свое време византиска култура, ги запознавале со нивната литература и индустрија, а новите крстоносни походи ги разоткривале само турското варварство и неточната трулеж.

Религиозно-црковната гледна точка, која ги опфати и Грците, најјасно се изрази во Кримската војна. Напред одеше владата, по неа општеството. Во почетокот на Балканскиот сојуз царот Фердинанд се обиде да ја оживее оваа археолошка гледна точка, прозборе за борбата на кретот со полумесечината, а Турците, од своја страна, се сетија на земското знаме на пророкот, но ништо од тоа не излезе, и ако полумесечината повторно исплива над Јадранот, како нова месечина, не и помогнало зеленото знаме туку внатрешните расправии на сојузниците, кои наскоро заборавија за кретот и полумесечината и, без оглед на истата вера, толку силно се фатија мегусебно за коса што тешко е да ги раздвоиш. Како и да е, религиозната гледна точка претрпе целосен крах.

Не заврши подобро ни нациолната, која во 70-те години за време на Руско-турската во]на беше основа не само кај владата, туку главно кај самото општество, кое овој пат одеше пред владата и во страсниот занес со Словенството ја повлече и владата.

Сега е тешко дури и да се замисли каква раздвиженост беше тогаш - поток од дарежливи прилози, илјадници доброволци на чело со воените генерали итн. Со текот на времето, малку по малку, настапи големо заладување под влијание на многу причини, јужнословенски и руски. Берлинскиот договор беше веке големо ведро со вода; потоа во Србија почна кафе-шантанската милановштина*, во Бугарија стамболовштина заснована на етап, во Русија разни внатрешни немири, национални несогласувања, оживување на духот на насилство и опскурантизам; идејата за словенско единство се распара по сите шавови; последните настани - Балканскиот сојуз, војната - предизвикуваат само чувство на страв рускиот народ да не се најде во тркалото на цела оваа одвратна историја, и сега се моли рускиот народ - да го одмине оваа чаша, и вели - да ме чува Господ од нови дејства, да се случи чудо и руските дипломатски ноти да пролеат светено масло на мирот без учество на топови."

Така пишува просветениот проф. Сумцов, веројатно не сомневајки се дека рускиот народ навистина нема врска со „целата оваа одвратна словенска историја", но дека руското општество во лицето на „октомвристите", националистите и десничарите дури и премногу има врска со неа. Доказ:телеграмата на Башмаков до Сазонов, говорот на грофот Бобрински во Думата за време на дискусиите за буџетот на Мин[истерството] за надв[орешни] работи и тонот на десничарскиот печат спрема Бугарија за време на втората бугарска војна („Россия" „Голосъ Москвы" и др.). Проф. Сумцов исто така не се сомнева дека веке „се случи чудо со руските дипломатски ноти" и „тие го пролеаја светеното масло на мирот без учество на топови", туку со насочување на Романија кон Бугарија напомош на нејзините поранешни сојузници.

VIII.

Интересно е да се одбележи воведната статија на „Голосъ Москвы" од 23 јули 1913 г|одина], во која се зборува дека Русија нема да дозволи претерано зајакнување на Грција за сметка на Бугарија, слично како што Австрија нема да дозволи претерано зајакнување на Србија. „Г[олосъ] М[осквы]" вели дека Грците би го зазеле и останатиот дел од Тракија со Адријанопол и Лозенград, ако не ја освоеле Турците и дека за Грците е поповолно во Тракија да останат Турците отколку Бугарите; од нив е полесно да се одземе Тракија и да се стигне до Константинопол отколку од Бугарите. ,,Г[олосъ] М[осквы]" изјавува дека уште пред почетокот на втората бугарска војна во Петербург многумина го поддржувале преминувањето на Солун во рацете на Бугарите. „Г[олосъ] М[осквы]" им препорачува умереност на ерпските и на грчките делегати во Букурешт за дипломатијата на големите држави да не го скине на парчиња Букурешкиот договор. Во споменатата воведна статија е наведена пожелната западна граница за Бугарија: по должината на Брегалница и Вардар до Гевгелија и оттука по должината на железничката линија Константинопол-Солун кон морскиот брег кај Кавала, која треба да и припадне на Бугарија. Струмица, Штип, Кочани -треба да бидат бугарски.

Такви се барањата на „Г[олосъ] М[осквы]", но, како што е погоре наведено, во статијата како аргументи фигурираат исклучително доказите на рускиот империјализам; ни капка словенофилски побуди, ни почитување на националниот принцип, а во исто време

* По името на ерпскиот крал Милан.

овој весник се расфрла со трогателни статии во врека со „Несреката на Галичка Русија", под истиот наслов. „Г[олосъ] М[осквы]" си го усвой погледот на надворешната политика на А. И. Гучков. Во Лозенград јас му велев дека автономијата на Македонија е подобра од нејчината поделба мегу сојузниците. Но ако сепак се изврши поделбата, ние, Македонците, кога ке се решава ерпекото прашање, ке ги побараме назад деловите на Македонија што им се доделени. А. И. Гучков изјави дека поради застареност Бугарите треба да ги заборават своите права на деловите на Македонија што и се отстапени на Србија и да се откажат од нив, како што се случи со Ниш, Врање и Пирот. Тој дури изјави дека во политиката не го земаат предвид етнографскиот принцип.

Од односот на „Г[олосъ] М[осквы]" спрема балканските настани и Втората балканска војна може да се заклучи дека А. И. Гучков смета дека дипломатијата не само што не води сметка за етнографскиот принцип, туку ни за принципот на словенска заемност и дека словенската идеја во очите на руските политичари и дипломати се празни зборови или пак средство за влијание на Русија врз другите словенски народи и држави во интерес на руската држава. Ако овој заклучок е точен, ке треба да жалиме што Москва не го избрала А. И. Гучков во IV Државна дума. Тој таму би направил помалку штета отколку во Бугарија во својство на ополномоштен [претставник] на рускиот Црвен крет и „око" на г. Сазонов на боиштата. Инаку, покрај неговите заслуги во внатрешната политика на Русија што се состоеја во зацврстувањето на столипинштината во Русија во форма на „конститу-ционализам", на А. И. Гучков треба да му се припише и не помала заслуга во надворешната политика, која се состой во разгромот на Бугарија. Или пак во овој случај А. И. Гучков само му ја олесни задачата на рускиот словенофил, по потекло Германец, Николај Генрихович Гартвиг? Во секој случај, јас забележав кај Некљудов голема промена мегу мојот прв и втор разговор со него. Впрочем, и г. Некљудов никогаш не ги имал симпатиите на Бугарите. Тој ми остави впечаток повеке на руски жандарм отколку на руски дипломат.

Телеграмата од Софија од 22 - VII соопштува дека грчката армија го искористила примирјето за повлекување на југ до Кресненската клисура поради тоа што се нашле опкружени со железен обрач на бугарската армија.

Го читав харковскиот весник „Утро" од 25 јули со телеграми на ПТА од 24 јули. Телеграмата од Букурешт известува дека мирот е склучен*. На мировната конференции ВО Букурешт нејзиниот претседател Мајореску[103] ја објавил нотата на владата на Соединетите Држави, во која се изразува желба во Букурешкиот мировен договор да биде вклучено решение за давање на населението на присоединетите области полна слобода на граѓански и религиозни права. Мајореску одговорил дека слободата веке им е овозможена со постојните закони во сите односни држави. Водачите на сите делегации се согласиле дека вклучување на посебно решение во договорот е излишно.

Исто така е интересно дека на истата седница на мировната конференција, откако бил прочитан и потпишан записникот од претходната седница, Венизелос ја објавил телеграмата на кралот Константин, која соопштувала дека бугарскиот воен преговарач им изјавил на грчките истурени единици дека е можно денес да ги обноват воените дејства. Тончев и Фичев"[14] изјавиле дека тие ништо не знаат за тој факт, кој може да се објасни како грешка или како неточно пренесување на часот, од кој треба да почне новото примирје. - Оваа вест можеби ја објаснува согласноста на Грците за склучување на мирот во истиот ден, иако склучувањето на мирот се очекувало најрано во следниот ден, како што се гледа од обраќањето на Мајореску кон мировните делегати со повик да ги завршат мегусебните преговори, зашто крајно е неопходно од утрешниот ден конференцијата да помине на разгледување на конкретни прашања. Времето што останува до завршувањето на иримирЈето не дозголува повеке да се одложува решението." „Следната седница е утре во 4 часот попладне" - завршува телеграмата, а во истиот ден доцна ноке друга телеграма известува дека мирот е склучен.

Од демантирањето од страна на бугарскиот главен штаб на официјалното грчко соопштение за резултатите на кампањата произлегува дека истерувањето на грчката армија од Мехомија, Неврокоп и Пехчево од страна на бугарската Втора армија, која ги стави Грците во тешка положба, ги чатерало да бараат примирје. И така, Грците и Србите, кои бараа продолжување на воените дејства за време на водењето на мировните преговори, први замолија за 5-дневно примирје. Познато е дека и Србите и Грците го одбија бугарскиот предлог за примирје што бил упатен со посредство на романскиот крал. Грција, која прва замоли за примирје, очигледно со тоа го призна својот пораз. Перспективата за нови порази очигледно ги натерала Грците да направат отстапки.

* Подвлечено во оригиналот.

Второто соопштение од Софија известува за изборот на големиот собир на македонските бегалци, со учество на претставници од високите слоеви на бугарското население на Македонија што се спасиле од српските и од грчките прогонувања - Комитет, на кој му било наложено да воспостави врски со муслиманските, еврејските и влашките организации за со заеднички напори во Македонија да се воспостави автономен режим што ке гарантира слободен развој на сите националности во оваа провинција. За таа цел наскоро во странство ке замине специјална македонска делегација.

Интересно е дали митингот и изборот на Комитетот и делегацијата немаат врека со советите на една или на неколку странски држави, на пр. Австрија или Русија, или на двете заедно? Треба да се обидам да ја поддржам делегацијата со нови обракања до Саблер[105], Наришкин[106] и Сазонов, иако јас веке многу пати сум пишувал за автономијата.

Треба да се истакне непријателскиот однос на Франција спрема Бугарија, кој се одрази во поддршката на Грција по прашањето за Кавала, што за мене не е сосема разбирливо, како и во поддршката на Турција по прашањето за Адријанопол и Тракија, што се објаснува со задолженоста на Турција кон Франција.

На дописникот на „Die Zeit" еден истакнат француски дипломат му соопштил: „Ние, според можностите, се трудиме да ја задржиме Русија од опасниот пат по кој таа сака да оди. Руско-турската војна би барала значителни руски сили и би го ослабела нашиот сојузник. Во таа игра ние ништо не би кариле, но многу би можеле да изгубиме. Бугарите можат и индивидуално повторно да го освојат Адријанопол ако го посакаат тоа; овој град тие го изгубија благодарение на своите сопетвени грешки. Да се надеваме дека ни Европа, ни Романија, ни другите балкански држави нема да ги извадат своите сабји поради толку сомнителна работа".

Францускиот дипломат би се изразил попрецизно ако би кажал дека Франција, по сила на тајниот договор, нема да й дозволи на Русија да го постави на дневен ред прашањето за протоците, и затоа ја спречува Русија да настапи. А што се однесува на повторното освојување на Тракија од Бугарите, независно од Европа и од другите балкански држави, тоа е најдобар пат за ликвидирање на адријанополското прашање, кое ке се покаже поедноставно од македонското прашање. Адријанополската каша, веројатно, полесно ке може да се иерка од македонската.

Србите, изгледа, го чувствуваат тоа, затоа се разбирливи причините за свртување на ерпекото јавно мислење кон Бугарите, како што соопштуваше за тоа ПТА од Белград.

Денес се навршија десет години од денот на убиството на рускиот конзул А. А. Ростковски, кога и мојот живот висеше на конец. Мир на починатиот, маченик за рускиот престиж и за руските интереси на Балканот, а исто така и покровител на христијаните од секакви насилства, од каде и да потекнуваат.

До Неговото високопревоеходство Господинот<br>министер за надворешни работи<br>од *К. П. Мисирков,* родум<br>од Македонија

**Белешка**

Денес се навршија точно десет години од денот на маченичката смрт за рускиот престиж, за руските интереси на Балканот, на царскиот руски конзул во Битола (Монастир), Александар Аркадиевич Ростковски. Неговата смрт имаше врека со Македонското востание од 1903 година, кај Бугарите познато под името Илинденско востание. Турците беа разлутени на хрисгијаните, а најмногу на рускиот конзул, главен покровител на месните христијани.

Светиот спомен на А. А. Ростковски, заедно со големото значеше на неговата смрт, која не остана без влијание на нонатамошната руска балканска политика, ме поттикнува мене, кој на тој ден пред десет години речиси по чудо се спасив од сигурна смрт, истовремено со убиството на А. А. Ростковски, да му се обратам на Вашето високопревоеходство со оваа нова белешка.

Како Македонец и руски воспитаник сметам за свој долг да им служам на мојата татковина - Македонија и на мојата втора татковина - Русија, која ми даде воспитание и ме прибра по убиството на А. А. Ростковски. Во текот на последниве десет години јас свето й служев на својата мисија. Само настаните од последните месеци ме фрлија во очај и јас бев готов да се посомневам во искреноста на Русија спрема нас, поробените македонски Бугари, дотолку повеке што современите петербуршки словенофили од типот на г. Башмаков со

споите постапки не можеа да не не изненадуваат, како и некој од поранешните руски конзули во Македонија, на пр. Г[осподата] Јастребов, Машков, Иларјонов.

Апстрахирајки се од приватните, лични мислења и постапки на наведените лица, ние, македонските Бугари, во Русија секогаш гледавме природен покровител на нашата татковина и на нашата национална самобитност. Русија не поддржа во борбата со Грците за словенска богослужба и помогна за формирање на бугарската автономна црква и за формирање на бугарските црковни епархии во Македонија. Русија им даде образование на браката Миладинови[107], на Жинзифов[108] и на многу други дејци на нашата национална бугарска преродба и на сите наши црковни јерарси. Исто така таа, откако ја ослободи Бугарија, и нашата татковина ја вклучи во составот на Санстефанска Бугарија. Навистина, Русија не ги одобруваше нашите востанија и нашето четничко движење, но ги поддржуваше бугарските училишта и цркви во Македонија, кои ја добија борбата со Грците за словенска богослужба и се повеке ја ширеа на југ на Македонија. А. А. Ростковски падна како жртва за бугарските национални интереси во Македонија и неговата смрт беше причина за Мирцштегските реформи, кои во Ревељ Русија и Англија решија да ги претворат во автономна управа за Македонија.

Под покровителство на Русија ние ја користевме религиозната слобода во татковината, при што младотурската влада додели средства за изградба на цркви во оние населби каде што живееја патријаршисти и егзархисти. Во храмот што им остануваше на првите, богослужбата се вршеше на грчки јазик, во новиот - на словенски.

Одеднаш, нашата многугодишна борба за религиозна и политичка слобода завршува со заземање на нашата татковина од Србите и од Грците, кои новото поробување на Македонија го почнаа со истерување од нивните епархии и парохии на нашите митрополити и нивните викарии, како и свештениците и учителите. Нашите цркви и манастири се насилно заземени од Србите и од Грците, кои си го дозволуваат во однос на нас тоа што не си го дозволувале спрема освоената земја не само културните нации, туку и дивите азијатски орди на Турците и Татарите.

Ние сме збунети поради тоа што се случи и не ја губиме надежта дека Русија ке се заземе за нас и ке ни ја олесни нашата тешка судбина. Па само надежта на руско покровителство ги правеше за нас безопасни католичката и протестантската религиозна пропаганда. А што ке биде во иднина?

(Католичката семинарија во Солун со предавања на бугарски јазик)*

Зарем Русија ке не напушти и одеднаш ке ја убие во нас целата верба во спасителноста на руската поддршка? Зарем Русија во иднина ке не препушти на судбината и ние ке бидеме принудени да ја подаваме раката таму од каде што очекувавме само несреки за нас? А насилното асимилирање на нас од Србите и од Грците, кои ке ги злоупотребуваат руското име и руското пријателство за да ги постигнат своите злосторнички цели, во состојба е да ја убие во нас вербата во Русија. Додека пак нашата татковина како самостојна политичка единица, како самостојно кнежество, би можела да биде мошне полезна за Русија и за јужното Словенство. Таа би можела да ги помири Србија и Бугарија, кои заедно со Македонија и со Црна Гора во блиска иднина би можеле да формираат сојуз на јужнословенски држави, како нротивтежа на доминацијата на Полуостровот на несловенските држави: Грција, Романија, Албанија и Австро-Унгарија.

Ваше високопревосходство! Спасете ја мојата татковина од српските и од грчките насилства! Дајте и на Македонија автономна управа. Вратете и ги многубројните бегалци и емигранти и бугарските јерарси и другото свештенство истерано од Србите и од Грците; по примерот на владати на Соединетите Држави, заложете се за религиозна и граганска слобода на земјата и на нејзиното население и вратете ѝ ги стотиците илјади бегалци и емигранти. Спасете го православието во неа и не дозволете очајниот бугарски народ во Македонија да бара спас во црковна унија со католичката црква и да го очекува својот спас од Австро-Унгарија. Сега зависи од Русија дали ке го спаси јужното Словенство од мегусебните несогласици во иднина дали и ке подготви федерација на јужнословенските држави со вклучување во неа на автономна Македонија или ке ги направи непомирливи непријатели што ке бараат поддршка еден против друг кај несловенските народи на Балканскиот Полуостров и надвор од него. Но асимилацијата на македонските Бугари од Србите и од Грците е потешка работа отколку што на прв поглед може да се чини.

Жртвите поднесени досега од Русија на олтарот на слободата на православните народи па Балканскиот Полуостров ни даваат основа да сметаме дека Руската Влада, наспроти

* Текстот во заградата е пречкртан.

советите на неодговорни честољупци од типот на А. А. Башмаков, и овој пат ке застане на страната на поробените и со создавањето на автономна Македонија ке ги помири јужнословенските држави и ке создаде почва за нивно обединување во една јужнословенска федерација. Инаку на Србија може да и се повтори историјата од XIV век, кога таа се распадна токму тогаш кога ја освои Македонија. Ние сега не сме помалку витални отколку нашите предци од XIV век и во наше располагайте може да се најдат вистински средства. Зачувајте не нас, македонските Бугари и ние, заедно со целиот бугарски народ, може да Ви се најдеме на Вас, Русите, повеке отколку Вашите француски сојузници. Можеби некогаш бугарскиот глушец ке го ослободи рускиот лав од мрежите во кои го вплеткуваат европските н нсевропските држави. Руската влада сега не би требало со сопствени раце да ја прекине или да им дозволи на Србите и на Грците да ја прекинат онаа духовна врека, која со векови нос гоеше мегу нашата татковина, која Ви ги даде Вам и на Словенството св[етите] Кирил и Методиј[109] и словенската просвета, и Велика Русија, која во ново време ни ја даде автокефалната бугарска национална црква, духовното просветување и образование на нашите дејци на бугарската национална преродба. Нашата стара приврзаност спрема Русија како македонски Бугари, кои за својата национална преродба исто така й се должни на Русија, може да биде многу покорисна отколку како новоиспечени Срби. Дајте й автономија на Македонија, прод[олжението] в[иди] по стр. 175*.

Примете, и тн.

27-VII-[19]13

Така напишав вчеравечер и сакав горенаведената белешка да ја испратам до мин|истерот] за надв[орешни] работи и до пом[ошникот] јавен обвинител на Св[етиот] синод. 1 Іо тоа нема да го направам, особено не гледам смиела да се обракам до Мин[истерството] за надв[орешни] работи, каде што постар советник на Министерството е Гркот Аргиропуло"[0]. Друго е В. К. Саблер, кој е познат како бугарофил. Впрочем, и со обракањето до последниов треба да се почека.

Јас веке ја наведов погоре статијата на проф. Сумцов во врска со јужнословенската тема. Моето горенаведено писмо до Мин[истерството] за надв[орешни] работи, кое нема да го испратам, покажува дека кај нас не отсуствува желбата да се потпреме на Русија. Но не сме виновни ние, Бугарите, што во овој момент нема основа за руско-бугарско пријателство. Сегашната руска влада, со општествените класи врз кои се потпира, го понижи и го запусти бугарскиот народ. Но ние, не барајки поддршка од руската влада, никогаш нема да заборавиме дека симпатиите на просветената и демократска Русија се на наша страна. Еве нов доказ: телеграмата од Софија од 25 -VII известува дека „Друштвото ‚Словенска заемна помош' од Петербург испратило 10000 рубли, од кои 5000 се наменети за ранетите, а 5000 за бегалците".

Телеграмата од Букурешт ги соопштува деталите за условите на Букурешкиот мир. Од Македонија на Бугарија й се оставени само долината на Струмица и долината на средна Струма. Долината на Брегалница целосно поминува кај Србите, а Серез, Драма, Кавала и просторот на југ од ертот на Беласица - кај Грците; и Романија им зеде на Бугарите 7500 кв. км од бугарска Добруџа, што е приближно колку Новопазарскиот санџак. А Тракија ја пустошат Турците и Грците. На Егејско Море Бугарија го доби крајбрежјето од утоката на Места до Енос, т. е. до утоката на Марица. Гумурџина, Ксанти и пристаништето Лагос и припаднаа на Бугарија.

Бугарскиот народ во Букурешт е ограбен од неговите соседи под покровителство на Русија. Затоа е сосема веројатна приватната информација на харк[овскиот] весник „Утро" од 26 - VII дека бугарскиот наследник принцот Борис се разболел од нервно растројство.

Другата телеграма од Букурешт од 25 - VII известува за ручекот во чест на бугарските делегати што се оджал кај германскиот дипломатски претставник. Присуствувал речиси целиот дипломатски корпус. - Интересно е да се знае кој отсуствувал.

- Од Виена:

Официјално информираните весници, укажувајки на принципот „Балканот за балканските народи", велат дека е неизбежна ревизија на Букурешкиот мир и сметаат дека токму Австро-Унгарија треба да го поднесе таквиот предлог.

* Види продолжение на с. 81.

Овие две телеграми покажуваат дека отсега иднината на Бугарија ке зависи од добрите односи со Тројниот сојуз. Русија го организираше ограбувањето на Бугарија, Австрија и Тројниот сојуз ке ги отстранат неговите можни последици. На страната на Бугарија изгледа застанала и Англија, која истовремено со Австрија на Букурешката конференции поднела усна претставка за тоа дека решението на Конференцијата за Кавала подлежи на ревизија на големите држави. По тој повод од Бикурешт телеграфираат: Усните ноти на претставниците на Австрија и на Англија за ревизија на прашањето за Кавала предизвикале тежок впечаток врз грчките и српските делегати, кои укажувале дека пред војната тие се согласиле за посредништво на државите и дека по претрпените загуби државите, наводно, нсмале право да се мешаат во условите за мир. Очигледно, решението на Букурешката мировна конференција Кавала да и се отстапи на Грција е во врека со намерата на Англија, со согласност на Портата и од името на египетскиот хедиф*, да го заземе островот Тасос, на што се спротивставува Русија.

Од Петербург:

Одделот за трговско морепловство соопштува дека блокадата од грчката флота на крајбрежјето на Македонија и Тракија дефинитивно е укината.

Според зборовите на весникот „Z[eit]", утре ке почне демобилизација на романската армија, која ке трае 8 месеци.

И така мировниот договор е потпишан, Деде-Агач е слободен за странски бродови, Варна, Бургас и пристаништата на Дунав - исто така. Опсадата на Видин, полуразурнат од Србите, ке ја укинат и ке почне чистењето на придунавска Бугарија од Романците, Видинскиот округ и Струмица од Србите, Гумурцина, Ксанти, Лагос, Макри и Деде-Агач од Грците, а левото крајбрежје на Тракија уште ке треба да се исчисти од Турците. Наследството на принцот Борис навистина е тешко, особено по толку светли надежи. Но мудриот цар Фердинанд не ја губи рамнотежата и мирно, макар што ја чувствува сета тежина на националната несрека што го снашла, го води бугарскиот брод кон тивко пристаниште.

Мегутоа, само во таква несрека се познава величината на душата на владетелот. Додека Русија ги употреби сите средства што и стоеја на располагайте за разгром на Бугарија, царот Фердинанд остана независен владетел на Бугарија и наместо да се фрли кон Русија со признавање на вината, тој ја прифати оставката на русофилскиот кабинет, предавајки му ја власта на министерството на Радославов-Генадиев. И сепак тешката криза поминуваше, ако не се смета прашањето за Кавала и повторното одземање на Тракија од Турците. Што се однесува на првото прашање, значењето за Бугарите на австриското пријателство ке се разјасни при исходот на ревизијата за Кавала. Австриската политика, која ја поддржуваа Германија и Италија, секогаш беше енергична и можно е на Тројниот сојуз да му успее да й ја предаде на Бугарија долината на Брегалница и Серез, Драма и Кавала. Мегутоа, истовремено не е исклучена можноста Бугарија да и го отстапи на Турција целиот лев брег на р[еката] Ергене**. Како и да е, склучувањето на мирот, макар и под извонредно тешки услови, ија олеснува на Бугарија задачата за ликвидирање на прашањето на Тракија со Адријанопол.

Букурешкиот мир претставува очигледно насилство над Бугарија и бугарскиот народ. Австрија ке го покрене прашањето за негова измена. Дали тоа ке и успее, ке видиме. Би сакал да предвидам како ícе се однесе Русија кон можните намери на Бугарија да го измени тој договор. А одговорот може да биде само еден - негативен. Нема долго да ги чекаме доказите. Во случај на ревизија на Букурешкиот мир Русија безусловно ке биде на страната на Грција и на Србија, спротивставувајки се само на задржувањето од Грција на Кавала. Русија ке се застапува за Србија. Па и новите зголемувања на Србија, за кои таа толку упорно се залагаше, ги доби само со дипломатска поддршка на Русија. А ние не слушнавме за никакви спротивставувања на руската дипломатија на новите ерпеки барања; само со општи зборови се спомнуваше за советите на Русија во Белград и во Атина што поскоро да се склучи мирот и да й се направат какви било отстапки на Бугарија, т. е. да се откажат од дел од своите нови барања. Дури руската влада официјално ги негираше вестите, се чини на странските весници, за тоа дека таа наводно во Атина инсистирала на поголема умереност спрема Бугарија отколку во Белград, што странските новинари го објаснуваа со словенскиот характер на Србија и несловенскиот - на Грција. Руската влада изјавуваше дека нејзините совети и во Атина и во Белград биле исти. Мегутоа, и руската влада се однесува неискрено, демантирајки ги соопштенијата на весниците за настапите на руските претставници во Атина

* Хедиф - титула на египетски вицекрал. **

Река, лева притока на р. Марица.

и во Белград и странските новинари не се информирани во врска со прашањето за различните совети на Србите и на Грците.

Работата е во тоа што руската влада ја има предвид идната војна меѓу Србија и нејзините соседи - Бугарија и Албанија заради Македонија. Ако границата меѓу Бугарија и Србија поминуваше по должината на р[еката] Вардар, Србија би влегувала со тесен клин меѓу Бугарија и Албанија и во случај на војна меѓу овие три држави заради Македонија надмокта несомнено би била на страната на Бугарија и Албанија, чии војски, кои од двете страни би ја нападнале Србија, брзо би можеле да се соединат.

За да се спречи таа можност, а главно, по можност да се направи безопасно создавањето на Албанија, руската дипломатија реши да ги зближи Србија, Грција и Црна Гора, за тие, склучувајки сојуз, да ја ослабат Бугарија, да ја намалат нејзината територија и со нејзините земји да ги зголемат нејзините поранешни сојузници. Црна Гора требало да биде зголемена како противтежа на Албанија, а Србија со Грција како противтежа на Бугарија. Србија во Македонија требало да се заокрупни со присоединување кон неа на неточна Македонија до вододелницата на Струма и Вардар, а Грција требало да ја добие целата јужна Македонија на југ од српските владенија и на запад од Струма. Заокружувањето на српските и на грчките владенија во Македонија и оддалечувањето на Бугарија од Вардар кон исток до Струма беше неопходно за да се спречи во идната балканска војна брзо соединување на бугарската и на албанската армија. Меѓутоа Грција, занесена од лесните победи, почна да мечтае за заземање на Тракија до Макри на Егејско Море, оставајки и на Бугарија на крајбрежјето на тоа море само „прозорец" кон Европа во пристаништето Деде-Агач. Грците почнаа да мечтаат дури и за тоа Тракија на исток од р. Марица да не ја сметаат ни за турска, ни за бугарска, туку заедничка сопственост на сојузниците, за која Грција веројатно имала намера да изработи посебна автономна форма на управување, која би му овозможила доминантна улога на грчкиот елемент. Грците мечтаеја и за контрибуција (репарации), но сето тоа воопшто не влегуваше во интересите на руската дипломатија, која можеше да дозволи само пренесување на ерпеко-бугарската и на грчко-бугарската граница понатаму на исток до Струма за да се помести Албанија од Бугарија, но не повеќе. Претворањето на Кралството Грција во Византиска Империја не ѝ се допаѓаше на Русија, која мечтаеше за протоците, и таа, не сакајки Грција во иднина да и биде соперник во прашањето за протоците, ѝ предлагаше умереност и да се откаже од Кавала во полза на Бугарите. Така работата испадна поедноставна отколку што мислевме. Имајки го предвид погорекажаното, неопходно е да се води сметка за тоа дека руската дипломатија ќе ја поддржи Бугарија само во прашањето за Кавала, но таа нема да дозволи преминување на долината на Брегалница во рацете на Бугарија и намалување на ерпските владенија во Македонија. А Црна Гора ќе добие компензации за ослабувањето на Бугарија, како што доби Романија, како што ќе добие и Турција. Сето тоа влегуваше во плановите на руската дипломатија, која се залагаше за воспоставување „цврст" мир на Балканот. „Цврстиот мир", со кој руската дипломатија ги прикриваше своите тајни намери да си создаде на Балканот потпора против Австрија, која сака да ја порази, по поразот на Турција, не дозволуваше ни да се помисли за автономија на Македонија; истиот „цврст мир на Балканот" бараше морално понижување на Бугарија по нејзините блескави победи над Турција; тој исто така бараше истоштување на Бугарија со нова војна со поранешните сојузници Романија и со Турција, и на крај, тој исто така бараше пренесување на западните граници на нова Бугарија од Вардар кон Струма и отстапување на бугарска територија на Романија и на Турција, кои со својот напад на Бугарија го спречија разгромот од последнава на нејзините поранешни сојузници. Руската дипломатија толку вешто го организира ослабувањето на Бугарија што сите држави тешко ќе се посомневаат дека им;: руски интриги во сите несреќи во малата, но херојска Бугарија. За несреќата на Бугарија ги обвинулаат царот Фердинанд и бугарскиот народ, на кои им припишуваат опијанување од победите, но никој не гледа дека во сета оваа тажна историја постои заткулисен играч што ги управува балканските народи како марионетки и за европското јавно мислење и европските влади останува сосема невидлив. Европа гледаше и го обвинуваше царот Фердинанд, однесувајки се со полна доверба спрема г. Сазонов, кој доби царски указ за умешно водење на руската надворешна политика. Многумина беа спремни дури да се сомневаат во недалековидост на г. Сазонов, додека пак тој успеа да го еврти тшманието на Европа од себе на друга страна, истакнувајки го на прв план честољубието на царот Фердинанд, опиеноста од победите и „алчноста" на Бугарите, кои одбивале да ги признаат легитимните барања на своите поранешни сојузници. Така Русија вешто ја спроведе својата авантура* со разгромот на Бугарија и со „смирувањето" на Балканот, при што таа ќе се потруди да го зачува својот престиж и својот шарм среде Словените.

* Во оригиналот е „кустштук".

Намерите на Русија можеби оделе уште подалеку. Можеби размислувале за протоците, за Ерменија. Но тука погрешиле во плановите; нивните пријатели воопшто не се склони да го дозволат нејзиниот излез на Средоземно Море, како и да го претворат Црно Море во руско езеро. Одамна требаше да се мисли дека сојузничката Франција и пријателката Англија нема да го дозволат последново, но за „Г[олосъ] М[осквы]" тоа стана јасно дури во последно време. И „Г[олосъ] М[осквы]" жали што сите неуспеси на руската дипломатија во последната бугарска војна се објаснуваат со тоа што Франција не сака да ја поддржи Русија во прашањата: за Албанија, Скутари, Кавала, протоците. За се се виновни Франција и Англија. Русија наводно била изолирана. Сигурно! Поразот на Бугарија ке ги чини Русите можеби поскапо отколку Бугарите. На Русија й претстои целосна изолираност во иднина, особено во војната со Австрија или заради Турција. Европа и Словенството никогаш нема да ја простат ладнокрвната сметка, со која Русија, штитејки ги своите политички интереси, ја порази херојска Бугарија.

Ако Берлинскиот конгрес, откинувајки ја Бугарија од канџите на рускиот орел, ја вклучи во групата на европските интереси, тогаш жртвите што ги претрпе Бугарија поради заткулисната борба на Русија и Австрија и подготовката од првата на поразот на последната, Вугарија станува двојно европска држава. Нејзините интереси, спротивставувавувајки им се на интересите на Русија, сеслеваат со интересите на цела останата Европа.

Европа во текот на целиот XIX в[ек] љубоморно ја следеше блискоисточната политика на Русија, претворајки ги сите нејзини војни со Турција од освојувачки во ослободителни. Последната Руско-турска војна Европа ја дозволи во својство на ослободителна, а не освојувачка. Берлинскиот конгрес ги измени решенијата на С[ан]стефанскиот договор.

Војната на сојузниците со Турција беше дозволена од Европа како ослободителна. Мстутоа Русија, раководејки се исклучиво со сопствените интереси, ја претвори во освојувачка, покренувајки го прашањето за праведна поделба на териториите освоени од Турција. Сакајки да ја избегне општоевропската војна, Европа не се мешаше во спорот, чиј таен раководител беше Русија. Последнава ја дотера работата до нова војна, давајки и и на последнава освојувачки карактер, на тој начин Русија за време на последните две балкански војни со туги раце го реализира тоа што порано не и го дозволуваше Европа; на Балканскиот Полуостров Русија организира две освојувачки војни, при целосна неутралност на Европа. Навистина, војните не ги почнуваше Русија, но затоа како освојувачи се покажаа тие, кои во идната војна со Австрија ке бидат верна потпора на Русија. Србија, Црна Гора и Романија се засилени и помогнати; можната сојузничка на Австрија - Бугарија е поделена од соседите и ослабена до таа мера, до која им беше потребно на ладнокрвните планови на Петербург.

Така настрада нашата несрекна, но херојска татковина. Но Европа знае да цени и ке ги оцени нејзините жртви. Таа ке ги награди, бидејки огромното мнозинство европски држави се формирани на национална основа. Европа подобро и почесно од Русија ке го оствари принципот „Балканскиот Полуостров на балканските народи". Руското остварување на овој принцип даде две освојувачки војни со погром на народот што ги населуваше освоените од Турција територии и со нивно доделување на тие што немаа во нив национални интереси. Идните настани, треба да се надеваме, ке ги ублажат насилствата што им ги изврши на Бугарите руската дипломатија.

Имајки предвид дека Бугарија својата втора војна ја водеше не само со сите околни балкански држави, туку и со Русија, која им го чуваше грбот, а со себе ги имаше Франција и Англија, понатамошното водење војна со поранешните сојузници, бидејки не ветуваше победа над нив, претставуваше непотребно уништување на земјата. Требаше по секоја цена да се заврши војната. И ја заврши|а. Букурешкиот мир за Бугарија сосема одговара на руската пословица - „Лошиот мир е подобар од добрата кавга". Да! Требаше да се помири и посакуваниот мир, фала на Бога, се оствари. Сега времето ке работи за Бугарија и за Бугарите. Треба да се соберат сили за да се биде подготвен за секакви случајности, кои не се далеку. Кога ке се решава созреаниот општоевропски конфликт, Бугарија ке успее да си го нрати изгубеното во сегашната нерамна борба. И затоа сега бугарскиот народ со полесно ерце ја дочека веста за склучешют мир. Можно е блиската иднина да го израдува бугарскиот народ со веста за присоединување од европските држави на Кавала кон Бугарија, на што Русија не само што нема да се спротивставува, туку ке преземе мерки да ја привлече кон своето гледиште и Франција.

**28-VII-[19]13**

Интересно е да се одбележи веста на „Южный Край" од 26 -VII за тоа дека бугарските делегати во Букурешт мирот што го склучиле воопшто не го сметаат за достоинствен, но

објасниле дека состојбата на Бугарија наложувала да се заврши војната, а делегатите брзале да го потпишат мирот за да и угодат на Русија, која советуваше да се брза со неговото склучување.

Понатаму во весникот се соопштуваше, речиси според зборовите на истите делегати, дека Русија не е виновна за несреката што ја снашла Бугарија, дека во кабинетот на Данев сегашното министерство нашло писма на Сазонов, каде што последниов предупредувал за намерата на Романија да се замеша во војната и да ја бара за себе бугарска Добруџа итн.

Дали во Бугарија искрено веруваат во немокта на Русија да се спречи конфликтот и втората војна или пак само се преправаат, не знам. Но за набљудувачот од страна руско-бал канските односи изгледаат поинаку. Толку многу има факти што зборуваат против руската влада и општествените слоеви и политичките партии, врз кои таа се потпира, што не знаеш од каде да го почнеш нивното набројување.

Така.

Во еден од броевите на „Южный Край", во дописот од Петербург за втората војна стануваше збор дека во телеграмата од рускиот цар до царот Фердинанд и до кралот Петар спомнувањето дека Русија си го остава правото да го определи својот однос спрема оние што ја почнуваат војната претставуваше алузија на вмешаноста на Романија во војната. Руската дипломатија и печатот често укажуваа дека вмешаноста на Романија не го загрозува европскиот мир и дека поведението на Романија се регулира од насоченоста на политиката на државите на Тројниот договор, а пред се на Русија. Оттука е јасно дека Русија не правела никакви обиди да ја сопре Романија, а напротив, таа им помогна на непријателите на Бугарија со влегувакъето на Романија на нејзината територија. Романските војски ја презедоа на себе улогата на руски егзекутор во однос на Бугарија. Европа не би и дозволила на Русија да се вмеша. На Романија Европа и дозволи, затоа што и Тројниот сојуз и Русија со Франција сакаат да ја видат како свој сојузник во иднина. Така политиката на Тројниот сојуз претрпе пораз дозволувајки Русија да ја искористи за свои цели, за пораз на идниот приврзаник на Тројниот сојуз од неговиот поранешен приврзаник.

Русија не ги одби ни услугите на Турција, истата таа Турција, која токму таа ја порази подготвувајки го против неа сојузот на балканските држави и постигнувајки неутралност на големите држави. Кога стана јасно дека Турција има намера да ја искористи тешката положба на Бугарија и да навлезе на нејзината територија, Русија и нејзината сојузничка Франција побрзаа да й го признаат на Турција правото веднаш да го заземе крајбрежјето на Мермерно Море, при што Европа не проговори ни збор за тоа дека таа нема да дозволи Турција да ја премине границата Мидија-Енос. Да претпоставиме дека Русија по ова прашање не е семокна; но таа можела да настали барем со вербален предлог или во некоја друга форма да ја изрази својата наклонетост спрема Бугарија. А Русија можеше по прашањето за Скутари да ја поддржува Црна Гора, иако од таа поддршка ништо не испадна. Симпатиите на руската влада и руското општество спрема Црна Гора и Србија се појавија релјефно во прашањето за Скутари, во петербуршките словенски манифестации, во наградувањето на Хартвиг, во тонот на десничарскиот и на официјалниот печат, во говорите на словенските банкети, во патувањето на Башмаков во Белград и во Софија, каде што им советуваше на Бугарите да се откажат од Македонија во корист на Србите итн.

Симпатии спрема Бугарија исто така се појавија, и тоа само од страна на општеството во првиот период од војната. Така на пр. великиот гроф Л. Н. Толстој"[1] решил пред смртта да ја замени Русија со Бугарија и таму да го проживее остатокот од своите денови, но смртта од настинка за време на патувагьето го спречила да ја исполни својата намера.

Државната дум? ликувала по повод заземањето од Бугарите на Адријанопол и ги нишала на рацете Гешев и Данев кога се појавиле таму; но наскоро во печатот излезе веста дека високите сфери не се задоволни од манифестацијата на Државната дума по повод заземањето од Бугарите на Адријанопол.

Официјалните весници „Россия" и „Г[олосъ] М[осквы]" цело време беа непријателски расположени спрема Бугарија. Јас бев зачуден од статијата на „Г[олосъ] М[осквы]" „Русофилите и русофобите во Бу^арија", објавена во еден од броевите, се чини од јануари о.г. Тоа беше наскоро по моето враќање од боиштето. Статијата беше од перото на уметникот Кузнецов"[2], сопатник на А. И. Гучков на боиштето. Кузнецов заедно со Гучков се вратил од Чаталџа во Лозенград и оттаму во Софија. Мене ме запозна со него, со В. И. Немирович-Данченко и со г. Викторов-Топоровски во Лозенград А. И. Гучков.

Поради таквата блискост мег у Кузнецов и Гучков, како и поради тоа што 1. Кузнецов во својата статија зборуваше за расположението на бугарската интелигенција и на

бугарските офицери на позициите во Чаталца, каде што Кузнецов и Гучков беа заедно, дозволено е да се смета дека првиот во својата статија ги пренесувал погледите и расположенијата на вториот. Таков заклучок, се разбира, тешко беше да се направи веднаш, но сега, кога политичкиот став на „Г[олосъ] М[осквы]" во однос на втората бугарска војна сосема се определи, јасно е дека споменатата статија на г. Кузнецов беше првото облаче што се наближуваше над бугарскиот хоризонт. Таа покажуваше дека г. Гучков позеленел од завист кон Бугарите. Впрочем, својот презирен однос спрема нив тој не го криеше во својата руска средина, каде што јас бев случаен гостин. Во врска со прашањето за границата Мидија-Ергене-Енос му дадов на знаење дека јас сум Бугарин, пред кој тој поради невнимателност остро се искажуваше за начинот на спроведувањето на бугарските избори. Но тој мене ме сфати пред да го сфатам јас него; го немаше по цели денови за да не избрбори, како што направив јас кога му кажав за моите писма и белешки до Петербург во врска со македонските работи. Можеби јас со тоа му наштетив на делото? Впрочем, статијата на г. Кузнецов за русофилите и русофобите немаше никаков однос кон мене туку исклучително беше заснована врз набљудувањата во Чаталца. Според тоа, Гучков замина оттука како бугарофоб и политичката партија што ја раководи и думската фракција заедно со националистите и десничарите и со руската влада почнаа непријателски да се однесуваат спрема Бугарија. Руската влада и споменатите политички групи решија да ги зајакнат другите сојузници за сметка на Бугарија. И почна остар пресврт во полза на другите Сојузници, а против Бугарија.

Треба да се одбележи дека по борбата кај Штип и пред навлегувањето на Романија во Бугарија Башмаков авторитетно изјавил дека мирот ќе биде потпишан по два-три дена. Тој очигледно алудирал на навлегувањето на Романија, кое ќе ја парализира силата на Бугарија. Башмаков настапувал со таков авторитет, неговите расположенија толку се совпагаа со политиката што ја застапуваше руската влада во балканските работи што желбите на г. Башмаков беа гласно искажаните намери на владата; советите што ги даваше Башмаков во Софија и телеграмите испракани во Белград и во Софија до Пашиќ и до Гешев беа само неофицијални настали на руската влада. Гучков и Башмаков - еве ги тајните уништувачи на бугарскиот народ. Коковцев само ги поддржуваше Сазонов, Гучков и Башмаков во вивната срамна работа, која засекогаш ќе ги покрие со срам Русија и нејзината надворешна политика.

Царот император за сето време на втората војна престојувал на крајбрежните островчиња и дури за време на водењето на преговорите за мир се наогал во Петербург.

Бугарскиот народ не сакаше да живее и да се однесува според упатството на г|осподата] Гучков и Башмаков. Тој изјави дека Македонија е татковина на бугарскиот народ. Во Софија, на банкетот одржан во чест на Башмаков, како одговор на советите на Башмаков до Бугарите да им го отстапат на Србите окупираниот од нив дел на Македонија, претставниците на сите партии што учествувале на банкетот изјавиле дека тие никогаш нема да се откажат од Македонија. Од Кишинев јас исто така испратив писма до Министерството] за надв[орешни] работи, до Гучков, до Слов[енското] добр[отворно] др|уштво] и до Родзјанко. Писмото до министерот е наведено во овие мемоари. Белешката до Словјенското] др[уштво] и до Родзјанко (концепт) останува во Кишинев. И неа ќе ја внесам тука. Потоа почнаа митинзи во Софија, на кои се прифакаа резолуции за неделивоста на бугарската татковина, одговорот на царот Фердинанд на царската телеграма, одговори на бугарската влада на српските ноти и ел. Сето тоа ја раздразнуваше руската власт и нејзините тајни инспиратори. И следуваше погромот на Бугарија од руските словенофили во имь на словенската идеја.

Подвиг навистина достоен за непријателите и поробувачите на рускиот народ. Москва, за несреќа на Бугарија, го провали Гучков на изборите за IV Државна дума. Но се уште е жив Курилка! Тој замина во Бугарија за таму со црвени букви да го впише своето име во нејзината нова историја.

Несреќна Бугарија! Твојата несреќа е несреќа на Русија! Вие имате заеднички гробари. Но можеби не е далеку мигот кога Русија ќе се спаси од предводниците од типот на Гучков, Бобрински, Башмаков и ісе дојде до целосно помирување меѓу Русија и Бугарија, кои страдаат од иетата болеет. Дотогаш ќе заздрават и раните што ѝ ги нанесе Русија на Бугарија и можеби повторно ќе се зборува за Словенството како за културна целина.

П. Н. Миљуков и сите леви партии во Државната дума, бидејќи ги интересира надворешната политика на Русија, и го изразија своето сочувство на Бугарија. Руските професори, во лицето на проф. Сумцов - исто така. Левичарскиот печат, и покрај тоа што не е во состојба да ја сфати надворешната политика, донекаде инстинктивно, исто така и

сочувствува на Бугарија. Петербуршкото општество „Словенска заемна помош", кое е составено од полибералниот дел на општеството отколку петер[буршкото] Слов[енско] добр[отворно] друштво, - исто така им сочувствува на Бугарите.

## IX.

Така стојат работите со руските симпатии спрема нас. А колку ние ги цениме! Како сите за време на првата војна ме засипуваа со прашања: а како се однесуваат Русите кон нашите победи? Со такво прашање ми се обрати Ив. Ев. Гешев кога го замолив за дозвола да заминам на боиштето. Со слични прашања ми се обракаа за време на целиот престој во Бугарија во ноември и во декември минатата година. Не знаев што да одговарам! На едни им велев дека Русите може само да им се радуваат на бугарските успеси; на други им разјаснував дека на Русите, без разлика на партијата, драго им е поради бугарските успеси, при што на едните им е драго за Бугарите како нација на која Русија и помогнала, како за свои ученици, на другите, имено на руското либерално општество му е драго поради успесите на Бугарите како демократска нација, која со својот пример ѝ покажа на Русија во што е силата и големината на нацијата. Впрочем, кога јас им го зборував тоа на моите сонародници, знаев само за целосната незаинтересираност на одеските градски кругови за Бугарија и за балканските работи воопшто; знаев дека одделни архијереи и благородници им сочувствуваа на Словените, што примерот на престолнините го следеше руската провинција, која испрати многу санитетски одреди. За народно движеше, за занес на општеството со Словенството, за нашгав на доброволци не можеше ни да стане збор. Бугарија ја посетија одделни љубители на големи авантури - и ништо повеке. Но мегу нив немаше идејна позиција, како на пр. кај данските студенти-доброволци што дојдоа поради војната со Турците. А ние и на сон гледавме дека „Дедо Иван" само се грижи за нас. Тукуштo завршената војна не отрезни темелно и ние треба еднаш засекогаш да запаметиме дека „Дедо Иван" е најголемиот егоист на светот и дека е време да престанеме да размислуваме за неговото расположение спрема нас.

Некогаш и некаде видов едноставна слика, на која беа насликани руски Козаци, кои трчаа колку што ги носеа нозете по улиците на Варшава и жестоко ги туркаа и ги тепаа со ногајки елегантно облечените Полјаци во цилиндри и сл. Јас сметав дека тоа е претерување, дека тоа е преувеличување на германските уметници, дека не можат едни Словени толку жестоко да тепаат други Словени. Но се покажа дека многу грешам. За време на смирувашето на полските востанија во реалноста се случувале сцени неспоредливо полоши и поодвратни од таа што ја видов на сликата. Но тоа е малку! Јас станав сведок како еден словенски народ организира сојуз на претежно несловенски народи за слом на друг словенски народ во име на словенската идеја! Организаторот и инспиратор на разбојничкиот напад на Бугарија остана зад кулисите и оттаму не дозволуваше мешање на други во делењето на добивката ниту помош на настраданиот народ.

Толку е апсурдна историјата на „словенската заемност". Полска ја поделија и ја поробија поради „анархијата" и затоа што таа сакала да воведе кај себе нов, подобар начин на живеење; Бугарија ја понижија, ја поделија и ослабеа поради редот, воените успеси и стремежот кон национално обединување. Кога на Полска ѝ ги одземаа Белорусија и Малорусија, се повикуваа на тоа дека тоа се исконски руски земји; а кога Бугарија бараше од Србија и од Грција да и ја дадат Македонија населена со Бугари, официјална Русија завика за алчноста и ненаситноста и со потсмев коментираше за „единството и неделивоста на бугарската татковина" - резолуцијата прифатена на националниот митинг во Софија. Еве ја логиката на „Дедо Иван". А ние уште сакаме да знаеме што и како мисли тој! Што мисли тој за нас!

- Па ништо не мисли; едноставно: пие, игра карти, лови каде што е можно, прави кариера и се преправа дека е патриот. Нели патриотизмот е рентабилна ставка во Русија. Со помош на патриотизмот не само што може да се добие топличко местенце, туку и да се исплива на површината на општествениот живот. Во тој однос особено помага словенофилството. Преку словенофилството покојниот Терциј Филипов[113] се извишил од магистер на Историско-филс лошкиот факултет до позицијата државен контрол ор. Не е многу понизок по ранг и другиот словенофил, Атанасиј Василевич Василев[114], кој со своето словенофилство му се допаднал на првиот, т. е. на Т. Филипов, кој го примил на служба кај себе, во Контролата, и го издигнал до чинот генерал-контролор на военото и поморското сметководство. Одеското адвокатче А. А. Башмаков, благодарение на своето словенофилство се пресели во Петербург и врз основа на словенофилското измамништво или измамништвото во словенофилството се издигна до уредник на „Правительственный вестник" и до уништувач на Бугарија. Па овој словенофил отпатува во Македонија за да го

реши српско-бугарскиот спор и во извештаите за своите патувања констатираше дека во Македонија нема Срби, дека целата таа е бугарска земја. Но под влијание на Министерството за надворешни работи тој постелено почна да ја населува Македонија со Срби и работата дојде до таму што тој ги отфрлаше идеите за автономија и барајки од Сазонов енергична политика, инсистираше на итно склучување на мирот под условите предложени од Бугарија, Србија и од Грција. Уште еден воспитаник на руското словенофилство е И. Н. Корабљов[115], кој вешто одеше по словенофилскиот пат.

И уште некој сомневања дека руското словенофилство е органски поврзано со внатрешната политика на Русија. Тој што е паметен во Русија сфака дека за да се направи блескава кариера не е доволна тричлената формула на рускиот државен катехизис, потребна е четиричлена: „словенофилство, православие, самодржавие и националност", бидејки рускиот патриотизам само со „националноста", но без „словенофилството" не е доволно цврст, и што е уште поважно, не е доволен за стабилна и блескава кариера.

Еве зошто А. И. Гучков нема ништо против словенофилството. Нели тој го посетува Пет[ербуршкото] Слов[енско] добр[отворно] друштво, тој ги посетува словенските конгреси и во 1910 година, на враќање од Софија преку Константинопол во Одеса се интересирал за тоа какви словенски општества постојат во Одеса, дека би било пожелно да се формира десничарско словенско општество, дека проф. Казански[116] (правник) му оставил убав впечаток, дека би било добро и тој да се привлече во такво словенско друштво и ел. Рачбирливо е дека А. И. Гучков се интересирал за Словенското друштво не само од словенофилски чувства, туку според мотиви од внатрешната политика, со која руското словенофилство е поврзано на најтесен начин.

Оваа врска мегу словенофилството и политиката порано ја сфакав помалку јасно отколку сега. Сега се ми е јасно. Јасна ми е и неуспешната Задунавска Финска и крвавата одмазда на руското словенофилство над малата, но херојска словенска Бугарија, која не повратно се слизна од шепите на рускиот национализам.

Порано ме факаше страв дури и од самото име на Австрија. Како Австрија во Македонија! Помогнете! Спасете не! Пропагаме! Ке ни надојдат Германци, Унгарци, Чеси, Полјаци и на крај ке не поробат. Спас ни е само Русија. Еве ни го спасот. Русија ни помогна! Така ни помогна што дваесетина години бугарскиот народ треба да ги лечи раните што му се нанесени!

Тукушто завршената втора бугарска војна има големо морално значење во историјата на бугарскиот народ. Бугарската војска не беше разбиена туку обратно, пред склучувањето на мирот го стави во критична положба непријателот, кој молеше за склучување примирје. Колку беше критична положбата на сојузниците се гледа од тоа што Романија не се задоволи со окупирање на областа за која таа претендирала, туку ја заседе цела придунавска Бугарија и се приближи кон Софија. Таа мерка очигледно беше преземена за да ја парализира силата па отпорот на Бугарија и во случај на победа над сојузниците Романија не мораше да го чека нападот на Бугарите врз романските војски туку требаше да ја заземе Софија. Само бескорисноста на понатамошната војна и неопходноста да се ослободи бугарската армија за дејствата против Турците ја натераа Бугарија да се согласи на мир. Но бугарската армија, на која и се падна честа да ги истера Турците од Европа, и во втората војна остана на височината на својата положба, што служи како гаранција бугарскиот народ да го заземе соодветното место мегу другите народи на Европа.

В\,:шувањето на Романија се оправдуваше со нејзината желба да помогне за чачувување на политичката рамнотежа, од каде заклучувале дека Романија ice биде против претераните барања на сојузниците. Очекувањата не се оправдаа.

Јас веке споменав погоре за тоа дека војната на Бугарија за Македонија беше неопходна од гледна точка на националните интереси на Бугарите. Војната не беше срамна, туку херојска. Резултат на војната беше истоштување на завојуваните, освен Романија. Освен тоа, Бугарија им отстапи уште некој области на државите што војуваа со неа. Беше извршена втора поделба на Бугарија.

По покрај тоа, новата војна даде и некој нови основи за преродба на бугарското национално дело. Околноста што Србија доби во Македонија трипати повеке земја отколку што предвиде српско-бугарскиот сојузнички договор има и некој предности за националните интереси на Бугарите. Ако Србите би ги добиле само Куманово, Скопје, Тетово и Дебар

според договорот, Бугарија не би имала никакво морално право да ги бара назад овие градови со нивните окрузи. Освен тоа, населението на наведените градови и окрузи би ја обвинувало Бугарија дека им ги предала на Србите окрузите од северозападна Македонија заради територијално зголемување во останатата Македонија и во Тракија. И на крај, на Србите полесно би им било да србизираат четири окрузи отколку 14. Сега под власта на Србија ке се наога речиси цела Македонија, со исклучок на југоисточна. По херојската одбрана, таа е изгубена. Бугарскиот народ не ја отстапи по договор, туку беше принуден привремено да се откаже од неа. Тоа добро го знаат и во Македонија и во Бугарија. Значи, кај македонските Бугари, како и кај Французите во Елзас-Лорен, секогаш ке живее надешта дека Македонија во иднина повторно ке биде бугарска. На крај, на Србите тешко ке им биде да ја асимилираат цела Македонија, каде што бугарските момчиња од разни градови, кога ке се срекаваат, ке живеат со бугарски духовен живот. Јас знам колку е витален бугарскиот патриотизам кај македонските момчиња што учат во српски училишта, особено во Белград. Сега тоа ке биде уште позабележливо. Ке исчезне разликата што постоеше досега меѓу македонските Бугари и србоманите. Србите ке се однесуваат кон сите исто и ке исчезнат поранешните стипендии и затоа многу од поранешните орудија на српската пропаганда ке го оладат својот пламен кон србизмот. Многу бугарски момчиња од Македонија, откако ке добијат образование, ке заминат да живеат и да служат во Бугарија. Бугарската влада со задоволство таквите ке ги прима на служба, а македонската емиграција во Бугарија ке ја возобнови и ке ја засили врската меѓу Бугарија и Македонија. Штипјаните, велешаните, прилепчаните, охриганите, кои дадоа толку борци за бугарското национално дело, и во иднина нема да ја заборават својата врека со Бугарија и понатаму во Македонија ке го спроведуваат бугарското национално дело. И ке излезе според руската пословица - Секое зло за добро.

Во бр[ојот] од 27 - VII [19] 13 на харк[овскиот] весник „Утро" ги има следниве интересни информации, особено за односот на рускиот и на европскиот печат кон Букурешкиот мир:

„Westminster-Gazet" од 26 - VII ст. ст., коментирајки го Букурешкиот договор, го осудува безумниот егоизам на Србија и на Грција, поради кој Бугарија, како раководител на војната против Турција, лишена е речиси од целата област што ја освоила. Во такви услови не може да има цврет мир. Единствена надеж е државите да го променат договорот, но тоа е можно само во случај ако Русија и Австрија навистина ісе се согласат. - ПТА.

- „День": „Балканските настани покажаа дека тука, поради заемната омраза и историски комплицираните меѓународни односи, можни се изненадувања што ги соборуваат сите претпоставки на рационалниот ум. Овде пријателски подадената рака неочекувано се претвора во блиндирана тупаница, овде ентузијазмот на единството неочекувано се менува со непријателско чкртање на заби. И кога лаконската телеграма ни вели: „Мирот е склучен", ние сепак не знаеме дали исчезна онаа атмосфера во која пушките сами почнуваат да пукаат..." - Можеме да го увериме весникот дека - се расеа.

- „Речь": Букурешкиот мир може да се поздрави, но не треба да се имаат илузии за неговата внатрешна цврстина и виталност. Овој мир уште не беше потпишан, а Бугарите веке гласно апелираа на него до државите, а одделни држави самите искажуваа намера „по пат на контрола" да се ревидира и да се „исправи". Меѓутоа, современата состојба на „европскиот концерт" воопшто, а особено неговиот однос кон балканските работи тешко дека ке ѝ дозволи на Европа со оформениот мир да го направи тоа, кое таа се покажа како немокна да го направи со првата скица на мировниот договор. Букурешкиот мир, со кој заврши најбезумната, најбесмислената, „болна" војна е „болен" мир. Него може да го исправи историјата, него може да го изменат новите пријателски или крвави усилби на неговите умесници. Европа едкоставно ке го стави во архивата на класичните неуспеси на својата балканска политика."

- „Русская молва": „Во последниот момент требало да одигра голема улога поведението на Франција, која одби да ја поддржи Русија во врека со прашањето за Кавала.

Русија остана сама. И колку и да е жално и срамно да се сфати, не треба да не се види дека за Русија, која остана осамена, веке не воделе сметка.

И мирот беше потпишан во оној момент кога пријателите ја напуштија Русија".

- Париските весници „се радуваат поради склучувањето на мирот во Букурешт, но се противат на негова ревизија, го фалат поведението на Романија и умереноста на Грците, Србите и Црногорците, и сметаат дека со исклучок на вештачкото создавање автономна Албанија, проблемот на националностите е речиси решен".

- Во Белград слават: „Веста за мирот во сите српски кругови предизвика чувство на задоволство, особено поради непосредните преговори на Србија и Бугарија. Сметаат дека

тоа ке биде поволен факт за воспоставување на идните српско-бугарски односи. „Самоуправа" пишува дека со постигнатиот договор во задоволителна степен е остварен принципот на балканска рамнотежа, кој во иднина ке биде гаранција за мир и нормален развој на политичките односи на Балканот".

Србите, веројатно, полагаат големи надежи на околноста што сојузниците, за да избегнат нови истапи на Бугарија која е незадоволна од договорот, внесоа во него точка, според која поединечното истапување на кој било од тие што се договарале повлекува спротивставување на сите други.

Србите наивно го преценуваат значењето на оваа точка, која е многу полесно да се наруши отколку српско-бугарскиот и грчко-бугарскиот сојузнички договор што ги нарушија Србија и Грција. Но Бугарија сега* нема да го наруши договорот, што произлегува од врачувањето од бугарската влада на претставниците на државите нота, во која таа изјавува дека на бугарските делегати во Букурешт им се дадени соодветни инструкции да го потпишат прелиминарниот мировен договор. Поради овие инструкции на втората седница на Мировната конференција во Букурешт што се одржа дента на 26 - VII, Грците и Бугарите поднесоа писмена изјава за постигнувањето целосна согласност во врска со прашањето за границите. Иста изјава потоа направија и Србите и Бугарите. Конференцијата ги прими на знаење изјавите. Бугарија нема да го наруши договорот, бидејки понатамошната борба со соседните христијански држави во овој момент е бесцелна, а уште и затоа што таа „ке и објави на Турција нова војна и претходно ке ја мобилизира армијата за поход на Адријанопол". Така гласи личната информација на вес[никот] „Утро" од СПБ. Оттаму исто така твестуваат дека францускиот амбасадор во Петербург Теофил Делкасе[117] разговарал со мин[истерот] за надв[орешни] работи С. Д. Сазонов, спротивставувајки се на предлогот на Русија за ревизија на Букурешкиот договор. Воопшто, француската влада и францускиот печат зазеле најнепомирлив став во однос на Бугарија. Но, на крајот на краиштата, се зависи од утврдувањето на спогодбата за ревизија на договорот меѓу Австрија и Русија, кон кој ке се приклучат и Италија и Англија, а Германија и Франција сакале-нејкеле ке се приклучат кон своите сојузнички.

**29-VII-[19]13**

Односот на францускиот печат и на француската влада спрема склучувањето на прелиминарниот мировен договор во Букурешт не одговара на расположението на рускиот печат и, веројатно, на руската влада. Франција е непријателски расположена спрема Бугарија, пријателски расположена спрема Турција, Грција, а потоа и спрема Србија и Црна Гора. Ваквото расположение кај Французите постои од дамнешни времиња. Така во книгата на Berard[118] „La Macédoine", која беше отпечатена уште пред 15 години, авторот-Французин пред се е туркофил и гркофил. Симпатии спрема Словените не се забележуваат, иако тој населението на Македонија го смета за бугарско и ја исмејува српската пропаганда во Македонија.

Франција има свои интереси на Блискиот Исток, кои се различни од руските. 4 милијарди француски пари, што беа вложени во турските вредности, Французите, и без да сакаат, засекогаш ги направија туркофили. Симпатиите на Французите спрема Грција имаат посложена причина. Пред се, Грција не е словенска држава и романските народи, И галијанците и Французите со задоволство ја вбројуваат во романските нации, обединувајки ги во една целина - грчко-романски свет. Меѓутоа, и покрај сите симпатии на Италијанците спрема Грците, кои се базираат врз ова привидно расно грчко-романско единство спротивставено на словенскиот свет и кои се манифестираа во низа статии во весниците посветени на македонското прашање, во кои нивните италијански автори целосно застануваа на страната на Грците против Бугарите и воопшто против Словените, иако Италијанците за време на турската војна на балканските сојузници застанаа на страната на Грција и харибалдијците се бореа во редовите на грчката армија, Италија по ликвидацијата на балканската криза застана на страната на непријателите на Грција, како по прашањето за границите на Албанија, така по прашањето за Егејските Острови и по прашањето за Кавала. Но првото прашање Италија застана на страната на Албанија, барајки зголемување на нејзината територија за сметка на грчките претензии во Епир, по второто - на страната на Турција, не сакајки да и ги даде на Грција островите на архипелагот, окупирани од неа за време на Италијанско-турската војна, по третото - на страната на Бугарија, барајки да и се ираги на Бугарија Кавала, а заедно со неа Драма и Серез. На тој начин Италија се стреми да ја ослаби Грција, без оглед на „расното единство" на грчко-романскиот свет. Причината е јасна: Италија гледа во Грција свој конкурент на Средоземно Море и поради тоа се труди,

* Подвлечено во оригиналот.

каде што тоа е можно, да ја ослаби во корист на нејзините неопасни за италијанските интереси соседи или во своја сопствена корист, како на пример по прашањето за Егејските Острови, а м[ожеби] и по прашањето за границите на Албанија.

Франција, обратно, во сите споменати прашања беше на страната на Грција, не само поради расни, туку и поради политички мотиви. Франција, освен сојузот со Русија, склучи спогодба со Англија; придржувајќи се до руско-францускиот сојуз и до спогодбата со Англија, таа, веројатно, се стреми да склучи посебна спогодба со Грција во врска со Средоземно Море, за одржување на политичката рамнотежа во тоа море, но покрај тоа и за да може што поцврсто да и го затвори на Русија излезот од Средоземно Море и да го замени значењето на руската црноморска флота за средоземноморската политика со грчката флота. Грчко-француската флота како противтежа на австриско-италијанската флота ке биде доволна за одржување на рамнотежата во Средоземно Море. Нема да има потреба за излез на Русија од Средоземно Море и за поминување во нејзини раце на Константинопол и на протоците, што е непожелно не само за Тројниот сојуз и Англија. Франција исто така не го сака овој излез и засилувањето на Грција, поради тоа еднакво е насочена против Италија и Русија. Силна Грција, која ги поседува сите острови во Егејско Море и поголемиот дел од крајбрежјето на Тракија, ке биде таа тапа што ке и го затвори на Русија излезот од Дарданелите, истовремено обезбедувајќи и ги интересите на Франција против Италија.

Од оваа гледна точка политиката на Франција е апсолутно доел една сега, како и пред Првата балканска војна, кога француската дипломатија заинтересирана за целосноста на Турција, преку францускиот амбасадор во Петерсбург Жорж Луи[119] на секој начин ја советуваше Русија да го спречи избувнувањето на балканската војна. Г. Ж. Луи беше отповикан од Петербург. Г. Т. Делкасе, наследникот на г. Луи, ја дозволи војната со Турција, но не ја поддржа Русија по прашањето за Албанија, Скадар и сега за Кавала. Ние не знаеме зошто Русија не ја спречи Втората балканска војна, не го спречи навлегувањето на Романија и Гурција на територијата на Бугарија. Дали поради тоа што Франција и во едниот и во другиот случај одби да ја поддржи Русија? Можеше да се покаже, што е сосема веројатно, дека руската дипломатија само благодарение на спротивставувањето на Франција беше немокна да ја спречи Втората балканска војна и да влијае врз п[оранешните] сојузници на Бугарија. Исто така, сосема е возможно дека француската дипломатија во Белград и во Атина им советувала да не ја прифакаат руската арбитража и дека францускиот амбасадор во Белград и ја предлагал на Србија долината на Вардар за да се откаже од Албанија.

Ј ас многу сакам да се покаже дека мойте претпоставки одговараат на вистината и реал поста и дека причина за Втората балканска војна и за нејзините последици беше слабоста, а не недобронамерноста на Русија.

А петербуршките словенофили прават скандал: Петербург, 26 - VII. На последниот словенски ручек братот на министерот за правда С. Г. Шчегловитов[120] се навреди од говорот на еден од ораторите и со зборот „срамота" го напушти ручекот. Соп[ствениот] доп[исник] на \ар[ковскиот] вес[ник] „Утро".

Очигледно, некој од ораторите се радувал поради победата на Романија, Грција и на Србија над Бугарија. Се е можно.

Што се однесува до мойте напади на А. И. Гучков и на „Сојузот 17 Октомври", тие веројатно се плод на недоволната информираност и лошото расположение. Не смее кај лугето да се гледа само лошото и да се чита во нивните ерца. Јас немав аргументи и понатаму треба да бидам пов шмателен. Така може да се направи поголема штета за себе и за нацијата, отколку да се биде корисен. Добро е што моето лошо расположение се излеа само во мойте белешки, а не во разговор или во статија во весник.

Германија, која непосредно не е заинтересирана ни за Средоземно Море, ни за Ботканскиот Полуостров, во улога на раководител на Тројниот сојуз ја подготвува почвата за да ги привлече кон овој сојуз Турција, Бугарија, Романија и Грција, и затоа таа се откажа од учеството во морската демонстрација што се предлагаше против Турција, германскиот дипломатски претставник во Букурешт даде ручек во чест на бугарските мировни делегати, императорот Вилхелм[121] со телеграма му честиташе на романскиот крал Карол[122] и ги величаше неговите заслуги во забрзувањето на мирот и, на крај, Германија ја поддржа Грција во прашањето за

Кавала.

Во Србија, веројатно, му се радуваат на преминувањето на Кавала кон Грција, бидејки во оваа безумна земја нема крај на мечтаењата. Можеби миел ат дека со текот на времето Србија ке успее да се пробие до Егејско Море. Сега Србите ке го заборават Јадранско Море, кон кое нема да ги пушти Австрија поради зголемувањето на Србија за сметка на Македонија. На Србија нема и дадат да излезе на море во Солун и таа. веројатно, мисли дека тоа ке биде полесно да се направи во правеј, на заливот Орфано* и во правеј, на Кавала. Мегутоа, надежта на Србија е залудна, бидејки Грција љубоморно ке го чува своето крајбрежје од Србија и Солун ке го претвори во првокласна тврдина заштитена од исток, север и од северозапад со природната положба, а од запад со грчката флота во Солунскиот Залив. Походот на Србија кон Орфано и Кавала од стратегиска гледна точка е остварлив, но овде Србија ке наиде на спротивставување не само на Грција, но и на Бугарија, која нема да дозволи да биде опкружена од страна на Србија од југозапад. Со преминувањето на долината на Струмица кон Бугарија на Србија и се преградува патот кон Орфано и Кавала, а да не зборуваме за тоа дека зад оваа долина ке се наогаат грчките поседи што се силно заштитени истовремено од Бугарија и од Србија.

Значи, Србија нема да го види крајбрежјето ни на Јадранско, ни на Егејско Море. Бугарија мора да ја искористи беспомошната положба на Србија за да ги обезбеди своите интереси во Македонија. Се разбира, дека за ова е неопходно да добие дипломатска поддршка на Русија и на Австрија и разбирање од Англија.

Мора да се мисли и на тоа дека и кај прашањето за заминувањето на Бугарија од бреговите на Мраморно Море главната улога ја играше Франција, по која чекореа Русија и Лнглија. Познато е дека Тројниот сојуз ги поддржуваше претензиите на Бугарија за Родосто**. Поради тоа што Франција, барајки да и се дадат на Грција Солун и Кавала и барајки од Бугарија да замине од Мермерно Море, истовремено се откажува од поддршката на Русија по прашањето за протоците, јасно е дека колку што е во интерес на Франција, а не е во интерес на Русија засилувањето на Грција, дотолку, напротив, во интерес е на Русија, но не е во интерес на Франција излегувањето на Бугарија на Мермерно Море и преминувањето во нејзини раце на целото северно крајбрежје на Егејско Море. Русија мечтае за апсолутно владееше на Црно Море и за поседуваше на протоците апсолутно заедно со територијата покрај Мермерно Море. И првото и второто се невозможни: ниту Тројниот сојуз, ниту Франција и Англија нема да и дозволат на Русија да го претвори Црно Море во руско езеро. Таму има романско, бугарско и турско крајбрежје. Нема сомневаше дека Романија повторно ке се приклучи кон Тројниот сојуз, а за азиска Турција е заинтересирана Германија, која ке го брани турското крајбрежје на Црно Море и слободниот пристап до него преку протоците. Никогаш не ке може да се оствари руската мечта за цеслосно поседуваше на протоците. Очигледно, треба да се оди на компромис. Јасно е дека наместо себе, треба да се подметне, така да се каже, лажно лице, чии интереси би биле идентични со руските, но кое не би предизвикувало сомневаше и спротивставуваше на Европа. Такво „лажно лице" за Русија би можела да биде Бугарија, која има извесни симпатии на Тројниот сојуз и на Англија. Грижата за преминитe треба да се подели мегу Русија и Бугарија, поделувајки ги сферите на влијанија. Бугарија треба да ја добие целата област и целото крајбрежје на Црно, Мраморно и Егејско Море, кои беа окупирани од неа за време на Првата балканска војна. Русија треба да ги добие протоците со полуостровите што им припагаат во Европа, кои не беа заземени од бугарските војски за време на Првата балканска војна. Границата: Деркос-Чаталџа-Бујук-Чекмеџе и најтесниот дел од провлаката на Галиополската провлака треба да ја претставуваат идната руско-бугарска граница. Таквата поделба на остатоците од турските поседи мегу Русија и Бугарија сосема одговара на интересите на двете држави и, бидејки за Русија не претставува големо значење релативно малата територија на Европска Турција што преминува кон Бугарија. За Русија се важни клучевите од Црно Море и излезот од Мраморно Море, за што е сосема доволно да го поседува Константинополскиот Полуостров на Балканскиот Полуостров до линијата Деркос-Бујук-Чекмеџе и Галиполскиот до Булаир. Нели Англија го владее Гибралтарскиот Проток, поседувајки ја само тврдината Гибралтар. Ако Франција своите средиземноморски интереси се труди да ги обезбеди создавајки силна Грција, тогаш и Русија може да се стреми кон обезбедуваше на своите црноморски интереси со посредство на Бу^арија. Руските недалековиди политичари, како например, г. Башмаков, веројатно со негодување би ја отфрлиле оваа идеја. Мегутоа, треба помалку мегаломанство и повеке трезвен однос кон реалноста. По прашашето за протоците цела Европа е против Русија и само половина против Бугарија. Англија исто така може да нема ништо против излезот

* Орфано, село и залив кај устието на р. Струма на Егејско Море.

** Родосто (Текирдаг), град и административен центар на вилает во Европска Турција.

на Бугарија кон Мермерно Море. Остануваат Русија и Франција. Ако и Русија застане на страната на Бугарија, Франција сама нема да тргне против европскиот концерт. Половината од прашањето ке биде лесно реализирана. Остануваат само протоците, со чие заземање Бугарија би можела да й помогне на Русија. Како и да е, но постепеното решавање на прашањето за протоците со поделба на оваа работа со Бугарија, е полесно отколку самостојното и осамено истапување на Русија. Ако Франција преку засилување на Грција во Егејско Море се обидува да и го затвори на Русија излезот од Црно Море, тогаш Русија со помош на пристап на Бугарија кон Мермерно Море и засилување на нејзиното влијание на неговото европско крајбрежје може да се обиде постелено да добие слободен излез од Црно Море. Од оваа гледна точка во интерес на Русија е брзо заздравување и засилување на Бугарија по двете нејзини војни со Турција и со поранешните сојузници. Преминувањето на Кавала и дури и на Солун кај Бугарија исто така е во интерес на Русија. Правото на Бугарија врз Македонија и Добруџа исто така не и противречи на Русија. Очигледно е дека интересите на рускиот империјализам никаде не наидуваат на пречки и на спротивставување од страна на Бугарија, која се стреми да дојде до природните морски граници и до националното обединување на бугарскиот народ. Се подразбира дека засега Бугарија е заинтересирана Турците да се протераат зад линијата Енос-Мидија, да се залечат раните добиени во војните и да се реши македонското прашање. Последното и понатаму ке игра доминантна улога во бугарската надворешна политика. Токму затоа што Бугарија главното внимание ке го еврти кон македонмекото прашање, Европа не би се исплашила од излегувањето на Бугарија кон Мермерно Море.

Интересно е што сегашниве војни што ја истоштија и ја ослабнаа Бугарија, и дадоа на нејзината идна надворешна политика големодржавна нијанса. Крајбрежјето на Мермерно Море, на Егејско Море со Кавала и Солун, Македонија, Добруџа - тое се идните центри на вниманието на бугарската надворешна политика. Дипломатското искуство ке мора да избира соодветни, најповолни моменти за поставување и решавање на секој од нив. Тоа ке мора да ги регулира своите односи со соседните и со големите држави, во зависност од можноста да се постави на дневен ред и да се постигне решавањето на едното или на другото од погореспоменатите четири прашања на бугарската надворешна политика.

До Неговото високопр[евосходство]
г. мин[истер] за надв[орешни] работи

Белешка

Испратена на 30 - VII од Ахтирка со препорачано писмо со расписка под бр[ој] [...]

„Воопшто не обединувајки ги интересите на Русите и на Бугарите, сепак, не може да не се признае дека во политичкото и националното намалување на вредноста на Бугарите, ВО извесна мера, се понижува и се навредува рускиот народ, кој им го овозможи политичкото постоење на Србите и на Бугарите со давагье огромни жртви во пари и во луге". Така зборува проф[есорот] на Харковскиот универзитет Н. Ф. Сумцов во својата интересна статија „На јужнословенска тема", отпечатена во весникот „Южный Край" од 24 јули о.г.

Мегутоа, бугарскиот народ навистина е ограбен од соседите и во политички и во националњен однос, културната сила на бугарскиот народ со долготрајните војни е поткопана и„што е особено жално, интелектуалниот раецут на бугарскиот народ е ослабеј благодарение главно на соседниот словенски народ, кој го искористи ослабувањето на Бугарите по тешката турска војна, и покрај тоа се обедини со Грците, исконски непријатели на Бугарите.Тие во старо време при секој поволен случај ослепувале илајдници Бугари, во ново време ги потиенуваат бугарскиот јазик, бугарската црква и школството, т.е. се стремат кон духовно ослепување на бугарскиот народ", пишува истиот професор*.

Интересно е да се одбележи дека речиси со исти изрази зборува за мегубалканските односи и со исти симпатии се однесува спрема Бугарија весникот „Westminster-gazet", кој, „коме.,-гирајки го Букурешкиот договор, го осудува безумниот егоизам на Србија и на Грција, поради кој Бугарија, како раководител на војната со Турција, била лишена од речиси целата област што ја освоила". Англискиот весник дури смета дека „во вакви услови не може да има стабилен мир. Единствена надеж е ревизија на договорот од државите, но ова е можно само во случај ако Русија и Австрија навистина постигнат согласност".

* Следниот текст во оригиналот е пречкртан: (Јас мислам дека паметна Русија во своето огромно мнозинство ги дели горенаведените погледи на професорот Сумцов.) (Западна Европа, особено во лицето на културните Англичани, слабо заинтересирани за).

Колку и да сакаме да веруваме дека Русија навистина ке ја постигне ваквата спогодба, сепак, упорноста, со која Франција ја спроведува својата блискоисточна политика може да ги осуети добрите намери на Русија. Франција премногу ги цени своите блискоисточни клиенти Турција и Грција за да ги препушти на судбината. Таа йдаде на Грција воени инструктори и ја снабдува со оружје од своите фабрики. Таа го сака засилувањето на Грција за да склучи потоа сојуз со неа за одржување на рамнотежата на силите во Средоземно Море, а исто така да го направи непотребен излезот на руската Црноморска флота од протоците во Средоземно Море. Голема Грција, која ги поседува сите острови во Егејско Морс, без исклучок, и тракиското крајбрежје до Места (Кара-Су), зголемена со Епир, Солун, Серез, Драма и Кавала и со јужна Македонија, ке биде сигурен сојузник на Франција против Италија, а исто така уште поголема тапа, која ке го затвори излезот на руската флота од Црно Море. Затоа е јасно зошто Франција ги поддржуваше претензиите на Грција за време на грчко-бугарскиот спор за Солун, зошто таа, веројатно, ја поддржуваше упорноста на Србија, која бараше поништување на српско-бугарскиот сојузнички договор; исто така, најверојатно е дека француската дипломатија во Белград и ја ветила на српската влада долината на Вардар за да се откаже од крајбрежјето на Јадранско Море и од Албанија и, на крај, француската дипломатија за време на патувањето на г. Поанкаре во Лондон го парализираше обидот на Русија за остварување на руската арбитража*.

Упорноста на Франција во решавањето на блискоисточниот конфликт исклучително во согласност со нејзините интереси, кои апсолутно се разидуваат со интересите на Русија и се отворено непријателски спрема интересите на бугарскиот народ, не принудува нас, македонските Бугари**, да го замолиме Вашето превосходство да ја искористите готовноста на Австрија, Италија и на Англија да се изврши ревизија на Букурешкиот мировен договор во согласност со интересите на Русија и во корист на слов[енското] население на Македонија.

Примете и тн.

**ЗОјули**

Денес е испратена во Петербург белешката до мин[истерот] за надв[орешни] работи што ја напитав вчера.

Ако поразот на Бугарија беше резултат на дејноста на француската дипломатија, која ги уништи бугарско-српскиот и бугарско-грчкиот сојузнички договор, а исто така ја оневозможи руската арбитража, која ја парализира можноста на Русија да изврши притисок и да ги задржи Романија и Турција од навлегувањето на територијата на Бугарија, што е сосема возможно, тогаш треба да се признае дека поразот на Бугарија истовремено е и пораз на руската дипломатија од нејзиниот сојузник - Франција. Последнава очигледно сакаше да го спречи склучувањето на балканскиот сојуз и војната со Турција. Сепак, Русија го постигна своето, Франција отстапи и Жорж Луи му го отстали своето место на г. Делкасе. Но вториот, од своја страна, ја принуди Русија по сите спорни точки да ја следи Франција. И ако за време на Првата балканска војна Русија беше прва виолина во европскиот концерт, за време на мировните преговори во Лондон, за време на Втората балканска војна и за време на мировните преговори во Букурешт првото место во европскиот концерт й прилагаше на Франција, која апсолутно и ги смеша сите карти на руската дипломатија и која ги создаде политичките последици од балканските војни што беа во корист само на Франција. Франција кс им обезбеди кредитоспособност на Турција и на нејзините вредносни хартии што ги држат француските финансиери; таа ісе и обезбеди полза на Грција како клиент на Франција и вејзина идна потпора во неточните води на Средоземно Море; таа ги заштити и им помогна на ( )рбија и на Романија, како непријателски земји спрема Тројниот сојуз и ја ослабна Бугарија, можна сојузничка како на Русија така и на Австрија. Односот на Франција кон Србија се покажа уште за време на посетата на кралот Петар на Париз по повод стапувањето на престол. Тогаш францускиот печат го поздравуваше како воен воспитаник на Сансирското носно училиште и како француски легионер што војувал со Прусија, но и како претставник на држава што му е верна на француско-рускиот сојуз. Мегутоа, францускиот печат тогаш укажуваше дека Бугарија е несигурен приврзаник на двојниот сојуз.

Француската дипломатија и францускиот печат им останаа верни на својата приврзаност кон Србија и Грција и на своите економски и политички интереси. Франција, а

* Следниот текст во оригиналот е пречкртан: (Да претпоставиме дека во последниот случај говорот на грофот Бобрински во Д[ржавната] дГума] за „есловенскиот цар" непотребно ја исплаши Европа.).

** Следниот текст во оригиналот е пречкртан: (привремено да го оставиме прашањето за судбината на вашата татковина, бидејќи Русија поради балканските Словени нема да го раскине својот сојуз со Франција.).

не Австрија и Тројниот сојуз ги победија Русија и Бугарија и, раскинувајки го бугарско-српскиот сојуз, го осигура својот капитал што й беше позајмен на Турција и своите политички интереси поврзани со засилувањето на Грција.

Општо земено, тешко на Словенството. Кутрата Русија, покровителка на Словенството, немокна е да му помогне на Словенството и од него да си создаде идна потпора во Европа. Таа нема пријатели во Европа. И помагаше на Прусија; таа ја експлоатираше, а во Кримската војна се откажа да й помогне. Во 1848 година Русија ја спаси Австрија од распагање и таа, како благодарност, по 5-6 години за време на Кримската кампања ги сконцентрира своите војски на руската граница. Во 1877-[18]78 г. Австрија и Прусија исто така ја оставија Русија сама и за својот неутралитет Австрија ја издејствува за себе Босна и Херцеговина, но откако ги доби овие земји, таа се откажа да ја поддржи Русија на Берлинскиот конгрес. Подоцна руската дипломатија најде за сходно да склучи посебна спогодба со Австрија за балканските прашања. Таа спогодба Австрија ја искористи за да го отстрани влијанието на балканските држави врз Македонија и го признаваше македонското нрашање како европско, а пред се како австриско-руско, а не локално, балканско.

Австриско-руската спогодба беше погребана. Русија се зближи со Англија, или поточно Франција ја повлече својата сојузничка на поклонување во Лондон. Се создаде тројна спогодба, во која се чинеше дека Русија ја игра најважната улога. Мегутоа, во суштина испадна поинаку. По Руско-јапонската војна Франција како да ја зеде Русија под свое старателство. Таа ја зближи со Англија, таа и дозволи да го создаде балканскиот сојуз, таа ја создаде автономна Албанија, се избори за Скадар (Скутари) во корист на Албанија, таа га растури бугарско-српскиот и бугарско-грчкиот сојузнички договор, ја растури руската арбитража, таа не и дозволи на Русија да ги сопре Романија и Турција од навлегување во Бугарија, таа ісе ја зголеми територија на Турција за сметка на Бугарија, ке ја спаси Турција од контрибуција, ја зголеми територијата на Србија и на Грција за сметка на Бугарија. Со еден збор, правеше се што сакаше, а Русија и Англија само ги следеа упатствата на Франција. Се покажа дека на Балканскиот Полуостров постојат француски интереси, кои француската дипломатија успеа да ги обезбеди целосно, нарушувајки ги тугите сојузнички договори, варушувајки ги мегународните трактати и обврските на Турција и ел.

Австриското старателство за Русија беше заменето со француското, и ако Русија не и отстали на Австрија ниедна педа земја на Балканскиот Полуостров, но ги обезбеди интересите на француските банкари и фабриканти и ги оствари целосно интересите на Франција на Блискиот Исток. Така странците ги користат слабоста, доверливоста и недалековидоста на словенското племе и на руската дипломатија.

## X.

Ги читав весниците „Голосъ Москвы" од 26 и 27 јули и „Южный край" од 28 јули. Во „Г[олосъ] М[осквы]" од 26 јули отпечатени се статиите: редакциската „Мир" и „Во спомен па А. А. Ростковски" од Н. П Мамонтов[123].

Првата од нив со симпатии се однесува спрема Бугарите и Србите и непријателски спрема Грците, иако во неа и во другите статии на „Г[олосъ] М[осквы]" се гледа неупатеноста на редакцијата за балканските работи. Така на пример, во статијата се зборува: „Висока цена плати Бугарија за престапничката мегаломанија на нејзините политички ракоподители". Така можат да се изразуваат луге што апсолутно не се запознаени со балканските работи или пак луге кои, наогајки се цело време во Москва, знаат за нив толку, колку што знаат и за кинеските работи, ако и не помалку. Да се нарекува [мегаломанство] желбата на Бугартте да ја припои Македонија значи исто како да се обвини Русија за мегаломанство поради нејзината желба да владее во Малорусија, ако наместо македонското прашање би се решавало прашањето за Малорусија. Правата на Србија и на Грција врз Македонија се помали од правата на Полска и Австрија врз Малорусија. И одеднаш ја оГжинуваат Бугарија за мегoломанство затоа што таа сака да ја завладее бугарска V кедонија, својата мала Бугарија. Во исто време, Србија ја фалат: „Србија, што и служи на чест на државничката далеховидост на нејзините политички главатари, се задоволи со Иштиб* и со границата по ертовите по должината на реките Брегалница и Вардар, оставајки ија Струмица на Бугарија; животните интереси на Бугарија од таквото разграничување мегу пса и Србија нема да настрадаат и во иднина останува мошне сигурна почва за помирување".

Но покрај ваквата пофалба за Србија, „Г[олосъ] М[осквы]", по силната заштита на

* Штип.

правата на Бугарија врз Кавала и Тракија, запоседната од Турците, ја завршува воведната статија со издигање на Бугарија: „Тогаш, (т.е. откако ке се решат во корист на Бугарија прашањата за Кавала и Тракија), Бугарија ке има можност да почне плодна културна работа и да ги излечи своите тешки рани, за нејзината срека и за срека на целото Словенство, воопшто не загрозувајки ја нејзината виталност. Бугарија, која за 35 години се претвори во мокна држава од мизерен, зафрлен вилает на Турција, мора да верува во сопствената светла иднина и да не очајува".

Вака пишува „Г[олосъ] М[осквы]", кој воопшто не претпоставува дека опасноста за иарушување на мирот во иднина не е само во прашањето за Кавала, туку исто така и за: Солун, Енице-Вардар, Воден, Острово, Костур, Лерин, Битола, Охрид, Струга, Дебар, Прилеп, Крушево, Гостивар, Тетово, Белее, Скопје, Куманово, Крива Паланка, Кратово, Кочани, Пехчево, Радовиш, Штип, Серез и Драма, т.е. за цела бугарска Македонија.

Не страдаше од меголоманија бугарскиот народ, кој е ограбен од соседите, туку тие што го испокрале и сега празнуваат и ликуваат по повод потпишувањето на Букурешкиот мировен договор.

Еве што соопштуваат по овој повод телеграмите на СПА од 27 јули.

Атина*. Кралот го награди Венизелос со Голем крет на Орденот на спасителот.

По првиот огномет во чест на мирот, на улиците започнаа големи манифестации. Толпата одеше по улиците со извици: „Да живеат кралот и армијата! Да живее Венизелос! Да живее Грција!" Сите куки беа украсени со знамиња. Се слушаше биење на камбаните. Градот е илуминиран.

Белград**. Се вршат активни подготовки за пречек на ерпските мировни преговарачи. Од разни кругови на општеството на Пашик му се испратени поздравни телеграми по повод склучувањето на мирот. Се спремаат силни овации.

Букурешт***. Официјалниот орган „Politique" ги поздравува учесниците на конференцијата и го фали кралот Карл, кој на блескав начин го крунисува своето успешно владеење. Либералниот весник „Indépendance Roumaine" забележува дека конференцијата успеала во значителна мера да го реши неточното прашање. Букурешкиот мир ісе им послужи на чест на ополномоштените, кои ке ги стават своите потписи на новиот договор.

Така сега ликуваат тие кои, обвинувајки ја Бугарија за меголоманство, самите извлекоа толку корист за сметка на Бугарија што не можат да ја скријат својата радост. Но долго ли тис ке се радуваат. И Бугарите исто така се радуваа кога се наогаа во Чаталца и Булаир. „Станавме голема држава", велеа со восхит во мое присуство на станицата Кабакча. Но, што испадна? Го потпишаа Лондонскиот мировен договор и, одеднаш, нова војна. Сега го потпишаа Букурешкиот мировен договор и сер Едвард Греј[124] му честиташе на Мајореску, а императорот Вилхем на кралот Карл за склучувањето на мировниот договор. Па нели ние знаеме како заврши Лондонскиот договор. Не може ли да се очекува истата судбина за Букурешкиот?

А вестите од Букурешт и од другите европски центри укажуваат на можноста да пропадне Букурешкиот мир.

Пред се, заслужува внимание седницата на мировната конференција во Букурешт од 27 јули. Претседателот ги објави нотите на австриската мисија од 22 и 22 јули**** по повод Букурешкиот договор, кои беа напишани пред да се постигне спогодбата мегу завојуваните. Vh нрека со прашањето за училиштата и црквите, ерпските делегати изјавиле дека ова прашање е предвидено во ерпскиот Устав и не може да биде објект на договор, а Бугарија in прифати барањата на Грција за ова прашање.

Во ьрска со австриските ноти, „бугарскиот ополномоштен изјави дека споменатите ноги му беа испратени од неговата влада, сепак, бугарските делегати во секој случај ке го потпишат договорот". Претседателот ја прими на знаење оваа изјава, која беше внесена во записникот. Веројатно, како инструмент против понатамошните чекори на Австрија. Јас маслам дека ова воопшто не е сигурен инструмент, бидејки по Австрија, ревизија на договорот може да побара Русија.

Интересни се и заклучните дебати.

Спалајковик[125] рекол дека прашањето за границата на Стара Србија, кое не беше

* Подвлечено во оригиналот. **

Подвлечено во оригиналот. ***

Подвлечено во оригиналот. ****

Така е во оригиналот.

решено од времето на Берлинскиот конгрес, сега е регулирано. Тончев ја прочита изјавата дека, иако Бугарија би ја претпочитала поделбата на територијата врз национална основа, сепак таа се согласува со поделбата врз основа на создадената состојба и изразува над еж дека државите ке покажат интерес за судбината на Бугарија поради жртвите што таа ги даде.

Политне[126] изјавил дека Грција го потпишува договорот со убедување дека тој се базира врз праведна рамнотежа, а не врз создадената состојба. Спалајковик укажал дека договорот претставува акт на праведна рамнотежа.

Претседателот Мајореску, затворајки ја седницата, рекол: „Претпоставувам дека сум толкувач на мислењето на цел ата конференција, ако кажам дека сите искажани изјави воопшто не го намалуваат значењето на склучениот договор, кој го утврдува дефинитивниот мир".

Австриските ноти и изјавите на бугарската делегација на конференцијата како да покажуваат дека не е баш толку успешен потпишаниот Букурешки договор.

Виенскиот печат за мирот:

„Neues Wiener Tageblatt" вели: „Без оглед на спротивното гледиште, Австро-Унгарија со задоволство би го поздравила мирот, ако тој би бил склучен на таква основа, која неговата ревизија би ја свела на чисто формален акт. За жал, испадна поинаку, од Македонија, која е населена со Бугари, Бугарија речиси ништо нема да добие. Македонците ке потпаднат под тешкото владеење на Србите и на Грците. Малку е веројатно дека големите држави спокојно ке го прифатат зацврстувањето на странска власт врз значителен дел од Македонија. Букурешкиот мир не го доближува Балканот кон целите што ги постави Европа. Тешката задача да му даде на Букурешкиот мир цврвтина и долготрајност лежи врз европските држави.

Официјалниот весник „Wiener Allgemeine] Z[ei]t[un]g." пишува: „Букурешкиот прелиминарен мир им противречи на двата претходни принципи што ги постави Австро-Унгарија пред почетокот на преговорите како услов за признавање од нејзина страна на аовата ситуација. Австро-Унгарија изјавила дека Бугарија не треба да биде понижена и истисната од централна Македонија. Задача на Австро-Унгарија и на државите-истомисленички е да ги оствари гореспоменатите принципи. Не смее да им се дозволи на балканските држави да го менуваат Берлинскиот трактат. "

„Zeit", напротив, истапува против бугарскиот официјален „Мир". За неизбежната ревизија на мировниот договор весникот вели: „Договорот за мир за Романија стана прашање на честа. Србофобијата, која доведе до поддршка на Бугарија, го отфрли најстариот и најверен пријател на Австро-Унгарија - Романија. Букурешкиот мир не и нанесува на Бугарија голема штета. Неопходно е да се остави Бугарија на нејзината сопствена, не премногу сурова, а во споредба со нејзините грешки, дури милостива судбина. На Романија да il се остави честа да биде воспоставувач на мирот".

Австриските ноти и печатот го појаснуваат соопштението на „Г[олось] М[осквы]" од Петербург дека во ерпската амбасада изјавиле оти сега ерпските и грчките делегати сите сили ги насочуваат кон зацврстување на договорот склучен во Букурешт, бидејки Австрија е решена да преземе чекори за ревизија на мировниот договор и за промена на ерпско-бугарската граница".

Загрижеността на Србите и на Грците не е залудна поради многу интересното прашање за Кавала. Ова пристаниште нема големо значење за Грција, но неговото поседување е поврзано со поседувањето на Драма, Серез и на островот Тасос. Освен тоа, пристаништето й го покажува на Грција патот кон Константинопол. На крај, поседувањето на Кавала од Грците ке го-юелободи Солун од неговата конкуренција. Бугарија губи пристаниште, кое е во соседство на Солун и кое му конкурира.

Мегутоа, поради ова пристаниште почнаа француско-руските разногласици, кои јасно й покажаа на Русија дека не таа, туку Франција го раководи европскиот концерт на штета на нрестижот и на интересите на Русија и на Словенството. Печатот веке зборува за незадоволството во петербуршките кругови од Франција, која не сакаше да ја поддржи Русија во прашањето за Кавала и во Петеребург, во информираните дипломатски кругови, го известија дописникот на „Г[олось] М[осквы]" дека Букурешкиот договор нема да се преразгледува, ако Грција се откаже од Кавала во корист на Бугарија. Во францускиот печат веке владее загриженост по повод разногласиците мегу Франција и Русија во врека со прашањето за Кавала. Печатот ја предупредува владата (очигледно, руската) за зближувањето со Австрија.

Без оглед на ова, Србите и Грците ликуваат и ја празнуваат победата. Романците организираат свечености по повод склучувањето на мирот. „Южный Край" од 29 јули пренесува од

Белград: Веста за склучувањето на мирот е прифатена со ентузијазам. Престолнината е украсена со сојузнички знамиња, на улиците има маса народ. Со особена радост е примена наредбата за демобилизација на војската, која ке почне на 29 јули. На Пашик му е доделен орденот Бел орел од I степен.

- Атина: Кралот се обрати до армијата и до флотата со наредба, во која, соопштувајки за иотпишувањето на спогодбата за грчко-бугарската граница, вели дека благодарение на пролеаната крв и на поднесените лишувања и на храброста на армијата и на флотата, Грција стана голема. Кралот ја изразува благодарноста за подвигот и се гордее да стой на чело на ваква армија и флота. Тој објавува дека наредил да им се додели медал на учесниците на војната. Мегутоа, се вели во наредбата, работата не е завршена - Грција треба да се направи силна. Кралот постојано ке се стреми кон постигнување на оваа цел и се надева дека војниците што остануваат под знамињата ке му помогнат, а тие што се вракаат во огништата ке ја зачуваат решеноста да ја зацврстат мокта на Грција, за пријателите да ја почитуваат, а непријателите да се плашат од неа. - Со таков јазик зборува новоназначениот од имнераторот Вилхелм фелдмаршал на германската армија - Константин.

- Солун: По случај на склучувањето на мирот се одржа свечена богослужба во црквата „Света Софија". Присуствуваше принцот Николај, кој воодушевено беше поздравен од населението. Кралот Константин заминува во Серез, Драма и во Кавала, а оттаму во Солун, каде што се прават големи подготовки за триумфалното влегување.

Радосните Срби, Грци, Романци, освен што се надеваат на Франција и делумно на Германија, големи надежи полагаат на новиот српско-грчко-романско-црногорски одбранбен сојуз создаден со напорите на Франција. Од Букурешт „Г[олосъ] М[осквы]" од 27 јули пренесува: „Во мировниот договор има посебен параграф, кој вели дека Србија, Грција, Романија и Црна Гора заемно се обврзуваат да ги штитат своите нови придобивки од нападите на која било трета држава. Под оваа трета држава се подразбираат Австрија или Бугарија. Значи, ако Австрија би наумила сега да ја нападне Србија, таа би се соочила со сите сојузници. "

Мегутоа, ако Австрија, Русија и Италија заедно би ги нападнале новите сојузници, што гогаш?

Во Букурешт за тоа не размислуваат и му се предаваат на бучниот пир по повод ограбувањето на Бугарија.

Букурешт. СПА: „Мајореску во зградата на Министерството за надворешни работи дал свечен ручек за мировните делегати. На ручекот присуствувале сите романски министри со еопругите, странските делегати со секретарите и највисоките чинови на Министерството. На ручекот Мајореску одржал здравица, при што рекол:

- „Мировната конференции ја изврши својата задача и јас сум срекен уште еднаш да им ја изразам нашата благодарност на делегатите на христијанските балкански држави за честа што ни ја укажаа со доагањето во Букурешт и со завршувањето во престолнина на Романија на делото на мирот, кон кој ние толку страсно се стремевме и кој толку многу ветува за иднината на нашите држави. Брзото постигнување на спогодбата и покажаното единство на погледите сведочат дека во Европа се појави нова значајна сила. Резултатот е постигнат благодарение на неуморната работа, на високото сфакање на патриотскиот долг и на помирливото расположение на членовите на конференцијата. "

Пашик одговорил: „Сметаме дека првенствено треба да ја изразиме искрената и длабоката благодарност за благонаклонетиот и гостољубив прием што ни е приреден во престолнината на Романија. Пред се, му изразуваме благодарност на Неговото величество кралот Карл, кој со својата мудрост и отвореност ја крена Романија на такво културно ниво и мок, благодарение на кои таа стана првостепен политички фактор на југоистокот на Европа". Понатаму Пашик им изразил благодарност на романските државни дејци, а особено на Мајореску, кој со својата способност, искуство и љубезност успеа да ја доведе конференцијата до крај. На крајот, Пашик рекол: „Ние и пожелуваме на Романија секогаш да биде на чело на нациите што ги претставуваме и да ги води на патот на редот, мирот и на прогресот".

27 јули. Седницата на мировната конференција почна во 10 и 50 наутро за да се потпише мировниот договор. Во 11 часот салвата од букурешките тврдини го најави дефинитивното склучување на мирот.

Венизелос од името на членовите на конференцијата му ја изрази благодарноста на Мајореску за непристрасното и тактично водење на дискусиите и за рационалните совети што им ги давал на одредени делегации на одделни седници. Венизелос изјави дека името на Мајореску ке се изговара со искрена благодарност и длабока почит од сите народи, на кои Букурешкиот договор им го дава, на крај, мирот.

Сите учесници на конференцијата, станувајки од своите места, го поздравуваа Мајореску. Трогнатиот Мајореску им се заблагодари, одговарајки дека главната заслуга им припага на членовите на делегациите, кои со помирливото дејствување ја заслужија благодарноста на своите народи. Пред затворањето на седницата Мајореску рече: „Ние можеме да се разделиме свесни дека направивме се што можевме за да ги обезбедиме интересите на државите што ги претставуваме. Благодарение на личните врски што ги воспоставивме за време на нашата заедничка работа, ние ке бидеме пионери на добрите односи што се воспоставуваат мегу нашите држави. "

**Букурешт ликува:**

При излегувањето од Министерството за надворешни работи по цел пат кон соборната црква толпата радосно ги поздравуваше делегатите. Напладне се одржа свечена богослужба во катедралата во присуство на кралот, кралицата, делегатите, министрите и највисоките службени лица. Во сите цркви се слуша биење на камбаните. Градот е украсен со знамиња, насекаде свири музика. По предлог на Спалајковик, сите делегати по излегувањето од катедралата во полн состав се упатија во дворецот, каде што се потпишаа кај кралот.

**Награди на ограбувачите:**

Кралот Карл им додели на членовите на конференцијата низа одликувања: Пашик, кој пеке има Орден на Романската ввезда, го доби портретот на кралот со неговата своерачна посмета, на Венизелос и на Вукотик им е доделен Орден на Романската звезда од I степен, ва Спалајковик и на Панас - Орден на Романската круна од I степен.

Бугарската делегација достоинствено се откажа од наградите:

„Членовите на бугарската делегација искажаа желба одликувањата да им бидат доделени дури по обновувањето на дипломатските односи и воспоставувањето срдечни односи мегу Романија и Бугарија".

Како одговор на букурешките, белградските и на атинско-солунските свечености по повод ограбувањето на Бугарија, во Софија „сите софиски друштва и корпорации и македонските емигранти се подготвуваат за протест против решенијата на Букурешкиот договор.

Јас мојот протест го испратив денес (Белешка до мин[истерот] за надв[орешни] работи).

Од Софија СПА телеграфира:

- 64 бугарски учители, кои беа задржани од српските власти во Македонија и беа орепракани од затвор во затвор, сега се протерани од Смедерево* во Оршова**, од каде што тие за сметка на бугарската влада се донесени во Ломпаланка. - Секако, ова е врз основа на српскиот Устав, за кој г. Спалајковик зборуваше на седницата на мировната конференција дека тој му гарантира на народот слобода на просветата и на црквата. - Српска гаранција!

Во разговорот со новинарите во Букурешт тој изјави дека српско-грчко-црногорскиот сојуз ке остане и по војната, поради тоа опасноста од бугарски реванш не го плаши. Кон постојниот сојуз се приклучи Романија, а ке се приклучи и Албанија, така се појавува нова балканска конфедераилја, во која може да влезе и Бугарија, ако посака.

, „Што се однесува до грчкото население во Тракија, ние бараме за него целосна национална независност, во спротивно ке се појават нови судири и нов повод за незадоволство. За да се избегне тоа, ние претпочитаме да и ја оставиме Тракија на Турција, зачувувајки ја во неа независноста на црквата, отколку да и ја вратиме на Бугарија".

Кон овие изјави на Венизелос треба да се додаде веста на „Ю[жный] К[рай]" од 28 јули од Константинопол: „Се очекува формално прогласување на грчко-турскиот сојуз. Иегова цел е автономија на Тракија, во која сферите на влијание се делат мегу Бугарите, Турците и Грците".

Може само да им се честита на руските дипломати за ваквите блескави услуги на

* Град во Србија, административен центар на Подунавскиот округ, во кој се наога голем затвор. **

Град во Романија на р. Дунав, кај Железната врата.

францускатa дипломатија, која не само што се стреми да ги спаси своите милијарди вложени во турските вредности, туку и го подготвува обновувањето на Византиската Империја со Константинопол и протоците. Не случајно Грците толку често вршат свечени богослужби ВО солунската „Света Софија".

Мегутоа, надежите на Грците и на Французите може да не се реализираат. Прашањето на несрекната Кавала и ревизијата на Букурешкиот мир многу ја заинтересираа руската дипломатија. Само да не се урне сета мировна зграда на балканските сојузници, изградена на песочен фундамент*.

Ја наведувам овде статијата:

**„Во спомен на А. А. Ростковски"**

од Н. П. Мамонтов, „Г[олосъ] М[осквый]", 26 -VII -[19] 13", која и за мене има биографско значење.

Денес се навршија десет години од прераната смрт на еден од најверните слуги на Русија, кој високо го држеше руското знаме во странство, на нашиот конзул во Монастир (Нигола) Александар Аркадиевич Ростковски.

Тој загина на своето работно место, како и незаборавниот Г. С Шчербина[127], првиот руски конзул во Митровица, од рацете на наемните албански убијци.

Но Шчербина загина чист од клевета, со неоцрнето име и неговата смрт предизвика барем некакво сожалување кај руската јавност, а Ростковски беше наклеветен од устите на неговите убијци и Русија не ја оцени тешката загуба...

Овие две злосторства останаа, всушност, неразјаснети.

Денес, на денот на десеттата годишнина од насилничката смрт на вториот наш конзул во Македонија, сакам да ги потсетам читателите за ова нечиста работа, раководејќи се исклучиво со податоците што лично ги собрав во Македонија од Н. *П.* Кохмански[128], в.д. на рускиот конзул во Солун, од С. В. Тухолка[129], нашиот конзул во Митровица, А. С. Џолевски[130], виден македонски деец и од единствениот сведок на убиството, секретарот на починатиот К. II. Мисирков.

А. А.Ростковски беше на оваа должност во Битола речиси десет години. Богат човек, ко] работеше од љубов, а не поради лична корист, срдечен и чувствителен, „ангел-чувар" на бугарското население и прекрасен познавач на историјата и на современата ситуација во Македонија, - А. А. Ростковски беше трн во окото на турската администрација. Неговиот решителен и цврст настап за сите прашања што го засегаа престижот на Русија правилно се оценуваше во руската амбасада во Константинопол. Влијанието на Ростковски на сите работи во западна Македонија во корен го парализираше нелегалното австриско дејствување и поради тоа тој доби жесток непријател во лицето на својот австриски колега г. Крал[131].

Во борбата против рускиот претставник Крал најде верен сојузник во битолскиот валија, на кој Ростковски со својата енергична дејност му предизвикуваше низа исиријатности.

Да се собори Ростковски со помош на дипломатски интриги беше невозможно. Колку и да е необично, но руската дипломатија високо го ценеше покојниот, сметајќи го за еден од иајдобрите претставници на Русија на Блискиот Исток.

На сојузниците им остануваше само да предизвикаат судир мегу Ростковски и Албанците и да го искористат за свои цели. Многу напори вложи неуморниот Крал и на 26 јули 1903 година тој го постигна своето.

На овс^ден наутро А. А. Ростковски, во придружба на својот секретар, Крсте Петков Мисирков, патуваше со пајтон од викендичката во градот. Наспроти воените касарни полицаецот „заптија", Албанец, кој одлично знаеше како изгледа конзулот, демонстративно ис го поздрави.

Ростковски му нареди на кочијашот да запре и излезе од кочијата. Тој не стигна да направи ни три чекори во правец на полицаецот, кога тој истрела во него од пушка. Куршумот пролета пскрај целта. Ростковски застана.

Што се случи понатаму, К. П Мисирков ми раскажа вака:

- Јас скокнав од кочијата и викнав: Што правиш? Ова е рускиот конзул!

* Подвлечено во оригиналот.

Стражарот испука уште еднаш и Ростковски смртно ранет во градите падна. Коњите лстнаа, кочијата ја снема од видикот. Заптијата нанишани во мене, за да го отстрани јвпотребниот сведок, и испука. Јас паднав и се преправив како да сум убиен.

Дотрчаа војниците и офицерите. Јас го видов Енвер-беј[132], кој ми беше познат и кој беше истакнат деец на Младотурската револуција, и ненадејно станав.

Сите се збунија.

На моја молба Енвер-беј ми додели офицер за придружба и јас безбедно стигнав до конзулатот.

Без оглед на ужасната минута, јас цврето запамтив дека заптијата-убиец Халим и другиот полицаец, кој исто така пукаше во Ростковски, Шуаиб, гордо им раскажуваа на офицерите и на војниците детали од настанот. Набргу сфатив во што е работата.

Моите сопатници веке зборуваа мегу себе дека убијците постапиле правилно.

-Ростковски самиот е виновен; тој се нафрли врз стражарот со камшик и почна да го удира по лицето. Кога Ростковски, откако го истепа стражарот, извади уште и револвер, преплашениот војник одмавна со пушката и таа испука!

Оваа чудовишна клевета утрото следниот ден ја објавија весниците од цела Европа, според зборовите на Крал, дописникот на „Korrespondenz Bureau".

Крал не помисли да го праша единствениот сведок К. П. Мисирков, но тоа и не му гребало.

Тој пред убиството ги знаел деталите во таква светлина каква што му била поволна. Фактичките убијци сепак ги осудија и ги обесија.

Во Монастир уште долго се зборуваше дека за убиството на Ростковски Австрија платила сто златни монети, десет лири повеке отколку за убиството на Шчербина....

Оттогаш поминаа десет години, но на местото на убиството на Ростковски се уште нема ни споменик, ни дури ограда. Русија не посака достојно да го одбележи споменот на чеениот човек, кој загина на својата должност, верен борец за идејата на словенското единство, која денес безмилосно се гази...".

**31 јули 1913 година**

1812-[18] 13 и 1912-[19]13 година многу си личат една на друга, така и пред сто години и сега Франција ја играше и ја игра најглавната улога во мегународниот живот на Европа. Сепак тогаш непријателите на Франција, по неуспешниот поход на Наполеон на Москва, успеале да создадат коалиција и на синот на корзиканскиот адвокат, францускиот император, не му појде од рака да се справи со цела Европа, која се наоружа против него. Сега ние го цоживуваме спротивното. Франција под раководство на претседателот Поанкаре, кој својата политичка дејност ја почна како адвокат, во 1912-[19] 13 им нанесе целосен пораз на членовите на поранешната коалиција против Наполеон. Русија, која беше главен непријател на І[аполеонова Франција, секако го претрпе најголемиот пораз. Франција, со помош наТројниот сојуз, успеа да и го попречи на Србија излезот на Јадранско Море, на Црна Гора да го ювладее Скутари, таа самостојно го растури бугарско-ерпекиот сојуз создаден со напорите на руската дипломатија; наместо словенскиот бугарско-ерпеки сојуз Франција создаде на Балканот свој сопетвен антисловенски балкански сојуз со раководна улога во него на несловенските држави: Грција и Романија. Таа, со помош на овој сојуз создаден од неа ја ослабна Бугарија, која беше создадена со крвта на руските луге и со средствата на рускиот народ. Откако* ги осуети мечтаењата на Бугарите да го завршат ослободителното дело на царот-ослободител да ги обнови Санстефанскиот договор и санстефанска Бугарија, Франција ι ii осуети напорите на руската дипломатија да добие контрибуција од Турција во корист на сојузниците. Освен француската дипломатија, откако ја убеди Турција дека Франција [нема ца се присоедини]*, Русија ке остане изолирана од сите држави, вклучувајки и [неа], ја посоветува Турција без никаков ризик за себе да навлезе во Тракија и да ги врати Адријанопол и Лозенград. Сега не само што не може да стане збор за контрибуција од Турција за балканските сојузници што војувале против неа, но Турција под покровителство на Франција склучува сојуз со Грција против Бугарија за да и ги одземе Тракија и Адријанопол.

Резимирајки ги резултатите на француската дипломатија на „рускиот театар на воените дејства", ја добиваме следнава слика:

* Rn мпнгицаплт ρ пприь'птднп

1. Создавање автономна Албанија со истиснување на Србија од крајбрежјето на Јадранско Море.

2. Ветување на Србија на долината на Вардар за нарушувањето од неа на српско-бугарскиот сојузнички договор, а според тоа, и за нејзиното излегување од бугарско-српско-црногорскиот сојуз создаден од Русија.

3. Поддршка на Грција во бугарско-грчкиот сојуз и уништување на бугарско-грчкиот сојузнички договор.

4. Откако ја изолира Бугарија, француската дипломатија состави антибугарски сојуз, шго истовремено значеше и антисловенски сојуз, но за да ја успие совеста на руската дипломатија, на печатот и на јавноста, Франција ја намести словенска Србија на чело на антибугарскиот сојуз и новите сојузници [...]* на словенска Бугарија под словенско знаме и Во име на интересите на Словенството.

5. Новата, Втора балканска војна стана спас за Турција, чиј главен кредитор беше Франција. Турција беше спасена од контрибуција и йсе отвори перспектива за повторно присвојување на Адријанопол и на Тракија. Турција можеше да се ослободи од Париската финансиска комисија и од решенијата на Лондонскиот мировен договор.

6. Втората балк[анска] војна и даде можност на Романија да не ги почитува решенијата на Петербуршката конференција во врска со бугарско-романската граница.

7. Франција зад грбот на Русија ги убеди владите на балканските држави и на Турција дека Русија, без поддршка на Франција, не ке може да ја поддржи Бугарија против Србија и Грција, дека таа е немокна да ја оствари арбитражата на царот император, која е предвидена со српско-бугарскиот сојузнички договор, и поради тоа може да не им се обрнува внимание на телеграмите на царот император до царот Фердинанд и до крал от Петар дека Србија и Грција не треба да се согласат за состанок на балканските премиери во Петербург, дека Романија без секаков ризик може да навлезе на територијата на Бугарија, бидејки Русија бет поддршка на Франција нема да се осмели да ја нападне, дека Турција ке може да навлезе во Тракија, бидејки Русија без поддршка на Франција не ке се осмели да војува со Турција. Во вакви околности се подготви и се одвиваше Втората балканска војна. Француската дипломатија ги советуваше балканските држави да не й обрнуваат внимание на Русија, а на Русија й сугерираше да се чува од Австрија и од Тројниот сојуз.

8. Советите и предупредувањата имаа успех и Русија остана ладнокрвна набљудувачка на юа како за неа не водат сметка ниту Србија, ниту Црна Гора, ниту Романија, ниту Турција; Русија ладнокрвно мораше да го поднесе уништувањето на создадениот од неа бугарско-српски сојуз за превласт на словенското племе на Балканскиот Полуостров и неговата замена со антисловенскиот балкански сојуз; таа мораше да се помири со разгромот и разграбувањето на еилна Бугарија создадена од царот ослободител; таа мора да го поднесе понижувањето поради непочитувањето на решенијата на Петербуршката мировна конференција, таа мора да го трпи навлегувањето на Турците во Тракија; таа мора да се помири со тоа што новите балкански сојузници на секој начин се тргаат на страна и го избегнуваат Петербург како непријателски за нив и второстепен политички центар. На крај, Турција, благодарение на Втората балканска војна и на изолираноста на Русија не само што е решена да не им плака никаква контрибуција на п[оранешните] балкански сојузници, туку со помош на новите балкански сојузници има намера да го доврши ослабувањето на Бугарија предизвикано од двете балкански војни. Француските милијарди вложени во турските вредности на тој начин сосема се обезбедени.

9. Букурешкиот мир како да ја довршува победата на француската дипломатија. Тоа е одмазда на Русија, Австрија и на Германија (Прусија) за Виенскиот конгрес.

Во Букурешт е зацврстено ограбувањето и ослабувањето на единствениот природен сојузник на Русија во Европа - Бугарија. Во ослабувањето на Бугарија истовремено добија дипломатеюмюраз Русија и Австрија со Италија, бидејки ослабувањето на Бугарија беше направено во корист на непријателот на Италија - Грција и во корист на непријателот на Австрија - Србија.

Врз ослабувањето на Бугарија е создаден нов балкански сојуз со доминација во него па нееловенските држави: Романпја и Грција. Ако се земе предвид зближувањето на Грција со Турција врз основа на создавањето на автономна Тракија за сметка на Адријанополскиот витает, кој и припага на Бугарија според Лондонскиот договор, со доминација во неа на турскиот и на грчкиот елемент, тогаш е јасно дека несловенскиот балкански сојуз може да ја привлече на своја страна и Турција, земајки ја под свое покровителство и заштитата од напад од „трета страна", која може да биде само Русија и Бугарија.

* Во оригиналот е пречкртано.

И така, во Букурешт француската дипломатија, откако го ограби бугарското царство и ја пороби Македонија со нејзината поделба на српски и грчки дел, создаде нова голема држава во Европа со вклучување во неа и на Турција, т.е. се обновува Византиската Империја во нејзиниот најголем обем со припојување кон неа на Романија како раководител на новиот балканско-турски сојуз.

Се појавува прашањето, против кого ке биде насочен новиот балканско-турски сојуз создаден од француската дипломатија. Одговорот е јасен: против Русија поради протоците и кавкаската граница, Анадолија и Бесарабија, против Австрија - поради Трансилванија, Банат, јужна Унгарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Далмација и Славонија, против Бугарија поради Македонија, Тракија и Добруџа. Така новиот сојуз има лице и опачина и француската дишгоматија, создавајки го новиот сојуз, и го покажува лицето на Русија и вели дека тој ке биде насочен против Австрија и Тројниот сојуз, а покажувајки и ја опачината на Англија вели дека новиот сојуз ке биде најдобра гаранција за зачувување на протоците и на целосноста на Турција од агресивната политика на Русија. Со други зборови, новиот балканско-турски сојуз ке биде природен сојузник на Франција и Англија и непријател на Русија, Бугарија и на Тројниот сојуз.

10. А дали Русија може да ги растури плановите на остроумниот г. Поанкаре? Очигледно, може. Ако на Бугарија и беше тешко да го спречи романскиот удар со нож во грб, тогаш руската дипломатија поради целосноста и зачуваноста на руската армија уште може да се ослободи од сищшрите што и ги става француската колешка која дејствува од заседа.

Русија исто така може да го раскине Букурешкиот договор зближувајки се со Австрија и со Германија и ослободувајки го бугарскиот народ во границите на санстефанска Бугарија исто како што направи Европа, која без да прибегне кон војна, во Берлин сосема го измени Санстефанскиот договор.

И Русија, без сомневање, ке го направи тоа со Букурешкиот мир.

## За тоа како г. Поанкаре се одмазди за Наполеон

### Историска паралела

### Дел I

Настаните од 1812-[18]13 година детално се изнесени во учебниците по руска и општа Есторија.

### Дел II

Настаните од 1912-[19]13 година. Првата и Втората балканска војна и Франција како раководител на европскиот концерт. Познато е дека за време на двете војни ја играла главната улога.

Настаните од Втората балканска војна и нарушувањата што ја придружуваа: бугарско-Српскиот, бугарско-грчкиот сојузнички договор, Петербуршката спогодба за бугарско-романската граница и Лондонскиот договор за бугарско-турската војна; Букурешкиот мир и писмата на балканските премиери што го придружуваа неговото склучување и, на крај, разговорите на г. Вегизелос со новинарите покажаа дека во Европа се рага „нова голема Шла" во вид на нов балкански сојуз, на чие чело застана Романија и кој засега го сочинуваат четири непрЈгјатели на Бугарија: Србија, Ерција, Црна Еора и Романија. Раководни држави ВО него се несловенските Романија и Грција, но најактивен член, очигледно, ке биде Грција, ѕоја веке ја завладеа втората престолнина на Византиската Империја Солун.

Се прашуваме, која голема држава може да се смета за творец на новиот политички сојуз, какви се неговата иднина и тенденции и кон која политичка групација може да се приклучи новиот сојуз.

Познато е дека за време на двете балкански војни раководната улога и влијанието им припагаа на државите на Тројниот договор. Во прво време се чинеше дека мегу нив Русија ја игра главната улога. Мегутоа, текот на настаните покажа дека тоа е само заблуда. Русија го создаде бугарско-српскиот сојуз - тој пропадна. Српско-бугарскиот сојузнички договор предвидуваше арбитража на царот император - страните, особено едната, Србија, се откажаа од арбитражата. Русија го поддржуваше излезот на Србија кон Јадранско Море -неуспех. Русија се бореше Скутари да й припадне на Црна Гора - не испадна ништо. Со

голем напор се успеа да се организира во Петербург конференција за романските претензии кон бугарска Добруџа; Романија одби да ги почитува нејзините одлуки. Русија се бореше за правото на поранешните сојузници за контрибуција од Турција; - и тука неуспех. Без знаење на Русија се формира нов сојуз против Бугарија. Романија не се исплаши од Русија и навлезе во Бугарија. Турција не се исплаши од Русија и исто така ја нападна Бугарија. Балканските премиери одбија да отпатуваат во Петербург и го склучија мирот во Букурешт. За време на двете балкански војни руската дипломатија ја снајдоа толку многу неуспеси, рускиот престиж падна толку ниско што нема смиела да се зборува за главната улога на Русија за време на Балканските војни.

Остануваат уште два члена на Тројниот договор: Франција и Англија. Улогата на Англија се определи на Лондонската мировна конференција под претседателство на лордот Едуард Греј. Во Лондон, благодарение на упорноста на сер Е. Греј, мирот со Турција беше потпишан. Но набргу тој беше нарушен од Турција. Очигледно, Англија не беше држава шго лесно може да го прифати нарушувањето на Лондонскиот договор. Разговорот на сер Е. Греј со ерпските и со грчките делегати во Лондон беше енергичен и поради тоа не може да се претпостави дека Англија едно зборувала во Лондон, а друго во балканските престолнини. Очигледно, Англија не можеле да ја израдуваат ни Втората балканска војна, ни нарушувањето на Лондонскиот договор. Англиската [дипломатија] отворено ги осудува Србија и Грција за тоа што тие ја лишија Бугарија од плодовите на нејзините победи и од поголемиот дел од нејзините освојувања.

Останува Франција. Што правела таа за време на Балканските војни? Каква била нејзината улога во Тројниот договор? И како се одразиле двете балкански војни со нивните компликации врз нејзините политички и економски интереси на Блискиот Исток. За сето време на Балканските војни малку се слушаше за дејноста на француската дипломатија. Навистина, во Париз беше свикана финансиска комисија за ликвидација на Првата балканска војна. Потоа се покажа дека Франција настојува Солун да и биде доделен на Грција, но истото се правеше и во Петербург. Во спорот на Србија и Грција против Бугарија Франција застана на страната на првите две против последната, но се чинеше дека тоа беше направено во согласност со желбите на петербуршката дипломатија. Француската дипломатија цврсто ги бранеше интересите на поранешните сојузници на Бугарија, но таквата улога на Франција би можела да се објасни со тоа што во многу случаи на Русија, како на словенска држава во словенскиот спор, и било незгодно да истапува во прв план и се чинеше дека Франција само ги извршува наредбите на Русија. Така долго се замачкуваше улогата на Франција за време на балканската криза. Се чинеше дека за посебни, крупни интереси на Франција на Блискиот Исток и за нивна спротивставеност на интересите на Русија не може да стане ни збор, и затоа изгледаше дека Русија и Франција ги интересира истото и дека Франција во се ја поддржува Русија.

Мегутоа, како што беше наведено погоре, Русија доживеа редица крупни неуспеси, кои воопшто не се неуспеси на Франција, бидејки со текот на балканската криза интересите на Франција само се зацврстуваа. Дури може да се тврди дека неуспесите на Русија во многу случаи беа корисни за Франција и, на крај, Русија трпеше неуспеси таму каде што Франција одбиваше да ја поддржи Русија, а тоа се случуваше многу често. Последен, се чинеше апсолутно несфатлив и неумесен судир на руската и на француската дипломатија беше нивната разногласица во врека со прашањето за Кавала. Руската дипломатија беше ючудена од упорноста, со која Франција ги брани интересите на Грција во прашањето за Кавала. Токму оваа решителност на Франција, која се одрази на мировниот договор во Букурешт, покажа дека Франција во Тројниот договор воопшто немаше улога на сојузник на Русија и на Англија, туку обратно, таа ја имаше раководната улога, користејки ја поддршката на Англија и терајки ја Русија во сите спорни прашања, како и во прашањата што се однесуваа на политичките и економските интереси на Блискиот Исток, да ја следи пса.

Ос*ен прашањето за Кавала, на кое и во Русија му обрнаа сериозно внимание, влијанието на Франција убедливо се покажа во одлуката што ја усвоија Англија и Франција по повод настапот на царот император во улога на арбитар во ерпско-бугарскиот спор. Оваа одлука апсолутно ја парализира дејноста на Русија. Имено, англиско-француската одлука, а не говорот на грофот Тиса[т] го отвори патот на Втората балканска војна со сите нејзини последици и компликации.

Значи, Франција треба да се признае за раководител на Тројниот договор, а според тоа и іа и шршител на судбината на Европа за време на Балканските војни. Таа е заткулисен играч во нарушувањето на сите склучени договори, таа го спречи Тројниот сојуз да се замеша но војната и ја спречи Русија да ја спречи Втората балканска војна со навлегувањето на

* Дума не е внесена во оригиналот.

Романија и Турција во Бугарија, спротивно на Петербуршкиот и на Лондонскиот договор. Дури и повеке од тоа, Франција треба да се смета за поттикнувач на сите овие нарушувања на мегународните договори, одлуки и спогодби, бидејки тоа го бараа француските интереси на Блискиот Исток. Од сето ова следува дека никој друг, туку францускиот дипломатски претставник во Белград и ја ветил на Србија долината на Вардар за да се откаже од Албанија и од излезот на јадранското крајбрежје. И ветувањето беше исполнето. Значи, Франција го растури српско-бугарскиот сојуз создаден од Русија, создавајки наместо него нов, кој според неговите тенденции може да се нарече не само антбугарски, но и антисловенски. На крај, Франција треба да се смета за инспиратор и раководител на одлуките на Букурешкиот мировен договор и на новиот балкански сојуз што произлегува од него, со приклучувањето кон него во најблиска иднина.

Идејата на г. Чариков и на Изволски[134] се зафати да ја реализира Франција, но таа ке ја реализира на француски начин - без Бугарија, со доминантна улога на Романија и со превласт во новиот сојуз и со главна улога на несловенските народности и, на крај, новиот сојуз ке биде насочен против Бугарија и Тројниот сојуз, но покрај тоа, тој ке ги штити протоците, кавкаската граница и сите поседи на Турција од секој надворешен непријател, т.е. и од Русија. Една од членките на сојузот, а имено неговата раководителка Романија, не само што ке се плаши од Бугарија поради Добруџа, но секокаш ке мечтае да ја поседува Бесарабија, а Грција, освојувајки ја втората престолнина на Византиската Империја, никогаш нема да дозволи преминување на Константинопол и на протоците во рацете на Русија и тн. Новиот сојуз истовремено ке биде природен член на новата тројна спогодба, во која ке го заземе местото на Русија, кога ке закрепне новиот балканско-турски сојуз.

## XI.

Мене ми е веке јасно дека Франција, а не Русија, е виновник за поразот. Таа, освен ноделбата на бугарските земји и понижувањето на Русија, го замисли создавањето на оачканско-турскиот антисловенски сојуз, кој еднакво е насочен против Тројниот сојуз и против Русија и Бугарија. Сепак, со сигурност може да се каже дека ова нема да успее. Ке се договори ли Русија со Австрија и со Германија за прашањето за ревизија на Букурешкиот мир или не, но Русија повеке не може да се однесува со иста доверба спрема својата сојузничка како пред војната. А всушност, зошто и е на Русија сојуз со Франција, кога последнава, спасена од нападот на неа од Германија поради Мароко, уште не многу одамна, за време на балканската криза, не само што не и помагаше на Русија, но и отворено и ставаше сопки? Веројатно, ке се појави нова политичка комбинација - сојуз на тројца императори и Италија, кон кој ке се приклучат Бугарија и Албанија. Но дури и да не се оствари ова комбинација, во иднина ке треба да се смета на благонаклонетото однесување кон Бугарија и на Австрија со Италија, и на Русија. Англија, која во балканската криза држеше најстрога неутралност, поради својата хуманост што најде одраз во англискиот печат исто така ке застане на страната на Бугарија. А затоа националното дело на бугарскиот народ не може да се смета за дефинитивно изгубено. Напротив, Втората балканска војна покажа дека Бугарија е во состојба самата успешно да ја води војната на западниот фронт. А ако се приклучи кон Бугарија Албанија, тогаш успехот ке биде сигурен. Неутралноста на Романија и на Турција ке зависи исклучиво од симпатиите на сојузничките држави - Русија и Австрија, кон може да не го дозволат вмешувањето во српско-грчко-бугарскиот спор. Тој спор воопшто не може да се смета за завршен во Букурешт, кој му даде на Балканскиот Полуостров примирје, а не долготраен мир.

Русија нема да ги повтори грешките од 1912-[19] 13 г., таа ке умее и ке може да ја одбрани Бугарија, чија задача во српско-грчко-бугарскиот спор во најблиска иднина ке биде ноедноставна и полесна отколку сега. Благонаклонетоста на Австрија исто така треба да се смета за цврста и долготрајна.

А ni m се однесува до иднината на балканско-турскиот сојуз подготвуван од Франција, нею може делумно да го поддржува Германија, но воопшто не Австрија и Италија, кои заедно со Русија ке застанат на страната на Бугарија и Албанија. Занесот на Русија со Србија мора да помине и руските државници ке сфатат дека Бугарија е најприроден и најсигурен пријател на Русија. Русија ке ги признае правата на Бугарија врз Македонија, бидејки Бугарија іce воспита подобри дипломати од тие што ги имаше пред војната и со поголема енергија ке се зафати за ослободување на Македонија не само со обична надеж М,ı своето право и на силата на оружјето, туку исто така и на силата на говорното оружје и на европската агитација. Освен тоа, и Русија не може да не се исплаши од сојузот во кој влегуваат Романија, која претендира на Бесарабија, Грција, која претендира на Тракија, проищите и на Константинопол и Турција, која ја поддржуваат против Русија балканските

сојузници. Надежта на Романија и на Србија како на природни непријатели на Русија* и пријатели и сојузници на Русија, набргу ке ги напушти вжештените глави на руските империалиста.

Останува да се има трпение и да се подготвува кон нова борба за Македонија, привремено оставајки го на страна прашањето за Добрупа, која е неоправдано оттргната од Бугарија само поради грабливиот инстинкт на Романија и која секогаш ке биде неделив дел на бугарската татковина.

Ние искрено ги цениме симпатиите покажани спрема нас од печатот на целата Европа, освен францускиот. Целиот руски либерален печат исто така изрази сочувство кон бугарскиот народ.

Загубата на Македонија ја ослабна Бугарија, но нема да ги засили Грција и Србија. Ова може да се тврди особено во однос на последнава.

Територија на Србија, во споредба со поранешната, ке се зголеми речиси двојно, но во составот на населението ке има повеке од една третина Бугари. Постојано ке се врши емиграција на Бугарите од Македонија во Бугарија. Можеби дури ке започнат и четнички движења, придружувани со жестокости на српската војска. Четниците може да навлегуваат и од Албанија. На тој начин, не е далеку до погранични судири и до нова војна. Во интелектуален и културен однос, Македонија нема да ја засили Србија и овие две земји постојано ке бидат туги меѓу себе, особено поради тоа што Србите насилно влегоа во Македонија како освојувачи и извршија безбројни насилства. Тие секогаш и ке бидат освојувачи и владејачки народ во однос на месните Бугари. На Србите нема да им успее да им го всадат српскиот патриотизам на македонските Бугари, бидејки, како прво, карактерот па Србинот е сосема спротивен на карактерот на македонскиот Бугарин и, како второ, филолошките и историските трактати на Србите се крајно тенденциозни и ја изврртуваат реалноста, а ова изврттување, кое е незабележливо за странците, апсолутно е очигледно за македонските Бугари. Така српскиот патриотизам, кој тие можеа да го воспитаат кај своите македонски воспитаници во српските училишта-интернати пред српското навлегување во Македонија, сега ке почне да се намалува, бидејки војната им даде можност на македонските Бугари да ја запознаат опачината на српскиот национален карактер и српската „култура". Македонскиот Бугарин секогаш само ке го презира грубиот и фалшив српски народ. Симпатиите на македонските Бугари секогаш ке бидат насочени кон Бугарија.

Меѓутоа, македонските симпатии воопшто не се излишни во српско-бугарскиот спор поради Македонија. Приливот на емигрантите ке го зголемува населението на Бугарија. Бугарската култура е национална култура за Македонците, а поради тоа тие ке земат активно учество во нејзиниот развој. Српскиот јазик им е туг на македонските Бугари и затоа тие не ке можат да го користат како инструмент на духовната култура.

Сосема поинакви беа состојбите во XIV век. Стефан Душан[135] бил дочекуван од македонските Бугари со раширени раце како полубугарин и опкружен со болјари од македонските Бугари. Македонските бугарски болјари, кои го симнале од престолот таткото на Душан, кралот Стефан Дечански[136], и го поставиле на престолот Душан, му го покажале патот за Македонија. Симнувањето на Дечански се случило затоа што тој, опкружен со српски властелини и грчки доверливи лица, бил привзраник на пријателството со Византија. А болјарите што го опкружуваа Душан бараа да се навлезе во Македонија, каде што населението го очекувало српскиот крал, чии поданици биле половина Бугари. Душан лесно ја завршил работата, речиси без борба ја освоил земјата, која со радост го заменуваше византиското господство со ново - словенско. Срефан Душан, под влијание на советите на лицата што го опкружувале, кои го поставиле на престолот и му го покажале патот за Македонија, бил многу внимателен кон духовните потреби на населението. Тој на своите йовн поданици им дал целосна рамноправност со старите и, дури повеке, многу македонски болјари станале највидни дворски големци и заземале највисоки административни места. Тој ја зачува неприкосновеноста на бугарската Охридска автокефална црква, на која й биле потчинети сите македонски епархии. Под власта на царот Душан во Македонија немало ропство, затоа Македонија, како и порано, останала високо културна земја и македонските болјари ја збогатиле тн. српска редакција на старословенскиот или старобугарскиот јазик со офомен број писмени споменици што биле напишани во Македонија, и откако Македонија υ легла во составот на Србија и македонските Бугари почнале да пишуваат на т.н. српска редакција. Влијанието на македонските Бугари врз т.н. српска редакција на старобугарската писменост е огромно и во однос на јазикот на спомениците и во однос на содржината (на пример, Хронограф и Александрија). Поради постепеното преминување на бугарските

* Веројатно се мисли на Австрија.

области во српскобугарската држава на Немањиќи бугарската писменост трпела штета и во однос на писателите, литературните дела и во влијанието на соседните литератури. Обратно, т.н. српска старобугарска писменост од литературната дејност на македонските Бугари се збогатувала и добивала влијание на т.н. среднобугарската писменост поради етнографското единство на македонските и на источнобугарските писатели.

Сега, поради насилното заземање на Македонија од Србите, не може да стане ни збор за културен расцвет на оваа земја додека не бидат избркани од неа Србите и Грците. Таа е осудена на ропство и духовниот живот на македонските Бугари внатре во Македонија ке биде сконцентриран само на зачувување на националноста и само македонските емигранти ке земат учество во заедничкиот културен живот на бугарскиот народ.

**1 август1913 г.**

Неопходно е да се внесат информациите од „Южный Край" од Петербург за погледите на големите држави на прашањето за Кавала. Австрија, Италија и Русија се за ревизија на Букурешкиот договор и за предавање на Кавала на Бугарија. Англија е индиферентна и е подготвена да се приклучи кон мнозинството на големите држави. Германија е на страната на Грција, но подготвена е да попушти. Франција е непомирлива за ова прашање и стои на страната на Грција. Освен тоа, соопштуваат дека Австрија не се интересира толку за прашањето за Кавала, колку за промената на српско-бугарската граница и за доделувањето на средна Македонија на Бугарија во согласност со етнографскиот состав на населението. Во Петербург соопштуваат од Берлин дека мегу Австрија и Германија се појавиле сериозни нссогласувања во врека со Кавала.

Ми остануваат уште 10 дена престој во викендичката. Времето останува суво и треба да се искористат останатите денови за поправање на здравјето. Прошетките во државната борова шума (Литовска државна шумска викендичка на Лебединското шумарство во Харковската] губ[ернија]) добро влијаат врз моите бели дробови. Благодарение на ова, јас релативно лесно го поднесов ова тешко лето за Бугарите. Ми се подобри здравјето, одморив и со трите белешки до Мин[истерството] за надв[орешни] работи што ги испратив оттука преку гр. Ахтирка, Харк[овска] губ[ернија], на 30 јуни, на 14 и на 30 јули под бр. на поштенските признаници 174, 340 и 426, јас го исполнив мојот долг пред татковината. Овде во викендичката јас ги решив моите колебања каде да ја продолжам мојата служба и дали и нонатаму да живеам во Русија или да се преселам во Бугарија.

Пред десет години, по (смртта) убиството на конзулот А. А. Ростковски, имав можност да избирам мегу Бугарија и Русија. Јас ја одбрав последнава поради следниве мотиви. Јас сум родум Македонец, иако од бугарско потекло. Јас можам да го користам гостопримството и на Бугарија и на Русија, и од едната или од другата можам да работам во корист на ослободувањето на мојата таковина, што е главна цел на секој Македонец. Но во Бугарија и без мене живеат стотици илјади македонски емигранти, кои се наогаат на државна служба или на некаков поинаков начин им конкурираат на Бугарите во слободна Бугарија. Јас не сакав да учествувам во ваквата конкуренција и да бидам во Бугарија 300001-от македонски емигрант.

Бидејќи ослободувањето на Македонија зависи не само од напорите на бугарскиот народ, туку и од симпатиите на големиот руски народ и руската влада, јас решив да ги искористам поволните околности и да останам во Русија, каде што го добив високото образование, и да бидам застапник на мојата несрекна татковина пред руската влада и пред руската јавност. Освен тоа, уште како студент мечтаев за научна работа. Бугарија не можеше да ми даде добри услови за таква работа, ако не добиев место во Софија, за што имаше малку шанси. Во универзитетските градови во Русија научната работа ми изгледаше повозможна.

Откако поработив година и пол, од 7 јануари 1904 до 1 август 1905 г. во Бердјанск, Тавр[иска] губ[ернија], јас се префрлив во приватната гимназија во Одеса, каде што останав до 1 април о. г. На 20 март о. г. дадов молба за оставка поради неможноста да работам во приватната гимназија на Панченко. Оставката е прифатена од 25 март, а новото назначување насгани на 1 април.

Во Одеса јас се подготвував за магистерскиот испит по словенска филологија и го полагав во Киевскиот универзитет, но не го завршив. Ги читав научните реферати на Историско-филолошкиот факултет на Новоросијскиот универзитет, публикував научни работ на бугарски и на руски јазик, пишував публицистички статии, главно, во „Одесскиј

Листок", напишав цела редица „писмени извештаи" и белешки за Македонија и ги испратив до министрите за над[ворешни] работи Изволски и Сазонов; до А. А. Наришкин, А. И. Гучков, до Санктпетербуршкото добротворно друштво, со копија од последната до М. В. Родзјанко; до В. К. Саблер.

Јас се залагав за определена цел - ослободувагье на мојата татковина и, се чинеше дека таа е веке постигната и јас решив да отпатувам за да го доживеам заедно со целиот бугарски народ големиот историски момент на обединувањето на бугарскиот народ и создавањето на голема Бугарија. Во тоа време веке бев руски државјанин и имав осум години државна служба. Сепак, јас сметав дека мојот престој во Русија е умесен до ослободувањето на мојата татковина, но потоа јас мора да отпатувам во Бугарија и таму да им служам на татковината и на мојот народ. За своите планови во Бугарија во ноември и декември минатата година јас им соопштив на некой од мойте познајници, барајки совет. Дури го посетив и мин[истерот] за нар[одна] просвета г. Пеев-Плачков[137]. Мојата намера некой не ја одобруваа, напротив, проф. Александар Теодоров[138], проф. В. Н. Златарски и г. Пеев ја одобрија. Во Бугарија, поради големите надежи на резултатите од војната со Турција и големите загуби во војната се предвидуваше големо побарување на интелектуални работници. Но почна нова војна и Букурешкиот мир ги намали бугарските освојувања, давајки им ја цела Македонија на Србија и на Грција, а Тракија уште е заземена од Турците. Втората бугарска војна за Македонија и претстојната трета за повторно освојување на Тракија бараа нови жртви и предизвикаа ново културно ослабување на бугарскиот народ. Така моето мреминување на служба во Бугарија сега е неспоредливо поумесно отколку во 1903 година. Сепак не смее да се испушта од вид дека мојата татковина остана неослободена и само го замени турското ропство со грчко-српско. Борбата на бугарскиот народ за Македонија уште претстои. Значи и сега, како и пред десет години, јас можам да се надевам дека овде во Русија на мојата татковина можам да и бидам не помалку корисен отколку во Бугарија.

Нам ни се потребни симпатиите на рускиот народ и на руската влада и јас, како македонски емигрант и руски воспитаник, повеке од кој било друг повикан сум да работам на руско-бугарско зближување со сите средства со кои може да располага во Русија човек ео добар углед. Во еден однос јас сум во Русија помалку корисен за бугарскиот народ, отколку ако живеев во Бугарија, а имено со научна работа не ке можам да се занимавам во таа мера по која би можел да се занимавам ако бев доцент на Софискиот универзитет. Поради тоа само професорска служба во Софија може да ме поттикне да ги заменам престојот и службата во Русија со преминување на служба во Бугарија.

Во 1903 година јас и ги отворив очите на руската дипломатија на заткулисната дејност на австриската дипломатија во Македонија. За ова, со посебен писмен извештај, го потсетив мин|истерот] за надв[орешни] работи г. Изволски за време на анектичката криза. На антагонизмот на руско-австриските интереси на Балканот јас последен пат укажав на 3 јануари 1912 година во белешката до мин[истерот] за надв[орешни] работи С. Д. Сазонов.

Мегутоа, како што покажаа Балканските војни, а особено Букурешкиот мир, руско-австрискиот антагонизам не и донесе на Бугарија корист туку штета, бидејки тој беше искористен од Франција за нејзините цели на штета на Русија, на Бугарија и на целото Словенство. Ова јас го истакнав во својата последна белешка до мин[истерот] за надв[орешни] работи и, молејки за ревизија на Букурешкиот мир, укажав на егоизмот на француската блискоисточна политика и на нејзиниот антируски и антисловенски карактер. Сметам дека мојата белешка од 29 јули ке има влијание и Кавала ке биде бугарска. Дури поиске од тоа, јас се надевам дека, ако руската дипломатија до денешниот ден, кога требаше да биде побиена мојата белешка, не го признала Букурешкиот договор, тогаш таа заедно со Австрија и Италија може да побара целосна негова ревизија и промена на неговите одлуки. Лко. дај Боже, ова се случи, тогаш мојот престој во Русија ке се покаже како сосема соодветен Hit моите цели. Ако ова не се случи, ако дури и Кавала ке и остане на Грција, сепак, мојата последна белешка мора да послужи како основа за критичка оцена на целисходноста на понатамишното зачувување на руско-францускиот сојуз и на понатамошните руско-бугарски и руско-балкански односи. Дури се можни нови групации на големите држави и зближување на Русија со Германија, и воопшто со Тројниот сојуз, и заладување кон Франција.

Како руски поданик и македонски емигрант јас досега го користев моралното право да се обракам до Министерството] за надв[орешни] работи со белешки. Јас си го задржувам тоа право и за во иднина, уште повеке што положбата на мојата татковина по нејзината поделба мегу Србија и Турција* само се влоши, а не се подобри.

* Веројатно се мисли на Грција.

Поради тие причини јас ке останам на служба во Русија додека моето началство ке биде задоволно од мене и додека не ми предложат професорско место во Софија. Последното би било чест за мене и јас не би се откажал од него, уште повеке, би се трудел да бидам на висината на својата професија. Од материјална гледна точка, би било подобро да останам наставник по историја во Русија, отколку професор во Софија, но кога избирав мегу Русија и Бугарија, јас не се раководев од материјални мотиви.

Треба да се одбележи уште дека весниците пишуваа за г. Гешев. Во Петеребург тој молел за Кавала. Го посоветувале да отпатува во Париз, бидејки од француската влада нема согласнот за преминување на Кавала во Бугарија. Понатаму, францускиот печат укажуваше дека во Петеребург му дале на знаење на Данев дека Солун мора да остане кај Грците. Еве колку добро е информиран францускиот печат. Мегутоа, се појавува прашањето, не частана ли Русија под притисок на Франција на страната на Грција по прашањето за Солун? „Голосъ Москвы" тврдеше дека пред Втората војна во Петеребург постоела струја во корист на преминувањето на Солун во Бугарија.

**2V1II-[19]13**

Вчера вечерта ми дојде мислата дека новиот балканско-турски сојуз ке создаде крупна морска сила во лицето на грчко-романско-турската флота, насочена пред се против Русија, која во идни на ке мора да води сметка за брзото појавување на грчката флота, која ке стой на влезот на Дарданелите, во Црно Море за да се соедини со турската и романската флота. За ова треба да информира морскиот министер со белешка.

**Белешка**

Новата руска историја ке го вброи името на Вашето високопревоеходство мегу обновувачите на руската флота. Неодамна обновената руска флота набргу ке биде мокна сила во водите на Балтичко Море за страв на можните непријатели на голема словенска Русија. Таа ке ја воспостави рамнотежата на силите во Балтичко Море и ке стане сигурна um пора на сојузниците и на пријателите на Русија.

Мегутоа, историјата многупати докажуваше дека Русија има многу непријатели и малку пријатели и поради тоа Русија мора најмногу да се потпира врз сопствените сили. Посебно сега, по двете балкански војни и по Букурешкиот мир, кога г. Поанкаре примерно им наплати на Русија, Австрија и на Прусија за поразите на Наполеонова Франција, Русија мора да се потпира само врз сопствените сили.

Ако руската дипломатија нема да успее со помош на Австрија и Италија да ја обнови санстефанска Бугарија и да ги отстрани Турците зад линијата Мидија-Енос, или ако Русија нема да успее, освен истерувањето на Турците од Тракија, да се избори за автономија на Македонија, тогаш руската црноморска флота во блиска иднина ке мора да смета на нов противник во Црно Море во лицето на сојузничката грчко-романско-турска флота.

Букурешкиот мир е пожесток дипломатски пораз на Русија отколку Берлинскиот договор. Последниот само ја намали големината на санстефанска Бугарија и наместо неа создаде две посебни малечки држави: Кнежеството Бугарија и автономна Неточна Романија*, но не создаде нов силен непријател на Русија, како што тоа го направи Букурешкиот мир**. Несловенските држави што извлекоа корист за сметка на Бугарија ослободена од Русија, која е единствен природен нејзин пријател и сојузник, во Букурешт создадоа нов неслозенски и антисловенски сојуз, кон кој Грција ке ја привлече и Турција.

Франција, која е главна виновничка за сите несреки на Бугарија, поттикнувачка и раководителка на сите нејзини непријатели, се исплаши од силна Бугарија, која би го поседувала делото северно крајбрежје на Егејско Море, вклучувајки ги и Солунскиот Залив н островот Тасос, бидејки словенска Бугарија би можела да стане нова морска држава во Средоземно Море и, без оглед на сите недоразбирања, пријател и сојузник на Русија. Поради тоа Франција им помогна на Србија и на Грција да ги нарушат склучените со Бугарија сојузнички договори, кои ја предвидуваа руската арбитража. Франција, ветувајки и ја на

* Во оригиналот е погрешно, треба да биде Румелија.

* Следниот текст е пречкртан во оригиналот: (Букурешкиот мир не само што не и ја врати на Бугарија ОДземената од неа во Берлин Македонија, туку и ги намали поседите и освојувањата на Бугарија во полза на вејзините непријатели. Што е уште поважно).

Србија долината на Вардар за нејзиното откажување од крајбрежјето на Јадранско Море, ги убеди Србите дека без неа Русија не ке може да му се спротивставува на српско-грчкиот сојуз и на нападот врз Бугарија, уште повеке што Франција можела да им вети на новите непријатели на Бугарија помош на Романија и на Турција со принудно чување целосен неутралитет од страна на Русија. Франција го раскина омразениот за неа словенски бугарско-српски сојуз, воспоставен од Русија, кој создаваше нова словенска воено-поморска сила на Балканот и во Средоземно Море, и наместо него создаде нов антисловенски сојуз за разграбување на словенска Бугарија и за обезбедување на Турција поволни услови да си ја врати Тракија со Адријанопол, да не плати контрибуција, да ги обезбеди француските милијарди вложени во турските вредности, повторно да стане кредитоспособна држава и член на новиот антисловенски балкански сојуз. Потпирајки се врз разбирањето и помошта на Франција и на непријателскиот однос на Тројниот сојуз спрема самостојните истапи на Русија, балканските држави ги згазија сите договори и спогодби и, не обрнувајки никакво внимание на предупредувањата, советите и на заканите од Петеребург, ја ограбија Бугарија и еклучија нов сојуз во Букурешт, кон кој Грција ке ја привлече и Турција. Така, наместо да се појави бугарската флота во Средоземно Море, грчката флота ке се појави во Црно Море како сојузник на Турците и на Романците.

Букурешкиот мир, кој создаде нов несловенски и антисловенски балканско-турски сојуз пич) се потпира врз Германија и Франција и е нивно чедо, стана најкрупен дипломатски пораз на Русија и најголема опасност за Кавказ и за Бесарабија, а да не зборуваме за протоците, Ерменија и Анадолија. Франција, барајки согласност од Русија за разгром на Бугарија од нејзините поранешни сојузнички и за создавање нов балкански сојуз како замена за оугарско-српскиот сојуз создаден од Русија, укажуваше на тоа дека Србија и Романија се природни непријатели на Австрија, но таа премолча дека Романија, Грција и Турција исто гака се природни непријатели на Русија. Франција го ја намали будноста на руската влада, на јавноста и на печатот и одржа најголема победа истовремено над Русија и над Австрија.

Букурешкиот мир е поголем пораз за Русија отколку Берлинскиот договор, и ако руската влада, која има најсилна армија и мошне силна флота во Црно Море, веднаш не постапи со Букурешкиот мир како што Европа постапи со Санстефанскиот договор, Вашето високопревосходство ке мора да преземе мерки за заштита на руското крајбрежје на Црно Море од новата опасност што се роди во Букурешт.

Уште не успеав да ја препишам начисто првата страница од гореспоменатата белешка, кога го добив и го прочитав бр[ојот] на „Южный Край" од 31 јули. Од него се гледа дека мојата белешка задоцни и дека германскиот император, а по него и Неговото величество царот император и претседателот на Франција веке испратиле поздравни телеграми до романскиот крал и добиле од него одговор. Букурешкиот мир се смета за дефинитивен и на ревизија може да подлежи само прашањето за Кавала, за кое Франција и прави отстапка на Русија. Француската дипломатија дејствуваше брзо и енергично на штета на Русија, бидејки на создавањето на голема Грција и на засилувањето на Турција за сметка на Бугарија, како и на еоздавањето на балканскиот сојуз на чело со Романија и со привлекување кон него на Гурција, Германија му се радува не помалку од Франција. А веке е јасно дека интересите на Русија и на Германија на Блискиот Исток се апсолутно спротивни.

Но Франција цврсто се фати за Русија и ја држи во своите канни. Ја убедиле Русија лека е неопходно да се скрши Австро-Унгарија и дека за ова му придонесува создавањето на ион балканско-турски сојуз, а Русија не гледа дека дозволувањето на сломот на Бугарија встовремено е уништување на нејзиното влијание не само на Балканот, но и на целиот Блиски Исток, таа не забележува дека овој сојуз, кој за неа го спрема Франција, ке биде за неа уште поопасен непријател отколку за Австрија. Воопшто не е јасно што бара Русија од Австрија? - Галиција? Но нели Мала Азија и Ерменија не се помалку важни за Русија отколку Галиција. Во борбата со Австрија Русија сосема губи од вид дека му дојде крај на нејзиното влијание во Турција, дека Турција застанува под покровителство на новиот балкански сојуз, чиј член ке стане и таа. Новиот балканско-турски сојуз ке создаде сојузничка флота со центар во Црно Море и силна армија. Новиот сојуз, како нова голема сила, ке престане да биде орудие на другите големи држави и ке ги следи исклучиво своите сопствени интереси, кои се еднакво непријателски и за Австрија и за Русија.

Главно е да му се даде можност на новиот сојуз да се зацврсти, да му се остават освоените територии во Бугарија, а потоа Франција и Германија ке можат да го искористат за евои интереси, на штета и на Австрија и на Русија. А поради тоа Франција се труди да го усппе вниманието на својата сојузничка, укажувајки и на Русија на опасноста од страна на Тројниот сојуз, а на балканските држави им советува да и угодуваат на Русија и повеке да ГО демонстрираат своето непријателство спрема напуштената од Германија Австрија.

Интригите на Франција имаат успех. Русија побрза да го признае Букурешкиот мир. Освен тоа, „Новое Время" смета дека меѓу руската и романската влада дојде до значително зближување, кое уште повеќе ќе се развие и ќе создаде нов политички курс меѓу двете држави." Така смета „Нов[ое] Вр[емя]", размислувајќи по француски. Неодамна во весникот се нојави информација дека романскиот наследник на престолот ќе го посети царот император во Ливадија заедно со својата сопруга и со синот. И ова е француска итрина. А „Самоуправа" зборуваше за благонаклонетиот однос на Русија спрема Србија и за нејзините корисни совети. Ова фалшива српска благодарност при целосно игнорирање од Србија на телеграмите на царот император и отфрлување на руската арбитража и на секакви совети од Петербург, одбивањето да се испрати Пашиќ на средбата на балканските премиери во Петербург е сосема во склад со француските методи во однос на Русија. Меѓутоа, фалшивоста ликува и наивните лесно ги лажат и ги ограбуваат среде бел ден.

Весникот „Ю[жный] К[рай]" известува дека измачената Бугарија прави напори да ја спаси земјата со неупотребливи и некорисни средства. Така, според сопствените информации на весникот од Константинопол:

„Начевич[139] изјави дека Бугарија е подготвена да се смири со Турција под услов да се сринат утврдите и Адријанопол да се прогласи за главен град на автономна Тракија. Амбасадорите на евр[опските] држави од К[онстантинопол] им телеграфираа на своите влади за тешкиот впечаток што им го оставил разговорот со Начевич, кој се стреми кон неостварлива цел - формирање сојуз меѓу Турција и Бугарија".

Меѓутоа, исто така оттаму известуваат дека „Сојузот на Турција и Грција предвидува јлсдничко дејствување за зачувување на status quo и поделба на Албанското Кнежество во юрист на Грција".

Напорите на г. Начевич во Константинопол и разговорите за турско-бугарскиот сојуз с најочигледен апсурд во постојните услови. Бугарија ги истера Турците од Европа, нејзините поранешни сојузнички ја ограбија и ја ослабеа; Турција повторно се врати и се зацврсти во Тракија и г. Начевич сега блада за турско-бугарски сојуз - против кого? Против Русија? Очигледна глупост, бидејќи на Турција против Русија и е неопходна флота и силна воена поддршка што ќе ја најде во лицето на непријателите на Бугарија: Романија, Грција и Србија. Но давеник и за сламка се фаќа, а несреќната Бугарија имено наликува на давеник. Така СНА известува од Софија:

„Според информациите од главниот штаб, Турците го зацврстуваат Киркилисе*. Турските војници го одземаат родот и го извезуваат. Тирновацик и редица бугарски села беа опкружени од Турците, кои го уништија целото машко население. Грците им служат како шпиони на Турците. Вчера бугарското стражарско место Кују-Котлерар во округот Харманли било ненадејно нападнато од Турците, кои заробија 60 лица и ги испратија во заробеништво во Папас-кој. Командантот на 9-та дивизија известува дека главните сили на Грците се повлекуваат од Бекир-Тепе по долината на Струма, палејќи ги по патот сите иаселби".

А меѓутоа, Бугарија е немоќна да се бори не само со Грците, но и со Турците. На страната на Грците се „просветената" Франција и Тројниот договор и Германија, на страната на Турците - истите плус балканските држави, кои решија дека Бугарија прва мора да се демобилизира. Разбирливо е дека во вакви услови во Софија се надеваат на Русија. Така на ..Новое Время" му телеграфираат од Софија дека таму се раширија гласини оти руската војска се подготвувала за поход во Македонија за да ги истера Турците од Тракија. Во близината на Вургас и во Босфор маневрира голема руска ескадра. На овие гласини, како што телеграфира дописникот, им верувале дури и во официјалните кругови.

Г. Бобчев во Петеребург доби апел од бугарските професори со протест против обвинувањето на Бугарите за наводни жестокости. Професорите ги молат своите странски колеги да помогнат за да се реализира меѓународна анкета за пронаоѓање на вистинските виновници за 8верствата извршени во Тракија и во Македонија.

Од практична гледна точка обраќањето на бугарските професори нема значење, но од георетска гледна точка тоа е арг/мент, врз кој во најблиска иднина Бугарија ќе може да се иотпре, докажувајќи ја својата исправност и нехуманоста на нејзините непријатели.

Демобилизацијата на бугарската армија и заминувањето на војските на позициите од мирно време започнаа на 30 јули. Демобилизација на Романија е од 31 јули. Србите и Грците кс ја напуштат бугарската територија дури по евакуацијата на бугарската армија, за што се потребни 15-тина дена.

* Крклисе, Киркилис - Лозенград.

„Расположение™ во Бугарија е потиштено. Како што се зборува, царот Фердинанд сака да се откаже од престолот во корист на својот син Борис. Според неговото мислење, тоа е единствено средство да се избегне револуција."

„Во Петербург се добиени информации од Софија дека во Бугарија се засилило револуционерното движење мегу офицерите. Според гласините, се формирала воена лига, на чие чело стоеле видни политички дејци. Се водела засилена агитација од антидинастички карактер. Состојбата во Софија е вознемирувачка. Се одржуваат политички собири".

„Вонредно се свикува Големото народно собрание со цел да се санкционира отстапката на Романија на окупираната територија. - Пратеникот Саказов[140] іce му предложи на Големото собрание кабинетот на Данев да биде даден на суд. - Царот Фердинанд му предложил на пра[теникот] Саказов министерско место, но тој се откажал".

И, на крај, треба да се одбележи дека бугарските мировни делегати во Букурешт не губат надеж за ревизија на договорот, без оглед на размената на телеграмите мегу императорот Вилхелм и кралот Карол. Мегутоа, сега стигнаа нови честитки до кралот Карл по повод склучувањето на мировниот договор: од

царот император:

„Ве молам, Ваше величество, да ги примите моите искрени честитки по случај восиоставувањето на мирот на Балканот. Овој поволен резултат е истовремено несомнен успех на Романија. Ви изразувам најубави желби за срека и расцвет на вашата земја раководена од далековидата мудрост на нејзиниот монарх".

Романскиот крал одговори:

„Длабоко трогнат од симпатиите и добронамерните честитки, со кои Вашето императорско величество се обрати до мене по случај склучувањето на мирот, му благодарам на Вашето величество од длабочината на срцето за овие нови, бескрајно скапоцени докази на пријателството. Да биде овој мир цврст, да доведе до спокојство и процут на Балканскиот Полуостров, зближувајки ги мегу себе народите, кои имаат толку заеднички интереси".

Кралот Карол му телеграфира на Поанкаре:

„Јас со радост ги примив честитките, кои во Ваше име ми ги пренесе францускиот дипломатски претставник Блондел[141] по случај склучувањето на мирот. Брзам да ви ја изразам срдечната благодарност за овие искажани симпатии. Со особено задоволство видов дека во Франција праведно ги оценија нашите напори насочени кон воспоставување спокојство на Балканскиот Полуостров, чија ситуација претставуваше предмет на загриженост на Европа".

Веднаш по потпишувањето на мирот кралот Карол им телеграфира на четворицата балкански монарси.

До бугарскиот цар:

„Мирот тукуштo е потпишан. Пред се, сметам за свој долг да го потцртам оној помирлив дух, со кој беа исполнети делегатите на владата на Вашето величество, кој дозволи да биде поспи пата посакувана од сите цел. Без оглед на сите жртви, кои мораше да ги даде Бугарија, јас сум убеден дека нејзиниот народ ке го благослови Вашето величество дека ние (?)* успеавме да й ставиме крај на оваа крвава војна. Отсега се отвора нова ера на развојот, која ке ги излечи отворените рани и нема да забави да ја обнови благосостојбата на Царството Бугарија.

Ваше величество, немојте да се сомневате во мојата голема желба да видам воспоставување на цврсти пријателски добрососедски односи мегу нашите земји, како и во искреноста на мойте чувства спрема Вашето величество".

До грчкиот, српскиот и до црногорскиот крал кралот Карол се обрати со следнава телеграма:

„Срекен сум што можам да Ве известам за потпишувањето на мировниот договор. Исполнет сум со задоволство дека оваа толку посакувана работа се заврши во мојата престолнина, каде што Вашето величество реши да ги испрати делегатите. Нека биде овој важен акт, кој воведува нов поредок на Полуостровот, кој ги проширува границите на кралството на Вашето величество, почеток на епохата на мир и благосостојба, која ке му даде на Вашиот народ можност да ги пожнее плодовите на толку жртви.

Од се срце му го честитам на Вашето величество постигнатиот блескав успех и ги понторувам уверувањата за најсрдечни чувства и голема желба да видам понатамошно подобрување на добрите односи што успешно се одвиваат мегу нашите држави".

* Гаки е ко оригиналот.

Одговор на крал от Петар:

„Откако го добив од мојот претседател на владата известувањето за потпишувањето на мировниот договор во вашата престолнина, сметам за долг да му изразам на Вашето величество искрена благодарност за ердечниот прием што им го укажавте на моите ополномоштени и за просветената помош на Вашето величество и на романската влада со цел што побрзо да се воспостави мир врз основа на зачувување на балканската рамнотежа.

Првиот букурешки договор, склучен пред 100 години, ѝ обезбеди мегународно постоење ма Србија, која беше ослободена од отоманското ропетво од мојот дедо и од неговите приврзаници. Се надевам дека сегашниот договор ке стане почеток на период на работа целосно посветена на благосотојбата на нашите народи. Со задоволство спомнувам дека врекитe мегу Србија и Романија секогаш се одликуваа со срдечен добрососедски карактер. Заедничките интереси даваат основа да се надеваме дека во иднина овие односи ке станат уште поблиски".

XII.

Одговор на црногорскиот крал Никола:

„Мојот претседател на владата, делегатот на Црна Гора на Букурещката конференција и шестува дека мирот мегу балканските држави тукуштo е потпишан во прекрасната престолнина на Романија со благонаклонетата помош на Вашето величество. Овој мир, кој засекогаш е срзан со името на Вашето величество, е важен настан за балканските држави. Тој ке отвори нова ера на благосостојба на интелектуалниот и на економскиот развиток на балканските народи, кои засекогаш мора да останат во тесно единство.

Од се ерце му честитам на Вашето величество за овој редок успех, за кој Ви ја взразувам мојата благодарност".

Одговор на кралот Константин:

„Од се ерце му благодарам на Вашето величество за телеграмата со известување за попппиувањето на мирот. Никогаш нема да го заборавам Вашиот однос спрема мене за време на овој значаен и тежок период. Ви изразувам голема благодарност за желбите за мирен развој на мојата земја. Жртвите се огромни, но постигнатите резултати се достојни на опие жртви.

Особено сум трогнат од искажувањето на пријателските чувства на Вашето величество и брзам да изјавам дека моја најголема, најискрена желба е воспоставување на уште потесни односи мегу државите и дека јас ке работам, не штедејки ги силите, за постигнување на оваа цел".

Така победниците на Бугарија им се радуваат на своите успеси и едногласно бараат да се зачува сојузот мегу нив. Франција засилено работи на создавањето на овој сојуз и на зацврстувањето на Турција. Погоре е веке наведена телеграмата на кралот Карол до г. Поанкаре, од која се гледа дека последниот веке му честитал на кралот за постигнувањето на мирот. Особено внимание заслужуваат зборовите на кралот Карол во неговата телеграма до Поанкаре: „Со особено задоволство забележав дека во Франција праведно ги оценија нашите напори насочени кон воспоставување на мирот на Балканскиот Полуостров, чија состојба претставува предмет на загриженост на Европа", што на обичниот јазик значи: „Ви благодарам што ни дозволивте, и дури не посоветувавте да го нападнеме нашиот беспомощен сосед и да го ограбиме".

Во истиот број на „Юж[ный] Кр[ай]" ги наогаме уште следниве забелешки за француската политика во балканската криза:

1. Во Министерството за надворешни работи во С[анкт] П[етер]б[ург] изјавуваат дека гурскиот заем во овој момент во Франција нема да биде дозволен, но Отоманската банка, настапувајки како мегународна установа, може да дејствува самостојно. Со други зборови, Франција се откажува и од финшеискиот притисок врз Турција и се залага Турција да ги зачува Адријанопол и Тракија.

2. На Лондонската конференција на амбасадорите Франција е главен приврзаник на Грција во прашањето за судбината на Егејските Острови и е приврзаник на Русија во нрапкпьето за коригирање на северната граница на Албанија во корист на Црна Гора.

3. Во врска со прашањето за Кавала, мегу Русија и Франција, како и мегу другите држави, продолжува размената на мислења. Несогласувања мегу првите нема да

предизвикаат осложнувања и ке се преразгледува само тој дел од Букурешкиот договор, кој се однесува на Кавала. Сепак е јасно дека францускиот печат и дипломатија отидоа предалеку во својот стремеж да создадат голема Грција и се исплашија од оладувањето на Русија спрема Франција, и поради тоа читаме известувања од Петербург „од компетентни извори, дека француската влада е согласна дека интересите на Русија на Блискиот Исток воопшто и во однос на прашањето за Кавала посебно се од поголемо значење отколку интересите на Франција, и таа е согласна за ревизија на делот од Букурешкиот договор што се однесува на Кавала." Значи, мегу Петербург и Париз помина црна мачка и Франција почна да се повлекува на начин што воопшто не може да се нарече бегство: божем, дозволуваме ревизија, но само за Кавала и ништо повеке.

Правилното отстапување треба да се гледа уште во следниве известувања од истите извори: „Француската влада не го искажа своето мислење за суштината на прашањето на кој треба да му припадне Кавала". И понатаму - „Во дипломатските кругови во овој момент се дискутира за веста во француските весници дека наводно руската дипломатија не ја предупредила француската влада за настапот на рускиот дипломатски претставник во Букурешт. Општо земено, сметаат дека француските весници немаат право; француската влада беше информирана за сите чекори на руската влада во врска со прашањето за Кавала, и воопшто за односот на Русија спрема Букурешката конференција". - „Дипломатите изјавуваат дека Франција нема намера да и создава тешкотии на Русија и, ако затреба, премолчено ке се согласи Кавала да стане бугарско пристаниште".

Мегутоа, изгледа Русија бара повеке:

- „Велат дека Русија си го остава правото за ревизија на одлуките на Букурешката конференции".

4. „Temps" дава отворени информации за политиката на Франција во однос на Грција, слични на моите погледи за ова прашање изложени погоре:

- „Во полемиката што се појави мегу францускиот и италијанскиот печат по повод Егејските Острови и разграничувањето на јужна Албанија, „Temps", отфрлувајки ги вообичаените алузии на омилените во последно време мотиви во врека со прашњето за разграничување на Балканот според доминантни националности, настапува со отворена програма, која Франција ја следи во сегашната фаза на блискоисточното прашање: „Ако се претпостави дека во современа Европа Тројниот сојуз и Тројниот договор се наогаат во рамнотежа и сега почна натпревар мегу нив, тогаш не треба да се чудиме дека Франција, која ги сконцентрира сите свои ескадри во западниот дел на Средоземно Море, го поздравува нојавувањето во источниот дел на Средоземно Море поморска држава, чии сили може да бидат приклучени кон француските морски сили. Ние бездруго, како и сите други народи, мора да ја имаме предвид можноста за војна, иако, се разбира, воопшто не ја сакаме. Поради таквата можност, за нас е пожелна мокна Грција, поради истите причини поради кои во еден од последните броеви на „Post" генералот Бернарди[142] се искажал дека е пожелна слаба Грција и немокна Србија".

Го завршив препишувањето на белешката до г. министер за поморство и утре пешки кс отидам во Ахтирка за да ја предадам лично во поштата како препорачано писмо.

3-VIII- [19]13

Денсска бев во гпадот, направив копија од белешката до министерот за поморство, до министерот за надв[орешни] работи и ги испратив како препорачани писма со признаниците брı 728 и 729. Концептот на оваа белешка се наога во XI тетратка од моите мемоари.

Вракајки се од Ахтирка во Климентово правев паралела мегу ерпско-бугарскиот и француско-рускиот сојуз и ми се чинеше дека паралелата е потполна. Српско-бугарскиот сојуз предвиде дека Бугарите ке дадат повеке жртви, а Србите ке извлечат поголема корист. Француско-рускиот сојуз е оформен врз иста основа: Русија мора да победува и да дава жртви во луге и пари, а Франција ке извлекува корист. Еве ги доказите: Русија и овозможи на Франција поседување на Мароко, но Франција во знак на благодарност го реши олискоисточното прашање исклучиво во согласност со сопствевните интереси и на штета на интересите на Русија и на Словенството.

Воопшто, мегу руската и бугарската реалност има многу заедничко. Не зборувајки sa далечното минато, на кое јас некогаш ке се навратам, во текот на последниве 35 години Русија и Бугарија веке двапати ги снаогаат истите несреки: Берлинскиот договор

наместо С[анстефанскиот] беше заеднички удар за Русија и за бугарскиот народ. Втората балканска војна и Букурешкиот мир се заеднички пораз за Русија и за Бугарија. Руските и бугарските војски победуваа, а европската дипломатија не дозволуваше да се искористат победите.

Од вестите во „Юж[ный] Кр[ай]" од 31 јули, кои не можев да ги внесам вчера поради доцното добивање хартија од градот, а исто така поради препишувањето на белешката до министерот за поморство, особено внимание заслужува словенофилската агитација на Србите во Москва:

- „Московскиот Словенски комитет има намера да ја оствари идејата за свикување во Москва на Серускиот конгрес на претставниците на словенските друштва - поради понатамошна дејност за обединување на Словените".

Неопходно е да се земе предвид дека главен организатор и раководител на горсспоменатиот Комитет е српскиот архимандрит Михаил, за кој весниците известуваат:

- „На игуменот на Московскиот ерпски метох архимандритот Михаил му е понудено да ја заземе епископската катедра во Србија како награда за неговата работа и улога за време на последната војна со Турција.

Архимандритот Михаил многу помогна во создавањето на Словенскиот комитет во Москва и во собирањето прилози. Архимандритот не сака да ја напушти Москва и мошне е веројатно дека тој и понатаму ке остане во Москва на чело на Московскиот ерпски двор, но во звање епископ".

Улогата на архимандритот Михаил во Москва продолжува да биде истакната. Така, „Юж[ный] Кр[ай]" од 2 - VIII известува:

„Денес во Москва, по повод склучувањето на мирот на Балканот, во црквата на Српскиот двор беше одржана свечена богослужба од архимандритот Михаил. На црковната свеченост присутствуваа претставници на Србија, Бугарија и на Грција, членови на < Словенскиот комитет и др.

Исто гака, вчера московскиот Словенски комитет испрати поздравна телеграма до српскиот крал Петар, црногорскиот крал Никола, кралот на Елините Константин и до бугарскиот цар Фердинанд, пожелувајки им расцут. Словенскиот комитет се воздржа од испракање честитка до Романија".

- Ист таков активен ерпски патриот како што е архимандритот Михаил има во Одеса во лицето на Црногорецот д-р Клисик, таен раководител на одеското друштво „Обединување на Словените".

Српските агитатори во Русија умешно ке го канализираат наивното руско јавно мислење, кое апсолутно не знае да се снајде во словенското прашање. Претстојната борба мегу српските власти и месното бугарско население во Македонија го прави крајно неопходен престојот во руските престолнини, а исто така во главните градови на Русија на бугарските митрополити, избркани од Србите од Македонија, кои учествувајки во сите словенски руски друштва и поддржувајки ги развиените врски со Македонија, би ја ослободиле руската јавност од ерпската лага за Македонија.

Исто така е неопходно, како што веке спомнав на друго место, учество на Бугарите на сите словенски конгреси со цел да му се се објаснат на Словенството историските и етнографските врски на Македонија со Бугарија, а исто така српските насилства од времето на нејзиното освојување. А каков ке биде српскиот режим во Македонија, се гледа од следнава телеграма на СПА од Белград:

„На 31 јули на седницата на владата почна разгледувањето на предлог-законот за приклучување на освоените области, за организација на управувањето во нив. Врз новодобиените територии треба да се прошират сите одредби на Уставот, со исклучок на членовите за"*народното претставништво, при што категорично се утврдува слободата на вероисповед. Со предлог-законот се предвидени случаи на принудно оттугување на приватен имот. Државната служба во новите области, според предлог-законот, дава големи предности ВО смиела на евиденција на годините на служба и на дополнителните примања". „Юж[ный] Кр[ай]"од2-8-[19]13).

(еrа три прашања го привлекуваат вниманието на јавноста и на владите на европските држави: за Кавала и за ревизијата на Букурешкиот договор; за размената на телеграмите мегу романскиот крал Карл и императорот Вилхелм; и, на крај, прашањето за Адријанопол.

Не се знае по која причина, се претпоставува дека под влијание на советите од Англија, Русија во последно време и попушти на Франција во прашањето за Кавала. Русија нема да бара ревизија на договорот, мегутоа, заедно со преевртот во расположениeто на Русија,

уште не пристигна категорична изјава за откажување на Русија од предлогот за ревизија на Вукурешкиот договор. Можеби Русија попушти во прашањето за Кавала поради тоа што има потреба од поддршка на Тројниот договор во врска со прашањето за Адријанопол и Тракија? А можеби и поради тоа што, веројатно, неуморната Франција ја ставила на дневен ред ликвидацијата на албанската независност и прашањето за Кавала ке биде решено во корист на Бугарија во вид на компензација за време на поделбата на Албанија мегу Грција, Србија и Црна Гора. Нели Бугарија ја повлекоа од Вардар за да биде подалеку од Албанија, а сега, веројатно, сакаат сосема да се ослободат од неа. Можеби поради тоа се појавуваат тревожни вести за ситуацијата во Албанија, како и за одбивањето на Грција и на Србија да ее демобилизираат. На крај, можно е дека Франција ја одбрани Кавала за Грција за да ја предаде во блиска иднина во рацете на Србија.

**4 август 1913 г.**

Победата на Франција над Русија во прашањето за Кавала и за ревизијата на Вукурешкиот мир во „Юж[ный] Кр[ай]" од 1 и 2 август се изнесува со следниве телеграфски известувања:

Петербург. „Во францускиот печат доминира убеденост дека Вукурешкиот договор е дефинитивен и дека, на крајот на краиштата, ке биде признаен и од Русија. Што се однесува до Адријанопол, за најдобро решение на ова прашање се смета ревизија на бугарско-романската спогодба".

Поради блискоста на францускиот печат кон француската дипломатија треба да се смета дека последнава бара ревизија на бугарско-романската спогодба за Адријанопол за тој да му се остави на Турција.

- „Од информирани извори известуваат дека француската влада се согласила да го промени своето гледиште во врска со Кавала кога разбрала дека позицијата на руската влада за ова прашање е заснована врз сериозни интереси на Русија". Ова значи дека Франција навидум и направи отстапка на Русија, но наместо себе, таа ги натера да работат своите пријатели и државите-истомисленички.

-„Дури ако се точни гласините за согласноста на Франција за ревизија на Вукурешкиот договор, Германија, како и порано, е против оваа ревизија, како и австроунгарските дипломати, кои инсистираат на ревизија на договорот попатно и во Белград и во Атина".

Инсистирањето на Германија да й се остави на Грција Кавала и целосно да се признае Вукурешкиот договор, како и желбата на Австрија за промена на ерпеко-бугарската граница, против што толку решително настапува Франција, веројатно ја поттикнале Русија да застане на страната на Франција во врска со прашањето за Кавала и да се откаже од барањето дури за делумна ревизија - промена на Вукурешкиот договор.

Берлин. „Планот за ревизија на Вукурешкиот договор овде го сметаат за погребан. Русија отстали. Австрија е принудена да се помири. Печатот прославува победа, сметајки дека Англија помогнала да се убеди Русија да се откаже од ревизија на договорот".

Петербург. „Преговорите на С. Д. Сазонов со амбасадорите на големите држави продолжуваат. Денес кај него се одржува советување на амбасадорите: романскиот, австрискиот, англискиот и на францускиот. Русија сосема и попушти на Франција во прашањето за Кавала".

Значи, Романија и Англија извршија притисок врз Русија и таа им попушти на Франција и на Германија во врска со прашањето за Кавала. Со други зборови, Франција ја искористи поддршката на Англпја и ја искористи Романија како претставничка на новиот балкански срјуз за да ја натера Русија да се помири и да го прифати францускoто гледиште во врска со прашањето ■и Кавала и за Вукурешкиот договор. Очигледно е дека Русија почна да води сметка за мислењето на Романија како раководителка на новиот антисловенски балкански сојуз, на новороденaта голема држава. Не е ли прерано?

„Рускиот амбасадор во Париз А. П. Изволски го посети францускиот министер за надворешни работи Пишон и разговараше со него во врска со прашањето за Кавала. Инцидентот се смета за иецрпен".

Виена. „Весникот „Neues Wiener Abendblatt" (од 1 - VIII ст[ар] ст[ил]) од информиран и тор известува дека досега нема никаква официјална изјава на руската влада дека таа се откажала од својата намера да настојува на ревизија на Вукурешкиот договор".

„( 'поред податоците на информираниот извор „Neues Wiener Tugeblatt" (од истиот датум), ми ίο нема официјална изјава на Русија за нрашањето за ревизија на Вукурешкиот договор.

Мегутоа, каква позиција и да заземе петербуршкиот кабинет, се чини несомнено дека Австро-Унгарија ке се стреми кон ревизија и промена на одлуките на Букурешкиот мир во корист на Бугарија. Општ впечаток е дека во начинот на дејствување на Русија дојде до остра промена, поради што се создаде нова ситуација. Сепак, заклучокот што произлегува оттука цека Австро-Унгарија, останувајки изолирана во своите стремежи, се откажала од првобитните намери, се чини несннован".

Настанатата остра промена во постапките на Русија во врека со прашањето за ревизија на Букурешкиот договор е толку голема, што во „Юж[ный] Кр[ай]" од 2 август со ниеден збор повеке не се спомнуваат Кавала и Букурешкиот договор.

Значи, „инцидентот е исцрпен".

Само се констатира фактот дека Русија и попуштила на Франција во прашањето за Кавала. Еве го целосното известување на весникот за тоа:

- „Во Петеребург се појавија гласини за заминувањето на австрискиот амбасадор гр[офот] Турн де Валсасин[143]. Овие гласини се објаснуваат со тоа што односите мегу Австрија и Русија во врска со прашањето за Кавала, кои навидум се средиле, сега, како што изгледа, се расипаа, и Русија се откажа од барањето за ревизија по прашањето за Канала. А Австрија останува на својата поранешна гледна точка".

над Така е ликвидирано прашањето за Кавала и Франција излезе како полна победничка над Русија.

Но дали за долго?

А што се однесува до прашањето за судбината на Букурешкиот договор, „од германски извори известуваат дека Букурешкиот договор нема да се подложи на ревизија. Во германските политички кругови исто така сметаат дека е возможно Австро-Унгарија да се откаже од ратификација на Букурешкиот договор".

Погоре, на стр. 270* е наведена убеденоста на француските печат дека „Букурешкиот доктор е дефинитивен и дека на крајот на краиштата тој ке биде признаен и од Русија". - Претскажувањата на францускиот печат се оствариjа целосно. Русија им попушти на своите „пријатели и сојузници" - на Англија и Франција, а исто така се исплаши да го навреди „новиот пријател и сојузник" во лицето на Романија, која застана на чело на новиот балкански сојуз. Русија со откажувањето од Кавала понизно и се поклони на „новата голема држава". Мегутоа, какви ли се тие пријатели на Русија, ако тие, потпирајки се врз симпатиите и поддршката на Германија, ја тераат Русија постојано и во се да прави отстапки. Колку е добар новиот „пријател и сојузник" на Русија, ако тој во сите прашања што се однесуваат на честа, достойнството и интересите на Русија ке застанува на страната на Франција и на Англија, чии интереси може да бидат, како што е сега јасно докажано, дијаметрално спротивни на интересите на Русија.

На истата страница е наведено друго претскажување на францускиот печат, а имено, ı,ı намерата на Франција да добие согласност на Русија за ревизија на бугарско-романската спогодба за Адријанопол, т.е. да постигне отстапување на Адријанопол на Турција.

Дали и ова ке й успее на Франција - ке видиме. Само едно е јасно, дека Русија е многу заинтересирана за прашањето на Адријанопол и Тракија, бидејки „Юж[ный] Кр[ай]" од 1 и 2 август е полн со информации за Адријанопол.

За ова прашагье, како и за прашањето за Кавала, руското и француското гледиште се дијаметрално спротивни.

Ако во врска со првото прашање Русија поагаше од стравот од засилување на Грција и обновувак>е на Византиската Империја, а Франција од намерата во силна Грција да си создаде потпора во Средоземно Море против Италија и поддршка за своето влијание врз новиот балкански сојуз, за второто прашање, за Адријанопол, Русија поага од желбата за засилување на Бугарија и за зголемување на значењето на словенскиот елемент на Балканот, како и од желбата, давајки ија Македонија на Србија, на Бугарија да и се обезбеди Тракија. Интересот на Франција во врска со адријанополското прашање е интерес на

авниот кредитор на Турција и на непријателот на засилувањето на Словенството на Блискиот Исток за сметка на несловенските народности и држави, и ако Русија нашла за можно да и попушти на Франција за релативно второстепеното прашање за Кавала, тешко

(ека ке попушти за адријанополското прашање. Бидејки, доволно е да се потсетиме на упорноста на Русија, со која таа ја поддржуваше Црна Гора за скутариското прашање.

* Види стр. 116.

Интересот и честа на Русија во нешто мора да најдат сатисфакција. Русија, по низата дипломатски порази и понижувања, на крај, во адријанополското прашање ни малку нема да и попушти на Франција, иако е премногу претпазлива и внимателна. Можно е Русија, откако ке ги испроба сите средства да ја добие поддршката на државите на Тројниот договор за прашањето на Адријанопол, ако не наиде на симпатии и поддршка, може да се реши за зближување со Австрија и со Италија.

Засега постојат следниве вести за Адријанопол („Юж[ный] Кр[ай]" од 1 и 2 август):

Петербург. „Членовите на новиот балкански сојуз решија да не се мешаат во прашањето за освојување на Адријанопол од Турција, оставајки им ги сите сметки со Турција исклучиво на Бугарија и на големите држави".

Ова значи дека Грција и Србија ја убедиле Романија да не се расправа со Турција поради Адријанопол, бидејки благонаклонетиот однос спрема Турција, од една страна, ке го ослабне вивниот заеднички непријател - Бугарија, од друга страна, ісе создаде почва за привлекување на Турција кон новиот балкански сојуз под раководство на Романија. Освен тоа, на овој начин Грција и Србија се ослободуваат од сите претензии на Турција кон нив; претензиите за сите сојузници мора да паднат врз оставената и ограбена од нив Бугарија.

„Поради покренување на прашањето за Адријанопол, В. Н. Коковцев се врати во Петербург, С. Д. Сазонов му поднесе детален извештај за односот на Русија кон балканските работа".

- „Денес (31 -VII) директорот на кредитната канцеларија Давидов[144] го посети В. Н. Коковцев во врска со многу прашања упатени до него од финансиските кругови во врска со Адријанопол.

Владата им одговори на финансиерите дека Русија реши, ако државите и предложат таа самата да го одземе Адријанопол од Турција и ако й предложат надоместување на штетите, тогаш Русија може да го прифати ова (друга верзија: 'ако Русија добие едногласен мандат на Европа да ги протера турските војски од Адријанопол и од Тракија, при што на Русија ке и биде гарантирано дека нема да претрпи никакви штети, таа ке преземе мерки; ако во Европа нема да се постигне едногласност, тогаш Русија нема да истапи за да се избегнат мегународни компликации')".

- „Министерот за трговија и индустрија С. И. Тимашев[145] се обратил до владата со оарање за брзо преземење мерки во случај да се затворат протоците. Министерот укажал дека поради политичките осложнувања што се случуваат сега, мора де се има предвид можноста за затворање на Дарданелите. Владата, откако ја разгледала изјавата на С. И. Тимашев, се однела кон неа со разбираше и предлага да утврди пониска тарифа за пренесување на житото по железницата од југ кон север за негово испорачување во странство преку северните руски пристаништа".

- „Во круговите блиски до германската амбасада прашањето за Адријанопол го сметаат за многу посложено отколку што беше пред да се реши прашањето за Кавала. Многумина сметаат дека поради последната изјава на Портата државите ке мораат, на крајот на краиштата, да се решат на сериозен чекор, кој , сосема природно, пага врз Русија".

Можеби последнава информација ја објаснува причината за попустливоста на Русија во ирашањето за Кавала? - за да ја добие поддршката на Франција, Англија и на Романија во »река со прашањето за Адријанопол и Тракија.

- „Турскиот амбасадор во Петербург Турхан-паша[146] во погледите на Адријанопол сосема се разидува со мислењето на турската влада. Тој дал изјава во Константинопол во смиела дека сериозни причини и ја диктираат на Турција неопходноста да попушти пред

рањето на Русија. Во Константинопол не се согласуваат со мислењето на петербуршкиот амбасадор и поради ова се појавија гласини за напуштањето од Турхан-паша на должноста но Петербург".

- „Кон вечерта во Петербург стигнало известување дека Турција задолжително сака да ги води преговорите за Адријанопол непосредно со Бугарија".

- „Мегу државите во овој момент тече размена на мислења во врска со нотата со одговор на Турција на колективната нота на државите.

Во врска со ова, кај министерот за надворешни работи С. Д. Сазонов се одржало советување на амбасадорите: францускиот, англискиот и германскиот".

„Англиските дипломати искажуваат загриженост дека Турција ке предизвика војна во Ерменија и вмешување на Германија, со други зборови - европска војна".

Во Виена пристигна посебна делегација од Адријанопол, во чиј состав влегуваат Турци

и Грци, и му врачи на австрискиот министер за надворешни работи меморандум за неопходноста Адријанопол да й се остави на Турција. Делегацијата ке ги посети Берлин, Лондон, Петербург и Париз", но таа „нема никаква надеж дека ке биде примена во Петербург".

И така, по Кавала - Адријанопол, а по него - Ерменија, а понатаму Албанија, Македонија и нова балканска и општоевропска војна. На ваквите перспективи, освен барањето на Австрија за ревизија на Букурешкиот договор, укажуваат вестите:

1. За престанувањето на работата на Лондонската конференции на амбасадорите.

2. Од Виена: за преместувањето на седиштето на австрискиот главен командант на флотата од Виена во главното австриско морско пристаниште Пола.

Од Солун: „Според гласините, Австрија испрака овде ескадра, која ке крејсира околу о[стровот] Тасос. Копнената австриска армија ке влезе во Новопазарскиот саннак и по долината на Вардар ке дојде до Солун".

Од Констанца: „Јадранската австриска ескадра маневрира во Егејско Море. Се очекува десант во Кавала. - Австриско-српската граница е опколена од војски. Се спроведува целосна рекпизиција. Селаните го собираат од нивите недозреаното жито и итно ја продаваат стоката по багателни цени".

- „Во Албанија владее тревожно расположение. Пристигнаа претставниците на племињата, кои бараат целосна независност. Турција, сакајки да го одвлече вниманието на Европа, испрати во Албанија агенти со наредба да кренат движење.

Од Константинопол (СПА): „Во комитетските кругови уверуваат дека Турција испратила во сите држави, во кои има државјани-муслимани, емисари за пропаганда на панисламизмот. Мегутоа, во компетентните сфери сметаат дека ова информација се шири со цел да се изврши притисок врз големите држави во врска со адријанополското прашање".

Од Виена (СПА): „Abteilung] Korrespondenz" известува од Круја* дека во реонот мегу Мат и Дрин се случиле крвави судири мегу албанските четници под раководство на Иса Болетинац[147] и српските војски што ја преминале границата. Албанците ги опколиле позициите на српската војска за да го спречат нивното понатамошно движење".

Од Петербург: „Иако државите што водеа војна почнаа демобилизација, сепак, сите тие продолжуваат да бидат на штрек и во секој момент може да се очекува ново нарушување на мирот".

Од Солун: „Мегу Албанците има немири. Најдено е големо количество пушки од австриски модел и планински орудија. Племето Лим се спушта од планините. Се плашат дека Србија нема да може да објави демобилизација, а Грција ке задржи 150 000 вооружени војници".

Без оглед на мошне вознемирувачките информации, во Берлин се расположени (штимистички: - „Се зацврстува уверувањето дека Адријанопол ке остане турски". -„Изјавата на В. Н. Коковцев дека Русија нема самостојно да истапи против Турција во врска со нејзиното принудување да го напушти Адријанопол остави прекрасен впечаток во Берлин. Берзата реагираше на овој факт со покачување на курсот".

Петербург: „Станува јасно дека мнозинството од државите, особено Германија, како и порано, се против преземањето енергични мери против Турција".

- „Од говорот на Греј германскиот печат којзнае зошто прави заклучоци дека Адријанопол ке й остане на Турција и дека Англија, по примерот на Германија, ї се се откаже од репресии против Турција".

Албанското движење, кое се развива истовремено со прашањето за Адријанопол и Тракија, Германија ја интересира повеке од последното. Тоа треба да се заврши со 'аминувањето на српските и на грчките војски од Албанија. Сепак, и ова може да биде недоволно, бддејки многу Албанци ке станат црногорски, српски и грчки поданици и со сите сили ке се стремат да и се приклучат на Албанија.

Виена. СПА. „Abteilung] Korrespondenz" известува од Скутари дека старешините на племињата Хоти и Груда, на чело со војводата Гогули[148], се јавија неодамна во мегународната комисија со цел да поднесат протест поради отстапувањето територија на Црногорците. Ницсадмиралот Берн[149] одговори дека решението на Лондонската конференција е дефинитивно и затоа малисорите, кои не сакаат да и се потчинат на Црна Гора, може да се иселат од присоединетите територии".

Албанците уште многу пати ке ги изненадат своите нови поробувачи. Во Македонија (роите и Грците ги чекаат не помалку разочарувања.

* Корча.

Во корист на македонските Бугари повторно го крена својот глас II Н. Миљуков, кој известува дека „од Софија, од виден претставник на Македонија добил информација дека ослободителната војна на Балканот, предизвикана од страдањата и борбата на Македонија, не ја обезбеди политичката слобода, кон која се стремеа македонските Бугари. Повекето од нив ке останат под странска власт, која е уште потешка од турската; најдобар пример за ова се илјадниците бегалци.

Ке дојде до неизбежна војна, затоа во интерес на балканскиот мир неопходно е големите држави да му гарантираат на македонското население соодветни услови за национално-политички развој. Најефикасно средство за ова е формирањето автономна Македонија. Македонските Бугари, кои многу години се бореа за автономија на Македонија, ке ја продолжат оваа борба и во иднина".

Покрај тоа, силен впечаток оставаат бодроста на духот и упорноста на бугарскиот народ да постигне подобра судбина за македонските Бугари. Бугарија не се откажа и никогаш нема да се откаже од Македонија. Нуждата и неправилниот курс на бугарската надворешна политика го спречија бугарскиот народ брзо да го реши македонското прашање. Но тоа ке биде решено во корист на Бугарите, кои ке ја постигнат својата цел, потпирајки се врз Тројниот сојуз и благонаклонетиот однос на Русија. Мегутоа, не е доволно само руското пријателство, бидејки и самата Русија нема пријатели во Европа. Русија за време на двете балкански војни беше напуштена од своите „пријатели" - Франција и Англија, кои самите станаа господари на ситуацијата, потчинувајки ја Русија на своите цели.

За расположението во Бугарија и за дејствувањето во корист на Македонија зборуваат следниве телеграми на СПА од 31 - VII и 1 - VIII:

Букурешт. Царот Фердинанд му телеграфира на кралот Карол:

„Брзам да му изразам на Вашето величество благодарност за срдечната телеграма со која ми се обративте по случај потпишувањето на договорот што го заклучува трагичниот период во историјата на мојот народ, кога по блескавите победи тој ги претрпе најтешките искушенија и беше подложен на сите несреки. Отсега ке бараме заборавање на нашите страдања во плодотворниот мир и упорната работа, подготвувајки подобра иднина. Мора да признаам дека постигнувањето на мирот се должи на постојаните напори на Вашето величество и на соработката на романската влада. Со окончувањето на оваа крвава и опустошувачка војна му ја изразувам мојата благодарност на Вашето величество од мое име и од името на мојот народ. Искрено се радувам дека ова мудро човечко дело ке биде основа за обновување на при]'ателските добрососедски односи мегу нашите две држави, кои многу ги посакуваме јас и мојата влада. Ке ги направиме сите усилби овие односи да станат уште попријателски отколку во минатото. Се надевам дека Вашето величество, кое ми даде докази за своите симпатии и за срдечното учество во претрпените несреки, понесено од истите чувства како и јас, ке ми помогне брзо да се избришат болните траги од последните настани и врз основа на тесни пријателски односи да се развие поубав живот на нашите народи.

*Фердинанд"*

Софија. Протестантската мисија во Самоков се обрати до премиерите на големите држави и до странските мисии во Софија со белешка, во која се изнесува развојот на делото на протестантските мисии во поранешната Европска Турција. Во белешката се констатира чисто бугарскиот карактер на земјата, каде што работеше мисијата, а имено - Монастир, Ресен, Прилеп, Купрјулју*, Ускјуб, Калканделен** Воден, Енице-Вардар, Радовиш, Мехомија***, Дојран, Килкис****, Драма и други населени места, чие население е неделив дел на бугарскиот народ. Во белешката се изразува желбата да ја земат предвид при регулираше^) на прашањето за иднината на Македонија, и, независно од тоа какво решение ке биде прифатено, во секој случај да бидат преземени мерки што ке обезбедат потполна религиозна слобода, за да може мисијата да ја продолжи поранешната религиозна и училишна дејност".

- Женскиот митинг донесе резолуција, со која констатира дека Букурешкиот мир е акт на изнудување. Во резолуцијата се упатува молба до државите да направат ревизија на

* Белее. **

Тетово. ***

Разлог. ****

Кукуш.

договорот и да создадат цврсти основи за мир на Балканот. Прифатено е дека е пожелно да се спроведе истрага, со учество на жените, за разјаснување на жестокостите извршени од непријателите на Бугарија.

- Професорите на Софискиот универзитет опубликуваа протест против телеграмата на атинските професори, која содржи клевета за бугарската армија и нација. Бугарските професори тврдат дека жртва на жестокостите во Тракија и во Македонија беше пред се бугарското население, поголемиот дел од кое се спаси со бегство во Бугарија. Ова се докажува со многубројните искази на бегалците-небугари, а исто така со писмата на грчките војници фатени од Бугарите. Професорите се обракаат до своите колеги во другите држави СО молба да помогнат за свикувавье на истражната комисија што ја предложи Бугарија.

- Демобилизацијата почна. Во Софија пристигнуваат од позициите војски од сите родови. Големи тешкотии предизвикува окупацијата на северната железница од Романците. Романската војска многу бавно ја напушта територијата на Бугарија.

Од вчера војските се вракаат во Софија. Населението ги поздравува и ги опсипува со рекиња. Поминувајки пред дворецот, војските приредуваат овации.

**5 август**

Во мегувреме, Србите и Грците ја прославуваат својата победа над Бугарија, создавањето на голема Србија и Грција и вршат насилства врз македонските Бугари, трудејки се да ги скријат своите злодела со празна клевета на Бугарите. Во однос на последното особено се издвојува со својата неуморна дејност грчкиот крал Константин. Тој ја сфака важноста на европското јавно мислење и со својот кралски авторитет се труди да ги прикрие злосторствата на Грците, префрлувајки ги своите злосторства и злосторствата на својата армија, како и на фанатизираните месни Грци, врз Бугарите.

Одделни лица, а можеби и грчки семејства од оние што ги палеле бугарските села и го прстепувале беззаштитното бугарско население во Тракија и во Македонија за време на офанзивата на грчката армија, плашејки се дека со вракањето на Бугарите може да ги снајде заслужената казна, почнаа да ги напуштаат своите села и градови и да заминуваат во Грција, заедно со својот соучесник во грабежите, во претепувањето на беззаштитните старци, жени и деца - грчката армија. Овој факт грчкиот крал го направи предмет на обемно телеграфско известување за тоа дека грчкото и муслиманското население, и дури „некой Бугари" масовно преминувале во Грција од деловите на Тракија и на Македонија што прсминуваат кон Бугарија. Така и телеграфира кралот на својата влада. Така грчката влада официјално го става во заблуда европското јавно мислење, соопштувајки лажни податоци за бугарските насилства врз Грците и „за масовните преселби на Грците, Турците и на другите жители на околиите од Македонија и Тракија што преминаа кон Бугарија".

„Кралот Константин му телеграфира на Генералниот штаб дека 100. 000 лица, мегу кои и некой Бугари, сакаат да се преселат од Тракија, Неврокоп и од Струмица во Грција".

Мегутоа, „Бугарската агенција" ги демантира вестите што ги шири Атина за претстојното преселување на Грците и на муслиманите од деловите на Македонија и Тракија шго прсминуваат кон Бугарија.

Освен тоа, „бугарската влада ги задолжи своите претставници во кабинетите на ı олемите држави да ги информираат за следниот протест: „За време на борбите со бугарските војски Грците користеа куршуми со отсечени врвови, со што им нанесуваа на ранетите силни страддња, наспроти одлуките на Хашката конференција".

Од грчко-српските свечености по повод завршувањето на Втората балканска војна, освен погоренаведените настани, заслужува внимание наредбата на српскиот крал Петар до прмијата:

„Хероии! Вчера во Букурешт е склучен мирот. Со овој мир е утврдена новата српско-бугарска граница, која опфака, освен територии што се заземени во војната со Турција, важен дел од Македонија, во кој влегуваат: Егри Паланка, Кратово, Кочани, Штип, Радовиш, Пехчево, Царево Село и Дојран со значилен дел од Дојранското Езеро.

Хероии! Благодарение на крвта што ја пролеавте, на вашето херојство и само-одрекување и на вашите победи, Србија ги оствари своите вековни стремежи. Таа се одмазди за Косово и ја исчисти дамката од Сливница. Вие ги оправдавте сите жртви, кои народот доброволно ги поднесе за оваа војна. Вие ги оправдавте моите надежи, надежите на вашиот

главен командант. Благодарение на вас, Србија стана славна и позната во целиот свет. Вие, мојата славна, доблесна армија, сте творци на новата граница на голема Србија.

Херои! Набргу ке го објавам указот за демобилизација. Јас му се радувам на вашето враќање во домашните огништа, но тагувам при помислата дека многу семејства нема ловеке да ги видат своите драги херои, кои паднаа на бојното поле. Вечна им слава на хероите, кои загинаа на полето на честа! Тие ја пролеаја крвта и ги дадоа животите за среката и величината на татковината. Вие, хероите, кои останавте живи по сите напори врзани со војната, вие што ги совладавте сите препреки, сега ке се вратите во вашите семејства за да ја обновите мирната работа и да одморите на вашите славни лаври. Да живее мојата доблесна, непобедлива армија".

Мегутоа, хероите на кралот Петар, како и грчките собрака, подобро се бореа со вевооружените жени, старци и деца отколку со Турците и со бугарската армија. Од нивна рака загинаа многу невооружени македонски Бугари и Власи и стотици илјади избегаа во Бугарија под заштита на бугарската армија.

За „подвизите" на српските и на грчките „херои" многу нешта раскажаа бугарските и влашките бегалци од Македонија. За нив исто така известува телеграмата на СПА од Софија од 1 август оваа година:

- „Командантот (на бугарската) четврта армија известува дека од разузнавачките патроли е утврдено потпалување на селата што се наогаат по двата брега на Каменица, на север од Кочани, извршено од Србите. Веста ја потврдува бугарското население од овие села што избега во Бугарија".

Покрај сверставата врз бугарското население во Македонија што ги вршеа и ги вршат Србите и Грците, покрај покажаното од нив вероломство и клевета врз бугарската армија и бугарскиот народ, јас им се чудам на тие „претставници" на Бугарија, кои во Москва присуствуваа на богослужбата во Московскиот српски атински двор по повод склучувањето на мирот. Ваквите „претставници" на Бугарија се непријатели на бугарскиот народ и предавници на националното бугарско дело. Пријателството со Србија и со Грција значи откажување од Македонија, што е рамнозначно со самопонижување. Ние не мораме да ги имитираме Русите, кои не можат да ги разберат балканските работи и кои од името на Московскиот словенски комитет им ја честитаат победата над Бугарија на српскиот, црногорскиот и на грчкиот крал. Само од пристојност беше испратена честитка до бугарскиот цар. Но истата пристојност и самопочит бараа од „претставниците на Бугарија" да отсуствуваат од богослужбата во Московскиот српски атонски метох.

Во тој однос, достоинствено се држеа бугарските делегати на мировната конференција во Букурешт. Тие се откажаа од наградите, од говорите на банкетите, но присуствуваа на богослужбата по повод склучувањето на мирот и на банкетите во чест на мировните делегати. За едното и за другото г. Тончев му даде објаснување на еден новинар на букурешкиот весник пред заминувањето на бугарската делегација од Букурешт. Овој разговор на г. Тончев го наведувам подолу.

Само еднаш г. Тончев одржа говор на банкетот што беше приреден од градот Букурешт на 30 јули во чест на мировните делегати. За ова СПА известува:

„Бугарскиот делегат Тончев, кој првпат зборуваше за време на престојот во Букурешт, укажа на тоа дека бугарските делегати го потпишале мирот под тешки услови, но тие не можеле да не учествуваат на банкетот што го приреди градот Букурешт, каде што Бугарите наогале помош и поддршка во тешките денови на борбата за слобода".

На истиот банкет одржа говор и Венизелос. Неопходно е да се наведе овој говор, кој, покрај другите настапи на Венизелос и на кралот Константин, покажува дека Грците не водат многу сметка за Русија и немаат потреба од нејзините симпатии, имајки ја зад грбот Франција:

„Венизелос одржа говор на банкетот што беше приреден од градот (Букурешт). Припишувајки му ги успесите на мудроста на кралот Карл, Венизелос потцрта дека конференцијата ја покажа можноста за самостоен развој на балканските држави".

- Венизелос отпатува (1 -VIII) преку Браила во Турин-Северин, откаде што со Пагаик ке заминат за Белград.

## XIII.

Сега можеме да се вратиме на размената на поздравните телеграми мегу германскиот император и романскиот крал по случај склучувањето на Букурешкиот мировен договор.

Прв од европските монарси што му го честиташе на кралот Карл склучувањето на Букурешкиот договор беше германскиот император, кој му додели на грчкиот крал звање генерал-фелдмаршал на германската армија. Германскиот дипломатски претставник во Букурешт приреди дипломатски ручек во чест на бугарските мировни делегати.

Во одговорот на кралот Карл на честитката на германскиот император романскиот крал, меѓу другото, изјави: „Со помош на Вашето величество, во Букурешт е склучен дефинитивниот мировен договор".

Србија, Грција и Романија во оваа телеграма видоа доказ дека ревизија на Букурешкиот договор е малку веројатна. Во виенските дипломатски кругови размената на телеграмите предизвика голема нервоза, а во петербуршките во телеграмата на кралот Карл гледаат доказ дека меѓу Австрија и Германија постојат сериозни несогласувања за прашањето за ревизија на Букурешкиот договор. („Юж[ный] Кр[ай]" од 31 - VII). На размената на телеграмите вака реагираше виенскиот печат од 30 - VII , стар стил.

Виена. СПА. 30 - VII: По повод размената на телеграмите меѓу германскиот император il романскиот крал „Neue Freie Presse" вели: „Овие телеграми треба да се сметаат за најважна манифестација за целиот период на Балканската војна, кога Австрија го става на карта сего свое политичко значење за да постигне некој територијални отстапки за Бугарија; германскиот император ја става на вага целата политичка моќ на Германија за да се потврди мирот во таа форма, во која ја предложи и ја прифати Романија. Во последните недели Германија и Австрија одат во дијаметрално спротивни насоки: природно е дека во однос на Тројниотсојуз со Романија, Австрија иго покажува на Романија политичкиот курс. Денешниве телеграми докажуваат дека Романија во својот однос кон Тројниот сојуз бара потпора во Берлин. Ние прашуваме, вели весникот, дали оваа размена на телеграмите е корисна за Австрија, ако Германија прави демонстрација, чија острица е насочена против австриската политика на Исток? "

„Montagsblatt", потсетувајки на доделувањето на звањето генерал-фелдмаршал на германската армија на кралот на Елините, вели: „Ова мешање во балканските настани претставува мошне чуден коментар кон поранешните изјави на Германија; ние поинаку ја чамислувавме верноста на Нибелунзите".

Во Петербург („Юж[ный] Кр[ай]" од 31 -VII) „во дипломатските кругови не кријат дека проектот за ревизија на Букурешкиот договор изгуби многу шанси за успех. Претпоставуваат дека, благодарение на телеграмата на императорот Вилхелм до кралот Карл, меѓународната конференција нема да се одржи".

Германија реагираше на размената на телеграмите:

Берлин. СПА. 30 - VII. Известувањето за размената на телеграмите меѓу романскиот крал и германскиот император живо се коментира во печатот и во финансиските кругови. Уште при првото известување за мирот во официјалните кругови изјавуваа дека нема официјални податоци за намерите на Австрија да бара ревизија на мировниот договор, а има само информации во весниците. Сега во компетентното место изјавуваат дека по размената на телеграмите и по информацијата во „Norddeutche-Allg[emaine]-Zeit[ung]" нема сомневање дека кај Германија отсуствува желба да се приклучи кон какви било обиди за да се измени договорот. Германија ќе содејствува во признавањето на договорот од големите држави, што, веројатно, ќе биде постигнато без особени тешкотии.

Во финансиските кругови известувањето за размената на телеграмите топло се поздравува. Сметаат дека на Балканот ќе се воспостави вистински мир.

Императорот одржа во Љубек говор, во кој кажа: „Јас го заштитувам германскиот трговец од неговиот непријател". Овие зборови се објаснуваат во смиела дека императорот го сака дефинитивното признаваше на Букурешкиот мир.

Читајќи ја веста за одржаниот говор на императорот Вилхелм, жал ми е што г. Поанкаре не е толку зборлест како германскиот император; тој тогаш би кажал: „Јас го заштитувам францускиот банкар од неговиот непријател". Ваквата изјава на г. Поанкаре лесно би можела да се разбере како алузија на адреса на Русија, како што лесно може да се разберат зборовите на германскиот император како алузија на адреса на Австрија.

Толку се блиски германското и француското гледиште, од една, и австриското и руското, од друга страна, на блискоисточната криза и на Букурешкиот мир. Впрочем, меѓу рускотец) австриското гледиште постои и извесна разлика, а имено, Австрија гледа дека е измамена од својата сојузничка, додека Русија уште мисли дека изгубила само Австрија, но не и Русија. Во Русија йсе радуваат на тугата несрека, без да ја видат сопствената бизизлезна положба.

Наместо говори, г. Поанкаре го награди г. Мојореску со орд енот Легија на честа.

Во телеграмите на „Южный Край" од 1 - VIII од Петербург се зборува дека „размената на телеграмите на Вилхелм II и на романскиот крал го изненадува печатот. Едингсвен можен заклучок од оваа размена е тоа што Германија застана на страната на Романија против Австрија и, на тој начин таа е инспиратор на Букурешкиот договор.

Официјално, односот на Германија кон прашањето за ревизија на Букурешкиот договор се изнесува на следниов начин:

Берлин. СПА. 31 -VII. Од официјални извори се демантира информацијата од весникот дека, наводно, Германија, во согласност со желбата на Австро-Унгарија, се согласила за ревизија на Букурешкиот договор. Во компетентните кругови изјавуваат дека Германија во врска со прашањето за ревизија на договорот не се бори против другите држави, а исто гака не учествува во обидите да го измени Букурешкиот договор, кој е постигнат со толкав труд. Германија учествува само во такви преговори на државите, кои можат да му обезбедат на договорот одобрување од Европа. Германија воопшто не е непријателска кон Бугарија, но во сегашниве услови бугарските желби, според мислењето на Германија, не може да се остварат без нова опасност за мирот.

Според телеграмата на СПА. Од 1 август од Букурешт: „Печатот со задоволство и иронија зборува за изолираноста на Австрија во прашањето за ревизија на Букурешкиот договор и укажува дека Австрија претрпела целосно фијаско благодарение на својата двојна политика во односот спрема Бугарија и Романија".

Исто таков непријателски однос спрема Русија зазеде српскиот печат. Српскиот весник „Трибуна", гледајќи дека хајката врз Русија се уште е предвремена и опасна за српските интереси, настапи со статија што ја штити Русија од нападите на српскиот печат, укажувајќи дека Русија не барала измена на целиот Букурешки договор, туку само ревизија на прашањето за Кавала. Содржината на статијата од „Трибуна" е пренесена од СПА од - VIII и од неа дознаваме за кампањата на српскиот печат против Русија. Многу пати СПА пренесуваше статии од „Самоуправа" со слична содржина, која полемизира со српскиот печат и ја заштитува Русија од нападите на српскиот печат.

Кампањата на романскиот печат и неговото потценувачко однесување спрема Австрија π истиот тон на српскиот печат спрема Русија покажуваат дека Букурешкиот договор истовремено претставува пораз на Русија и на Австрија.

Во „Юж[ный] Кр[ай]" од 3 август беше соопштено дека бугарските мировни делегати, кои заминуваа од Букурешт, на железничката станица ги испракаше рускиот дипломатски претставник Шебеко, а српските и грчките делегати - Мајореску. При што на делегатите на Бугарија, Србија и на Грција им беа врачени своерачни писма на кралот Карл до нивните монарси.

Исто така, се соопштуваше дека Србија и Грција имаат намера да склучат воена конвенција и поради тоа грчките делегати се враќаат од Букурешт преку Белград. Романија се откажа да се приклучи кон споменатите држави, но се приклучи кон Тројниот сојуз уште но објавувањето на резултатите на Петербуршката амбасадорска конференција за романско-гарскиот спор, од чие решение Романија беше незадоволна. Божем сето ова се случило без Австрија и со помош на Германија, поради што Австрија е многу изнервирана. Се очекува промена на кабинетот во Букурешт и преминување на власта кај либералите, кои ќе воспостават пријателски односи со Бугарија.

Г. Тончев пред заминувањето разговараше со претставниците на букурешкиот печат и изјави дека Бугарија ќе се стреми кон пријателски и срдечни односи со Романија и дека само поради почитта кон Романија, бугарските делегати присуствувале на богослужбата во катедралата и на банкетите. Ч Во истиот број на „Юж[ный] Кр[ай]" се соопштуваше за говорот на Башмаков на словенскиот ручек во С[анкт] П[етер]б[ург]. Со содржината на овој говор јас се запознав од „тоссии'.

„Юж[ный] Кр[ай]" од 4 август е неспоредливо поинтересен. Пред се, треба да се [ежи промената на курсот на руската и на француската дипломатија во врека со прашањето за Кавала, а исто така и упорноста на Австро-Унгарија за прашањето за ревизија на Букурешкиот договор. Така [од] Петербург „Юж[ный] Кр[ай]" телеграфира:

Претставниците на руските дипломатски кругови негираат дека се случила промена во стремежот на Русија да ја види Кавала присоединета кон Бугарија.

Според информациите од дипломатски извори, австриската дипломатија вчера направила чекор со цел пак да создаде австриско-руско единство во врека со прашањето за

ревизија на планот на Австро-Унгарија, кој со своите компликации ке биде погубен за Србија.

Австриската дипломати] а сака да знае дефинитивно каков начин на дејствување има намера да преземе Русија. Во австриските дипломатски сфери продолжува да доминира мислењето дека независно од начинот на дејствување на Русија, Австро-Унгарија нема да се согласи со Букурешкиот договор во неговата поранешна форма.

Франција, според информациите што ги добивме, йподнела на Русија категорична официјална изјава дека француската дипломатија не само што и оставила на руската влада одврзани раце во прашањето за пристаништето Кавала, туку и ги поддржува сите настапи на Русија во врска со ова, укажувајки дека нејзината првобитна позиција по прашањето за Кавала била предизвикана од праведното, според нејзината гледна точка, мислење да се остави Кавала во рацете на Грците. Мегутоа, животните интереси на сојузничката држава - Русија ја натерале Франција да го промени своето гледиште.

Прашањето за ревизија на Букурешкиот договор, очигледно, не може да ги радува Грците и Србите и можеби й создава вознемиреност и на Романија, и над еж на Бугарија за промена на Букурешкиот договор во нејзината корист. А поради тоа, демобилизацијата оди тешко и дури се зборува (приватна телеграма до „Юж[ный] Кр[ай]" од Берлин) дека „мегу Романија, Грција и Србија е склучена тајна спогодба за зачувување на status quo на Балканот и за заедничко спротивставување на агресивните планови на Бугарија, која мечтае за реванш".

Во Бугарија навистина владее живо и борбено расположение. СПА известува од

Софија: на 2 август наутро пристигнаа војските на Софиската дивизија. Населението од утрото се подготви за пречекот. Домовите се украсени со гирланди. На прозорците и балконите се тискаа гледачи. Марширањето на војските почна во 9 часот и траеше 3 часа. На чело јаваше царот Фердинанд во војничка униформа, со капа украсена со зеленило. Царот го придружуваа: помошникот на главниот командант, министерот на војната и највисокото началство, исто така украсено со цвекиња и зеленило. Потоа маршираа војските. И двата принца беа во борбената формација.

Кај триумфалната арка членовите на муниципалитетот и општесвените организации ι il поздравуваа војските. Учениците од училишните установи ја изведоа националната химна. Војниците беа опсипани со цвеке. Одличниот изглед на војските остави силен впечаток.

По поминувањето на војските во катедралната црква беше одржана богослужба по повод годишнината од стапувањето на престол на царот Фердинанд. На плоштадот пред соборниот храм стоеше толпа народ, која топло ги поздравуваше царот Фердинанд, принцовите и генералот Димитриев[150].

Берлин (приватна). Во бугарската армија расте големо незадоволство од резултатите на војната и од жалната економска состојба на земјата. По распуштањето на резервистите пластите се плашат да не се појават во земјата сериозни безредија. Поради ова, според гласините, била издадена наредба за запирање на демобилизацијата на армијата.

Стравот од безредија, по се изгледа, е само изговор за запираше на демобилизацијата на бугарската армија.

На 31 јули со кралски декрет беше објавена демобилизација на српската армија, но под изговор дека гарнизонската служба се пренесува во земјите заземени од Србите, на 3 август повторно е објавена мобилизација на српската армија:

Белград. СПА. 3 - VIII. Со кралски указ на министерот на војна му е предложено да организира свиктаање на резервистите на шестнеделен собир за да се пренесе гарнизонската служба во освоените области до повикувањето на регрутите.

Во Грција демобилизацијата е одложена.

Атина. СПА. 3 - VIII. Кралот телеграфира дека ке се врати во Атина в понеделник навечер. Прашањето за демобилизацијата ке биде решено по вракањето на кралот и на Венизелос. По демобилизацијата ке следува укинување на мораториумот.

Србија и Грција не се демобилизираат, очигледно плашејки се од ревизија на Букурешкиот договор, од губење на Кавала и од промена на ерпеко-бугарската граница. М[ожеби] тие решиле да не ја прифатат ревизијата и да се штитат заемно. Исто така, ( pome би гребало да бидат загрижени од движевьето на Албанците, за што СПА соопштува од Виена на 3~ VIII:

Од Скутари известуваат дека главатарите на племињата: Хоти, Груда, Клементи, Кап paru и Шкрели во полн состав дошле кај англискиот адмирал Берн и изјавиле дека

племињата Малеси не ја признаваат границата утврдена на амбасадорската конференција. Ако големите држави не обрнат внимание на жалбите на Албанците што се изложени во меморандумот, војната мегу малесорите и Црна Гора е неизбежна. Ако малесорите не добијат позитивен одговор на меморандумот до 7 август, тие ке тргнат на Тузи*. Исти изјави им се дадени на генералните конзули на Австро-Унгарија и на Италија. Адмиралот и конзулот одговориле дека ке ги известат своите влади за нивните изјави".

Во овне услови, очигледно, Грците и Србите побрзаа да ја отпразнуваат својата победа над Бугарија, која реално самата испадна победничка. Во Букурешт таа направи отстапки за да постигне заминување на романската армија од Бугарија, а што ке биде понатаму, ке видиме.

Очигледно, рано се „објавени рескриптите на крал от Петар: на името на Пашик - со изрази на благодарност за блескавите резултати од неговата дејност и со доделување на орденот на Белиот орел од I степен, а исто така на името на војводата Путник[151] - со доделување на Бвездата на Караѓорѓе од I степен".

„Романските весници објавија повици потпишани од претставниците на романските, српските и на грчките весници за неопходноста од создавање балканска „лига за зближување на нациите". Но зарем не се случи премногу брзо ова зближување и ке биде ли тоа доволно за спротивставување на австриско-руската спогодба за ревизија на Букурешкиот договор?

Во врска со Адријанопол, има гласини дека императорот Вилхелм излегол со компромисен предлог што е прифатлив за Турција и за Бугарија. Исто така, дека С. Д. Сазонов имал тајна средба со Турхан-паша. Англиската ескадра кретосувала во Егејско Море.

Во Петербург „од Лондон телеграфираат дека Бугарија решила да го објави католицизмот за државна религија". За значењето на оваа мерка за зачувување на националноста на македонските Бугари јас веке пишував погоре. Таа е можна и целесообразна, но со неа нема да брзаат; а и Русија, со ревизијата на Букурешкиот договор и со промената, заедно со Австро-Унгарија, на ерпско-бугарската граница или со создавањето на автономна Македонија нема да дозволи да се реализира црковната унија со Рим во Бугарщ'а.

Австриската влада и императорот Фрањо Јосиф[152] официјално и го честитаа на Романија склучувањето на мирот, што не значи дека Австрија се откажа од барањето за ревизија на Букурешкиот договор.

Ерменците што живеат во Бугарија протестираа против клеветите што ги изрекуваат Грците и Србите против бугарската армија и народот.

Денес министерот за поморство треба да ја добие мојата белешка, а копијата од неа - мипистерот за надворешни работи. Интересно е да се прочитаат весниците од 8 август и следните.

**6 август 1913 г.**

Денес ги препишав мойте три белешки до Б. И Кисимов од 14 јули, 29 јули и од 3 август. Мислев дека може да престанам да ги пишувам моите мемоари, бидејки, по се изгледа, вајважните настани на Балканот поминаа, а и распустот набргу ке заврши. Мегутоа, едни настани се менуваат со други, не помалку важни од минатите.

Ако во август минатата година изгледаше дека сме пред балканска војна, сега се укажува на тоа дека се наогаме пред општоевропска војна или, во краен случај, пред крупни мегународни осложнувања во врска со Балканот и со навлегувањето на Турција во Адријанополскиот вилает од левата, но и од десната страна на Марица. Русија нема да биде мирен набљудувач на понатамошното газење во калта на нејзиниот престиж на Блискиот Исток и подбивањето со неа од страна на Турција и на државите што стојат зад Турција.

Се укажува на тоа дека се наогаме пред бура: како Македонец, во минатата година јас се им радував на настаните што доагаа. Како Бугарин, јас исто толку им се радувам на претстојните. Главно е дека Русија їсе ги брани својата чест и своите интереси и ке не поддржи нас. Бугарите, бидејки пријателите на Русија се наши пријатели, нејзините непријатели се наши непријатели. На прееврт во одиосот на Русија спрема Бугарија укажува поведението на Русија во прашањето за Кавала, испракањето на бугарската мировна делегацщ'а од Букурешт од страна на г. Шебеко, приредувањето појадок за бугарските морнари во Севастопол од страна на пешадиската дивизија.

* Град во јужниот дел на Црна Гора, близу до границата со Албанија.

Телеграмите на „Южный Край" од 5 (4) август од Константинопол, Петербург, од Софија јавуваат за безредијата во Константинопол, за преминувањето на Марица од Турците и за заземањето на Мустафа-паша, Димотика и Софлу, како и за намерата да се заземе Деде-Агач*. Турците организираат митинзи со барање да им се остави Адријанопол; истото го бара адријанополската грчко-турска делегација што патува низ Европа. Во врска со прашањето за Адријанопол Турција склучи договор со Грција. Бугарија се обрати со нота до големите држави во врска со преминувањето на Турците на десниот брег на Марица. Преминувањето на Марица од турските војски предизвика запирање на демобилизацијата во Бугарија и во Србија.

Од Констанца јавуваат дека, според гласините, бугарската флота излегла на море кон анадолското крајбрежје, сакајки да ги заземе турските бродови. Овде стравуваат дека Бугарија ке се реши да го префрли боиштето во Црно Море, затоа што тоа може да и нанесе штета на европската трговија. Бугарската копнена армија, според гласините, се движела во правец на Киркилиса. Во Адријанопол комитите почнал е престрелка. Веројатно, Бугарите бараат да се замеша Русија".

Во врека со адријанополекото прашање, интересен е потценувачкиот однос на Турција гарема Русија и умилкувањето на другите држави, а особено на Франција. Така од Петербург известуваат: „Турскиот министер за финансии изјави дека заканата на Русија со бојкот на Турција не ги плаши, бидејки кредиторите на Турција се заинтересирани за нејзината финансиска состојба. Во оваа недела ке биде склучен договор за доделување концесии на француските капиталисти врз анадолската железница".

Како одговор на предизвикувачките дејства на Турција може да се смета веста од Константинопол дека руските бродови „Ростислав" и „Кагул" испловиле во Црно Море.

Бугарија, по се изгледа, ги следи настаните во Адријанополскиот вилает и, очигледно, се подготвува за офанзива. Склучувањето неповолен мир со балканските држави, очигледно, имало предвид нова војна со Турција. Сепак, покрај Грција, и другите балкански држави не сакаат нова бугарско-турска војна и успех на бугарското оружје.

Така, според зборовите на весниците во престолнината, мегу Романија, Србија и Грција била склучена тајна спогодба за спротивставување на стремежите на Бугарија да го зачува(?) (наруши) status quo-то. На ова му соодветствува белградското известување: „На 3 август пристигнаа со пароброд премиерите на Србија, Грција и на Црна Гора, кои беа пречекани од членовите на владата, од претседателот на Собранието, од грчката и од романската** мисија, а исто така од највисоките воени и цивилни власти. Градоначалникот на Белград ги поздрави пристигнатите. Говорите на премиерите предизвикаа бучни ракоплескања на тие што ги пречекуваа. Населението ги позравуваше пристигнатите со гласни извици „Живио!"*** Иенизелос беше примен на аудиенција од кралот. Во чест на Пашик, во дворецот беше приреден свечен ручек".

И Црна Гора не ги демобилизира своите војски: Цетиње. СПА: црногорските војски што учествуваа во Втората балканска војна ке се вратат назад во татковината по завршувањето на поголемиот дел на бугарската демобилизација.

Грчките војски се повлекуваат на југ, оставајки пустош. Софија. СПА: Во Мелничкиот округ, во реонот на повлекувањето на грчките војски, опфатени се со оган 11 села. Главните грчки сили, кои се сместени околу Неврокоп, се повлекуваат во правец на Драма. Горат селата во близината на градот Неврокоп.

И сепак, сегашната положба на Бугарија е подобра од порано. Симпатиите на Русија ве со денови, туку со часови преминуваат од непријателите на Бугарија кон Бугарите. Размената на телеграмите мегу кралот Карл и императоротВилхелм не можеше да и се допадне на Русија. Упорноста на Турција - уште помалку. Француското и ерпското пријателство, со спротивставување на Франција на секој потфат на Русија и со одбивање на Србија да и се потчини на руската арбитража, изгуби секаква вредност. Грција, откако ги

\с од Бугарите Македонија и егејското крајбрежје, мечтае со помош на Турците да го зацврсти своето влијание врз цела Тракија, а кралот Константин има намера да се нарече Константин XIII, претворајки ја Грција од скромна Елада во претенциозна Византиска Империја. Така, Русија ги изгуби пријателите на Балканот и единствена нејзина потпора таму останува и понатаму само Бугарија. Во Русија ова почнуваат добро да го сфакаат и поради тоа Бугарија сега не е изолирана како порано и проблемите што се појавуваат во

* Денешен Свиленград.

** Подмечено во оригиналот.

*** „Да живее" (ерпеки).

Европа само ке и помогнат на Бугарија достоинствено да се извлече од создадената ситуација. Можеби не е далеку денот кога и таа со полно право ке каже дека стана „голема'*. секако во балкански размери.

7-VIII- [19]13 г.

Преминувањето на Турците на десниот брег на Марица и заземањето на железничката пруга Мустафа-паша - Деде-Агач укажуваат дека Турците сакаат да ја задржат оваа пруга во свои раце, а заедно со неа и целата долина на Марица, поместувајќи ја бугарско-турската граница кон запад до висорамнините што ја опколуваат од запад долината на реката Марица. Значи, низините на Тракија на исток ги бара за себе Турција, на запад - ги доби Грција. На Бугарија й се оставени само сртовите на Родопите и низините на Ксанти и на Гумурџина со кратка крајбрежна линија од Макри до утоката на Места, но исто така е можно дека Турција ке се потруди да ги заземе и котлините Ксанти и Гумурпина, за да се испазари потоа со Бугарија при дефинитивното утврдување на бугарско-турската граница, при што, веројатно, Турција ке се согласи да и ги отстали на Бугарија: Макри, Лагос, Гумурцина и Ксанти, но ке m побара за себе: Деде-Агач, Софлу, Димотика и Мустафа-паша. Турција, очиглсдно, во својот однос кон Бугарија се потпира врз советите на своите пријатели, кои сакаат понатамошно ослабување на Бугарија и ја користат изолираноста на Русија. Србија, Грција, Франција, Германија и, веројатно, Романија ја нас'скуваат Турција на Бугарија. Српскиот делегат Павловиќ[153], кој го потпиша дефинитивниот мир мегу Србија и Турција, не го напушта Константинопол. Грците заедно со Турците бараат Тракија да й остане на Турција и да се формира од неа автономна облает. Франција за концесија на железницата во Мала Ачија е подготвена да ја продаде не само Русија, но и самата себе. Германија, секако, се радува на поразот на Русија и на словенска Бугарија. Романија се плаши од одмазда на Бугарија за Добруџа.

Таквата состојба на работите не тера да се подзамислиме над понатамошните планови на новите балкански сојузници, ако новиот балкански сојуз, благодарение на заедничкиот и солидарен настап на Русија и на Австрија, нема да биде уништен во корен.

Во новиот балкански сојуз фактички влегуваат сите балкански држави, вклучувајќи ја и Гурција, бидејќи, иако Турција не учествувала на Букурешката мировна конференција, тоа било само поради тоа што ова беше корисно за непријателите на Бугарија. Србите и Грците за време на букурешките преговори за мир и по склучувањето на мирот беа и остануваат советници на Турција во прашањето за Тракија. Значи, Турција фактички влегува г.о составот на новиот балкански сојуз и отсуството на турски делегати во Букурешт само му овозможи на новиот балкански сојуз да бара понатамошно истоштување и ослабување на Нугарија.

Во српско-грчко-романско-турско-црногорскиот сојуз постои, очигледно, определена политичка програма, која се состой: 1) во заштита на Балканскиот Полуостров од Русија и од Австрија, 2) во понатамошно засилување на членовите на сојузот за сметка на Бугарија и на Албанија и 3) по можност, во целосно бришење на последниве две држави од картата на Налканскиот Полуостров.

Идејната, раководна улога во новиот балкански сојуз им припага на Србија и на Грција. Останатите држави само го придружуваат ерпско-грчкиот сојуз, за и самите да земат учество но новата поделба на пленот или да го искористат покровителството на балканскиот сојуз. Во новиот сојуз: Црна Гора бара поддршка против Австрија и Албанија, Турција - против Русија; Романија мечтае за ново „разбојништво" (razboi) во Бугарија.

Идејната страна на новиот балкански сојуз за Србија и за Грција се состой во стрсмежот на прсата да издаде голема Србија и да игра улога на јужнословенски Пиемонт. Втората се стреми кон целосно обновување на Византиската Империја на Балканот. За остварувањс на споите стремежи, кои ги попречува Бугарија, Србија и Грција одат на компромиси, на пријателска поделба на придобивките од Правата и од Втората балканска војна. Втората балканска војна, очигледно, Србите и Грците ја гледаат само како почеток на серија слични војни во иднина, кои треба да доведат до нови победи на сојузниците и до нови порази на Бугарија и на новосоздадената Албанија. Потребна е и во иднина солидарност за да се создаде на урнатините на Бугарија и Албанија во целосен можен обем голема Србија и голема Византиска Империја. Создавањето ерпека и грчка империја на југоистокот на Европа тоа с идеал на раководните држави на новиот балкански сојуз. Се разбира дека Србија и Грција нема да ја запостават и Романија. Бидејќи Бугарија, која тие сакаат да ја поделат мегу себе, етолема и во неа ке се најде парче и за Романија, уште повеке што последнава е многу скромна и е задоволна, кога без ниеден истрел ке успее да земе учество во делбата балканскиот плен и да добие парче плодородна земја во северна Бугарија.

Но ако непријателите на Бугарија и дадоа само релативно мало парче од плодородната Добруџа со две пристаништа на Дунав, со едно пристаниште на Црно Море, со големиот град Добрич внатре во Добруца, тогаш тие, т.е. Србија и Грција, во иднина ке и понудат на Романија многу повеке. Впрочем, тие пред Втората балканска војна ија предлагале на Романија целата Придунавска Бугарија, но таа го процени ова како апсурд и се задоволи со заземање на бугарска Добруца.

Во иднина, се разбира, Србија и Грција ке и предложат на Романија многу помалку „компензации" поради „зачувување на рамнотежата" на Балканот.

Целта на овој сојуз , како што веке реков, е заштита од Австрија и од Русија и недопуштање на големите држави да се вмешаат во балканските работи, каде што сојузниците ке се потрудат да господарат според своето гледиште, т.е. ако посакаат, ке ги поделат Бугарија и Албанија мегу себе. Така, поделбата на последниве држави претставува главна цел на, така да кажеме, „внатрешната" мегубалканска политика на новиот балкански сојуз. Надворешна политика на новиот балкански сојуз е отстранување на мешањето на големите држави во внатрешните работи на сојузот.

За поделба на Бугарија и на Албанија најмногу мечтаат Србија и Грција. Политичките стремежи на Србија јас добро ги познавам како српски воспитаник што пет години живеел и учел во Србија. Грчките претензии и политички стремежи произлегуваат од историјата на Византија и се определуваат од нејзините политички стремежи. На тој начин, за Бугарија се обновуваат политичките перспективи од средниот век.

Претстои упорна, но не безнадежна борба за политичка слобода и национално обсдинување на бугарскиот народ, која беше прекината во текот на 500 години со навлегувањето на Турците во Европа.

Политичките стремежи на Србија лесно се објаснуваат со учењето и со етнографската карга на Балканскиот Полуостров на М. С. Милоевик[154], со сличното учење на г. Поповик[155], ПОранешен конзул во Македонија и автор на Речникот на турски зборови во српскиот јазик, со Историјата на српскиот народ од Ковачевик[156] и Јовановик[157], со трудот на Велик[158] за српските говори на јужна и неточна Србија и со политичките стремежи на Србија од средината па XIV век.

Србија, како и во средниот век, притиска на таа страна од каде што има најмал отпор. Нејзе не и пречи тоа што во поранешните поседи на Европска Турција не живееле повеке ОД 100000 Срби. За неа беше полесно да војува со Турција и да откине од неа добро парче територија, отколку да се стреми кон припојување на чисто српските области што влегуваат ВО составот на Австро-Унгарија. Србија, во сојуз со Бугарија и со Грција, ја нападна Турција, откако претходно склучи договор со Бугарија. Мегутоа, по победата над Турција вајистоштена држава од бојната испадна Бугарија. Тогаш Србија реши да не го исполнува сојузничкиот договор со Бугарија и да склучи против неа сојуз со другите балкански држави. Се случи повторно зголемување на Србија за сметка на бугарските територии на Европска Турција. На тој начин Србија, имајки само околу 100000 свои сонародници во Европска Турција, доби од неа територија поголема од територијата на самата Србија, населена со дна милиони жители. Зарем тоа не е успех рамен на успехот на Стефан Душан? Но заедно со успесите расте и апетитот. Србите веке размислуваат за повеке. Мегутоа, нивните погледи не се насочени кон северозапад, туку кон југоисток и кон исток. Тие, веројатно, Мечтаат за Серез, Драма, Кавала, Кустендил, Софија, Видин итн. Откако ке ја остварат оваа своја неточна и југоисточна национална програма, заедно со поделбата на Албанија мегу Србија, Црна Гора и Грција, Србите ке се евртат кон северозапад за да и ги одземат на Австро-Уѓгарија исконските српски земји.

Неточната граница на српските претензии кон западна Бугарија поминува по реките Вит или Осам; така во крајна линија се определува неточната граница на српскиот народ во учебникот по Историја на српскиот народ од Л.Ковачевик и Л.Јовановик. Покрај тоа, српските претензии се шират на цела југозападна Бугарија, на југозад од Балканските Планини со Софија, Кустендил, Самоков, Дупница и на целата долина на Струма до р. Места. Іоа што се наога кон исток од оваа граница Србите не го сметаат за свое, туку за бугарско, но бидејки тоа што Србите го сметаат за свое во Бугарија не можат самите да им го одземат на Бугарите, тие се надеваат своите желби да ги остварат со помош на новиот балкански сојуз, поделувајки ги мегу него и Србија сферите на политички претензии. Притоа, Србија лесно и ги отстапува на Романија териториите на северна Бугарија мегу Балканските Плашиш и Дунав и на исток од р[еките] Вит или Осам; на Грција целата поранешна Неточна Румелија и Тракија на исток од р. Места (Кара-Су). Така се планира да се доврши работата па новиот балкански сојуз, која толку блескаво беше почната со Втората балканска војна.

Наместо Бугарија и Албанија, на Балканскиот Полуостров ке останат само три големи балкански држави: Србија на северозапад, Грција на југоисток и Романија на североисток на Балканскиот Полуостров, бидејки Црна Гора доброволно ке се спои со Србија. Голема Србија, голема Грција и голема Романија сочинуваат силен сојуз со милионска армија и со силна флота и ке ја земат под свое покровителство Отоманската Империја, која би станала еден вид заедничка колонија на новиот балкански сојуз. Голема Србија и голема Романија, имајки ги на располагайте и војската и флотата на голема Грција, ке и објават војна на Австро-Унгарија и ке ги одземат од неа: Босна, Херцеговина, Далмација, Хрватска, Штирија, Каринтија, Крайна, Славонија, Бачка, Банат и Седмоградско, а од Русија - Бесарабија. Од своја страна, голема Србија и голема Романија ке и помогнат на голема Грција со своите војски да ги заземе Константинопол, Босфор, Дарданелите, целото крајбрежје на Црно Море и поголемиот дел на Мала Азија, затворајки и го излезот на Русија од Црно Море.

Веројатно, нацртаната слика на политичките очекувања на создавачите на новиот балкански сојуз може да изгледа многу украсена, сепак не треба да се губи од вид дека мегу членоните на ерпскиот владин кабинет во овој момент едно министерско место држи еден од авторите на гореспомнатиот учебник по Историја на ерпскиот народ, а имено г. Јовановик, кој смета дека неточната граница на ерпскиот народ минува по р. Вит. Освен тоа, зарем некој сериозно верувал дека Србија некогаш ке го има поголемиот дел од Македонија? Мегутоа, ова е веке евршен факт. Зошто Србите не би можеле да се надеваат дека ке успсат вештачки да предизвикаат нова војна со Бугарија, префрлувајки ја врз неа целата вина за судирот? Бидејки тоа еднаш веке им успеало на Србите и на Грците, зошто да не им успее и вторпат. А ако успее поделбата на Бугарија и на Албанија, тогаш Србија и Романија нема да се плашат од Австрија, итн., итн.

А границите на ерпските претензии на Балканскиот Полуостров јасно се обележени на етнографска карга на Балканскиот Полуостров на М. С. Милоевик, на која на целиот Полуостров се истакнуваат само ерпската народност и ерпскиот јазик; на бугарскиот и на ровенечкиот народ им е дадено малку место, и тоа само како на варијанта на ерпската народност. Истата идеја ја спроведуваше и г. Поповик, кој во 1890 година предавал ерпски јазик во Богословско-учителското училиште во Белград, формирано од Српското патриотско друштво „Св.Сава", во кое за време на неговото полугодишно постоење учев и јас. Зборувајки за дијалектите на ерпскиот јазик, г. Поповик кон нив ги вклучувал и трновскиот и другите бугарски дијалекти, како и љубљанскиот дијалект, како што го нарекувал еловенечкиот јазик. Во приватен разговор, по затворањето на споменатото училиште во летото 1890 година, г. Поповик ја развиваше идејата дека мегу Бугарите, Србите и Словенците нема толкава разлика за да може тие да се дел ат на посебни народности и дека поради тоа бугарскиот, ерпскиот и еловенечкиот јазик треба да се разгледуваат само како рјалекти од еден ист јазик, со други зборови, бугарскиот и еловенечкиот јазик се дијалекти па српскохрватскиот јазик. Притоа г. Поповик укажувал на разликите мегу јужно-нталијанскиот и северноиталијанскиот дијалект и на разликите мегу германските дијалекти, варекувајки ги поголеми отколку разликите мегу јужнословенските јазици. Мегутоа, велеше г. Поповик, Германците и Италијанците имаат еден литературен јазик, а јужните Словени дури три.

Гледиштето на г. Поповик се трудеше научно да го образложи г. В. Јагик[159] во неговата нотата статија „Ein kapitel aus der geschichte des Süd-Slavischen Spachen"* , која се наога во XIII том на „Archiv für slavische Philologie".

Господата Милоевик, Поповик, Јагик ја имаа истата цел - да ги прошират сферите на користење на ерпскиот јазик, да го променат погледеот врз историјата на Балканскиот Полуостров т.о корист на српскохрватскиот народ, да подготват почва за улогата на Србија како балкански Пиемонт.

Воопшто, познато им е на сите дека Србите се големи теоретичари и дека тие грижливо ја подготвуваат почвата за своите политички претензии. Така на пример, до последната Руско-турска војна тие, со исклучок на М. С. Милоевик и П Сречковик[160], како етнички бугарски земји ги признаваа не само целата денешна Бугарија и Македонија, туку и неточните окрузи на Србија и сите окрузи што според Санстефанскиот договор влегуваа во составот на Бугарија, а според Берлинскиот договор тие преминаа кај Србија.

Србите протестираа поради Санстефанскиот договор, по совет на Австрија, од политички, но не и од етнографски мотиви. Санстефанска Бугарија во Берлин беше поделена на делови и неколку окрузи од санстефанска Бугарија преминаа кај Србија. Тогаш Србите, за да се ослободат од претензиите на Бугарите на новоприсоединетите според Берлинскиот

* „Еден дел од јужнословенските говори" (германски).

договор окрузи на Санстефанска Бугарија по должината на бугарска Морава, решија распространетиот во нив бугарски дијалект да го прогласат за српски, нарекувајки ги српски идијалектите на западна Бугарија и на Македонија. Во етнографскиот спор Србите најдоа поуспешна тактика на напад, а не на одбрана. И таа се покажа како мошне корисна за нив. Бранејки се од српските претензии на Македонија, Бугарите сосема заборавија на областите на бугарска Морава што преминаа кај Србија.

Така тие постапија по Берлинскиот договор. Исто така ке постапат и по Букурешкиот договор. Сега Србите нема да го докажуваат српскиот карактер на македонските дијалекти; тие ке решат дека подобро е да тагуваат над судбината на Србите што „останаа под власта на Бугарија". Тие ке го докажуваат српскиот карактер на населението во западна и во југозападна Бугарија и со ова ке ја подготвуваат почвата за српските политички претензии кон западна и југозападна Бугарија, т.е. за поделба на Бугарија мегу државите на новиот балкански сојуз.

Такви се стремежите на Србија како раководителка на новиот балкански сојуз. Намерите на Србија се определени. Тие, очигледно, се остварливи, бидејки Србија врши притисок во правей, на најмал отпор и постелено, чекор по чекор, ги остварува своите на прв поглед фантастички планови.

Мегутоа, нели е премногу смело да се прават заклучоци за понатамошни успеси на Србија од фактот дека успеа да ја заземе Македонија? Не е ли премногу ризично да се полагаат големи надежи на повторнороденниот, но уште незацврстен и слаб нов балкански сојуз? Не е ли премногу рано да се погребат Австрија и Бугарија? Не е ли премногу опасно за Србија руското иријателство да го замени со романско и грчко. Впрочем, Србите се прсправаат дека многу ги ценат руските совети. Штом независниот српски печат ке почне да го покажува своето незадоволство од Русија и да ја пцуе без мера, веднаш официјалниот печат настапува во заштита на Русија како на држава што и направила на Русија* многу добрини. Но и најзаслепените и најнаивните луге на крајот на краиштата можат да ја забележат разликата мегу зборот и делото, и тогаш?!

Србите во својата заслепеност и опијанетост не можат да сфатат едно, а имено, дека Бугарија во средниот век секогаш била посилна од Србија и дека зајакнувањето на Србија траело само 30-тина години и дека на крајот Бугарија ја победувала Византија, испракајки ги против неа од север де Русите, де Хазарите, де Печенезите, де Половците, де Татарите. Византија, од една, народите од јужна Русија и Унгарија, од друга страна, и на крајот, појавувањето на Турците од Мала Азија беа причините за периодичните ослабувања на Бугарија и за губењето на политичката независност на бугарскиот народ. Сега тие времиња поминаа неповратно. Наместо народите од јужна Русија, непријателски настроени кон Бугарија, сега Бугарија во современа Русија ја има најпријателската и најблагонаклонета држава. Австро-Унгарија сега е не помалку пријателска кон Бугарија, додека Унгарија во средниот век многупати војувала со Бугарија. Пријателствовото на Русија и Австро-Унгарија новиот балкански сојуз го прават сосема безопасен за Бугарија. Ке видиме уште како ке се однесе Русија кон свршениот факт на создавањето на новиот балкански сојуз, кој воопшто не е пожелен од гледната точка на нејзините политички I интереси.

Силата на Бугарија е во нејзиното национално право на Македонија и во нејзиното всториско право. Силата на Бугарија е во нејзиниот народен дух, во пријателството на вејзините големи соседи Русија и Австрија и во симпатиите на Европа, бидејки на последнава ıı се туги финансиските операции на француските банкари на Блискиот Исток.

На крај, токму тоа што во средниот век можело да ја зацврсти власта на Србија во Македонија, имено сосема благонаклонетиот однос на Дугпан и на неговата влада спрема пационално-религиозните белези на населението на Македонија, сега, во времето на кралот I lei ар отсуствува, а поради тоа и надежите за целосно остварување на плановите на Душан мора да се урнат, и во XX век Србите може да ја изгубат Македонија порано отколку што ја тгубија во XIV век, т.е. по не повеке од 20-30 години.

Во денешниот број на „Южнаго Края" нема ниедна телеграма од Софија. Од Белград СПА известува: Претставниците на државите упатија нота до српската влада во врска со прашањето за евакуација на српските војски од албанска територија. - Српските делегати ПО враќањето во Белград го посетија дипломатскиот претставник Хартвиг и му изразија благодарност, за храбрата поддршка што Русија секогаш и ја давала на Србија. - По ручекот во дворецот Венизелос, Пашик и Вукотик беа поканети од Хартвиг на чај.

Во Белград го научија Венизелос како треба да им се ласка на Русите и како да се создаваат мегу нив приврзаници на Грција:

Москва* : „Управникот на српскиот метох архимандритот Михаил доби од грчкиот премиер Венизелос предлог да направи список на лицата што учествувале во организацијата на помошта на сојузничките војски за време на војната со Турција за да се предложат за наградување со грчки ордени".

Телеграма од сопств[ениот] доп[исник] на „Южн[ый] Край" од Петербург:

- Од Берлин соопштуваат дека грофот Берхтолд[161] му го честитал на Мајореску успешното склучување прелиминарна спогодба мегу државите. Мајореску, заблагодарувајки се за честитката, додал дека тој не може да го поддржи мислењето на гр[офот] Берхтолд дека Букурешката спогодба има привремен, прелиминарен карактер.

- Од Берлин соопштуваат дека гр[офот] Берхтолд поднел оставка, но оставката не била прифатена. Ова е симптом на желбата на Австрија за ревизија на Букурешкиот договор.

-„Веч[ерное] Вр[емя]" изјавува дека доагањето на адријанополската турска делегација не може да има никакво значење, бидејки највисоките кругови се револтирани од дејствата на Турција.

- Турција со офанзивните движења има намера да дојде до непосредни преговори со Бугарија во врска со Адријанопол.

XIV.

8-VIII-[19]13

- Руските дипломати му обрнаа внимание на рускиот дипломатски претставник во Софија на неопходноста Бугарија да дејствува многу внимателно, за да не й се дава на Турција ни најмала причина да премине од закани кон дејства.

- В. Н. Коковцев и С. Д. Сазонов наесен патуваат во Париз.

Константинопол. (Приватна):

Турција се согласува да ги напушти деловите на персиската територија што ги окупирала. - Портата им вети целосна помош на Австрија и на Италија во поделбата на сферите на влијанието во Албанија. Англија, Германија и Франција ке добијат вонредни компетенции во Сирија, Анадолија и во Арабија. Само Русија губи. -Еден виден деец рекол: Турција е подготвена да ја отвори ерата на спогодби со големата словенска држава, поради што специјална делегација наесен ке отпатува во Петербург и поради што дипломатскиот претставник Турхан-паша ке подготви почва за зближување.

- Турскиот амбасадор Турхан-паша е отповикан од Петербург.

- Во Константинопол зборуваат за заминувањето на рускиот амбасадор г. Гирс"'. - Турските трговски бродови се повикани од странските пристаништа.

Заминувањето на „Ростислав" од Босфор од турскиот печат се толкува како дефинитивно откажување на Русија од воениот притисок врз Турција.

Берлин. Щриватна]:

Според вестите од Константинопол, Портата крајно е збунета од неочекуваниот излез ВО Црно Море на руските воени бродови „Кагул" и „Ростислав". Во турските кругови претпоставуваат дека Русија има намера да ја оствари заканата за применување репресии за да ја принуди Турција да ги напушти Тракија и Адријанопол.

Посебно^а наведувам приватната телеграма на „Ю[жный] Кр[ай]" од Петербург со мошне чудно известувагье:

Информирани дипломати ситуацијата што се создаде во Турција ја сметаат за мошне сериозна и која може да предизвика непријатни последици, ако Турпија нема да се ограничи на оарањето само на Ацријанопол**. За руската дипломатија начинот на дејствување на Турција е апсолутно неочекуван и ако Турција и понатаму продолжи да се однесува агресивно, Русија нема да остане добродушно и мирно расположена како што била досега расположена во врска со Адријанопол***.

Но loa, исто така треба посебно да се издвои прашањето за француско-руските односи.

* Подвлечено во оригиналот. **

Подвлечено во оригиналот. ***

Подвлечено во оригиналот.

„Вечер[ное] Вр[емя]" изјавува дека познатиот француски новинар Гедеман, кој се наог а во Петербург и го раководи странскиот оддел „Matin", го известил својот весник дека имал состанок со руските министри В. Н. Коковцев и С. Д. Сазонов.

Од овие разговори тој добил впечаток дека француско-рускиот сојуз, како и порано, е основа на надворешната руска политика и дека сите гласини за претстојното наводно заладување мегу Русија и Франција се неточни. Како што изјавија В. Н. Коковцев и С. Д. Сазонов, мегу петербуршкиот и паришкиот кабинет постои потполно единство на дејствата и двете влади се согласуваат во врска со сите најважни прашања на надворешната политика.

Мегутоа, во истиот број на „Южный Край", во кој е објавена оваа телеграма од Петербург, објавена е и информацијата од Петербург од г. Ј. Волин[163] (кој известувал дека вмешаноста на Романија во војната на Бугарија со нејзините поранешни сојузници била предвидена од руската дипломатија и алузија за неа имало во телеграмата од највисокото место до царот Фердинанд и до кралот Петар. Види погоре стр. ...)*.

Ја наведувам целосно, бидејки таа е прва статија, во која толку остро се критикува француско-рускиот сојуз:

Францускиот политички печат, а по него и рускиот, со посебна упорност од ден на ден повторуваат:

- Нема опасност за руско-францускиот сојуз.

- Несогласувањето мегу руската и француската дипломатија за прашањето на Букурешкиот сојуз нема да влијае врз заемните односи на пријателските држави.

- „Алијансата" е здрава и неповредлива!

Е па што, ке се радуваме. Ке викаме: „Vive la France!" Ке си разменуваме заемни учтивости и трогателни уверувања за љубов и пријателство. „Алијансата" е надвор од опасноста!

А тоа што се случува на Балканот, може да се каже дека не е важно. Тоа е за зацврстување на пријателството. „Пријателот" не треба да се лути ако му се прават сопки, ако му се подметнува нога. Тоа е за зацврстување на пријателството. Тоа е од излишок на љубов... О, Алијансата е нераскинлива! Термометарот на француско-руската љубов уште никогаш не се кревал толку високо!.. „Vive la Russie!" ... А ревизија на Букурешкиот договор не е потребна. Такви се нашите интереси на Балканот. Нека извини „пријателот"... Бугарија е навредена? Па што! Дипломатијата не е социјална установа... „Vive la Russie!"... А во врска со Адријанопол, исто така нема потреба посебно да се грижиме! Турците влегоа во него и иска си седат! Навистина, Словените го заседоа Адријанопол по цена на беспримерно херојство, а Турците го заседоа кога „можеше лесно да се заземе"... Но ова не е толку важно. Заседнаа Турците и нека си седат. Зарем Турците се лоши луге? Еве и Пјер Лоти[164] пишува дека Турците се дури многу мили луге. А каков прекрасен тутун имаат тие! Нека ни прости „пријателот", но ние сме толку восхитени од турскиот тутун што и дадовме на Портата мал аванс од 34 милиони на сметка на тутунска концесија. Нека се поткрепи сиромавиот. За ваков тутун може да се поддржи во тежок момент... Па не е лесно да бидеш Турцнја... А Алијансата ова ни најмалку не ја засега! Ни колку за малото прете! Напротив... „Vive la Russie"!...

Ваква е состојбата на работите. „Лебот и солта заедно, а тутунот побашка"*.

Француските интереси на Балканот се поинакви од руските. Не може да се одречеш од полнење на џебот попади пријателството! Поради пријателството може да се пожртвуваат птиците што ништо не вредат, убавата рецитација, префинетите комплименти... Но „тутунот"?... Ѓја е премногу.

Друга работа е Русија. Таа е попопустлива во пријателството. Одамна е познато дека гостољубувоста е исконска руска национална црта. Ако си пријател - тогаш земај се! За драгиот пријател ништо не се жали! Ги сакаш ли „братчшьата"?... Е па добро! Јади ги на здравје!

Во крајна мера, за „категоричните" барања на Русија веке не се зборува... Во работата за ревизијата на најбесмислениот Букурешки мир првата виолина од рацете на руската рпломатија ја презеде австриската дипломати]а... А петербуршките берзанци, кои имаат добро сетило, велат:

Ништо нема да биде! Ке зборуваат, ке зборуваат и ке замолчат... И „новите измамници" ке бидат силни - храбро купувајте!

* Гака е во оригиналот.

** Rn тихла и С,™™ ™ «„η-, „.. -------------------------------------- «

Со несрекна Бугарија судбината си поигра навистина чудовишна шега. Небаре реши да покаже дека нејзината фантазија уште не се исцрпе и историјата, ако посака, може да не се повторува!

Ние, сведоците на оваа страшна трагедија на народот, кој е поврзан со рускиот народ со расови и религиски врски, ја набљудуваме единствената од својот вид, исклучителна според циничноста слика на танц на вештерките во дипломатијата врз трупот на бугарските надежи...Каква одвратна комедија се одигра во Букурешт!.. Романија, која крадешкум се приближи кон облеаната со крв херојска Бугарија, која на најразбојнички начин украде дел од пленот, величествено си презема улога на помирувачка!... Сите знаат дека најсрамната војна во историјата - „Втората балканска војна" е нејзино дело... Но дипломатијата се преправа дека не го знае ова. Зад дипломатијата е цел свет. На Романија и даваат можност да одигра улога на добротвор на словенските народи, на Романија и аплаудираат!..

„Окрвавената Марица" повеке не бучи* . Таа стенка со претсмртен лелек на растргнат борец. И со последна надеж ги крева очите кон „државите", а пред се кон братска Русија.

Русија е готова да направи чекор во пресрет, но се сопнува на преградата што ја потпикна „пријателот". И се чини, веке е спремна да отстали! Изгледа, се подготвува префинето учтиво да се поклони пред „пријателот", кој й стави нога. „Pardon, прекрасна сојузничке!"..

-Vive la France!

-Vive la Russie!

Но, „тутунот башка!"...

С[анкт] П[етер]б[ург] *І. Волин*

Така почнуваат да размислуваат во Петербург, кога г[осподата] Пашик и Венизелос, па вракање од Букурешт во Белград, го изработуваат проектот за понатамошно ослабнување и за идна подел ба на Бугарија! Уште ке видиме кого ке го подел ат, можеби, во најблиска иднина - Бугарија, или новосоздадените „големи" Грција и Србија. Можеби, уште не е дефинитивно погребана идејата за автономна Македонија.

Исто така е интересна другата статија на „Южный Край" исто така од 6 август -дописот од Константинопол на А. Лвович[165], со наслов:

## Мир на Балканот

### I.

„За срека на народите секогаш е: или премногу рано, или премногу доцна".

Мир на Балканот! Каква е ова смешна и штетна илузија и кој кого сака да го измами со оваа илузија? Слушнете што зборуваат владетелите на народите, кои сега веке не ја управуваат нивната судбина како порано, туку обратно, претставуваат арена на страстите на нациите, на кои тие им се првите слуги.

Победениот цар на Бугарите Фердинанд во своето обракање до војниците вели дека тие се обврзани, по враќањето дома, да им раскажат за своите подвизи на децата и да ги подготват за завршување на делото што тие го почнале.

А победникот, крал от на Елините Константин, на кој услужните викачи му ја даваат жестоката титула „бугаробиец", вели дека е неопходно трпеливо да се подготвува и да се чека моментот кога ке треба да се завршат големите дела што се почнати сега.

Двата најлути непријатели, кои лично се навредуваа еден со друг, кои ја заборавија иристојноста на нивниот висок чин, се обвинуваа мегусебно за лаги и измислици. За ерпскиот крал официјалниот печат пишуваше дека тој на улица во Ускјуб сопственорачно истепал девојка, која му одговорила дека е Бугарка.

А кралот Константин му пишуваше на Венизелос дека тој нема да го остави оружјето додека не го казни главниот убиец на невините луге во Серез. А царот Фердинанд во наредбите до армијата своите поранешни сојузници ги нарекуваше предавници.

Нивното црно предавство му наштети на ослободувањето!

* Се однесува на тогашната бугарска химна „Шуми Марица окрвавена".

Буквално ниеден од владетелите на балканските држави не остана имун на жестоката полемика пред очите на целиот свет, полемика, од чијшто тон и карактер би се засрамил секој новинар што се почитува себеси.

Србите и Грците нај сериозно размислуваа дека е неопходно мегу условите за мир да се бара симнување на Фердинанд, и тие не инсистираа на тоа само поради фактот што сметаат на краткото трпение на бугарскиот народ.

Тие сфакаат дека Фердинанд на престолот е постојана закана за нивните освојувања, дека овој честољубив владетел никогаш нема да се помири со поразот; дека тој ке се подготвува за реванш.

Да не зборуваме веке за Адријанопол, за него ке стане збор понатаму, сегашнава војна создаде три Елзаса на Балканот: романскиот, српскиот и грчкиот!

Зарем бугарскиот војник од Добрич или од Туртукај* по вракањето дома може да се помири со жестоката судбина што му намени туго поданство како награда за пролеаната крв? Поданство на соседот-непријател, кој и нанесе удар в грб на неговата татковина?

А дали знаете што се Кочани и Иштиб**?

Еве што е Кочани: во црквата „Св. Крал" во Софија стои националното знаме, под кое се бореле доброволечките војски кај Ески-Загара*** во [18]77 година, а покрај ова знаме, нрострелано во борбите, стојат црните знамиња на Кочани и Иштиб, каде што се пролеала крвта на Македонците во 1912 година, пред самата ослободителна војна! Овие знамиња се живи статуи на Стразбург.

Зарем бугарскиот народ нема да ги одземе, нема да се обиде да ги одземе овие градови? Мора за лугето да се има премногу високо или премногу лошо мислење, за да се претпоставува дека тие можат да се помират со загубата на овие градови.

Премногу добро мислење затоа што може така да се кове својата иднина, за да не се плака за еден жител на овие градови со десет животи на царството; или премногу ниско, за да се претпоставува дека совеста и честа сосема умреа.

Прашањето ке го решат обичните луге: тие ке ги земат пушките в раце и ке тргнат да I убиваат.

А Кавала и Егејско Море? Бугарите не се бореа за Тракија, и дури ни за Одрин. Одрин е веке имперщализам, круна на победниците во војната. А главната цел беше ваква: Бело Море и Солун, а кога Грците со итрина го заседоа Солун, тогаш [останува] крајбрежјето од Кавала до Енос. А што им остана сега?

Несрекен дел од Македонија, несрекната Мехомија или Џумаја, Мелник или Неврокоп, каде што населението задава најмногу грижи и ке ги исцица последните сокови од заднината па песрекна Бугарија.

1 le, нека се молат колку што сакаат победниците и победените, вмешувајки го името »а Вечниот Судија во своите нечесни дела, но тие се молат, стегајки ги тупаниците, со омраза во срцето и со мислата за денот на одмаздата.

Најлошо од се е да бидеш победен во војна и Бугарите го почувствуваа тоа. Тие ја шаат онииеноста од славата и горчината на понижувањето - и тие уште ке го посакат првото.

А поради тоа треба повторно да се впрегнат своите народи, да се стават огромните армии под оружје и да се готват за реванш. Од своја страна, и победниците ке се готват и ке дојдап уигге црни денови, денови за какви што мечтаат сите владетели на Балканот, нарекувајки ги радосни.

Пубвјршстот В. В. Водовозов[166], кој неодамна се врати од Софија, престојуваше кај мене и ми раскажа дека царот Фердинанд бил против војната, не само против Втората, која \ı\ донесе несрека и понижување, но и против Првата.

Тој сфакал дека не треба да им се верува на сојузниците. Но нацијата го повлекла со својот занес. Да се бори против ова? Но тоа е исто како да се задржи текот на реката, застанувајки на нејзината средина.

Сега треба да се распушти војската, војникот, кој чувствува солидарност со своите трј ı ари, греба што побргу да се претвори во малограг анин, кој е навикнат да и се потчинува

* Тутракан.

** Штип.

*** Стара Загора.

на власта. Треба* да се растури силата, која можеби уште би можела да и притреба на државата.

Државниците во Бугарија му велеле дека уште една недела војна и земјата не би издржала. Да не зборуваме веке за тоа дека ја држеше во стега руската дипломатија, и по делумна победа над Грците или Србите, А. В. Некљудов го повикувал министерот за надворешни работи на телефон и му велел:

- Ако направите уште еден чекор, романските војски ке влезат во Софија.

И Бугарите признаа дека се победени имено во тој момент кога почнаа да се соземаат од поразот. Царот Фердинанд не се смири, и тој нема да се смири додека не го врати тоа шго толку брзо го изгуби.

Ке му паднат в раце и долината на Вардар, и Кавала, и Адријанопол: само треба да се биде подготвен.

И на Балканот сега ке настали ера на вооружен мир: секоја од земјите ке се спрема за неизбежната борба. И веке без сојузниците, царот ке им го одземе на Турците Адријанопол, дури и ако за ова ке треба да се стави на коцка: или круната или Одрин.

Но тој ке ги сочува и едното и другото.

Во книгата на судбините и ова е запишано.

Пред да го наведам вториот дел од статијата на г. Лвович, треба да потсетам дека г. Лвович испракаше од Одеса во „Южный Край" уништувачки статии против бугарските „честољубци", на чие чело го ставаше царот Фердинанд, потоа генералите Савов, Иванов"" и др. Една од неговите статии беше насловена балкански „Седан". Но кога пристигнал во Бугарија, од Варна ја испратил статијата „Во земјата на ужасот и смртта", која им сочувствува на Бугарите, но во која исто така ги обвинува царот Фердинанд и бугарските владетели.

Во Константинопол му се случила целосна промена и тој прогледал.

Вториот дел од статијата на г. Лвович ја покажува состојбата на работите во Турција, која иеминовно ісе предизвика мешање на Русија. Низ оваа статија е интересно да се проследи промената во односот на руските либерални новинари спрема мешањето на Русија во турските работи и причините за оваа промена.

**Мирот на Балканот. II.**

Поминувам на вториот дел од мојата статија.

Турција сега може да го задржи Адријанопол, но не ке може долго да го владее. Државата се распага и постелено се претвора во колонија што се управува од мокниот апарат на банките. Политиката - и надворешната, и внатрешната - се врши во кабинетот на главниот директор на Dette Publique". Главни прашања на денот се уплатата на земените аванси и опротестираните меници. Опротестирани меници! Дали слушнавте нешто слично барем во малечката Црна Гора?

Ако некој мисли дека одбивањето заем или, како што се изразуваат овде овие сиромашии луге, „субсидија", значи помалку отколку појавување на црноморската флота ВО Босфор, греши. Тоа значи повеке.

„C'est vaut mieux"***, вели еден познат руски публицист што постојано живее во Турција а работи во „Jeune Turc"****.

Кога щадотурскиот кабинет ја зеде власта, почна без ред да го распродава државниот имот. Стариот Камил[168], кој бил принуден да ја напушти земјава, со солзи му кажувал во Египет на еден турски новинар:

- Не, но дали знаете? Јас сум спремен да им го простам на овие разбојници убиството на несрекниот Назим[169]. Но тие не се само убијци, уште полошо - тие се крадци. Тие ги продаваат и ги разграбуваат остатоците од Турција.

— -----------------------------------

* „Треба" е подвлечено во оригиналот.

** Државсн долг (француски). *** Така е подобро (француски). **** „Младотурци" (француски).

И навистина: Кабинетот почна да продава парцели во престолнината, рудници, чифлизи, шуми, згради, и дури и мелници. Се одеше на продажба. Империјата влегуваше во долгови што не може да се исплатат.

- Apres nous le deluge!*- младотурците би можеле да ја повторат фразата на Луј XV[170], кој го растураше имотот на Франција: По нас нека е и пропаст, крај, смрт на Империјата!

Но тие и самите ке го видат крајот - и тоа е најлошото. Тие сега прескапо плакаат за благонаклонетоста на Европа: едноставно ја поткупуваат. Овие луге знаат дека бакшишот с семокен, дека тој во истор[ијата] на нивната татковина одигра можеби поголема улога отколку парламентот во Англија; дека немаше војна, во која турските генерали не би ја продавале својата шпага, - тие сега сметаат дека може да ги купат политичарите на европските кабинети.

И тие ги купуваат. Со концесии, отстапки, сфери на влијание, промеси и, на крајот, со реалните добра тие веке си ја купија премолчаната согласност на Германија и на Англија за да остане Адријанопол во нивни раце.

Франција исто така не може остро да притиска врз Турција од страв да не настрадаат нфините милијарди. На париската берза се вртат многу вредности на Империјата, кои трпат остри колебања во деновите на кризите. Вредносната хартија на Lot turque* *, која беше издадена од баронот Хирш[171] за изградба на Неточната железница на сума од 800 милиони франци, падна за дваесет проценти; со други зборови: нејзините сопственици изгубиј а сто и педесет милиони за три месеци. И природно е дека Франција нема самата да си задава удари со сопетвено оружје. Monseur Бомпар[172] овде ги штити не толку политичките интереси на Франција, колку економските интереси на нејзините банкари и индустријалци. И тие дејствуваат во најстрога согласност со желбата на последниве, а француската дипломатија никогаш нема да се реши да и противречи.

Но во еден прекрасен ден нејзините интереси ке бараат да се напушти Адријанопол. Ова може да се случи макар и затоа што Русија, за чија благосостојба банкарите се заннтересирани во иста мера како и за Турција, навистина*** ке се вплетка во конфликт и кс по'сака да ја повлече со себе својата сојузничка.

Енергичните дејства ја имаат таа добра страна што не само што влеваат почит, но и даваат непосредна корист: пред активноста Турција би се повлекла, бидејки воопшто не би била во состојба да и се спротивстави.

И се поставува прашањето: ако Австрија можеше да ја натера Црна Гора да го напушти Скутари, каде што беше пролеана крвта на најдобрите нејзини синови, тогаш зарем Русија не би можела да повлијае со својата енергичност врз европскиот концерт, кој би морал да ги отфрли меките флејти и нежните виолини и со сета сила да грмне во трубите. Зашто, како и да е, но зад Русија стои потпишаниот документ - Лондонскиот договор.

Но поткупот го направи своето и државите веке успеаја да се договорат со Портата: секоја го доби своето. А кога стана збор и за протоците, во Портата итро се насмевнуваа. Е па што? Ке ги отвориме протоците, ако Франција и Англија се согласии со тоа, но тогаш Русија нека не се лути ако чифт дреднаути на Јадранската ескадра на Австрија ке се појави во водите на Црно Море. Дали е тоа добро за неа?

И мене ми е познато од најавторитетни извори дека руската дипломатија во Константинопол не настојува многу на отворање на протоците, сфакајки дека тоа може да стане најранливо место на Русија.

А Турција йвели на австриско-германската дипломатија: дали гледате каква цел има Русија? Чејзиниот излез во Средоземно Море е решение за проблемот на ова море во корист на државите на Тројниот договор, и Австрија ке направи се да не й дозволи на Русија да излезе од ^Дрно Море, или пак таа самата ке влезе во него.

Кога читаат овде дека за прашањето на Кавала двете империи дејствуваат солидарно, тоа предизвикува само иронични насмевки.

- Зарем Русија сака да се вплетка во оваа авантура? - пишува официјалниот „Stamboul". Петата таа Русија, која не сакаше да ги испрати своите бродови против Црна Гора, која чекор но чекор се бореше за претензиите на Црна Гора и на Србија за Јадран, која самата велеше дека Егејско Море треба да биде грчко, а не бугарско, која во толку свечена форма објави дека тој што ја почнал војната ке ги почувствува сите убавини на одговорноста за

* „По пас потоп" (француски).

** Турскиот дел (француски).

** Подвлечено во оригиналот.

неа? Таа сака да ги испроба сите средства против нас? Зошто? Таа го има тоа што единствено е потребно: силата. Па нека се обиде, нека...

Што миелите вие, читателу, дали може да се сочува мирот на Балканот?

Ако Бугарија излезе од војната понижена, ако распагањето на Турција дава поттик кон борба за нејзиното наследство, ако Австрија, сепак, ке посака да се пробие до Егејско Море, а Италија цврсто да застане на спротивниот брег на Јадран, тогаш дали ке биде мирот долготраен?

Кои се нашите задачи? Како треба да ги заштитиме нашите интереси? Еве го моето скромно мислење, моето лично мислеше, кое, секако, јас на никого не му го наметнувам.

Русија никогаш не треба да заплашува залудно и да се префрлува од еден сојуз кон друг. Како што љубовта знае само за едно од двете: или да, или не, така и политиката на Русија мора да биде еднострана. Да се тепа за Бугарите или за Србите е престап пред својот народ. Но кога ке бидат ставени на карта интересите на Русија, тогаш треба да се активираат и армијата, и флотата, и дипломати] ата, и умешноста, и решителноста - и да се оди до крај.

Колебањата од последната година може да бидат искупени со еден удар. Ако горчливата судбина ни одреди неопходност да војуваме, тогаш е подобро тоа да се направи рорано отколку подоцна. Тогаш нашите непријатели ке имат помалку шанси да не победат.

Константинопол, 1/14 август *А. Лвович*

Во истиот број на „Южн[ый] Край" ги има следниве телеграми од Константинопол:

Писател от Лоти отпатува во Адријанопол, каде што ке се одржи грандиозен митинг.

- Грција продолжува да ги префрлува војските на егејското крајбрежје, изјавувајки дека не сака да и се потчини на ревизијата на Букурешкиот договор.

Заробените Турци, кои Грците ги наоружале, ги чуваат заробените Бугари и ги малтретираат. Неколку убиства на заробени Бугари се случиле на Крит. Рускиот конзул вложил протест по овој повод.

- Агентите на Есад-паша[173] во Албанија успеале да му поделат на населението пушки, орудија и боева муниција. По неколку дена треба да се очекуваат сериозни настани. Целта на Турција е да предизвика збунетост кај државите.

Ишл*. СПА. Министерот за надворешни работи Берхтолд бил примен од императорот на аудиенција во траење од еден и пол час за да реферира за тековните работи.

Загреб. СПА. Кралскиот комесар Скерлеш[174] при излегувањето од црква бил лесно paner во раката од револвер од страна на еден студент. Тој што пукал е уапсен.

Последниот случај исто така има врека со балканските настани, бидејки тоа е предупредување за австриско-унгарската влада за понатамошните можни политички настани на Србо-Хрватите од Австро-Унгарија како последица на политичкото засилување на Србија и засилувањето на нејзиното влијание и на авторитетот кај австриските југословени. Австриската дипломатија овој факт ïсе го има предвид за да ја привлече Германија на своја страна по прашањето за ревизија на Букурешкиот договор. Сепак, најмногу зависи од Русија и од понатамошните руско-француски односи.

**9 август**

Јас веке споменав погоре дека Србите веројатно се надеваат да се пробијат кон Егејско Море и да излезат на Орфанскиот Залив или на Кавала, поради тоа крајбрежјето на Егејско Море од утоката на Струма до утоката на Места, која според Букурешкиот договор помина кај Грција, има значење како за Грција така и за Србија. Идните заеднички воени дејства на Србија и на Грција против Бугар£Ја, ако не предвидуваат отстапување од страна на Грција на спомнатото крајбрежје во корист на Србија, во секој случај ја прават ваквата отстапка можна и веројатна.

Во интерес на Франција е надмокта во Егејско Море да и остане на Грција. Преминувањето на целото северно крајбрежје на ова море кај Бугарија би создало од неа јака конкурентка на Грција. Поради тоа, од гледна точка на интересите на Франција, требаше да ее скрати морското крајбрежје на Бугарија на Егејско Море и да се засили Грција за

* Град Бад Ишл, летна резиденција на австроунгарскиот император Франц Јозеф.

сметка на Бугарија, а во краен случај, да и се отстали на Србија дел од ова крајбрежје, наместо тоа да премине само во словенски раце, уште повеке што Србија би дејствувала заедно со Грција против Бугарија. Поради ова, не само Грција, но и Србија и Франција се против ревизија на Букурешкиот договор, уште повеке што ревизијата би донела промена на српско-бугарската граница.

Ако Русија се плаши од обновувањето на Византиската Империја во лицето на Грција, тогаш во Србија гледа потпора за себе против Австрија. Барањето на Србија да й се остави на Грција Кавала поради тоа што таа со текот на времето би можела да претставува за Србија природен излез на море, може да биде земено предвид од руската дипломатија, уште повеке што го поддржува и Франција. Само оладувањето на Русија кон Франција и неверувањето во искреноста и некористољубивоста на нејзината блискоисточна политика е во состојба да превагне над спротивните тенденции во желбата на Русија да направи ревизија на Букурешкиот договор. Треба да се признае дека непријателските струи за Бугарија во последно време имаа огромно влијание врз Русија. Српската и француската дипломатија успеаја не само да ја убедат Русија да се откаже од ревизија на членот на Букурешкиот договор што се однесува на Кавала, туку постигнаа и согласност на Русија да и се остават на Турција Адријанопол и Тракија.

Нетактичноста на Турците, од една страна, крајниот егоизам на Франција, од друга, и на крај, одредените тенденции на Грција кон обновување на Византиската Империја, од грета страна, мораа да предизвикаат преврт во расположението на Русија кон Бугарија, и Русија можеби ке и се придружи на Австрија во прашањето за ревизија на Букурешкиот договор, уште повеке што, како што покакажа загрепскиот атентат, прашањето за засилување на Бугарија за сметка на Србија е прашање на животот и спокојството на Австро-Унгарија.

Русија како пријателка е непроценлива. Таа е искрена и верна кон своите пријатели и сојузници. Мегутоа, покрај тоа таа, потпагајки под влијание на дипломатијата на шпадноевропските држави, сака да им го покажува патот за развој на словенските држави, при што тој пат е заснован врз интересите на рускиот народ и може да биде штетен за интересите на словенските народи чија покровителка е таа. Политиката на Русија во Првата и во Втората балканска војна јасно го покажа тоа.

Антагонизмот мегу политичките интереси на Русија, од една, и цел ата Западна Европа, од друга страна, и желбата на Русија да им ги потчини интересите на балканските држави и народи на интересите на руската држава й го покажуваат патот на идната политика на Бугарија. Таа, како и порано, треба да се потпира врз поддршката на Запад, укажувајки й истовремено на Русија дека нејзините наводни пријатели на Балканот, како непријатели на Бугарија, истовремено се и непријатели на Русија и на нејзините интереси на Блискиот Исток.

Штотуку го читав „Юж[ный] Кр[ай]" од 8 август. Се укажува на тоа дека Русија има намера со воена сила да ја натера Турција да ја напушти Тракија. Веројатно во Русија почнуваат да се потплашуваат од новиот балкански сојуз, уште повеке што Грците продолжуваат да се збратимуваат со Турците, Србите со Грците и со Романците, Грците соопштуваат за новата морска програма итн.

Наведувам редица интересни телеграми во „Юж[ный] Кр[ай]" од соп[ствените] доп[исници] на весникот и од СПА.

Во Бугарија

Софија*. СПА. Разгледувајки ја антибугарската кампања во францускиот печат, весникот „Мир" изјавува дека нејзините причини се нејасни. Француските етнографи ја признале за бугарска земја. Бугарските зверства ке бидат утврдени со мегународна истрага, lacera доволно е да се каже дека војната се водела на територија населена со Бугари. Поради тоа тр^ба особено внимателно да се однесува спрема расказите за жестокостите на реките војски. Во дипломатски однос Бугарија историски е поврзана со Русија и секогаш повеке тежнеела кон Тројниот договор отколку кон Тројниот сојуз. Но истовремено Бугарија m беше заинтересирана да дејствува против која било држава на Тројниот сојуз или да ја вервира поради другата група.

Варна. П[риватна]. Објазени се загубите на Бугарија за време на војната (Втората?). Од болести и рани починаа 48 000, на боиштата загинаа 32 000 лица. Земјата е преполнета со инвалиди. Насекаде се слушаат ропот и жалби.

Во катедралата „Св. Крал" се чуваат траурните знамиња на Кочани, Иштиб, Монастир, Белее и др., пред кои даваат заклетва војските од последните регрутирања.

* Подвлечено во оригиналот.

- Почна агитацијата за свикување на Големото собрание.

- Под знамињата се оставени 120 000. Се плашат за судбината на Адријанопол.

Софија. СПА. Деде-Агач, Ксанти, и Гумурџина к е бидат исчистени од страна на грчките војски на 8 август.

Скопје. СПА. Српската влада им даде можност на поранешните бугарски учители, и воопшто на чиновниците на Бугарската митрополија да преминат на српска служба. Мнозинството реши да го искористи ова право, но 42 учители и службениците од установите на поранешната црковно-учителска егзархиска организација се откажале и отпатувале во Бугариј а. Сите поранешни бугарски свештеници останале на своите места и се спремни да јапризнаат власта на Српската митрополија. Населението е сосема мирно. Во новоосвоените српски области владее целосен ред.

Софија. СПА. 37 македонски Бугари, мегу кои 15 старешини избркани од Митровица и 22 учители протерани од Ускјуб, со семејствата пристигнале преку Пирот во Цариброд, каде што кон нив се придружиле 7 видни луге од Крушево.

Одеса. СПА. Бугарските митрополити Авксентиј Монастирски* и Борис Охридски, кои престојувале во Кипријановскиот манастир во Кишиневскиот округ, отпатувале во Бугарија.

Букурешт. СПА. Тончев, Венизелос и Пашик одговориле потврдно на нотата на Мајореску за доделување на Власите училишна и црковна автономија и за поставување романски епископии.

И така, на Власите им се обезбедени училишна и црковна автономија и романски епископии во Македонија; Бугарите се лишени од тоа што го имал е за време на турското владеење.

Хрониката на турските, српските и на грчките зверства што ги извршиле за време на Балканските војни врз македонските'и тракиските Бугари треба да се прекине, бидејки СИЛ соопштува од Париз дека

- Управата на „Фондот за мегународен мир", создадена од Карнеги[175], формира комисија за спроведување истрага за извршените жестокости на Балканот и за економските последици од војната. Утре наутро заминуваат во одделни балкански држави неколку членови на комисијата, мегу другите и членот на Државната дума Миљуков.

Мегу Русија и Бугарија се забележуваат особено срдечни односи. Пред се, ова се Еројавува во односот на Русија кон прашањето за судбината на Адријанопол и Тракија. Врз оваа почва може да дојде до руско-турска војна. Во врска со адријанополското прашање, СПА известува од

Петербург. Министерот за поморство во придружба на началникот на главниот морски штаб отпатувал во Севастопол.

- Делегацијата жители на Адријанопол, која пристигнала на 5 април, во истиот ден го посетила Министерството за надворешни работи, каде што била примена од началникот на блискоисточниот оддел кнезот Трубецкој[176], кој само им изјавил на делегатите дека нивните Информации и меморандумот ке му бидат предадени на министерот за надворешни работи.

Софија. По судирот со еден мал бугарски гарнизон кај Кучук-Кавак, Турците дефинитивно го зазеле и извршеле колеж на Бугарите.

Константинопол. Според информацијата на „Танин", грчкото население на Деде-Агач под влијание на впечатокот од бугарските жестокости, откако дознало дека според Букурсшкиот договор грчката војска мора да го напушти градот, се обратило до командантот на грчкиот одред со молба да не го напуштаат градот. Поради ова, командантот на грчкиот одред се обратил до командантот на турските војски во Димотика со молба да го прими под својата заштита грчкото, а исто гака и турското население на Деде-Агач. Командантот на грчкиот одред претходно веке беше определил рок за авакуација и на турските војски им било предложено да го заземат округот на Деде-Агач. Се претпоставува дека во овој момент Деде-Агач е веке заземен од отоманските војски.

- Големиот везир, откако го посетил рускиот амбасадор, изјавил дека гласините за намерата на Турција да го заземе Деде-Агач и да навлезе во територијата на Бугарија

* ( lе однесува на битолскиот митрополит Авксентиј Пелагониски.

апсолутно се неосновани. Само поради стратешки причини, не знаејки сигурно за намерите на Бугарите, Турците ја преминале Марица. Големиот везир му испратил на турскиот главен командант категоричка наредба да ги врати назад овие војски.

- Портата препрати циркуларна нота, во која изјавува дека Турција нема намера во никој случај да преминува на другата страна на Марица. Таа била принудена привремено да заземе некој точки поради жестокостите на Бугарите во однос на муслиманите. На крај, нотата известува за наредбата, предадена до генералисимусот, да ја напушти месноста зад Марица и да ги замоли државите да му наложат на софискиот кабинет да стави крај на жестокостите на Бугарите.

Виена. Од дипломатски извори „Neue Freie Presse" известува дека намерата на Турците да навлезат во јужна Бугарија предизвикува сериозен немир кај големите држави. Меѓу кабинетите сега се вршат преговори со цел да настапат пред Портата за да го запрат движењето на турските војски.

Лондон. Според податоците на „Агенцијата Ројтер", државите го разгледуваат прашањето за новиот настап во Константинопол во врека со нападот на Турците во Тракија.

Односот на Русија спрема блискоисточната криза пosликовито го прикажуваат приватните телефонограми и телеграми на „Ю[жный] Кр[ай]" од 8 - VIII:

Петербург. Од Париз телеграфираат дека на весникот „Matin" му соопштуваат од доброинформиран извор дека мегу Русија и Турција се очекува прекинување на дипломатските односи поради агресивните дејства на Турција во однос на Бугарија.

- Поради одбивањето на Турција да ги земе предвид намерите на Европа, известуваат дека прекинувањето на дипломатските односи мегу Русија и Турција, за што е соопштено кај нас вчера наутро, според зборовите на парискиот весник „Matin", во руските дипломатски крутови го сметаат за сосема реално.

- Раководителот на блискоисточниот оддел на Министерството за надворешни работи кнезот Трубецкој во разговорот со вашиот дописник изјавил дека адријанополската делегација не може да има никакво официјално значење и нејзините изјави не може да имаат никакво влијание врз руската политика.

Во врека со Адријанопол, Русија ке настојува особено енергично, дури до активно вмсшување, егејското крајбрежје во никој случај да не може да отиде од рацете на Бугарија.

- На рускиот амбасадор во Константинопол, баронот Гире, му е дадена задача да и го предаде на Високата порта протестот на Русија против движењето на турските војски од другата страна на Марица и против заземањето на важните точки на крајбрежето на Егејско Море. Покрај тоа, на турскиот амбасадор на рускиот двор Турхан-паша му е кажано дека Русија во случај на одбивање на Турција да ги изврши барањата на Русија ке преземе низа нерешителни и најенергични мери.

Берлин. - Во „Vossische-Zeitung" е објавено известување од Петербург, во кое се соопштува дека С. Д. Сазонов го посетил турскиот амбасадор во Петербург Турхан-паша и му изјавил дека Русија упорно бара од Турција нејзините војски веднаш да го напуштат десниот брег на Марица. Во случај на неизвршување на ова барање на Русија од страна на Турција, последната ке биде принудена да примени репресии. - На крајот на овој разговор С. Д. Сазонов му укажал на турскиот амбасадор дека недопустливо е предизвикувачкото поведение на Турција спрема големите држави. Ова околност исто така може да послужи како повод за активен настап на Русија против Турција. - Мегутоа, наводно,

- Во Берлин не веруваат дека ке дојде до прекинување на дипломатските односи мегу Гурција и Русија, бидејки активниот настап на Русија може многу скапо да ја чини, и поради тоа тауешко дека ке настали активно за вракање на Адријанопол на Бугарија.

**Во Берлин - грешат.**

Константинопол. Владата им наредила на бродовите да ги напуштат црноморските пристаништа. Трговските бродови под турско знаме одат во Босфор.

-Султанот ја бакнувал наметката на Пророкот, колнејки се дека ке објави света војна.

- Во Константинопол мегу Турците се забележува голема раздразнетост во однос на Русија.

Рускиот амбасадор, бар[онот] Гире изјави дека службените лица во руската амбасада последни ке го напуштат градот.

- Руската колонија во Константинопол чувствува голема загриженост.

- Наспроти куката на руската амбасада од страна на морето се задржаа два турски

брода-миноносци. Рускиот стационер* „Донец" им изјавил на турските морнари дека ке пука врз нив од орудија, ако тие се доближат поблиску од 200 метри до стационерот.

- Според гласините, во Анадолија се концентрира голем број турски војски. Во овој момент таму веке е сконцентрирана стоилјадна армија. - Нови војски продолжуваат да пристигнуваат.

- Товарачите во пристаништето се откажале да растовараат некој руски бродови во так на протест против руската политика на Балканот. Претставниците на фирмата „Нобел" му предале на рускиот конзул протест против бојкотирањето на Турците.

- Германската дипломатија на секој начин ја поддржува Портата во нејзиното епротивставување на желбите на Русија.

- Мегународната ескадра што стои во Босфор се натоварува со јаглен во очекување на ненредвидливите настани, кои во секој момент може да почнат на бреговите на Босфор.

Берлин. Според гласините, во Курдистан се кренало востание на Ерменците и на Курдите, кои ја прогласиле независноста на Курдистан.

Покрај ваквиот пресврт на адријанополското прашање, се организира, или поточно дефинитивно се формира новиот балкански сојуз, кој Русија не може да го поддржува, бидејки тој е насочен и против неа и освен тоа му става крај на руското влијание на Блискиот Исток, за што јас веке зборував погоре.

Ги наведувам телеграмите што се однесуваат на ова.

Петербург. Според информациите добиени во Петербург, наскоро во Белград ке се одржи советување на премиерите на Србија, Грција, Романија и на Црна Гора. Советувањето мора дефинитивно да ги формализира преговорите за новиот балкански сојуз, кои веке започнаа во Букурешт.

Солун. СПА. Грчкиот министер за поморство йсоопштил на претставникот на „Атинската телеграфска агенција" дека тој има разработено опширна морска програма за зголемување на флотата, која треба да биде реализирана со учество на англиската морска техничка комисија под раководство на адмиралот Кер[177]. „Победата над турската флота, рекол морскиот министер, Грција им ја должи на своите нови бродови, на своите одлични посади, кои се покажаа како подобри од турските. Во две морски битки со Турците од страна на Грците биле убиени само еден офицер и еден подофицер и биле ранети 7 морнари".

Смирна. На митингот што се одржал овде, грчките црковни знамиња се вееле заедно со турските свети знамиња со знакот на полумесечина.

Петербург. Руските дипломати не им веруваат на информациите на странските весници дека Турција зазела бугарска територија, како и Деде-Агач - во договор со Србија.

НВ. Можеби, тие се преправаат дека не веруваат.

**Букурешкиот договор и Кавала**

Петербург. Во Петербург се проширија гласини дека бугарската влада подготвувала иетиција до државиге со укажување на неопходноста за ревизија на Букурешкиот договор.

НВ. Можеби руската влада и ја потсказжала оваа идеја на бугарската влада?

Солун. Грците ја зацврстиле Кавала и на височините што го опкружуваат градот поставиле крајбрежни батерии и го минирале надворешното сидриште. Трговските бродови ибегнуваат да влегуваат во пристаништето. Секојдневно доагаат нови војски. Дсмобилизацијата на армијата е сосема безначајна.

- Деновиве во Солун се очекува доаг ањето на кралот Константин.

Петербург. СПА. На 5 август, роденденот на австрискиот император, во Нов Петергоф, но нрисуство на царот, се одржал свечен ручек, на кој биле поканети претставници на австроунгарската амбасада на чело со амбасадорот.

Мегународното значење на Австро-Унгарија и нејзината решителност да се постигне

* Брод што ја чува амбасадата во колониите.

ревизија на Букурешкиот договор како одговор на новиот балкански сојуз што се создава во Белград го покажуваат, освен загрепскиот атентат врз Скерлеш, следниве телеграми на СПА.

Берлин. Во Хамбург, каде што се наога императорската двојка, на 5 август пристигнаа императорскиот канцелар, министерот за надворешни работи и австроунгарскиот амбасадор. По повод роденденот на императорот Франц Јосиф во кралскиот дворец се одржа свечен ручек. Императорот Вилхелм кажал здравица, во која рекол: „Ако во Европа се успеало да се зачува мирот, без оглед на тешките настани, тоа й го должиме на големата мудрост на императорот Франц Јосиф".

Виена. Објавена е наредбата на императорот Франц Јосиф за назначувањето на ерц-херцогот Франц Фердинанд[178] на местото генерал-инспектор на сите вооружени сили, со задача да ги раководи големите маневри.

**Г. Поанкаре е задоволен од г. Делкасе.**

Париз. СПА. Објавен е декретот за назначување на Делкасе, кој се наога во привремена мисија во Русија, за француски амбасадор во Петербург.

**Нов материјал за конференцијата на големите држави, која би се зафатила со ревизија на Букурешкиот договор:**

Балона. СПА. Делегација од седум лица отпатува во Рим и Виена да ургира за вмешување во решавањето на прашањето за Аргиро-Кастро во корист на Албанците. Истовремено, во Рим и во Виена отпатуваа министрите за надворешни работи и за правда да ургираат за истотото прашање пред владите на Австро-Унгарија и на Италија.

Константинополскиот дописник на „Южный Край" г. А. Ц. во своето известување **од** 4/17 август пишува дека Турција има намера во најблиска иднина да го постави албанското ирашање за да ги заинтересира за него Австрија и Италија и да го одвлече вниманието на Европа од Кавала и од Адријанопол и да ја натера да и го сврти грбот на Бугарија. Понатаму во истото известување тој пишува: „Тајната е во тоа што целата политика на Турција ја прават нејзините кредитори, мегу кои главното место го држи Франција. И сега францускиот амбасадор Бомпар мора да ги помири „двете политики" спрема двете држави зависни од кредити: Турција и Русија".

Еве каде „Мир" би можел да ја најде причината за обвинувањата на францускиот почат врз Бугарите.

Г. А.Ц. предлага финансиски притисок врз Турција како најефикасно средство таа да биде приморана да ја напушти Тракија:

„Финансиски притисок значи застанување речиси на сите државни функции: армијата и чиновништвото нема да добиваат плата, нема да има јаглен, транспорти, резерви, железница... Кога владата ке види дека армијата е готова да почне бунт, бидејки нема пари, храпа, тогаш таа ке го одбере помалото зло (т.е. ке замине [од] Тракија).

## XV.

Целото прашање се состой во тоа: дали ке сака и дали мора* Франција да изврши ваков притисок? И на ова има целосен одговор: не, не сака".

Денес се пакузаме, бидејки задутре заминуваме оттука за Кишинев. За време на Ежувањето извадовме стари весници, мегу кои во рацете на мојата сопруга се најде бројот 2034 на „Россия" од 19 мај о.г., кој го содржи известувањето за склучувањето на Лондонскиот договор. Мојата сопруга, прегледувајки ги телеграмите од Лондон, обрна внимание на следнава лаконска телеграма на СПА: Лондон. „18 (мај). Српскиот делегат Весник[179] Отпатува за Париз. (Аг[еннијата] Ројтер)", и соопштувајки ми ја рече дека во свое време вжој не обрнал внимание на оваа лаконска телеграма.

Патувањето на г. Весник во Париз на следниот ден по потпишувањето на мировниот договор е повеке од загадочно. Впрочем, сега оваа загатка е лесно решлива. Г. Весник отпатувал по инструкции како да ја води работата понатаму.

Во истиот број на „Россия", каде што е сместена лаконската телеграма за патувањето па г.Весник во Париз го има следново:

* Подвлечено во оригиналот.

Софија. 17 (V) (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). Официјален „Мир" пишува:

„Премиерот Пашик во изјавата што ја даде во Собранието рече дека една држава и предлагала на Србија да се откаже од јадранското крајбрежје, ветувајки и компензација во долината на р.Вардар.

Мегутоа, австроунгарската влада преку своите печатени органи отфрли секакво сомневање дека Австро-Унгарија е автор на овој предлог.

Поради ова, српската влада мора веднаш да ги даде неопходните појаснувања во врска со ова прашање. Молчењето во овој случај би било доказ дека било искажано тврдење што не одговара на вистината, бидејки виенскиот кабинет уверува оти тој не настапил со ваков предлог.

Ако не последуваат неопходни појаснувања во врека со ова прашање, тогаш ке мора само да претпоставиме дека гореспоменатиот предлог бил даден од државата, која според текстот на договорот мора да биде арбитар мегу Бугарите и Србите".

- Информативното биро е ополномоштено да изјави дека алузијата што се содржи во статијата на бугарскиот весник „Мир", испратена преку телеграф, дека за наводното откажување од јадранското крајбрежје државата под која весникот ја подразбира Русија и ветувала на Србија компензација во долината на Вардар, е апсолутна измислица (ИБ).

Заминувањето на г. Весник во Париз во следниот ден по потпишувањето на Лондонскиот договор покажува дека автор на гореспоменатиот предлог до српската влада и главен заткулисен деец на бугарско-ерпскиот и бугарско-грчкиот спор не била Австро-Унгарија и не била Русија, туку Франција.

Таа ја поддржуваше упорноста на Србија и на Грција, таа советувашс да се сконцентрираат ерпските и грчките војски на бугарската граница додека бугарските војски се наогаа на Чаталџа и Булаир, таа ги советуваше Србија и Грција со нови предлози да го одолговлекуваат потпишувањето на Лондонскиот договор, таа за време на лондонските преговори ги обедини непријателите на Бугарија, им ветуваше секаква поддршка. И одненадеж сер Едуард Греј им предложи на ерпскиот и на грчкиот делегат или да го потпишат договорот или да ја напуштат Англија. Српската и грчката влада по ваквиот предлог на сер Е. Греј, кој исто така ги потсети ерпските и грчките делегати дека во Англија треба да ја заборават неточната навика за пазарување, набрзина се согласија да го потпишат Лондонскиот договор, но исто толку брзо, веднаш по потпишувањето на мирот, г. Весник од Лондон поита во Париз по нови инструкции.

Какви можеле да бидат понатамошните инструкции покажаа како тие триесет дена што поминаа мегу потпишувањето на Лондонскиот договор и почетокот на Втората балканска војна, така и текот на самата Втора балканска војна со сите нејзини осложнувања, со Букурешкиот мир, адријанополското прашање, понатамошното настапување на Турција, ı рчко-турските збратимувања, новиот балкански сојуз, со зголемувањето на грчката флота итн., итн.

Од Белград, на денот на заминувањето на г. Весник во Париз, т.е. на 18 мај, СПА соопштуваше:

„Предвидената средба на Пашик со Гешов привремено е одложена поради настанатата неопходност за разјаснување на некој прашања, поради што ерпскиот дипломатски претставник Спалајковик се врати во Софија".

Веројатно, Спалајковик отпатувал за Софија само за да се добие одолговлекување и за тоа време би можеле да се добијат неопходните разјаснувања од г. Весник од Париз.

Сега не е време да се пишува за историјата на бугарско-ерпските и бугарско-грчките односи што и претходеле на Втората балканска војна, сепак, се чини дека не е излишно да се изложат овие односи за време на потпишувавъето на Лондонскиот договор, макар само со наведување телеграмите на СПА од 17 и 18 мај од Белград, Атина и Солун:

10 август 1913 г.

Белград, 18 (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). Официјалната „Самоуправа"', соопштувајки за потпишувањето на прелиминарните услови за мир одржано во Лондон, изјавува: „Нема долго да се чека на потпишувањето на дефинитивниот мир". Понатаму весникот вели: „По склучувањето на мирот ке почне поделбата на земјите освоени од сојузниците. Пожелно е притоа да се раководат со праведно признавање на воените заслуги ѕа сиге сојузници".

Телеграмата за средбата на Пашиќ со Гешов ја наведов погоре.

Солун. 17. (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). За време на разговорот што се одржа вчера меѓу Венизелос и Сарафов[180], грчкиот премиер, осврнувајќи се на неодамнешните настани во Пангеја, забележа дека поради потпишувањето на мирот дојде време за решавање на несогласиците меѓу сојузниците на конференциската маса. Ако не се успее да се постигне согласност, тогаш решавањето мора да биде препуштено на арбитражен суд. Според мислењето на Венизелос, тешко е да се замисли момент што поиске би одговарал за арбитража, отколку сегашниот, кога Турција, наспроти очекувањето, целосно е победена и спорот не се води меѓу непријателите, туку меѓу сојузниците.

Сарафов одговори во истиот дух.

Атина. 18. Печатот топло го поздравува потпишувањето на мирот, но вели дека радоста би била уште поголема ако политичкиот хоризонт не го затемнуваа грчко-бугарските инциденти во последните денови и егоизмот на Бугарија (Атинск[а] аг[енција]).

Еве во каков језуитски и непријателски дух спрема Бугарија се изразувашс француското влијание врз Србија и Грција во моментот на потпишувањето на мировниот Лондонски договор.

Сега треба да се спомене уште еден детаљ. Поради појавувањето на српско-бугарскиот спор за примената на бугарско-српскиот сојузнички договор и обраќањето на бугарската влада до руската на 13 мај со предлог да ја искористи улогата на арбитар врз основа на сојузничкиот бугарско-српски договор, веројатно под влијание на руската влада, беше договорена средба на Гешов и Пашиќ на српско-бугарската граница кај Цариброд. Меѓутоа, за да се спречи попуштањето на Србија за време на преговорите во Цариброд и да се лишат последниве од секакво значење, а исто така со цел да се предизвика заладување меѓу Бугарија и Русија, Пашиќ, посоветуван од француската дипломатија, на 15 мај настапи во Собранието со декларација, која го правеше невозможно помирувањето на српското и на бугарското гледиште на сојузничкиот договор. Без оглед на оваа декларација, Русија, веројатно, сепак настојуваше на лична средба на Пашиќ и Гешов, сметајќи на благоразумноста и попустливоста на Пашиќ. Тогаш Пашиќ, за да не покаже непослушност спрема Русија, се согласи на средбата во Цариброд, но му нареди на Весниќ веднаш по потиишувањето на Лондонскиот договор да отпатува во Париз по инструкции од француската влада во врска со средбата на бугарскиот и на српскиот премиер во Цариброд што ја барате Русија. Но, додека да се добие одговорот на Весниќ од Париз, Спалајковиќ мораше да се врати во Софија и враќањето на Спалајковиќ во Софија беше наведено како причина за привременото одложување на средбата на Пашиќ со Гешов.

Така беше и со односот на Русија спрема Бугарија и спрема нејзините поранешни сојузници пред Втората балканска војна, а нам ни се чинеше дека само Русија е виновник за сиге наши несреќи. Ние не ја насетувавме заткулисната работа на Франција и немоќта на Русија, која, исто како и ние, не ја насетуваше оваа заткулисна работа на својата сојузничка, да помогне во нашата несреќа и да ја спаси за нас Македонија. Ние за се ја окривувавме руската влада. Јас мислев дека Некљудов, Гучков, Бобрински, Башмаков и др. се наши непријатели. Меѓутоа јас, како и сите Бугари, многу грешев и историјата ќе докаже дека нас грешевме.

Што се однесува до Неюьудов и Гучков, нема апсолутно никакви податоци за нивната вина пред нашиот народ. Бобрински во Државната дума наивно дрдореше за „сесловенски цар" и залудно со тоа ја плашеше Западна Европа, настројувајќи ја против Русија. А Башмаков? Но зарем сметаа на него во Министерството за надворешни работи. Делкасе с друга работа. За неговото мислење Русија не само што мораше да води сметка, туку дури и ее раководеше со него. Во периодот што и претходеше на Втората балканска војна, во времето на последнава и до 1 август о.г. руската балканска политика ја управуваа г. Поанкаре, Пишон, Делкасе, Бомпар и француските дипломатски претставници во Белград, Атина, Букурешт, Цетиње и француските амбасадори во Берлин и во Лондон. Тие доведоа до поразот на Бугарија, кој во исто време е и пораз на Русија.

Еве го и другиот стар број (2315) на „Россия" од втори јуни 1913 година. Во него има коментари од балканскиот и од европскиот печат на телеграмата од господарот (царот) император до царот Фердинанд и до кралот Петар, испратена од Москва на 26 мај о.г., а него така разгледување на дејкларацијата и на телеграмата од највисокото место во ерпската Скупштина.

Софија. 31 (V) (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). Органот на партијата на Данев „България", разгледувајќи ја телеграмата на господарот император, вели:

„Телеграмата на императорот е јасна и не остава никакво сомневање дека рускиот монарх бара целосно обновување на односите утврдени со договорот. Ако договорот биде спазен во однос на условите што се однесуваат на правата на арбитарот, тогаш оттука произлегува и неопходноста да бидат исполнети условите во врска со разграничувањето на спорните и неспорните територии. Напуштањето на последниве од српските војски и разместувањето на мешаните гарнизони во месностите на спорната зона е неопходен услов за посакуваната демобилизација". -Сите други весници цврсто ја бранат истата гледна точка.

- (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). Официјален „Мир" изјавува: „Арбитраж-ниот суд на царот император во рамките утврдени со договорот за српско-бугарски сојуз е единствено праведно и почесно средство за обезбедување на толку посакуваниот мир. Не може да има мир ако не биде остварен договорот. Што се однесува до демобилизацијата што ја бара Србија, гледајќи сега како ги извршуваат своите обврски Србите, ние не можеме да ја прифатиме без пред тоа да добиеме гаранции дека нашите непобитни права нема да претрпат штета. Како гаранција за тоа би можело да биде напуштање од Србите на зоната in која договорот не допушта никакое спор. Србија нека ни ја даде оваа гаранција, и веднаш потоа ке настапи демобилизација од двете страни".

Прага. 1 (VI). (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). Чешките весници воодушевсно ги поздравуваат телеграмите на царот император до балканските монарси, покажувајќи ја радоста дека делото на Словените повторно во Русија најде сигурен покровител.

„Narodni listy" забележуваат дека рускиот императот во својата прекрасна порака зГјурувал од името на сите Словени, кои од оваа порака го црпат убедувањето дека Словенството не е празна фраза, туку голем и мокен политички фактор. За словенските народи е доволна оваа морална поткрепа за цврсто да веруваат дека, без оглед на сите препреки, тие ке постигнат целосна национална слобода.

Органот на депутатот Клофач „Ceské Slovo" зборува дека телеграмите на царот император ке бидат вброени меѓу најубавите манифести што некогаш биле објавени од руските императори. Овој манифест, кој категорички бара зачувување на мирот, ке го исполни со радост секој оној што не е расположен непријателски, и, обракајки се истовремено кон народите, им го олеснува на двајцата балкански монарси спроведувањето на политиката ѕа мирот.

Органот на партијата на чешкото државно право „Samostatnost" вели: „Русија, која во икот на целата војна покажуваше несебичност и готовност за самопожртвуваност, денес повторно се врака кон својата прекрасна улога на заштитничка на честа и на интересите на Словенството". Во истата смиела се искажуваат и другите чешки весници.

Францускиот печат се преправи дека и се радува на телеграмата на царот император; со тоа таа ги изнервира австроунгарскиот несловенски и германскиот печат и со тоа придонесе да пропадне добриот потфат од највисокото место, истовремено префрлувајќи ја одговорноста за оваа пропаст на друг, од Франција на Австро-Унгарија.

Париз. 31 (мај). (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). „Temps" вели: „Според суштината и формата, телеграмата на царот император сосема одговара на барањата на политичката ситуација. Идејата за словенската улога на Русија ја зачувува сета своја сила и во нејзино име императорот ја задржува раката што е спремна да го зададе ударот. Треба да се радуваме на ова вмешување поради интересите на Европа, на Русија и на нејзините сојузници.

Прашањето се извиши над спорот за парченца земја што ги оспоруваат сојузниците. Телеграмата на царот император ги постави балканските држави пред историска одговорност и сакале-нејкеле, тие ке мораат да го префрлат спорот пред судот на словенското мислење".

Се чини дека е тешко да се смиели попрефинето исмевање на Словенството и на словенската идеја. Треба да и се даде признание на француската дипломатија, зашто во овој момент нема европска дипломатија што би ја надминала француската во спокојното, пресметливо обезбедување на националните интереси, без да ги избира средствата.

Се чинеше дека императорската телеграма ги сплетка сите нивни планови за бугарско-ерпека и бугарско-грчка војна. Тие се преправија дека многу и ее радуваат на телеграмата. Ik) извесна смиела таа навистина се покажа корисна за француската дипломатија за да ги исплаши Австро-Унгарија, Германија и Англија и затоа „Temps" можеше да биде сосема отворен во својата изјава дека „според суштината и формата, телеграмата на царот император сосема одговара на барањата на политичката ситуација.

Француската дипломатија не се збуни ни од кризата во Константинопол што се

Константинопол. 31 (мај) (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). Продолжуваат многубројните апсења. Меѓу уапсените се Демат Салих-паша[181] и неговиот брат Хајредин[182], поранешен делегат на градот Константинопол.

Официјално се соопштува дека убијците на Махмуд Шевкет-паша[183] биле пронајдсни во куката на еден Англичанец во центарот на Пера. Куката била опкружена од значителен воен одред. Убијците, на предлогот на полицијата да се предадат, одговориле со истрели. Вила повикана пожарникарска чета, на која и било наредено да влезе во куката по скалите потпрени на неа. Со нејзина помош биле уапсени капетанот- Черкез Кијазим-ефенди, офицерот на пожарникарскиот одред Али-беј и некојси Шевки-беј. Воениот губернатор му се обратил на населението да го зачува спокојството, а трговците ги замолил да не ги затвораат дуканите.

Во Турција е револуција, во балканскиот спор е телеграмата на царот император, која ги поддржува правата на Бугарија и вети смирување на Балканот; и едното и другото се на штета на интересите на Франција и на плановите на француската дипломатија, но последнава не се збуни. Во врска со телеграмата од највисокото место Франција најде излез: ги натера да зборуваат против Русија австриско-германско-унгарскиот и германскиот печат и грофот Тиса во унгарскиот парламент, а г. Поанкаре, посетувајки го Лондон, дефинитивно го спречи обидот за руска арбитража и стана виновник за толку пожелната за Франција и неопходната за неа и за нејзините клиенти, особено за Турција, Втора балканска војна.

Австриско-германскиот печат, на големо задоволство на Франција, беше револтиран од телеграмата на царот император, а Србите и Грците, подбуцнати од Франција, се инаетеја против руската арбитража.

Виена. 1 (јуни). (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). Инспирираните весници продолжуваат возбудено да го разгледуваат словенското прашање.

„Reichspost" ги наведува истите мислења како и „Neues Wiener Tageblatt", делумно дури со исти изрази, само во поостар тон, при што допушта можност за идно вмешување на Русија во внатрешната политика на Австро-Унгарија. „Русија, вели весникот, би можела веројатно да посака да ги реши хрватското, словенечкото и босанското прашање, Австро-Уигарија не може да се помири со оваа панславистичка агитација".

„Neue Freie Presse" искажува стравување дека врз основа на руското пријателство ке се создадат услови Русија да располага со српската и со бугарската армија. Словенското прашање, забележува весникот, секогаш значи замаскирана освојувачка политика. Ооновувањето на балканскиот сојуз ке предизвика силно сомневање кај Австро-Унгарија ВО однос на освојувачките намери на руската политика.

Пангерманската „Tagblatt" остро го напага целиот чешки народ, изедначувајки ги сите мешки патриоти, заедно со Крамарж, со предавникот полковник Редл[184].

„Zeit" во статијата насловена „Одмазда за Бухлау" изјавува дека грижите на Русија за Словенството се сосема природни и остро ја критикува кампањата на официјалните весници, кои без оглед на своето ербофопство, сепак искажуваат сожалување по повод нссш урноста на Русија, како што им се чини, во однос на Србија, тврдејки дека наводно Русија застанувала на страната на Бугарија.

„Ниеден разумен човек, вели весникот, нема да поверува дека Русија заради задоволство на австриското Министерство за надворешни работи го прави тоа што Министерството тајно го посакува и за што отворено искажува жалење. Ако Русија на еден сојузник му ветува повеке, ова секако се прави затоа што му се даваат определени падежи на другиот сојузник за сметка на Австрија. Балканскиот сојуз ке биде обновен и Австро-Унгарија ке се најде опкружена со нераскинлив непријателски синџир на север и на југоисток. Русија на Балканот постигнува успех по успех со последователност што потсетува на политиката на постепеното засилување на Бизмарк".

Официјалниот „Neues Wiener Tageblatt", повикувајки се на вчерашните одзиви на весниците, забележува:

„Австро-Унгарија не штедеше пофалби за Русија поради нејзините енергични чекори во полза на мирот. Не можеше да се согласи само со тој дел од телеграмата, во кој на прво место се ставаат интересите на словенското дело и тие се обопштуваат со интересите на Балканскиот Полуостров, со што, веројатно, се има предвид да се создаде почва за водечка положба на Русија на Балканот.

Меѓутоа, ваквата гледна точка радикално се разидува со принципот на независност на балканските држави. Ако би се остварило тоа, целиот Балкански Полуостров би станал орудие на воинствениот панславизам. Благодарение на тоа, на Балканот би се создале услови

со кои најзаинтересираната монархија на Блискиот Исток во никој случај не би можела да се согласи.

Ако покрај обезбедувањето на мирот на Балканот, истовремено се има предвид да се зацврстат основите на европскиот мир, тогаш при воспоставувањето на новиот поредок на Балканот мора да биде избегнато се што би можело да даде повод за горенаведените заклучоци.

Повикот до Словенството што се содржи во телеграмата на рускиот император ке го гледаме како средство за постигнување на непосредните цели, кои и ние ги одобруваме, уште повеке што руската арбитражна пресуда може да значи подготвителна работа пред дефинитивното воспоставување на новиот поредок на Балканот. Овој нов поредок бара безусловна согласност на Австро-Унгарија, која тешко дека ке ја даде, ако на австроунгарските претензии им се стават барем и најмали пречки.

- „Neues Wiener Abendblatt" соопштува дека, бидејки Србија непосредно и се обратила на Бугарија по повод обостраното намалување на бројноста на војските, претставниците на Австро-Унгарија добија упатства до понатамошните наредби да не земаат никакво учество во предвидените колективни претставки на државите за демобилизација, бидејки овие чекори уште не се остварени, како на пример во Белград. (Кор[еспондентско]биро).

- Наведените одзиви на австрискиот германски печат за телеграмата на царот император покажуваат дека руската и австриската гледна точка за балканското прашање оса лесно помирливи при постоеше добра волја од страна на Русија, а особено од страна на псјзината сојузничка Франција. Йо токму обратното го бараа француските интереси на Блискиот Исток и Франција не направи ни најмал обид да ја поддржи својата сојузничка. Русија остана сосема осамена, ако не се брои колективната изјава за разоружување на државите во Белград, која ништо не значи. Па и значешето на последната изјава беше ослабено по наведената изјава на Австро-Унгарија во врека со отсуството кај неа желба да се приклучи кон планираните колективни изјави и во други престолнини. Уште пред говорот на грофот Тисо во унгарскиот парламент беше јасно дека рускиот обид за посредување не наидува на поддршка во Европа, и Србија, Грција и Црна Гора храбро можеа да ја отфрлат арбитражата предложена од Русија врз основа на сојузничкиот договор и да одат по својот наг што им го укажа Франција. За патот што го избра тогаш Србија зборува телеграмата од Белград.

Белград, 31 (мај). Денес во 11 часот наутро претставниците на државите му изјавија na иремиерот дека нивните влади, со заемна согласност, решија да им ја искажат на Србија и па Бугарија својата желба спорот мегу сојузничките држави да биде регулиран по мирен nai и поради оваа цел двете држави да ја почнаат демобилизацијата.

Пашик го даде следниов одговор: „Кралската ерпска влада, стремејки се да користи мирни средства во сите несогласувања мегу сојузниците, веке и врачи на царската бугарска [ада нота, во која ја изразува надежта дека концентрацијата на бугарската армија на ерпската граница ке биде веднаш запрена и во која предлага обострано и истовремено да ја скратат бројноста на армијата на четвртина од нејзиниот вистински состав. Ваквата мера но очите на сојузот и на цела Европа би била прв вистински чекор и би ја покажала спремноста па сојузниците да ги регулираат заемните односи по мирен пат".

Претставниците на големите држави ја примија оваа изјава на знаење (Прес-биро).

Еве ја делата поддршка на Европа и на сојузничката Франција на рускиот предлог за арбитража. Дури повеке, Поанкаре за време на својата посета на Лондон ги потврди идентичните погледи со англиската влада за немешање во спорот мегу сојузниците. Ова решение им беше соопштено на владите на сите големи држави и на тој начин Франција самата си ја зеде иницијативата за спротивставување на руската арбитража и за стремеж да ја спречи војната.

Францускиот весник „Matin" го објави текстот на бугарско-ерпекиот сојузнички договор ео испуштања во корист на Србите. Српското Собрание отворено се искажа против рускиот предлог за арбитража.

Белград. 31 мај. (Соп[ствена] кор[еспонденција] на СПА). Собрание.

По Пашик настапи Драшковик[185], кој укажа дека животните прашања на Србија не може да се жртвуваат за ничии интереси. Србија мора да се допира на својата јужна граница ео Грција. Владата мора да настојува на ова. Понатаму, ораторот изрази сомневање во

(от на владата во врска со прашањето за намалување на армијата. Тој укажа на многукратното нарушување на граничната зона од бугарските војски.

На крај, Драшковиќ вели дека животниот интерес на Србија е зачувување на заземените територии, а не само на симпатиите на Европа. Поради тоа, решавањето на ова прашање Србија не може да му го довери никому.

Делегатот Маринковиќ[186] во својот говор изјави:

„Нашето прашање му беше поставено на Пашиќ пред добивањето на телеграмата на царот император. Телеграмата одговара на нашето прашање подобро од Пашиќ, бидејќи таа јасно определува дека српското прашање и овој пат, слично како што тоа беше со Албанија, преминува во туѓи раце".

На крај, Маринковиќ забележа дека во Петербург може да се разгледува прашањето за поделбата на целиот кондоминиум меѓу сојузниците, но никако за српско-бугарската граница.

Седниците на Собранието се одложени до 17 јуни.

А на 17 јуни, за време на дискусиите за руската арбитража, делегатите на Собранието аплаудираа на веста за почнувањето на Втората балканска војна.

Така пропаднаа обидите на руската влада да ја спречи војната меѓу поранешните сојузници. Не само тоа: без оглед на тоа што беше очигледно за сите дека Србија го одби рускиот предлог за посредништво и се откажа да го испрати Пашиќ во Петербург, руските весници под влијание на францускиот печат за виновник за Втората балканска војна ја сметаа Бугарија; наводно, таа се согласила за посредништво во рамките на српско-бугарскиот договор; Србија барала праведна поделба на завојуваните територии.

Г. Весник, очигледно, и овој пат ги оправда очекувањата на г. Пашиќ - Франција ги поддржа Србија и Грција до крај и не само што им ги подари сите територии на запад од Ифдар, туку на Србија и ги гарантира териториите до вододелницата на Струма и Вардар, на Грција - Серез, Драма и Кавала, на Романија - бугарска Добруџа, на Турција - Неточна Тракија со Адријанопол и со Лозенград, и дури повеќе од тоа, со Мустафа-паша, Димотика, Деде-Агач, Ксанти, Гумурџина и Лагос*, но одеднаш Русија се разбуди и реши да ги избрка Турците од цела Тракија зад линијата Енос-Мидија и изјавува дека таа, Русија, немала да дозволи Егејско Море да исчезне од рацете на Бугарија. А што ќе биде со Кавала и со Македонија, ќе видиме. Само силната Бела Мечка, будејќи се од сон, да не ги скине сите пајажини исткаени од нејзината прекрасна сојузничка, уште повеќе што Австрија самата прави обиди да дојде до единство на погледите со Русија за сите прашања на блискоисточната политика. И тогаш дејноста на г. Весник во Париз и на француската дипломатија на Балканот и во Петербург може да им донесе многу разочарувања на француските банкари и империјалисти и на нивните блискоисточни клиенти.

Од телеграмите и од телефонограмите на „Южный Край" од 9 август внимание заслужуваат следниве:

С. Петербург. Изјавата на С. Д. Сазонов дадена на турскиот амбасадор во Петербург дека Русија ќе преземе енергични мери против предизвикувачките дејства на Портата остави овде голем впечаток.

Германските дипломати сметаат дека нема да дојде до раскин меѓу Русија и Турција и дека Русија нема да го употреби мечот за Адријанопол да премине кон Бугарија.

Во руските сфери зборуваат дека Германија смета на разумноста на турската влада, надевајќи се дека таа нема да ја заборави неодамнешната лекција и ќе го спречи истапот на Русија со пријателска спогодба со Бугарија.

- Поради замикувањето на турските војски од реката Марица ситуацијата доби донекаде поинаков карактер, а во Петербург се одржа долго советување на амбасадорите кај С. Д. Сазонов. По се изгледа, Петербург денес е политички центар на прашањето за канските настани.

- Пристигнувањето во Петербург на нашиот амбасадор на романскиот двор Н. Н. Шебеко и неговиот брз прием во Петергоф се поврзани со неговото претстојно назначувањс и амбасадор во Виена.

Рускиот амбасадор во Букурешт Н. Н. Шебеко, кој пристигна во Петербург, ги посети С. Д. Сазонов и В. Н. Коковцев:

- Се соопштува за започнатите востанија во Курдистан и во Ерменија. Ерменците бараат автономија.

* Порто Лагос, пристаниште и залив на Егејско Море.

- Весникот „Temps" искажува увереност дека напорите на државите се насочени на тоа да ги запрат Турците кај Адријанопол. Што се однесува до самиот Адријанопол, ниедна влада, според зборовите на весникот, нема да се реши да го наруши европскиот мир поради она, а финансискиот бојкот е недоволно убедлив аргумент за младотурците.

- Српската и грчката влада ги почнал е преговорите за реализација на гол ем заем со посредништво на париската банка.

Константинопол. СПА. Турскиот финансиски делегат Џавид-беј[187], кој престојува во Париз, ја извести Портата дека преговорите со финансискиот конзорциум поставуваат Врашање за гаранција на заемот со некој доходи од малоазиските вилаети.

Софија. СПА. Во Софија се вратија македонско-адријанополските доброволци во состав од две бригади. Тие надвор од градот беа пречекани од царот, од неговите синови, од номошникот на главниот командант на армијата и од генералитетот. По богослужбата царот на чело на доброволците влезе во градот и на соборниот плоштад војските поминаа со церемониален марш. Огромна толпа народ му приреди на царот одушевени овации **и** ги опсипуваше царот и доброволците со цвекиња.

**Кишинев**

**23 август 1913 г.**

На 11 август јас со моето семејство отпатував од Климентово. Кошницата, во која се раоѓаа моите белешки, ја пративме како багаж за „брза пошта" и дури денес ја добив од ианицата. На вракање од Климентово во Кишинев читав во весниците вести за балканските работи и за однесувањето спрема нив на големите држави. Говорот на рускиот амбасадор во Рим, Крупенски[188], за улогата на Бугарија во понатамошната судбина на Балк[анскиот] Полуостров, наводно, го покажувал пресвртот во односот на официјална Русија кон Бугарија. Исго така, се забележуваше пресврт во Правец на зближување на Русија со Австрија. За Ювиот балкански сојуз оттогаш ништо повеке не се слуша. Напротив, Турција се олади спрема Грција. Србија се скара со Црна Гора, веројатно не без учество на заткулисни дејци. Со други зборови, и вториот балкански сојуз, слично на првиот, ке се распадне, бидејки тоа го бараат интересите на големите држави, на заткулисните дејци за создавање и растурање на балканските сојузи. Ми се чини дека Русија не му се радува на новиот балкански сојуз и таа. слично на Австрија, но тајно од последнава, ке работи врз распагањето на новиот балкански сојуз, а тоа е веке голем плус за интересите на бугарскиот народ, бидејки новиот балкански или балканско-турски сојуз пред се би бил насочен против Бугарија и Албанија.

Што се однесува до судбината на Бугарија и на бугарскиот народ, јас не можам да го шоделам песимизмот што го зафати нашиот народ поради резултатите од Втората балканска војна. Бугарија е ослабена, бугарскиот народ е поробен од соседите, ние изгубивме во лицето на 1'усија, се чинеше, верен пријател, но покрај тоа не ги изгубивме сите шанси за успех во вднина, и можеби дури во најблиска иднина.

Војната заврши и Бугарија ке почне брзо да заздравува од нејзините последици. Бугарија е спасена во блиска иднина од внатрешните потреси што ке мора да ги издржат Србија и Грција во врека со понатамошниот развој на македонското прашање. Напливот на македонските емигранти само ке ја засили културната и политичката мок на Бугарија. (роme и Грците не ке можат да ги асимилираат македонските Бугари, особено поради можноста за преминување на бугарскиот народ во унијата со Рим. На крај, Тројниот сојуз ке работи врз помирување на Бугарија со Турција, со Романија. Кон овој нов, трет по ред балкански сојуз, може да се приклучи и Албанија. Србија и Грција можат да останат изолирани, особено првата, уште повеке што унијата со Рим исто така може да предизвика симпатии кај францускoто јавно мислење спрема Бугарите.

Русија целосно ке ја изгуби балканската игра. Таа, веројатно, веке ги забележува сите свои промашувања, но се преправа дека е задоволна од резултатот на Балканската војна. Гаа е измајмунисана и сега се држи, како слепиот за стаи, за проширена Србија како идна тврдина против Австрија. Покрај тоа, рускиот официјален печат се обидува да го подигне културното значење на Русија во историја на Словенството. На ова прашање му е посветена статијата на „Россия" од 18 август 1913 г.